УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

# ВРСКИТЕ И СОРАБОТКАТА НА НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНИТЕ ДВИЖЕЊА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ОД СИТЕ ДЕЛОВИ НА МАКЕДОНИЈА ВО 1943 ГОДИНА

-МАГИСТЕРСКИ ТРУД-

МЕНТОР
Д-р МИЛЕ МИХАЈЛОВ

КАНДИДАТ
АЛЕКСАНДАР ЛИТОВСКИ

СКОПЈЕ 2001

# ПРЕДГОВОР

Вооружената антифашистичка националноослободителна војна и Револуција на македонскиот народ од 1941 до 1944 година претставува еден од круцијалните настани во автохтониот, долготраен и континуиран процес на конституирање на македонската нација. Во рамките на таа националноослободителна војна, впрочем како и во текот на целата Втора светска војна, 1943 г. претставува пресвртница по која македонскиот народ ќе оствари некои од своите основни национални цели.

Проширувањето на Втората светска војна и на Балканскиот полуостров и новата геополитичка поделба на Македонија, пред македонскиот народ и силите на македонското националноослободително движење, не само што ги задржало старите и поставило нови проблеми во контекстот на борбата за национална афирмација, туку со осојузувањето на силите на македонското национално ослободително движење преку вооружената антифашистичка борба со земјите од големата антифашистичка коалиција отварало и перспективи за евентуално реално и кумулативно решавање на македонското национално прашање.

Покрај вооружената борба како примордијален услов реално да може да се постави за решавање македонското национално прашање, силите на македонското националноослободително движење во текот на војната биле исправени и пред проблемот за обезбедување на интегритет на од нив организираната борба како императивна претпоставка за национално обединување. Разединетото дејствување во рамките на левоориентираните балкански движења на отпор, било состојба што морала да се надмини. Создавањето на општомакедонска организација, општомакедонска нацоналноослободителна платформа и општомакедонска антифашистичка војна биле нужна етапа од патот кон национално обединување и дефинитивно решавање на македонското национално прашање. Врските и соработката помеѓу разединетите сили на македонското националноослободително движење во текот на војната всушност претставуваат практични чекори кон поврзувањето во едно цело на македонската антифашистичка војна и со тоа,

еден сегмент од обидите за интегрално решавање на македонското национално прашање.

Поврзувањето на силите на македонското националноослободително движење и на македонската националноослободителна војна како сегменти од македонското национално прашање, во пракса претставувале исклучително комплицирана задача за реализација, бидејќи македонското национално прашање самото по себе иритирало голем број на македонски и вонмакедонски фактори.

Македонското национално прашање во прв ред се наоѓало во контекст на глобалните интереси и политика на големите сили кон Балканот. Тие интереси и таа политика го детерминирале поведението на сите балкански политички фактори и ги создавале основните рамки во кои требало да се решава македонското национално прашање. Потоа, балканскиот фактор кој и како интерес на балканските држави и како интерес и политика на балканските комунистички партии и левоориентирани движења на отпорот, бил еден од најрелевантните фактори за македонското национално прашање и борбата на македонскиот народ. На крајот, организираноста и способноста на силите на македонското националноослободително движење и степенот на развој на вооружената борба во поедините делови на Македонија го претставуваат основниот детерминирачки фактор за начинот на решавање на македонското национално прашање и за проблемот на поврзување на вооружената борба.

Како практичен аспект на поврзувањето на борбата на македонскиот народ и нејзино претворање во општомакедонска националноослободителна војна, врските и соработката на разединетите сили на македонското националноослободително движење претставуваат специфичен проблем за елаборација Тоа го определува и методолошкиот пристап на истражувањето и изложувањето. Имено, темата мора да се елаборира со сегментарна проблематизација на делови од материјата, со обработка и презентирање на општествените, геополитичките, воеостратегиските и институционалните услови односно со обработка и презентација на сличностите и разликите на

условите во кои дејствуваат релевантните македонски и вонмакедонски фактори.

Специфичноста на проблемот прави да е неприменлив методот на континуирано хронолошко и тесно географско истражување и презентирање на настаните и процесите. Единствен ефикасен метод за сегментарната проблематизација на материјата е напоредната компаративна анализа на релевантните фактори, со зачувување само на основниот степен на хронолошко развивање на општите и националните настани и процеси.

Напоредната компаративна анализа треба да ги утврди истородните и разнородните услови во кои дејствувале силите на македонското националноослободително движење, треба да ги презентира основните елементи и фазите на развој на македонското национално прашање , треба да ја претстави општата глобална воено-политичка слика до 1943 г., треба да го покажи односот на балканските политички сили кон македонското национално прашање и кон вооружената борба на македонскиот народ, треба да го согледа степенот на развој на вооружената борба во поедините делови на Македонија и на крајот, детално да ги елаборира сите аспекти на врските и соработката на разединетите сили на македонското националноослободително движење. Без таквиот пристап не може да се добие објективно и логично објаснување на проблемот за поврзување на борбата на македонскиот народ и на третманот на македонското национално прашање во текот 1943 г.

Специфичноста на проблемот и методологијата на работа, упатуваат на користење обемна документација и литература. При обработката на магистерскиот труд консултирани и користени се повеќе фондови на објавена и необјавена документација за периодот кој се обработува. Консултирани и користени се скоро сите мемоарски материјали и реконструкциите на партиските организации и воени единици, што ги поседува Документационото одделение на Институтот за национална историја. Исто така, користени се голем број на монографски трудови, зборници од научни собири и стручна периодика.

# ВОВЕД

Конституирањето и развојот на македонската нација претставувале природен и долготраен процес. Во нејзината етногенеза доминантно место зазема македонскиот народ, а се инкорпорирани и повеќе други етнокултурни елементи.[1] Нејзиниот геополитички и етнографски простор го сочинува територијата на Македонија , со вкупна површина од 68 542 км$^2$ во централниот дел на Балканскиот Полуостров.

Специфичниот геополитички простор и историски развој на македонската нација, придонеле постепено да се оформува македонското национално прашање како "формула" која ги инкорпорира фундаменталните национални интереси. Национално-културната и револуционерно-политичката борба за решавање на македонското национално прашање односно за реализација на македонските национални интереси, претставувале составен дел од конститутивниот процес на македонската нација.

Компликациите во природниот развој на македонската нација започнуваат да се јавуваат во втората половина на XIX век како резултат на тогашната политика на големите светски сили кон Балканскиот полуостров. Со нивната политика биле испровоцирани аспирациите на Србија, Бугарија и Грција кон територијата на Македонија. Трите балкански држави својата експанзионистичка политика кон територијата на Македонија многу брзо ја оформиле како доктрина за целосно решавање на сопственото национално прашање, а територијата на Македонија ја претвориле во арена на судир на сопствените големодржавни интереси. Сите презеле агресивна политичка, образовна, црковна, културна и на крајот и вооружена пропаганда.[2]

Под притисок на соседните пропаганди постепено започнале да се јавуваат различни форми на деформација на македонската национална свест и да се создава длабока поделба на македонскиот народ врз духовна , црковна и "национална" основа.

[1] Блаже Ристовски , Историја на македонската нација , Скопје , 1999 , 13.
[2] Иван Катарџиев , Соседите и Македонија , Скопје , 1998 , 11.

Културно-просветниот сегмент на македонското национално движење, и покрај сите имплементирани негативни надворешни влијанија од страна на пропагандите, успеал да го сочува својот континуитет и својот македонски национален идентитет. Меѓутоа, под притисокот на пропагандите во еден подолг временски период, револуционерно-политичкиот сегмент започнал да доживува мутации во правец на национално обезличување.

Надворешната рефлексија на таквите состојби во револуционерно-политичкиот сегмент била поделбата на македонското револуционерно движење на две антагонизирани крила т.н. "левица" и "десница". Тие биле дивергентни по политичка стратегија и идеологија, а постоела иманентна спротиставеност во националната самоидентификација. "Десницата" ја имала поставено како своја основна цел конституирањето на една нација и држава со бугарскиот народ, а "левицата" конституирањето на македонска нација и држава.[3]

"Десницата" својата идеолошка конструкција ја темелела врз сфаќањето дека на територијата на Македонија постои мултиетничка структура на населението со доминација на бугарскиот елемент односно дека не постојат Македонци како посебна нација туку само "македонски Бугари". Врз таквите национално-идеолошки основи, "десницата" ги поставила и своите декларативни и акциони позиции. Така на пример, десницата ја прифатила и широко ја пропагирала идејата за "автономија на Македонија" како општомакедонска цел на борбата, меѓутоа "автономијата" била сфаќана "како несреќна, но неопходна прелиминарна фаза за соединувањето со Бугарија".[4]

Всушност "десницата" била само "инструмент на големобугарската политика"[5] и настојувала да изврши "метаморфоза" на македонското национално прашање во "македонско прашање" како дел од бугарското национално прашање. Како "инструмент", таа требало да послужи за

[3] Стојан Киселиновски , Националното и државното во македонското револуционерно движење , Зб. АСНОМ - педесет години македонска држава 1944 - 1994. (понатаму АСНОМ - педесет. . . ) , Скопје , 1995 , 71.
[4] Стефан Требст , ВМРО + 100 = БЈРМ ? , в. "Дневник" 5 декември 1998 , 8.
[5] Славко Милосавлевски , Социологија на македонската национална свест , Скопје , 1992 , 123.

воспоставување на доминантни позиции на бугарската пропаганда во однос на останатите претенденти врз Македонија. На тој начин "десницата" постепено се движела во правец на целосно и отворено предавство на македонските национални интереси.

Балканските војни од 1912 и 1913 г. , освен дотогашното разбивање на националното единство на македонскиот народ, донеле и уривање на интегритетот на територијата на Македонија.[6] Версајската конференција[7] во однос на Македонија расправала како за географски поим , како за "аморфна" територија врз која со разни "аргументи" [8] претендираат соседните балкански држави и врз основа на тоа ја санкционирала поделбата на Македонија извршена со Балканските војни. Освен поделбата, Балканските војни и Првата светска војна за Македонија значеле и масовна материјална и човечка загуба, пропратена со формирање на многубројна македонска емиграција концентрирана најповеќе во Бугарија. Со тоа започнала нова фаза во развојот на македонската нација во која, во македонското национално прашање како ново било инкорпорирано и прашањето за обединување на македонскиот народ и територијата на Македонија .

Државите кои ја поделиле Македонија, иако секоја со различни методи, константно вршеле смислена и организирана денационализација и асимилација на македонскиот народ. Настапил повеќегодишен период во кој се што било македонска национална манифестација било прогонувано и жестоко казнувано.

---

[6] Балканските војни завршиле со Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 г. Со него територијата на Македонија дефинитивно била поделена помеѓу Србија , Бугарија и Грција. Со поделбата , Грција го доби јужниот дел од Македонија со површина од 34 356 км$^2$ или 51 % , Србија односно Кралството на Србите , Хрватите и Словенците го доби северозападниот дел со површина од 25 713 км$^2$ или 39% и Бугарија го доби североисточниот дел со површина од 6 789 км$^2$ или 9%. На крајот и Албанија ги добила реоните на Голо Брдо и Преспа што било околу 1% од територијата на Македонија. Колоквијалното именување на деловите од Македонија под Грција , Бугарија и Србија како Егејски , Пирински и Вардарски дел е со подоцнежен датум , односно започнува во текот на Втората светска војна и се одомаќил после неа. Васил Јотевски , Националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија 1944 - 1948 година, Скопје, 1996, 5.

[7] Версајската мировна конференција го претставува правното завршување на Првата светска војна и ја утврдил доминацијата во меѓународните односи на земјите победнички во периодот после Првата светска војна. На неа потпишаниот мировен договор меѓу земјите победнички во војната и Германија претставувал модел за Сенжерменскиот , Тријанонскиот и Нејскиот мировен договор со останатите поразени земји.

[8] Коле Чашуле , Македонски дилеми , Скопје 1992 , 127.

Процесот на национално обезличување најбрутален бил во Егејскиот дел на Македонија, каде грчката држава со најсурови методи се обидувала да изврши денационализација и истовремено со масовна колонизација на население со грчка национална свест исклучително брзо го менувала етнографскиот лик на територијата. Српската и бугарската држава настојувале процесот на денационализација и асимилација да го спроведуваат со наметнување на нивното национално чувство, во што биле користени сите средства, а најмногу институциите на државата.

Најголемата опасност во ситуацијата по Првата светска војна била во фактот што освен поделбата на територијата, започнал процес на подигање на "ментален ѕид"[9] помеѓу Македонците од пооделните делови на земјата, со реални шанси целосно да биди уништено чувството за единство на македонскиот народ и со тоа целосно да биди уништена македонската национална самоидентификација. Процесот бил само природна консеквенца на "кинењето на меѓусебните врски помеѓу трите дела" на Македонија проследено со "елиминирање на секаков вид општомакедонска акција" и интегрирање на структурите на македонското револуционерно движење во "политичките структури на секоја конкретна држава меѓу кои била поделена Македонија".[10]

После Првата светска војна, македонското револуционерно движење се нашло во целосна конфузија. Започнатата диференцијација внатре во него од претходниот период врз идеолошка, политичка и национална основа била зајакната и се проширила и врз територијална основа односно започнало организирање на силите во согласност со територијалната поделба на Македонија. Обиди за надминување на внатрешните поделби на различни основи постоеле, но сите завршиле без успех.

Внатрешната конфузија и внатрешните поделби придонеле зависноста на македонското револуционерно движење од вонмакедонски фактори постојано да се зголемува и на крајот во некои негови сегменти да биди

[9] Ванче Стојчев, Оружената борба во вардарскиот дел на Македонија во првите години на востанието, Зборник: Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија (1941-1945), (понатаму: Зб. ГШ на НОВ и ПОМ), Скопје, 1997, 43.
[10] И.Катарџиев, Соседите и . . . . 123.

целосна. Особено е карактеристичен на тој план развојот на "десницата" која целосно била во служба на бугарската политика. Бугарската политика во периодот меѓу двете војни, ги продолжила настојувањата македонското национално прашање целосно национално да го обезличи односно да го "обои" и презентира како дел од бугарското национално прашање. Успехот во таквата политика во прв ред се темелел врз доминацијата над "десницата" олицетворена во автономистичката ВМРО и нејзините блиски македонски организации во Бугарија.

Судирот меѓу "левицата" и "десницата" непосредно после завршувањето на Првата светска војна, резултирал со жестоко физичко самоистребување. Автономистичката ВМРО на чело со Тодор Александров, Александар Протогеров и Ванчо Михајлов, со целосна поддршка на бугарските државни милитаристички и ревизионистички кругови успеала да извојува победа и за определен период да воспостави доминација во "македонските работи". Пиринскиот дел на Македонија во тој период со благослов на бугарските власти бил претворен во "држава во држава" под контрола на автономистичката ВМРО.[11]

Меѓутоа, преголемата зависност од бугарските владејачки кругови на крајот се покажала како целосно неповолна ориентација на "десницата". Автономистичката ВМРО не само што се изродила во терористичко орудие за потребите на бугарскиот ревизионизам и постепено се фашизирала, туку била укината и била забранета нејзината дејност во Бугарија во моментите кога тамошните владејачки кругови оцениле дека тоа им е корисно во нивната меѓународна комуникација. Забраната и целосното обезоружување на автономистичката ВМРО во 1934 г. значеле и почеток на целосното маргинализирање на "десницата" во решавањето на македонското национално прашање. До почетокот на Втората светска војна "десницата" била целосно и директно вклучена во бугарската државна политика кон Македонија, а тоа како крајна консеквенца довело до целосна нејзина дискредитација меѓу македонскиот народ.

[11] Исто, 155.

"Левицата" крајот на Првата светска војна го дочекала внатрешно идејно хетерогена и организационо поделена на повеќе групи. Отворениот вооружен судир со "десницата" ја ставил пред опасноста не само да биди политички маргинализирана туку и физички ликвидирана. Обидите да се направи консолидација и организационо единство преку ВМРО (обединета) не дале некои поконкретни резултати. Во тоа не помогнала ниту помошта односно директното мешање во "македонските работи" на Комунистичката интернационала.

Приближувањето на "левицата" кон комунистичкото движење во пракса значело тенденција на вклучување на нејзините сили во организационите структури на комунистичките партии на Југославија, Бугарија и Грција. Со тоа тие партии воспоставувале контрола врз процесот на развој на "левицата" и влијание во решавањето на македонското национално прашање. На тој начин политиката, ставовите и односот на овие комунистички партии станале исклучително релевантни за македонското национално прашање. Од друга страна, таквата тенденција значела и зацврстување на "менталниот ѕид" помеѓу Македонците во поодделните делови на Македонија.

Сите три балкански КП , под притисок на КИ меѓу двете светски војни, во однос на македонското национално прашање имале еден еволутивен развој, кој се движел од негирање на националноста и правото на државност на македонскиот народ, преку признавањето на правото на државност но без признавањето на посебната националност, за на крајот да се стигни до признавање на посебниот македонски национален индивидуалитет но со непризнавање на правото на државност.[12]

Долгорочно гледано, ориентацијата на "левицата" да се доближи и потпре врз комунистичкото движење се покажало како позитивна солуција за решавањето на македонското национално прашање. Секако, тоа не било оптимално посакуваната солуција, меѓутоа во тогашните општествено - историски услови тоа било максимално реалната позитивна солуција. Во рамките на "левицата" постепено се одвивал процес на консолидација на

[12] С. Киселиновски, Националното и државното во. . . , Зб. АСНОМ - педесет. . . , 72.

отпорано разнишаната македонска национална свест, а од триесеттите години имало силна транспарентна манифестација на посебниот македонски национален индивидуалитет.[13] Од тој период, "левицата" во македонското револуционерно движење експлицитно се самоидентификува како МНОД.[14]

И покрај силниот процес на зацврстување на македонската национална свест и нејзините многубројни манифестации, сепак територијалната поделеност на силите на МНОД не била надмината. Напротив, уште повеќе била акцентирана како резултат на политиката на КИ и на балканските КП во чии рамки дејствувале силите на МНОД. Со таквата политика била укината ВМРО (Обединета) како националноослободителна организација, а нејзините кадри останале вклучени во рамките на комунистичките организации на Југославија, Бугарија и Грција. Тоа направило дисконтинуитет во тенденцијата да се формира општомакедонска национална платформа и единствена општомакедонска организација на левоориентираните сили од сите делови на Македонија.[15]

Негативните реперкусии од неконституирањето на општомакедонска националноослободителна платформа и дисперзивното дејствување на силите на МНОД во рамките на три разнородни и на моменти целосно антагонизирани балкански КП , особено ќе дојдат до израз во организирањето на македонската антифашистичка и националноослободителна војна, а во нејзиниот тек, прашањето за надминување на таквата состојба ќе стане императив на патот за целосно решавање на македонското национално прашање.

---

[13] С. Милосавлевски , Социологија на македонската. . . , 245.

[14] Понатаму под терминот "силите на МНОД" се подразбираат сите патриотски сили кои без разлика на идеолошките убедувања стоеле на линијата за посебниот национален идивидуалитет на Македонците , а кои во текот на Втората светска војна се приклучиле кон вооружената борба на македонскиот народ организирана и раководена од македонските комунисти.

[15] И. Катарџиев , Соседите и. . . 157.

# ГЛАВА ПРВА: Македонија во Втората светска војна до 1943 година

# 1. Светот во Втората светска војна

Нападот од Германија врз Полска на 1 септември 1939 г. го означил почетокот на Втората светска војна која во наредните 6 години ќе опфати 61 држава со вооружени сили од 110 милиони луѓе. И според ваквите огромни човечки потенцијали вклучени во неа, но и според максимално вклучените материјални, финансиски, научни и идеолошко-политички ресурси, Втората светска војна претставува "тотална војна" во секој поглед. Огромните човечки загуби од 55 милиони загинати луѓе и 35 милиони ранети и огромната материјална девастација , само ја потврдуваат изнесената констатација.[16]

Војната на Германија со Полска брзо била решена во полза на Германија, а француското и британското објавување на војна на Германија немало практични реперкусии во тој судир.[17] Од пролетта 1940 г. започнала германската офанзива во Западна Европа. Германските војски брзо напредувале и им нанеле целосен пораз на француско-британските сили. На 22 јуни 1940 г. Франција потпишала безусловна капитулација.[18]

По брзиот пораз на Франција, Британија се нашла сама наспроти силите на Оската. Германија во тој период ги засилила воздушните напади врз Велика Британија, со надеж дека на тој начин ќе ја принуди Британија на склучување на сепаратен мир.[19] Неуспехот на таквата политика не го спречило германското раководство да го активира планот за подготовки за војна со Советскиот сојуз.[20]

[16] Перо Дамјановић , Методолошки проблеми изучавања историје Другог светског рата , Зб. Југословенско-советските односи во Втората светска војна (1941 - 1945) , Скопје , 1991, 67.
[17] Барбара Јелавич , Историја на Балканот , дваесетти век , кн.2 , 260-261.
[18] Branko Kitanović , Moskovska bitka , Pula , 1985 , 59.
[19] Branko Petranović , Revolucije i pokreti otpora u Evropi 1939 - 1945 , Skopje , 1985 , 24-25.
[20] Германските проценки за војната со Советскиот сојуз биле дека тој ке биди поразен во кратка и молскавична воена кампања , а Велика Британија и доколку би сакала , ефективно не би можела да им помогне на советските војски во наредните 18 месеци од почетокот на нападот. Со тоа германските стратези предвидувале дека ќе ја избегнат војната на два фронта

Во почетокот на 1941 г. силите на Оската ја имале во целост стратегиската иницијатива и имале контрола скоро над целиот европски простор. Зимата и пролетта 1941 г. била воспоставена и военополитичка контрола и над Балканскиот Полуостров. Со тоа биле обезбедени сите неопходни геостратегиски услови за напад врз Советскиот сојуз.

Спроведувањето на планот "Барбароса" за уништување на Советскиот сојуз, започнал на 22 јуни 1941 г. Во него освен германските војски биле вклучени и воени единици од Италија, Финска, Романија, Унгарија, Шпанија и Независната Држава Хрватска, кои симболично ја изразувале "борбата на европските народи против болшевизмот".[21] Нападот ја изненадил советската одбрана и германските војски користејќи го почетното изненадување, техничката супериорност и успешната тактика, брзо напредувале на советската територија.[22] Источниот фронт веднаш се претворил во решавачко бориште на Втората светска војна, а британските и американските владејачки кругови увидувајќи дека евентуалниот пораз на Советскиот сојуз ќе овозможи целосно свртување на фашистичката воено-политичка машинерија кон нив, веднаш по германскиот напад му изразиле вербална поддршка, а во натамошниот период му праќале воена и материјална помош на Советскиот сојуз.[23] Германската офанзива го загубила "здивот" дури во доцната есен 1941 г. , кога германските војски стигнале пред Москва и Ленинград.

Кон крајот на 1941 г. фашистичка Јапонија започнала војна против САД, кои дефинитивно биле принудени да ја напуштат дотогашната "изолационистичка политика"[24]

---

истовремено. Проценките на германските стратези во текот на војната се покажале како исправни во однос на британската воена ефективност , но погрешни во однос на советската способност за одбрана , што на крајот ќе го доведе Третиот Рајх во ситуација да води војна на два фронта истовремено. Piter Kalvokorezi ,Gaj Vint , Totalni rat, Beograd , 1987 , 129.

[21] B.Petranović, Revolucije i. . . , 65.

[22] Германскиот напад ја изненадил советската одбрана и покрај многубројните индикации и експлицитни предупредувања за тоа што се спрема и дури за точното време на нападот. Тоа се должело пред се на максималните настојувања на советското раководство да ја избегни или одложи војната со Германија односно на никаков начин да не го испровоцира германскиот напад , заради што советските трупи не биле сконцентрирани на своите гранични одбрамбени позиции и не биле преземени сите потребни одбрамбени мерки.B. Kitanović , Moskovska bitka, 103.; P. Kalvokorezi, G. Vint, Totalni rat, 144.

[23] B. Kitanović , Moskovska bitka , 108 - 109.

[24] P.Kalvokorezi , G.Vint , Totalni rat, 172.

На тој начин до крајот на 1941 г. во Втората светска војна биле вклучени најголем дел од тогашните држави во светот. Како тотална војна наметната од силите на Оската, таа влијаела кај останатите земји да се изградува свеста за взаемна помош и свеста за отпор против фашизмот. Во текот на војната постепено се формирала "антифашистичка коалиција" , а со Декларацијата на обединетите народи потпишана на 1 јануари 1942 г. од 26 држави, се поставиле основите на повоениот систем на меѓународни односи. Формалните и идеолошко-политичките основи на големата антифашистичка коалиција и повоениот систем биле дадени најпрво во т.н. Атлантска повелба, документ потпишан од премиерот на Велика Британија, Винстон Черчил и претседателот на САД, Франклин Рузвелт, во август 1941 г.[25]

Во рамките на антифашистичката коалиција главната улога ја имале трите најголеми сили, Велика Британија, САД и Советскиот сојуз. Антифашистичката коалиција освен како средство за спротивставување на фашизмот , претставувала и средство за остварување на посебните воени цели на трите големи сили. Темелот на нивното сојузништво бил во примарната воена цел - уништување на фашизмот. На сите други нивоа и точки имало помали или поголеми разлики.[26]

Силите на Оската односно пред сé раководството на Германија, и покрај неисполнувањето на зацртаните воени планови во 1941 г., во текот на 1942 г. продолжиле со водењето на офанзивна воена кампања на Источниот фронт со цел дефинитивно да се уништи Советскиот сојуз. Воените и материјалните ресурси до максимум биле насочени за остварување на таквата цел. Меѓутоа, после почетните успеси во пролетта и летото 1942 г., реализацијата на плановите на Третиот рајх била во целост оневозможена. Офанзивата на Источниот фронт била далеку од планираното, а откако била сопрена, од ноември 1942 г. до март 1943 г. советските војски во големата противофанзива најпрво кај Сталинград а потоа и на другите сектори од фронтот им нанеле катастрофални порази на германските сили. Со тоа, освен

---

[25] Исто, 275.; Vladimir Dedijer, Interesne sfere, Beograd, 1980, 199-200.
[26] Giuseppe Boffa , Povjest Sovjetskog saveza , knj.2 , Opatija , 1985 , 108 - 112.

намалувањето на германската воена способност заради огромните човечки и материјални загуби , бил дефинитивно урнат и митот за "непобедливоста на германската војска".[27]

Паралелно со ваквите настани на Источниот фронт, во октомври 1942 г. британските трупи со победата во битката кај Ел-Аламеин го запреле напредувањето на италијанските и германските војски во Северна Африка, а следниот месец американските војски се истовариле во Алжир и Мароко.[28]

Големите успеси на антифашистичката коалиција значело преземање на стратегиската иницијатива во нивни раце и овозможиле 1943 г. да претставува пресвртница во Втората светска војна.

Германското раководство се обидело во пролетта и летото 1943 г. да направи пресврт на неповолните тенденции за него, со концентрација и ангажирање на сите воени и економски потенцијали на Источниот фронт. Меѓутоа во т.н. Курска битка во јули-август 1943 г. трупите на Третиот Рајх доживеале катастрофален воен пораз и биле десеткувани.[29]

Воено-политичката констелација на силите во 1943 г. овозможувала отворање на втор фронт во Европа. Како можни реони за тоа се јавувале, западниот брег на Франција и поширокиот реон на Југоисточна Европа заедно со Италија. Здружените англо-американски сили од Северна Африка, во јули 1943 г. се истовариле на Сицилија, а во почетокот на септември 1943 г. започнале да се истоваруваат на Апенинскиот Полуостров. Во таква ситуација, на 8 септември 1943 г. Италија капитулирала, што било особено значајно од политички аспект. Германските трупи дури кон крајот на годината успеале да го запрат сојузничкото напредување на линијата пред Рим, меѓутоа не успеале да го запрат напредувањето на советските војски кои до крајот на 1943 г. ги потиснале германските војски од Источниот фронт далеку на запад.

[27] B. Kitanović, Staljingradska bitka, Pula, 1985, 286-287.
[28] P. Kalvokorezi, G. Vint, Totalni rat, 295 - 301.
[29] B.Kitanović , Kurska bitka , Pula , 1985 , 232.

Кон крајот на 1943 г. сосема било очигледно дека целосниот воен пораз на Германија е неминовен.[30]

Разликите помеѓу големите сили, глобалната промена на силите во светот што се одвивала за време на војната и објективната потреба за зачувување на воените тајни од непријателите, биле главните причини трите големи сојузници меѓу себе интензивно да ја развијат јавната и тајната дипломатија.

Особено значајни биле разликите во стратегијата и тактиката во водењето на воените операции и разликите во визијата за повоеното уредување. Тие разлики имале соодветни реперкусии кои влијаеле на настаните и процесите во текот на војната. Така, најекспониран воен проблем помеѓу трите сојузници во текот на војната било прашањето за отворање на втор фронт во Европа со што би бил намален германскиот притисок на Источниот фронт, а заради различните концепти за повоеното уредување повторно започнало, преку тајната дипломатија, делење на светот на сфери на интерес помеѓу големите сили, а со тоа јавно декларираните принципи на антифашистичката коалиција за правда и самоопределување биле непрестајно практично дезавуирани.[31]

Отворањето на втор фронт бил проблем околу кој најчесто доаѓало до недоразбирања и дипломатски судири помеѓу западните сојузници од една страна и Советскиот сојуз од другата страна. Советскиот сојуз кој го носел најголемиот товар на војната[32], непрестајно инсистирал на отворање на втор фронт во Европа со што би бил намален германскиот притисок на Источниот фронт.

Почнувајќи од јули 1941 г.[33], прашањето било непрестајно присутно во тајната коресподенција на големите сили. Британската политика и

[30] Dušan Lukać, Treći Rajh i zemlje jugoistočne Evrope 1941 - 1945, knj. 3, Beograd, 1987, 405 - 408, 539-541.

[31] V. Dedijer, Interesne . . . , 199-200, 209.

[32] Во текот на целата војна , од 67% до 87% од сите германски дивизии биле стационирани и ангажирани на Источниот фронт. V. Dedijer, Interesne . . . , 201.

[33] Писмото од лидерот на Советскиот сојуз . Јосиф Висарионович-Сталин до премиерот на Велика Британија , Винстон Черчил , во кое за прв пат се поставува прашањето за отворање на втор фронт носи датум 18 јули 1941 г. Slobodan Nešović, Velika trojca oči u oči - Nesporazumi o drugom frontu, Beograd, 1977, 42.

дипломатија долго време одбивале да се отвори втор фронт за што како причини најчесто ги наведувале воено-тактичките пречки за изведување на таквата операција.[34] Воените и политичките кругови на САД , во почетокот на 1942 г., пред отпочнувањето на големата германска офанзива на Источниот фронт, тргнувајќи од фактот дека Советскиот сојуз е "нужен за победата над Хитлер" , ја поддржале идејата за отворање на втор фронт.[35]

Со инсистирање на Велика Британија, во летото 1942 г. САД се откажале од брзо отворање на втор фронт, а кај советското раководство кое останало без ефективна воена помош во војната со Германија, започнало да се зацврстува уверувањето дека западните сојузници смислено не му помагаат на Советскиот сојуз со цел тој да го изнеси главниот товар од војната, да биди со тоа во голема мерка ослабен и да не може да врши поголемо влијание за повоеното уредување. Ваквите сомневања уште повеќе биле зацврстени во 1943 г. кога западните сојузници, и покрај многубројните ветувања, го поместиле терминот за отворање на втор фронт во пролетта 1944 г.[36]

Политиката на Советскиот сојуз до крајот на 1943 г. како своја главна детерминанта го имала прашањето за отворање на втор фронт. Советската политика била особено попустлива во настојувањата да не им даде никаков повод на Велика Британија и САД да ја избегнуваат обврската за отворање на втор фронт.

Велика Британија и САД иако во глобалните политички процеси во голема мерка настапувале монолитно , сепак помеѓу нив постоеле разлики и несогласувања. Владејачките кругови во САД , свесни за својата голема воена и економска моќ , настојувале да обезбедат за себе глобална економска доминација и "решавачки глас при политичкото регулирање на повоените проблеми". [37] Тој американски стремеж бил константен во текот на

[34] G. Boffa, cit. delo, 112-115.
[35] Исто, 83-85 , 98 , 116.
[36] Исто, 180 , 315.
[37] Спиридон Благоев, Некои аспекти на мешањето на Соединетите Американски Држави и Велика Британија во внатрешните работи на Грција , ГИНИ XXIX/3 , Скопје , 1985 , 36.

Втората светска војна . Несогласувањата и разликите и на глобално ниво и во поедини прашања меѓу САД и Велика Британија не доведувале до посериозни и транспарентни конфликти, бидејќи САД имале тактика на чекање и отстапки.[38]

Со воените успеси на силите на антифашистичката коалиција, започнал процес на промена на односот на силите на светската политичка сцена. Имено, не само што стратегиската иницијатива преминала во рацете на силите од антифашистичката коалиција со што силите на Оската се нашле во инфериорна положба, туку започнала да се одвива промена на односот на силите во самата антифашистичка коалиција. Станувало се појасно дека Велика Британија постепено ги губи позициите на глобално ниво, а дека САД и Советскиот сојуз со своите растечки воени и економски потенцијали запоседнуваат доминантни позиции на светската политичка сцена.

Под дејство на таквите процеси, иако постоела од формирањето на антифашистичката коалиција, тајната дипломатија меѓу трите големи сили особено започнала да се развива од 1943 г. Во прв ред имала функција преку неа да се надминуваат несогласувањата и да се зачува единството на антифашистичката коалиција, но во неа како средство на примарната функција, била инкорпорирана и поделбата на светот на сфери на влијание.[39]

Големите сили од антифашистичката коалиција заради регулирање на меѓусебните односи и усогласување на политиката и тактиката за водење на војната, покрај богатата кореспонденција имале и голем број директни контакти на сите нивоа. Средбите биле во форма на билатерални состаноци или во форма на конференции. Најзначајни биле средбите помеѓу лидерите на

---

[38] Исто , 39.

[39] На поделба на светот на сфери на интерес особено инсистирала Велика Британија која на тој начин настојувала да ги задржи своите предвоени позиции. V.Dedijer, Interesne . . . , 203, 277. Во август 1943 г. , советскиот амбасадор во Лондон , Иван Мајски , кој штотуку бил вратен од Москва со нови инструкции , му изјавил на британскиот министер за надворешни работи Антони Идн , дека неговата влада смета оти постојат два начини како да се организира повоена Европа. Првиот с поделба на сферите на интерес , а вториот , кој советската влада го преферира , е секоја голема сила треба да го признае правото на другите на интерес во сите делови на Европа. Британските владејачки кругови го преферирале првиот начин на решавање на повоените проблеми. Elisabeth Barker, Churchill i Eden u ratu, Globus, Zagreb, 1980, 280.

големите сили. Постоеле многу билатерални средби, а како најзначајна се издвојува Техеранската конференција од 28 ноември до 1 декември 1943 г. на која за првпат се сретнале тројцата лидери и биле дискутирани најзначајните прашања од геостратегиски карактер.[40]

[40] V. Dedijer, Interesne . . . , 315-325.; S. Nešović, Velika trojca. . . , 361 - 364.; G. Boffa, cit. delo, 121-125.

## 2. Окупација и поделба на Македонија

Пренесувањето на воениот пожар на Балканот во април 1941 г. за Македонија значел нова геополитичка поделба, а за македонскиот народ преживување на уште една војна на негова територија.

Македонија благодарение на својата централна местоположба на Балканскиот Полуостров претставувала стратегиски релевантна територија во плановите на Третиот Рајх за освојување на Балканот. Свои претензии и планови за Македонија во предвечерието на Втората светска војна имале и останатите големи сили и балканските држави.

Германскиот воено-политички врв калкулирал и манипулирал со територијата на Македонија уште пред проширувањето на војната на Балканот. Тоа станало уште поинтензивно за време на војната помеѓу Италија и Грција, кога територијата на Македонија директно била вклучена во воено - политичките констелации на Балканот.

Територијата на Егејскиот дел на Македонија претставувала главна арена на борбените дејства на грчките и италијанските војски во почетниот период од војната, а била отворена можноста Италија да го освои градот Солун. Од евентуалниот таков развој на настаните особено биле погодени југословенските и бугарските владејачки кругови кои константно имале претензии кон Солун. Германската дипломатија во тој период настојувала до максимум да го искористи тоа прашање, нудејќи им го градот Солун и на Југославија и на Бугарија ако тие пристапат кон Тројниот пакт. Иако набрзо се видело дека италијанските војски не се во состојба да ја скршат грчката одбрана и да го освојат Солун, германската дипломатија продолжила да го користи тоа прашање во воспоставувањето на германска доминација на Балканот.[41]

[41] D. Lukač, Treći Rajh i. . . , knj. 2, 456-462, 372-373.; В. Стојчев, Бугарскиот окупационен систем во Македонија(1941-1944), Скопје, 1996, 23-24.

Во подготовките на Германија за "пацификација" на Балканот територијата на Македонија заземала значајно стратегиско место[42], а тоа било уште повеќе потенцирано со откажувањето на Југославија од учеството во Тројниот пакт. Во "Директивата 25" со кој се наредувало проширување на воениот план "Марита" за напад на Грција и за напад на Југославија, територијата на Македонија станала клучна геостратегиска точка. Тоа било условено од планот "Р-41" на југословенската војска во кој било планирано повлекување на нејзините сили на југ низ Македонија кон Грција , и таму со помош на британските сили да се формира "Балкански фронт" сличен на онај во Првата светска војна.[43] Германските команданти настојувале по секоја цена да го спречат таквиот развој на настаните , и затоа морало да се спречи повлекувањето на југословенските војски низ територијата на Македонија.[44]

Од тие причини германската врховна команда на фронтот кон Македонија ја ангажирала својата 12. Армија која била стационирана во Бугарија. Нападот врз Југославија и Грција, а со тоа и кон Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија, започнал истовремено на 6 април 1941 г.[45] Германските војски во првиот налет ги пробиле линиите на фронтот и брзо напредувале.

Во Вардарскиот дел на Македонија единствен посериозен отпор од југословенската одбрана имало кај планинскиот премин Страцин , а на другите правци германските војски брзо и лесно напредувале.[46] На 7 април 1941 г. веќе биле освоени Кочани, Штип, Велес и Скопје, а наредните денови, до 12 април 1941 г., и останатите градови во Македонија. Германските единици воспоставиле контакт со италијанските војски и во целост ја оствариле

[42] D. Lukač, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 24.
[43] Владо Ивановски, Растислав Терзиоски, Априлската војна и окупацијата на Македонија 1941, Историја, XVII / 1, Скопје, 1981, 97.
[44] Третиот Рајх и Македонија 1941-1945 (документи)(понатаму Третиот Рајх-Документи,) т. I, кн. 1, Скопје, 1996, док. 2, 35-37.
[45] Тодор Симовски, Априлската војна и окупацијата на Југославија и Грција според прегледот на Ернест Висхаупт , архивски воен советник на XII германска армија, сп. Историја X/1, Скопје, 1974, 241-242.
[46] Третиот Рајх-Документи, т. I, кн. 1, док. 2, 32-36.

концепцијата на својата врховна команда за брзо пресекување на патот за повлекување на југословенските војски кон Грција.[47]

На фронтот во Егејскиот дел на Македонија германските трупи наишле на посериозен отпор на силно утврдената грчка одбрамбена линија "Метаксас".[48] Меѓутоа, германските единици кои брзо се движеле низ Вардарскиот дел на Македонија на 7 април 1941 г. стигнале до Дојранското Езеро и веќе наредниот ден започнале од зад грб да ги загрозуваат грчките сили на линијата "Метаксас".[49] Заземањето на Солун на 9 април 1941 г. значело и капитулација на грчките војски на линијата "Метаксас".[50]

На делот од фронтот во северозападните предели на Егејскиот дел на Македонија германските војски започнале со операции веднаш по освојувањето на Битола на 8 април 1941 г. Потоа тие брзо и успешно се движеле на правците кон Воден и Лерин-Кожани. Грчките и британските сили на овие правци не давале посериозен отпор и до 18 април 1941 г. силите на германската 12. Армија успеале во целост да ја освојат територијата на Егејскиот дел на Македонија.[51]

До крајот на април 1941 г. германските војски целосно ги разбиле своите противници, а Југославија и Грција престанале да егзистираат како држави. Нивните територии биле поделени помеѓу Германија , Италија и нивните балкански "сателити". Поделени биле и териториите на Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија.

Поделбата или поточно речено плановите за поделба на новоосвоените територии во Југославија и Грција, започнале уште додека траеле воените операции. На 12 април 1941 г. во т.н. "Привремени насоки" за поделба на Југославија изготвени од германскиот воено-политички врв, на Бугарија и се признало правото да ги запоседни териториите населени со

---

[47] В. Ивановски, Р. Терзиоски, Априлската војна и . . . ,сп. Историја, XVII / 1, Скопје, 1981, 99-100.
[48] Третиот Рајх-Документи, т. I, кн. 1, 36-37.
[49] Исто.; Ристо Киријазовски, Германската агресија против Грција и окупацијата на Егејскиот дел на Македонија, сп. Историја, XXII / 2, Скопје, 1986, 153.
[50] Лилјана Пановска, Теророт во егејскиот дел на Македонија 1941-1944 , Скопје , 1995 , 42.
[51] Третиот Рајх-Документи, т. I, кн. 1, док. 2, 38-42.; Р. Киријазовски, Германската агресија . . . , сп. Историја, XXII / 2, Скопје, 1986, 153.

"бугарски Македонци".[52] Со "Директивата 27" од 13 април 1941 г. се предвидувало источните територии од Егејскиот дел на Македонија , заедно со Солун , да ги запоседне Бугарија.[53] Со "Привремените насоки" и "Директивата 27" Бугарија ги добивала новите територии на "привремено административно управување".[54] Набрзо, Германија сепак ја редуцирала својата великодушност кон Бугарија и на средбата меѓу Хитлер и кралот Борис од 19 април 1941 г. на бугарскиот суверен му било дадено на знаење дека Солун нема да и биди даден на Бугарија.[55]

Спротивностите помеѓу манипулациите на Германија и претензиите на Италија околу територијата на Македонија до најголем израз дошле на Виенската конференција помеѓу министрите за надворешни работи на Германија и Италија одржана на 21 и 22 април 1941 г.[56]

На Конференцијата, италијанската страна инсистирала на проширување на територијата на Албанија за сметка на западните територии на Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија, а германската страна настојува што е можно повеќе да го ограничи таквото проширување, со јавно манифестирана мотивација да се задоволат "оправданите" територијални претензии на Бугарија, а фактички со цел да ги обезбеди што подобро своите економско-суровински потреби.[57]

На крајот, Виенската конференција завршила со договор според кој на Бугарија требало да и се отстапи Вардарскиот дел на Македонија без западните територии околу градовите Струга, Кичево, Гостивар, Дебар и Тетово кои биле приклучени кон марионетска Албанија. Прашањето за поделба на Егејскиот дел на Македонија не било решено и било оставено за

---

[52] В. Стојчев,Бугарскиот окупационен систем. . . , 52.
[53] Димитър Йончев, България и беломорието (октомври 1940 - 9 септември 1944), София, 1993, 35.
[54] Исто, 37.; В. Стојчев, Бугарскиот окупационен систем. . . , 52.
[55] Д. Йончев, цит. дело, 40.
[56] Данчо Зографски, Виенската спогодба Рибентроп-Ќано 1941 (во светлоста на автентични извори и документи), ГИНИ , XXIV/3 , Скопје , 1980 , 35.
[57] Исто, 36-38.; Д. Лукач, Подела Македоније према одлукама Бечке конференције априла 1941 године и њене последице на односе у осовинском блоку, Зб. Прогресивната мисла за македонското прашање и барањето за самоопределување (1875 - 1945), Делчево, 1988, 28.; В. Ивановски, Р. Терзиоски, Априлската војна и . . . ,сп. Историја, XVII / 1. Скопје, 1981, 105.

подоцна.[58] Дефинитивното поставување на демаркационата линија помеѓу Бугарија и Албанија во Вардарскиот дел на Македонија, било сторено од германската врховна команда на 27 април 1941 г., и тоа не отстапувало во голема мерка од договорот на Виенската конференција туку биле извршени неопходните прецизирања.[59]

Со договорот од Виенската конференција не биле задоволни ниту Италија ниту Бугарија. Демаркационата линија во наредниот период ќе предизвикува константни недоразбирања меѓу нив. Во периодот до капитулацијата на Италија на неколку пати доаѓа до сериозни гранични инциденти, а неколку пати демаркационата линија ќе претрпи мали корекции.[60]

Поделбата на Егејскиот дел на Македонија одела побавно, заради стратегиската важност за германските војски во обезбедувањето на брегот на Егејско Море. Тука Германија настојувала да им отстапи што е можно помал дел на Италија и Бугарија.[61]

Бугарските војски од 20 април 1941 г. започнале да навлегуваат во источните предели на Егејскиот дел на Македонија до реката Вардар без Солун.[62] Во прво време Германија дозволила да се изврши само воена окупација но не и да се воспостави цивилна власт од страна на Бугарија.[63] Дефинитивното заминување на германските војски од тој дел на Македонија започнало од 10 мај 1941 г. и набрзо во целост била воспоставена бугарска окупаторска власт.[64]

Според наредбата на Хитлер од 17 мај 1941 г. за поделба на Грција, Костурскиот, Кожанскиот и дел од Леринскиот реон во Егејскиот дел на Македонија и биле отстапени на Италија, а Солунско, Кукушко, Гуменциско, Воденско, Берско и дел од Леринско, Германија ги задржала како своја

---

[58] Д. Зографски , Виенската спогодба. . . , ГИНИ , XXIV/3 , Скопје , 1980 ,53.
[59] В. Стојчев, Бугарскиот окупационен систем. . . , 55.
[60] В. Ивановски, Р.Терзиоски, Априлската војна и . . . ,сп. Историја, XVII / 1, Скопје, 1981, 107.
[61] В. Стојчев, Бугарскиот окупационен систем. . . , 63.
[62] Исто, 39.; Д. Ѝончев, цит. дело, 44 , 49.
[63] Д. Ѝончев, цит. дело, 41.
[64] Исто, 50-51.

окупациона зона во која власт воспоставиле германските воени структури и новоформираните квислиншки грчки власти на генерал Чолакоглу.[65]

Со поделбата на територијата на Македонија, Германија ги обезбедила своите економски и политички приоритети, а бил задоволен и нејзиниот основен воено-стратегиски интерес за контролирање на брегот на Егејско Море и активностите во Медитеранот.

[65] Христо Андоновски, Форми на окупација во Егејска Македонија во текот на Втората светска војна, Зб. Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија (понатаму: Зб. Ослободителната војна и . . .), Скопје, 1973, 261-259.

# 3. Развојот на вооружената борба во Егејскиот дел на Македонија

Силите на МНОД од Егејскиот дел на Македонија во текот на Втората светска војна дејствувале во тешки и комплицирани услови. Тоа било последица на нејасните , недоречените и негативните ставови за македонското национално прашање и за стратегијата и тактиката на водење на борбата на КПГ и ЕАМ во чии рамки дејствувале силите на МНОД од Егејскиот дел на Македонија.

"Прехрамбената криза" што ја зафатила Грција набрзо после окупацијата, иако имала свои реперкусии во Егејскиот дел на Македонија, заради земјоделски плодородниот карактер на земјата не се почувствувала со толку силен интензитет како во останатите делови на Грција.[66]

Во почетниот период отпорот во Егејскиот дел на Македонија се појавил спонтано и неорганизирано и тоа во најголема мерка како резултат на возобновувањето на стариот грчки државен апарат под патронат на германските окупатори.[67] Незадоволството кај Македонците, во реоните под германска и италијанска окупација, од самиот почеток настојувала да го инструментализира големобугарската пропаганда во правец на наметнување на "бугарско национално чувство" и формирање на вооружено т.н. "контрачетничко движење".[68]

Клучниот момент за развојот на МНОД и вооружената борба во Егејскиот дел на Македонија бил ставот и односот на КПГ кон македонското национално прашање. КПГ окупацијата ја дочекала со предвоениот став за "рамноправност на малцинствата".[69] Иако било јасно дека таквиот став не е

[66] Л. Пановска, Теророт. . . , 36.
[67] Т. Симовски, Некои моменти од Националноослободителната борба на Македонците од Егејска Македонија , Зб. Ослободителната војна и . . . , 217-218.
[68] Ташко Мамуровски, Бугарската пропаганда во Југозападна и Централна Егејска Македонија ( 1941 - 1944 ), Скопје, 1992, 7-26.
[69] Ставот за "рамноправност на малцинствата" во рамките на грчката држава бил официјален став на КПГ од 1935 г. и го заменил дотогашниот став за "единствена и независна Тракија и Македонија". Во документите од VI Конгрес на КПГ од декември 1935 г. промената била правдана со тезата дека националниот состав на населението во Егејскиот дел е променет и

доволна политичка основа за мобилизација на македонскиот народ во антифашистичката борба , КПГ сепак го задржала во текот на целата војна.

На VI Пленум на ЦК на КПГ одржан од 1-3 јули 1941 г. кога бил заземен став за вооружен отпор против окупаторите, стратегијата и тактиката за водење на борбата биле поставени исклучиво врз грчка национална основа и мобилизација само на населението со грчко национално чувство.[70] Ваквата стратегија била компатибилна со интенцијата да се постигни грчко "национално единство" односно да се формира единствен антифашистички фронт на сите политички сили во Грција.[71] Консеквентно на таквата политика биле поставени ЕАМ и ЕЛАС кои имале целосно грчки национален колорит. Македонците најчесто биле третирани како "словеногласни Грци" , а МНОД било потценето како релевантен воено-политички фактор.[72]

Ваквите ставови на КПГ кон македонското национално прашање ги ставила силите на МНОД во ситуација да дејствуваат во ограничени околности, бидејќи Македонците биле резервирани кон ЕАМ и имало погодна почва за развој на контрачетничкото движење. И покрај ваквите неповлни услови, Македонците предводени од силите на МНОД се вклучиле во ЕАМ и ЕЛАС. Во текот на војната во редовите на регуларниот состав на ЕЛАС служеле 6 000 Македонци, а во резервниот состав над 20 000 Македонци.[73]

И покрај генералната политика на "игнорирање" на македонското национално прашање, КПГ увидувајќи дека напорите за постигнување на "национално единство" со граѓанските политички сили не даваат резултати, повремено упатувала апели до Македонците да се вклучат во антифашистичката борба што ја води ЕАМ. Таков апел бил испратен од VIII

---

има целосно грчки карактер. Поопширно за ставовите на КПГ до Втората светска војна види: Павле Раковски , КП на Грција и Македонците , Скопје , 1990 , 9-41.; С.Киселиновски , Прилог кон прашањето за политиката на КПГ спрема македонското национално прашање меѓу двете светски војни , сп. Историја , X/1 , Скопје 1974, 167-182.

[70] Т. Симовски, Некои моменти од. . . , Зб. Ослободителната војна и . . . , 219.

[71] Р. Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945 - 1949), Скопје, 1985, 53.

[72] П. Раковски, КП на Грција и . . . , 64.; Наум Пејов, Ставови и практика на раководството на КП на Грција спрема македонското национално прашање во текот на НОБ, Зб. Ослободителната војна и . . . , 162.

[73] Р. Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите . . . , 47.

Пленум на ЦК на КПГ одржан во јануари 1942 г. и од Сегрчката конференција на КПГ од декември 1942 г.[74] Всушност КПГ водела една "еквилибристичка политика" кон Македонците и македонското национално прашање. Имено, кога Македонците и биле потребни на ЕЛАС како значаен воено-политички фактор во борбата , КПГ правела отстапки во однос на МНОД , меѓутоа кога ја спроведувала политиката за "национално единство" односот кон МНОД станувал негативен и рестриктивен.[75]

Силите на МНОД целосно сврзани со КПГ од пред војната , ја дочекале окупацијата во многу неповолна организациона положба заради тоа што голем дел од активните кадри се наоѓале во затворите. Една од ретките партиски организации на КПГ во почетниот период на окупацијата , која до некаде била сочувана, била онаа во Источна Македонија предводена од Бирото на КПГ за Македонија и Тракија. Со иницијатива и активност на оваа партиска организација, била создадена во мај 1941 г. организацијата "Елефтерија" ("Слобода") која на 20 мај 1941 г. ја извела во Солун првата саботажна акција во Грција и активисти на оваа партиска орагнизација учествувале во организацијата на Драмското востание.[76]

Партиските организации во централните и западните подрачја на Егејскиот дел на Македонија набрзо после окупацијата почнале да се консолидираат и да преземаат активности во правец на подготовки за вооружена борба.[77] Иако биле извршени солидни подготовки за отпочнување на вооружена борба, не дошло до масовна појава на партизански единици заради ограничувачките ставови на КПГ за развојот на борбата.[78] Единствено се формирале две партизански групи во Нигритско и Кукушко во јули и август 1941 г. со оклу 120 борци.[79]

---

[74] Исто, 54.; Н. Пејов, Ставови и практика на. . . , Зб. Ослободителната војна и. . . , 160.
[75] Р. Киријазовски, Демократски и антифашистички партии и организации во Егејскиот дел на Македонија (1941 - 1945), Скопје, 1991, 90.
[76] Л.Пановска , Теророт. . . , 39-41.
[77] Х. Андоновски, Македонците под Грција во борбата против фашизмот (1940-1944), Скопје, 1968 , 65-66.; Вангел Ајановски-Оче ,Егејски бури , Скопје , 1975 ,85-87.
[78] Н. Пејов, Ставови и практика на. . . , Зб. Ослободителната војна и. . . , 163.
[79] Р. Киријазовски, Народноослободителниот фронт и другите. . . , 41.

Појавата и рестежот на отпорот во Егејскиот дел на Македонија бил пропратен со контрареакција од окупаторите и грчките десничарски националисти. Тие ги зголемиле репресивните мерки и теророт врз цивилното население.[80] Исто така, силна активност во овај период остварила и големобугарската пропаганда.[81]

Од почетокот на 1942 г. КПГ порешително се ориентирала кон вооружен отпор, а поголемо внимание му било посветено на МНОД. Биле преземени сериозни активности за зајакнување на воениот сегмент на партиските организации. Биле извршени кадровски промени со кои секретар на Македонското Биро на КПГ станал Леонидас Стрингос, а организационен секретар Маркос Вафијадис, кој нешто подоцна бил именуван и за командант на Командата на ЕЛАС за Македонија.[82]

Во април 1942 г. во Костурско во присуство на инструкторот на ПК на КПГ за Македонија Лазо Трповски, била формирана првата партизанска група на овај терен со командант Наум Пејов. Групата егзистирала само околу два месеци, бидејќи непрестајно имало недоразбирања помеѓу членовите на групата и секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Костурско околу ознаките кои партизаните треба да ги носат и околу други организациони прашања.[83]

Истиот месец, КПГ излегла во пресрет на барањата на Македонците за формирање на посебна македонска националноослободителна организација. Со дозвола на раководството на КПГ, а во рамките и под контрола на Партијата и ЕАМ за Воденско, била формирана Македонската антифашистичка организација - МАО. На основачкиот состанок бил присутен секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Воденско, Ѓорѓи Урдов, а воведен реферат поднел и бил избран за секретар на МАО, Вангел Ајановски. Набрзо се формирала организационата структура и започнал да се издава

---

[80] Л. Пановска, Теророт. . . , 57-63.
[81] Т. Мамуровски, Бугарската пропаганда во. . . , 27-38.
[82] Л. Пановска, Теророт. . . , 69.
[83] Н. Пејов, Прилози за односот на раководителите на КПГ по македонското национално прашање, Скопје, 1953, 14-15.

весникот "Црвена ѕвезда" на македонски јазик со грчки букви. МАО развил широка активност среде македонските маси и иако имало опструкции од раководни партиски кадри во Воденско, сепак неговата активност се чувствувала се до октомври 1943 г.[84]

Почнувајќи од есента 1942 г. партизанското движење во Егејскиот дел на Македонија започнало да доживува постепен раст за од почетокот на 1943 г. тоа да стане особено изразено. Засилената активност на партизанските единици резултирала со појава на повеќе слободни територии.[85] Особен подем доживеало партизанското движење во Егејскиот дел на Македонија под италијанска окупација. Во селото Лаген, Леринско, на 28 февруари 1943 г. бил формиран првиот тамошен ПО "Вич" во кој мнозинството борци биле Македонци. Одредот развил широка активност во правец на сузбивање на големобугарската пропаганда и контрачетничкото движење.[86] Заради постојаниот пораст на бројот на борците во Одредот тој на 20 јули 1943 г. бил поделен на 4 помали ПО, "Вич" , "Кајмакчелан" , "Бигла" и "Даули".[87]

Силен подем во првата половина на 1943 г. бележело и партизанското движење во Костурско. По низа на успешни воени операции била создадена голема слободна територија, а италијанските окупатори биле принудени да се повлечат во поголемите градови и да ги обезбедуваат само значајните комуникации.[88]

Паралелно со подемот на партизанското движење, во пролетта 1943 г. зачестиле националистичките испади на поедини команданти на единици на ЕЛАС кон македонското население. Најпрво такви испади имало од страна на група бивши офицери на предвоената грчка армија кои од националистичките

---

[84] В. Ајановски, цит. дело , 90-100.; Т. Симовски , Некои моменти од. . . , Зб. Ослободителната војна и . . . , 220.

[85] Х.Андоновски, Борбата на Македонците под Грција во 1943 година за национална афирмација, Зб. Слободните територии во Македонија во 1943 година (Понатаму: Зб. Слободните територии. . . ), Скопје, 1973, 158.; Томо Ристовски, Значењето на слободната територија на Меглен во 1943 година, Зб. Слободните територии. . . , 255-267.; Т. Симовски, Слободните територии во Воденско во 1943 година, Зб. Слободните територии. . . , 288-290.

[86] Т. Мамуровски, Бугарската пропаганда во. . . , 72-73.

[87] Х. Андоновски, Борбата на Македонците. . . , Зб. Слободните територии. . . , 157.

[88] Р. Киријазовски, Костурско во 1943 година, Зб. Слободните територии. . . 272-273.

грчки организации биле уфрлени во ЕЛАС. Во пролетта 1943 г. тие биле откриени и ликвидирани од самиот ЕЛАС .[89]

Од април 1943 г. се надоврзале уште неколку сосема непотребни и неоправдани акции на силите на ЕЛАС против некои македонски села лажно маркирани како "контрачетнички". Особено во овие акции настрадале селата Жужелци , Долени , Езерец и Старичани.[90]

Резултатот од ваквите воено-политички аномалии на ЕЛАС кои биле логична последица на погрешниот став на раководството на ЕАМ и КПГ кон македонското национално прашање, бил, македонското население да почни да ја губи довербата во ЕАМ и ЕЛАС, МНОД да биди успорено во својот развој и растеж, а контрачетничкото движење да добие погодна почва за дејствување. ЕАМ и КПГ исправени пред опасноста да загубат секаква подршка кај македонското население, во мај 1943 г. во Костурско формирале партизанска група од околу 50 македонски комунисти , која требало да работи на пропаганден план кај Македонците и да ги разоружува контрачетничките единици. Во наредниот период оваа група постигнала исклучително поволни резултати во тие правци на дејствување, меѓутоа направените штети од единиците на ЕЛАС долго време се чувствувале.[91]

Од есента 1943 г. раководството на КПГ , ЕАМ и ЕЛАС со цел да не ја загубат политичката контрола врз териториите населени со македонско население во време на отворен судир со десноориентираните движења на отпорот во Грција, започнале со еден поеластичен однос кон МНОД.

Најпрво на 1 септември 1943 г. бил формиран ПО "Лазо Трповски" составен само од Македонци. Одредот на чие чело бил Наум Пејов одиграл особено важна улога во демаскирањето на големобугарската пропаганда и мобилизацијата на Македонците во редовите на ЕЛАС.[92]

---

[89] Н. Пејов, Прилози за односот. . . , 19-20.; Л. Пановска, Теророт. . . , 90.
[90] Н. Пејов, Прилози за односот. . . , 16-17.; Л. Пановска, Теророт. . . , 98-99.; Т. Мамуровски, Бугарската пропаганда во. . . , 48-51.
[91] Т. Симовски , Македонското национално прашање низ политиката на КПГ во текот на НОБ ГИНИ , XIV / 2 - 3, Скопје, 1970,35.; Т. Мамуровски, Бугарската пропаганда во. . . , 52-56.; Л. Пановска, Теророт. . . , 98-99.
[92] Н. Пејов, Прилози за односот. . . , 25.; Р. Кирјазовски, Демократски и антифашистички. . . , 93.; Х. Андоновски , Македонците под Грција во. . . , 86.

Паралелно бил отворен процес за институционализирање на МНОД. На 20 октомври 1943 г. во селото Д'мбени бил формиран Словеномакедонски народноослободителен фронт- СНОФ за Костурско, а во ноември во селото Белкамен бил конституиран СНОФ за Леринско.[93] Конститутивната конференција на СНОФ за Костурско се одржала на 25 декември 1943 г., а за Леринско на 26-27 декември 1943 г. Во Воденско не била формирана посебна организација, туку само македонска Реонска организација на КПГ.[94]

Програмската поставеност на СНОФ во целост била врз антифашистичка и македонска национална основа. Било планирано СНОФ како свој вооружен дел да формира Словеномакедонска народноослободителна војска - СНОВ. Раководството на ЕАМ и КПГ иако дозволило да се институционализира МНОД од Егејскиот дел на Македонија сепак константно имало недоверба кон него , заради што не била формирана единствена македонска организација , туку МНОД било раздробено во помали организации по окрузи и околии без врски меѓу нив.[95] И во такви услови СНОФ со својата активност за исклучиво кратко време, постигнал исклучително значајни резултати во привлекувањето на Македонците во своите редови, во нивната мобилизација во ЕЛАС и во борбата против големобугарската пропаганда.[96]

---

[93] Привремeното раководство за Костурско го сочинувале: Паскал Митревски , Наум Пејов и Лазар Поплазаров , а привремeното раководство за Леринско го сочинувале: Петре Пилаев , Ѓорѓи Турунџов и Ставро Кочопулос. Т. Мамуровски , Паскал Митревски и неговото време (1912-1978) , Скопје , 1992 , 22.

[94] Х. Андоновски, Организацијата СНОФ во Леринско , Костурско и македонскиот реонски комитет на КПГ во Воденско , ГИНИ , X/2-3 , Скопје , 1966 , 5-12.; Х. Андоновски, Македонците под Грција во. . . , 11-119.

[95] П. Раковски, За корените на злото, сп. Историја , XIII/1 , Скопје , 1977 , 88.

[96] Исто.

## 4. Развојот на вооружената борба во Пиринскиот дел на Македонија

Повеќегодишното предвоено дејствување на силите на МНОД од Пиринскиот дел на Македонија во рамките на левоорентираните политички сили во Бугарија, пред се во Комунистичката партија на Бугарија, ги детерминирало и во текот на Втората светска војна да соработуваат и заеднички дејствуваат со левоориентираното движење на отпорот во Бугарија кое било предводено од БРП.[97]

БРП во текот на војната, имала недоследен и конфузен приод кон македонското национално прашање. Тоа се должело на сложеноста на националната проблематика во Бугарија и особено на сложеноста на македонското национално прашање кое во Бугарија имало посебна тежина. Имено , територијата на Македонија претставувала еден од основните објекти на аспирација на големобугарскиот национализам.[98] Оттаму, ставовите и односот на БРП кон бугарското национално прашање и кон големобугарскиот национализам во најголема мерка го детерминирале не само ставот и односот на БРП кон македонското национално прашање туку и практичното однесување и комуникација со соседните КП.[99]

---

[97] Orde Ivanovski, Bugarska radnička partija o pravama Makedonaca u Pirinskom delu Makedonije, Zb. Makedonija od ustanka do slobode 1941-1945 (понатаму: Zb. Makedonija od ustanka do . . . ), Beograd, 1987, 186.; И. Катарџиев, Местото на комунистичкото движење во Пиринска Македонија во борбата против фашизмот и за афирмација на македонскиот национлен индивидуалитет, Зб. Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија (понатаму: Зб.Основањето и . . . ). Скопје, 1980 , кн.2 , 760.;

[98] Темелот на големобугарскиот национализам се состоел од т.н. Санстефанска фикција. Создадена била со потпишаниот договор за примирје меѓу Русија и Турција на 3 март 1878 г. во местото Сан -Стефано со кој завршила нивната меѓусебна војна од 1877-1878 г. Според тој договор требало да се создаде голема бугарска држава на Балканот во која помеѓу другите територии била вклучена и целата територија на Македонија. Проекцијата од Сан-Стефано останала само на хартија бидејќи со решенијата на Берлинскиот конгрес во 1878 г. биле анулирани одредбите на договорот од Сан-Стефано. Сепак, во наредниот период големобугарскиот национализам непрестајно се стремел Сан-Стефанската фикција да ја инкорпорира во бугарското национално прашање и во згодни политички околности да ја оживотвори.

[99] БРП во предвоениот период после многу промени на ставот кон македонското национално прашање , во триесеттите години под притисок на КИ , го прифатила постоењето на посебната македонска нација и посебниот македонски јазик , меѓутоа тоа не значело и дефинитивно напуштање на политиката која ги инкорпорирала " националното обединување на бугарскиот

Непосредно пред почетокот на војната на Балканот, БРП и КПЈ подготвиле одделни концепти за заедничка декларација протв пренесувањето на војната на Балканот и во која требало да ги обнародат своите ставови за признавање на "правото за рамноправност и слобода" на македонскиот народ.[100] Меѓутоа, после присоединувањето на нови територии кон Бугарија во април-мај 1941 г. , БРП со своето практично однесување покажала дека не стои на своите предвоени ставови за признавање на посебноста на македонската нација и дека не е против постигнувањето на бугарското "национално обединување" туку само против начинот и методите со кои тоа е постигнато.

Прифаќањето на политиката за "национално обединување" довела до тоа окупацијата на Македонија од Бугарија, БРП да не ја третира како окупација туку како остварување на праведните национални идеали. Оттаму БРП во јавните прогласи во текот на војната воопшто не повикувала на повлекување на бугарските војски од територијата на Македонија. Ваквиот приод целосно се рефлектирал и врз ставовите и односот на левоориентираното бугарско движење на отпорот, па во Програмата на ОФ обнародена преку радиостаницата "Христо Ботев" на 17 јуни 1942 г. се барало повлекување на бугарските војски само од Србија а не и од Македонија.[101]

Консеквентно на вака декларираната политика БРП ги правела и своите практични чекори. Најпрво, прифаќањето на окупацијата како остварување на бугарскиот национален идеал од страна на БРП своја практична рефлексија нашол во внатрешнопартиската организациона сфера. БРП веднаш после проширувањето на Бугарија формирала посебна партиска

народ" преку Санстефанска Бугарија. Милчо Лалков , От надежда към разочарвание; Идеята за федерацията в Балканския югоизток (1944-1948) , София , 1994, 71.; С. Милосавлевски , Социологија на македонската. . . , 40.; Л. Панајотов , К. Палешутски, Д. Мичев, Македонският въпрос и българо-югославките отношения , София, 1987, 89.

[100] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава (понатаму: Документи за борбата . . . ) , Скопје , 1981 , т. II , 237-238.; Документ е бугарската верзија на концептот за заедничка декларација.

[101] Лазар Мојсов, БРП (К) и македонското национално прашање, Скопје, 1978, 71-79.; Никола Чинго, Политиката на БРП(к) спрема македонското прашање во периодот 1944-1948 , Скопје, 1976 , 25.

комисија од три члена кои требало да ги подготват партиските организации од Македонија и Тракија организационо да се приклучат кон БРП.[102]

Формалното присоединување на партиската организација од Вардарскиот дел на Македонија кон БРП врз основа на организациониот комунистички принцип "една држава-една партија" дефинитивно покажал дека БРП присоединувањето не го смета како окупација туку како "обединување" на бугарските земји. Таквиот чекор предизвикал недоразбирања и судир со КПЈ и мешање во целиот случај на КИ после што партиската организација од Вардарскиот дел на Македонија била вратена во надлежност на КПЈ, но БРП и во понатамошниот период продолжила да се обидува да се меша во работите на партиската организација на Вардарскиот дел на Македонија.[103] Така во декември 1941 г. БРП издала посебен Проглас со наслов "За слобода, рамноправност и самоуправување на Македонија"[104] , а во почетокот на 1942 г. испратила писмо до ПК на КПЈ за Македонија[105] со кое директно се сугерирале решенија за вооружената борба спротивни на линијата на КПЈ и телеграма до КИ со која се барале "автономни права" за партиската организација во Вардарскиот дел на Македонија.[106]

Всушност политиката на БРП кон македонското национално прашање во текот на војната била двострана. Од една страна, формално бил застапуван ставот за правото на самоопределување на населението во Македонија и македонското национално прашање било третирано како општобалканско прашање. Од друга страна, со практичните чекори настојувала да не се отвара дискусија по македонското национално прашање ниту во рамките на

[102] Комисијата ја сочинувале: Митко Зафировски за Вардарскиот дел , Тодор Павлов за Егејскиот дел и Христо Калајџиев за Тракија. Тоа што партиските организации од окупираните делови на Србија не биле земени во предвид во ваквите активности на БРП самото по себе зборува за ставовите на БРП кон големобугарскиот национализам и македонското национално прашање. Л. Мојсов , БРП (К) и . . . , 83-85.
[103] Л. Панајотов и други, цит. дело, 89-90.; Л. Мојсов, БРП (к) и . . . , 172-185.; Цола Драгойчева, На класови и интернационалистически позиции, сп. Септември , XXX/1 , София , 1979 , 41-57.
[104] Историјски архив Комунистичке партије Југославије (понатаму: ИА КПЈ ), Београд , 1951, т. VII , док. 34 , 82-86.
[105] Исто, док. 36, 89-93.
[106] Исто, док. 26, 61.; Д. Зографски, Формирањето на Комунистичката партија на Македонија и македонското национално прашање,сп. Историја, вонреден број, Скопје, 1980, 97-99.

политичката сцена во Бугарија ниту во рамките на балканската политичка сцена.[107]

Во овај контекст бил односот на БРП кон обидот на Тодор Павлов во мај 1941 г. да го отвори македонското национално прашање за дискусија во рамките на БРП. Преку писмото на Трајчо Костов, од името на ЦК на БРП, обидот веднаш бил прогласен за "доктринерско и секташко чешање на јазикот".[108]

Меѓутоа, реалните случувања не ѝ дозволувале на БРП во целост да го држи затворено македонското национално прашање и да не се изјаснува за него. Во 1943 г. БРП била инволвирана во иницијативата за формирање на Балкански штаб во која македонското национално прашање било имплицитно содржано и односот кон иницијативата всушност претставувал однос кон македонското национално прашање. После тоа се надоврзале решенијата на АВНОЈ со кои БРП дефинитивно била принудена да се изјасни по македонското национално прашање.

Раководството на БРП и во втората половина на 1943 г. настојувало да ја задуши дискусијата во рамките на ОФ по македонското национално прашање со образложение дека таквата дискусија не кореспондира со "најблиските задачи на ОФ" и "би го одвлекла вниманието" од непосредната цел на борбата "соборување на монархофашистичкиот режим".[109] Сепак, есента 1943 г. заради инсистирањето на граѓанските сили во ОФ да се заземе став по македонското национално прашање и под влијание на чекорите од КПЈ и НОДЈ во врска со македонското национално прашање , БРП била принудена да го изнеси својот став кон македонското национално прашање.[110]

Како резултат на дискусијата во ОФ , кон крајот на 1943 г. била

[107] Георги Мадолев, Въоръжената борба в Пиринския край 1941-1944 , София , 1966 , 118.; Ц.Драгойчева, цит.статија , сп. Септември , XXX/1 , София , 1979 , 5-6.; И.Катарџиев , Местото на комунистичкото движење во Пиринска Македонија . . . , Зб. Основањето и . . . , кн.2 , 760.
[108] ИА КПЈ , т. VII , док. 5 , 22.
[109] Ц.Драгойчева . цит.статија , сп. Септември . XXX/1 , София , 1979 , 5.
[110] Исто , 6-9.: Миле Михајлов, Прашањето на обединувањето на Македонија во Втората светска војна, Скопје, 2000, 158-160.

публикувана Декларацијата на Националниот комитет на ОФ во која биле изнесени ставовите кон македонското национално прашање и кои во најголема мерка биле ставови на БРП како највлијателна политичка сила во рамките на ОФ. Во Декларацијата со наслов "Отечествениот фронт за македонското прашање", БРП и ОФ застанале на ставот за самоопределување на населението во Македонија, а Македонија била прогласена за "лулка на бугарската преродба". Според , Декларацијата тие се изјасниле за прифаќање на паролата "МАКЕДОНИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ" односно за "целосна, слободна и независна Македонија" која нема да се присоединува кон ниту една балканска држава.[111]

Во моментите на појавување на Декларацијата, изнесените ставови во неа немале никаква реална подлога, бидејќи со решенијата на АВНОЈ македонското национално прашање еднострано и делумно се решавало во рамките на новата југословенска заедница која ја конституирало НОДЈ.[112] Всушност, во таквиот балкански контекст поставувањето на македонското национално прашање како општобалканско или бугарско национално прашање за БРП значело директно конфронтирање со НОДЈ и КПЈ кој во тие моменти биле посилни од секој аспект.[113]

Ваквиот однос на БРП кон македонското национално прашање своја рефлексија нашол во организирањето на антифашистичкиот отпор во Пиринскиот дел на Македонија. Иако отпорот бил организиран со активност пред се на левоориентираните сили на МНОД тој добивал само класно-

[111] Документи за борбата . . . , т. II, док. 210, 433-434.; БКП , Коминтернът и македонският въпрос 1917-1946 , София , 1999 , т. втори , 1083-1085.

[112] Заклучокот дека Декларацијата на ОФ во моментите на нејзиното појавување нема реална подлога најдобро се потврдува со искажувањето за неа на Кузман Јосифовски-Питу. Во писмото од 3 јануари 1944 г. до ЦК на КПМ , тој заклучува дека Декларацијата "далеку заостанува от документите на В.Ш. на Н.О.В. на Ј., А.В.Н.О.Ј. и II скупшт[ина] - на сите нејзини решенија по разрешувајнето на националното прашајне во светлоста на Нар[одно] ослоб[одителната] борба , кој се јасни , сажети , принципиелни и реални . . . Нејасноста е во двосмисленоста на сиот документ и многу места се дури реакциони." Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941 - 1945,(понатаму само Извори . . . ), т. I, кн. 3, док. 13, 114-115.

[113] Л. Панајотов и други, цит. дело, 93.; Л. Мојсов, БРП (к) и . . . , 179-181.; С. Нешовић, Народноослободилачки покрет Југославије и отечественофронтовска Бугарска о македонској нацији и македонској државности , Зб. Ослободителната војна и . . . ,441-445.

социјален и антифашистички карактер односно националниот белег бил длабоко потиснат.[114]

Освен тоа, политичките и воените концепции на раководството на БРП и ОФ за методите и средствата на отпорот, не претставувале благопријатна рамка за развиток на МНОД и вооружената борба во Пиринскиот дел на Македонија. Неповолни биле и општите услови на бугарската политичка сцена каде профашистичките сили имале изразито доминантно место. Единствено како погодности за МНОД се јавувале немањето на организирани десноориентирани политички сили во Пиринскиот дел и постоењето на сопствени големи кадровски потенцијали со долготрајно револуционерно искуство.[115]

Раководството на МНОД и покрај погрешната тактика на БРП за развојот и методите на отпор во која партизанските единици претставувале повеќе агитациони групи а помалку вооружена сила, сепак вложувало големи напори за формирање на паризански единици и нивно омасовување.

Нападот од фашистичка Германија врз Советскиот сојуз придонел за зголемување на антифашистичкото расположение кај Македонците во Пиринскиот дел, што претставувало додатна поволна околност за организирање на отпорот. Истиот ден, Обласниот комитет на БРП за Пиринскиот дел на Македонија[116] одржал состанок во Горна Џумаја на кој било донесено решение за отпочнување со забрзани подготовки за вооружена борба.[117]

Наредните денови , во повеќето околиски организации на БРП во Пиринскиот дел на Македонија биле преземени поинтензивни подготовки за вооружена борба, а во некои биле формирани посебни групи од партиски членови за работа во тој правец.[118] Партиските организации во овој период

[114] И. Катарџиев, Соседите и. . . 164.
[115] Г. Мадолев, цит. дело, 72.
[116] Во тие моменти бил составен од Гроздан Николов-секретар , Никола Калапчиев и Стојне Лисински-членови.
[117] Г. Мадолев, цит. дело, 42-45.
[118] Исто, 45-50.; В. Јотевски, Националната афирмација. . . , 28.

биле особено активни во собирањето на оружје и друг воен материјал.[119] На 27 јуни 1941 г. со престрелката на Иван Козарев кај с. Добриништа, Разлошко, со полициска патрола, не само што бил најавен почетокот на вооружената борба во Пиринскиот дел на Македонија , туку тоа било првата вооружена акција во цела Бугарија.[120]

Набрзо после овие настани била формирана првата партизанска чета во Разлошко, а нешто подоцна и во Горноџумајско.[121] Паралелно се работело и биле формирани поголем број на борбени групи кои требало да изведуваат саботажи и диверзии, а била интензивирана и политичко-пропагандната активност.[122]

Особено значаен момент за развојот на МНОД во Пиринскиот дел на Македонија претставувал доаѓањето на чело на Обласниот комитет на Никола Парапунов. Под негово раководство биле уште повеќе засилени активностите, а на состанокот во август 1941 г. биле распределени конкретните должности на членовите на Обласниот комитет во правец на развивање на вооружената борба.[123] Кон крајот на септември 1941 г. била одржана и Обласна партиска конференција со присуство на најактивните членови на МНОД и биле утврдени правците на активност за наредниот период.[124]

Успешниот развој на МНОД и вооружената борба во Пиринскиот дел на Македонија уште од самиот почеток бил забавуван во главно од две причини. Прво, генералната погрешна стратегија на БРП за развојот на отпорот, со која партизанските единици од Пиринскиот дел не можеле да се здобијат со масовност, да мораат да дејствуваат во реоните каде биле формирани и да се расформираат со доаѓањето на зимата. Второ, силните

[119] Димитар Митрев, Пиринска Македонија, Скопје, 1986 , 229.

[120] Исто.; Н. Горненски, Въоръжената борба на българския народ за освобождение от хитлеристката окупация и монархо-фашистката диктатура (1941-1944г.), Сборник, Социалистическата революция в България, (понатаму:Сб.Социалистическата. . .), София, 1965, 152-154.; Г. Мадолев, цит. дело, 51-52.

[121] Г. Мадолев, цит. дело, 52-54.

[122] Исто, 54.

[123] Исто, 63-66.

[124] Исто.; В. Јотевски, Националната афирмација. . . , 29.

репресивни мерки на бугарската фашистичка власт кон силите на МНОД, особено кон партизанските единици.[125]

Дезактивирањето на партизанските чети во зимата 1941-1942 и репресивните мерки на власта, придонеле МНОД во почетокот на 1942 г. да претрпи сериозни загуби. Голем број на кадри биле фатени или убиени од полицијата. На два судски процеси од март и мај 1942 г. биле изведени 53 лица од Пиринскиот дел кои биле осудени на временски или смртни казни.[126] Еден од најсериозните удари врз МНОД во овај период, претставувало убиството на истакнатиот активист и член на Обласното раководство, Никола Калапчиев на 6 мај 1942 г.[127]

Загубите придонеле за појава на дефетистичка атмосфера во редовите на МНОД. Никола Парапунов и другите раководители, од пролетта 1942 г. презеле низа мерки со цел да се надминат неповолните тенденции, да се зацврстат партиските организации и повторно да се формираат расформираните партизански единици. Во овај контекст најзабележително е писмото на Никола Парапунов до целото партиско членство во Пиринскиот дел на Македонија од есента 1942 г. кое во голема мерка придонело да се надминува создадената дефетистичка атмосфера.[128]

Летото 1942 г. во Разлошко во реонот Блаца била формирана партизанската чета "Јаким Цоков" а била возобновена и партизанската чета која била расформирана на крајот од 1941 г.[129] Започнале активности за формирање на структури на ОФ за Пиринскиот дел на Македонија. Партизанските чети до почетокот на зимата 1942 г. имале и неколку вооружени судири со воените и полициските сили, но тогаш повторно биле расформирани.[130]

---

[125] Г. Мадолев, цит. дело, 69-70.; Д. Митрев, цит.дело , 230.

[126] И. Катарџиев, Местото на комунистичкото движење во Пиринска Македонија . . . , Зб. Основањето и . . . , кн. 2, 757.; Г. Мадолев, цит. дело, 74-75 , 77.

[127] Г. Мадолев, цит. дело, 76.

[128] Н. Горненски, цит. статија, Сб. Социалистическата... , 80-82.; В. Јотевски, Националната афирмација. . . , 30-31.; Д. Митрев, цит. дело, 231.

[129] Г. Мадолев, цит .дело, 85-86.

[130] Исто, 90-102.

Настаните на светската воено-политичка сцена од крајот на 1942 и почетокот на 1943 г. во голема мерка влијаеле за позабрзан развој на антифашистичкиот отпор во Бугарија и следствено во Пиринскиот дел на Македонија. Реорганизацијата на бугарското движење на отпорот од воен аспект, со формирањето на НОВА, ГШ на НОВА и 12 востанички зони, имало практични позитивни реперкусии за развојот на вооружената борба во Пиринскиот дел на Македонија.

Пиринскиот дел на Македонија претставувал IV ОЗ со центар во Горна Џумаја. Никола Парапунов бил наименуван за воен и политички раководител на зоната, а Арсо Пандурски за негов заменик. Била засилена целата активност, а поголем акцент бил ставен врз формирањето и активностите на партизанските единици и развојот на вооружената борба.[131]

На 1 мај 1943 г. со присуство на Никола Парапунов во месноста "Столовец" била одржана Околиска партиска конференција за Разлошко било решено и се формирал Разлошкиот ПО "Јане Сандански" кој како покрупна воена единица требало да дејствува на поширока територија и да издава свој весник "Работничко знаме". За командант на одредот бил назначен Крум Радонов, а за политички комесар Георги Мадолев.[132]

На 4 мај 1943 г. пред борците од ПО "Јане Сандански", политичкиот комесар Георги Мадолев , одржал историско-политичко предавање по повод годишнината од смртта на Гоце Делчев, а два дена подоцна и по повод годишнината од "Мајскиот манифест".[133] До есента 1943 г. ПО "Јане Сандански " константно ја зголемувал својата бројна состојба, што било причина да биди поделен на три помали групи кои одделно дејствувале и до крајот на 1943 г. тие развиле голема воено-политичка активност што во голема

[131] В. Јотевски, Националната афирмација. . . . 32.; Д. Митрев , цит. дело, 232.
[132] Г. Мадолев, цит. дело, 114-116.; Д. Митрев, цит. дело, 233.
[133] Г. Мадолев, цит. дело, 117-118.; Д. Митрев , цит. дело, 234. "Мајскиот документ" е колоквијалното име на "Манифестот кон македонскиот народ , кон организираното революционерно население во Македонија и кон македонските револуционери" потпишан на 6 мај 1924 г. во Виена , после преговорите со кои спротиставените струи во македонското револуционерно движење се договориле за помирување и обединување на силите.

мерка го подигнала степенот на развој на вооружената борба во Пиринскиот дел на Македонија.[134]

Нови импулси во развојот на вооружената борба во 1943 г. биле манифестирани и во Горноџумајско. Летото 1943 г. својата активност ја возобновува партизанската чета расформирана на крајот на претходната година. Набрзо, со приливот на нови борци, таа чета прераснува во Горноџумајски ПО "Никола Калапчиев" со командант Арсо Пандурски и политкомесар Стојне Лисински. Есента 1943 г. ПО "Никола Калапчиев" презел низа вооружени акции, а највпечатлива била акцијата за ослободување на политичките затвореници од логорот во рудникот "Пирин" кај с. Брежани.[135]

Во останатите реони на Пиринскиот дел на Македонија, иако било зголемено антифашистичкото расположение и била зајакната партиската активност, во 1943 г. не дошло до формирање на партизански единици. Во сите реони била засилена активноста за организација на ОФ. Биле формирани поголем број на пониски комитети на ОФ кои освен што дејствувале пропагандно, дејствувале и во правец на снабдување на партизанските единици со прехрамбени продукти.[136]

Нагорниот развој на отпорот во Пиринскиот дел го поттикнал Никола Парапунов, есента 1943 г. да изработи детален амбициозен план за понатамошните активности.[137] Од друга страна нагорниот развој предизвикал контрареакција од бугарската власт која ги зајакнала репресивните мерки. На 9 декември 1943 г.во полициска заседа бил убиен Никола Парапунов со што МНОД во Пиринскиот дел на Македонија претрпел ненадокнадлива загуба, а понатамошниот развој на вооружената борба во голема мерка бил успорен.[138]

[134] Г. Мадолев, цит. дело, 121-128, 149.
[135] Г. Мадолев, цит. дело, 142-145.; Д. Митрев , цит. дело, 234.
[136] Д. Митрев, цит. дело, 235-237.
[137] Г. Мадолев, цит. дело, 166-168.
[138] Исто, 169-170.; Д. Митрев, цит. дело, 238.

## 5. Развојот на вооружената борба во Вардарскиот дел

### А/ НОДЈ и македонското национално прашање

Развојот на МНОД и вооружената борба во Вардарскиот дел на Македонија се одвивал во рамките на развојот на НОДЈ и вооружената борба во Југославија. Затоа во најголема мерка тој развој бил детерминиран од ставовите и односот на КПЈ, која била доминантна политичка сила во југословенското левоориентирано движење на отпор, кон стратегијата и тактиката за водење на борбата и од ставовите и односот кон македонското национално прашање кое било фундаментално прашање за било каква политичка активност на теренот на Македонија.

Окупацијата и поделбата на Македонија, КПЈ ја дочекала со предвоениот став за признавање на посебниот македонски национален индивидуалитет и консеквентно на тоа, признавање на правото на македонскиот народ на самоопределување.[139]

Ставот на КПЈ по македонското национално прашање непосредно пред пренесувањето на војната на Балканот, најтранспарентно бил изразен во документот за кој се смета дека е југословенски концепт за заедничка декларација со БРП.[140] Во него, стои дека "Македонците не се ни Срби, ни

---

[139] С. Милосавлевски, Социологија на македонската. . . , 223.; Владо Картов , За некои прашања на односот на КПЈ спрема македонското национално прашање , Зб. АСНОМ остварување на идеите за создавање на македонската држава (Понатаму: Зб. АСНОМ остварување. . . ), Скопје, 1977, 330. Согласно со ваквиот став КПЈ уште пред војната презела некои чекори во организационен поглед , македонската партиска организација да добие одреден степен на самостојност. Во тој правец најзначајно било решението на IV Земска конференција на КПЈ одржана во Љубљана на 24-25 декември 1934 г. со кое требало да се работи врз формирање на национална КП на Македонија во рамките на КПЈ. Виќентије Ѓорѓевиќ, Значењето на формирањето на националните Комунистички партии во Југославија во рамките на КПЈ, Зб. Основањето и . . . , кн 1 , 523-526.

[140] Југословенска верзија на концепт за заедничка декларација не е пронајдена , меѓутоа редакцијата на "Собраните дела" на Ј.Броз-Тито смета дека "веројатно" тој концепт е документот со редакциски наслов "Против проширувањето на војната на Балканот - за слобода и рамноправност на македонскиот народ". Јосип Броз Тито , Собрани дела , (понатаму: Тито , Собрани дела,), т. 6 , 166 - 168.; Подоцна , Перо Дамјановиќ , направил детална анализа зошто тој документ можи да се смета како југословенски концепт за заедничка декларација на БРП и КПЈ. П. Дамјановиќ , Титовиот придонес кон борбата на

Бугари, ни Грци; тие се Македонци. Како посебен народ имаат право на самоопределување до отцепување, имаат право на слобода и самостојност како и сите други народи на Балканот".[141] Во текот на војната , КПЈ во голема мерка ги зачувала и афирмирала ваквите ставови.

Набрзо после окупацијата и поделбата на Југославија, КПЈ на своето "Мајско советување" на македонските комунисти им поставила задача да се борат "против насилното присоединување и делење на Македонија, а за слободно национално определување на македонскиот народ и за негова национална независност и слобода".[142]

Начелно исправната линија на КПЈ по македонското национално прашање, во текот на војната не била доволна за успешен развој на вооружената борба во Вардарскиот дел на Македонија. Потребен бил став во однос на интегралното решавање на македонското национално прашање, а КПЈ во согласност со својата "државотворна политика" го гледала македонското национално прашање во рамките на идната југословенска федеративна заедница. За македонскиот територијален интегритет односно за обединувањето на македонскиот народ, КПЈ или била премалку заинтересирана или го третирала во функција на југословенската федерација.[143]

Релативната некомпатибилност на "државотворната политика" на КПЈ со македонскиот суштински стремеж кон обединување[144] , не била производ на немањето интерес на КПЈ за обединувањето на Македонија туку пред се на прагматичната политика во тогашните воено-политички констелации.[145] Имено, интенцијата на КПЈ за постепено создавање на нова југословенска федеративна заедница во текот на Втората светска војна подразбирала

---

македонскиот народ за ослободување и национална афирмација , Зб. Основањето и. . . , кн.1 , 150 - 159.

[141] Тито, Собрани дела, т. 6 , 167.

[142] Тито, Собрани дела, т. 7 , 44.

[143] С. Милосавлевски, Југословенските социјалисти-комунисти и македонското прашање (1918-1945), Скопје, 1992, 136.; Ц. Драгойчева, цит. статија, сп. Септември, XXX/1, София, 1979, 21.

[144] Евгени Димитров, Придонесот на Главниот Штаб на НОВ и ПО на Македонија за создавањето и организирањето на македонската држава, Зб. ГШ на НОВ и ПОМ. . . , 204.; С. Милосавлевски , Југословенските социјалисти - комунисти и. . . , 133.

[145] Л. Панајотов и други, цит. дело, 91.

правење на воено-политички чекори со сите меѓународни обзири. Во случајот со обединувањето на Македонија тоа било особено акцентирано. Македонското национално прашање и особено обединувањето како дел од него, предизвикувале многубројни и силни неповолни импликации кај меѓународните политички фактори, кои раководството на КПЈ односно НОДЈ не можело и не сакало да ги игнорира. Напротив, настојувало големите сили од антифашистичката коалиција што е можно повеќе да не ги иритира со своите декларативни и практични чекори, бидејќи во перспектива од нив требало да се добие меѓународен легитимитет за федеративната заедница која била во фаза на конституирање во време на војната.[146]

Меѓу другите причини кои го детерминирале односот на КПЈ спрема македонското национално прашање биле, односите на КПЈ со КП на Грција и Бугарија, географската оддалеченост на раководството на НОДЈ од Македонија во текот на војната заради што не се имало увид за состојбите на теренот, ниту чувство за иманентните стремежи на македонскиот народ и на крајот немало кадри од Македонија во централните раководни тела на НОДЈ и КПЈ кои би наметнале попринципиелен и посериозен третман на македонското национално прашање.

Заради овие причини, практичниот однос на КПЈ кон македонското национално прашање и Македонија во текот на војната, особено во првите две години од неа , бил површен и се сведувал на тоа преку своите прогласи за вооружена борба до сите југословенски народи да биди спомент и македонскиот народ.[147] Најчестиот предмет на интерес на КПЈ во Македонија биле организационите прашања на партиската организација и прашањата сврзани со развојот на вооружената борба. За таа цел, придржувајќи се кон вообичаената пракса, ЦК на КПЈ и ВШ на НОВ и ПОЈ во Македонија праќале

---

[146] Михајло Апостолски, НОВ и револуцијата на Југославија за правата на македонскиот народ во Југославија , Бугарија и Грција 1941 - 1945 , Прилози МАНУ ,XVII/1 , Скопје , 1986 , 7. ; Миле Тодоровски, Перспективите на македонскиот народ за извојување на самоопределување, демократија и национална слобода во борбата против фашизмот за време на Втората светска војна, Зб. Прогресивната мисла за македонското прашање и барањето за самоопределување ( 1875 - 1945 ), Делчево, 1988 , 17.

[147] ИА КПЈ , т. VII , док. 7, док. 11, док. 13, док. 28, док. 30, док. 42, док. 75.; Е. Димитров, Придонесот на Главниот Штаб на. . . , Зб. ГШ на НОВ и ПОМ. . . , 204-207.

свои "инструктори" и "делегати" кои требало да ги даваат основните насоки на работа.[148] Површниот однос на КПЈ кон Вардарскиот дел на Македонија можеби најтранспарентно се гледа од неприсуството на претставници од Македонија на заседанијата на партиските форуми во текот на војната и на заседанијата на АВНОЈ.[149]

Приоритетните цели на НОДЈ и КПЈ за победа и доминација на просторот на Југославија и меѓународна афирмација на новата југословенска федерација и приоритетните цели на МНОД за целосно решавање на македонското национално прашање во текот на војната биле непрестајно антагонизирани. Противречните приоритетни цели како своја реална последица, константно предизвикувале недоразбирања и конфронтации помеѓу нив. Раководните структури на МНОД непрестајно во имплицитна форма настојувале да ги инкорпорираат своите приоритетни цели во антифашистичката војна, а раководството на НОДЈ и КПЈ непрестајно ги обвинувало за "сепаратизам" и "автономистички тенденции". Тој латентен судир најексплицитно избил на површина во 1941 г. кога секретарот на ПК на КПЈ за Македонија, Методија Шаторов-Шарло и останатите членови на ПК биле обвинети помеѓу другото и за "национален шовинизам".[150] Исто така, во писмото на Ј.Броз -Тито до ПК од јануари 1943 г. раководството на НОДМ, за дотогашната работа било критикувано за "тесно поставување на прашањето за слобода и независност на македонскиот народ" и обвинувано за "автономистички тенденции" од национален и организационо-партиски карактер.[151]

Релативно незаинтересираниот однос на раководството на НОДЈ и КПЈ за настаните во Македонија и македонското национално прашање, започнал да се менува кон крајот на 1942 г. и во почетокот на 1943 г. во

[148] V. Dedijer, Novi prilozi za biografiju Josipa Broza Tita , Rijeka , 1981 , knj. 1 , 276.
[149] Новица Велјановски , АСНОМ - државотворни димензии , Скопје , 1994 , 59-65.; На Првото заседание на АВНОЈ македонскиот народ и Македонија дури не биле спомнати во официјалните документи. С. Нешовиќ , Прво заседање АВНОЈ-а и Македонија , Зб. АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ (Понатаму: Зб. АСНОМ во создавањето . . . . ), Скопје , 1987 , 85-98.
[150] ИА на КПЈ , т.VII , док. 12 , 37.; док. 17, 45.; док. 18 , 46.
[151] Тито, Собрани дела , т. 13 , 225.

контекст на промените на меѓународната политичка сцена со кои Балканскиот полуостров станувал се поинтересен реон од воен и политички аспект за големите сили од антифашистичката коалиција. ВО такви услови раководството на НОДЈ се решило да преземе чекори за "обезбедување на револуционерни перспективи"[152] на југот на Југославија и пошироко на Балканот. Интенцијата била, левоориентираните движења на отпор на Балканот да воспостават доминантни воено-политички позиции, со што би биле фундирани придобивките од вооружената борба, би се спречило евентуалното самоволно отворање на "балкански фронт" од страна на англо-американските сојузници и би се парирало на плановите за враќање на предвоеното монархистичко уредување во земјите на Балканот.[153]

Директна консеквенца на ваквите концепции на раководството на НОДЈ претставувало испраќањето на Светозар Вукмановиќ-Темпо како делегат со вонредни овластувања на ЦК на КПЈ и ВШ на НОВ и ПОЈ во Македонија, со задача да работи на разгорување на вооружената борба во Македонија, Јужна Србија и Косово и да воспостави координација и соработка помеѓу левоориентираните движења на отпор на Балканот.[154]

Односот на КПЈ и НОДЈ кон македонското национално прашање во 1943 г. со промените, фактички бил надополнет. Имено, бил задржан дотогашниот став за признавање на посебноста на македонската нација, а дотогашната интенција иднината на Вардарскиот дел на Македонија да се гледа во рамките на федеративна Југославија како одделна нецинонална федеративна единка била проширена и на останатите делови од Македонија. Тоа значело дека прашањето за обединувањето на Македонија се става во функција на идната југословенска држава и декларативно тоа е дефинирано во

[152] B. Petranović, Balkanska federacija, 1943 - 1948, Beograd, 1991, 57.
[153] Исто.; Б. Петрановиќ, Меѓународниот контекст на Народноослободителната борба на народите на Југославија и самоопределбата на Македонците , Зб. Борбата на македонскиот народ за самоопределување во Пиринска и Егејска Македонија (Понатаму: Зб. Борбата на македонскиот народ. . . ) , Делчево , 1986 , 107-116.; Михајло Миноски, Македонското прашање во меѓународните односи во времето на одржувањето на Првото заседание на АСНОМ( 1943 - 1944 ), Зб. АСНОМ - педесет. . . , 237.
[154] Svetozar Vukmanović-Tempo, Revolucija koja teče, Zagreb, 1982, kn. 2, 225.; S.Vukmanović-Tempo, Sjećanja iz Narodnooslobodilačke borbe u Makedoniji, Zb. Makedonija od ustanka do . . ., 333.; B. Petranović, Balkanska federacija. . . , 56.

паролата "обединета Македонија во рамките на Југославија".[155] Вардарскиот дел на Македонија добил улога на "пиемонт" , на "обединувачки центар" за Македонците од Пиринскиот, Егејскиот и делот на Македонија под Албанија.[156]

Испраќањето на С.Вукмановиќ-Темпо и чекорите што тој ги презел во Вардарскиот дел на Македонија го манифестираат променетиот однос на раководството на НОДЈ кон македонското национално прашање и Македонија.[157] Најтранспарентен и најеклатантен настан за тоа, било оживотворувањето на решението на ЦК на КПЈ за формирање на ЦК на КПМ. Давањето на национални атрибути на партиската организација во Вардарскиот дел на Македонија со формалното и суштинското преименување од дотогашното "КПЈ за Македонија" во "КПМ" претставувал чекор со далекусежни последици за македонското национално прашање и за развојот на МНОД.[158]

Второто заседание на АВНОЈ во Јајце на 29 ноември 1943 г., ги формулирал основните државно-правни и политички атрибути на новата југословенска федеративна заедница, а македонскиот народ и македонската држава транспарентно и несомнено биле вброени како рамноправни конститутивни елементи на новата држава.[159] Сепак, неучеството на претставници од Македонија на Заседанието, имало негативни импликации и фрлало сенка врз позитивните решенија на АВНОЈ за македонското национално прашање.[160] АВНОЈ во секој случај, не само што јавно го прокламирал "југословенското решение" на македонското национално

---

[155] Извори. . . , т. I, кн. 2, док. 38, 193.; Веселин Ангелов , Хроника на едно национално предателство , Благоевград , 1999 , 4.;

[156] И. Катарџиев, Обединувањето на Македонија како програмско- политичка и акциона цел на национално - револуционерното движење на македонскиот народ. Зборник: АСНОМ-педесет . . . ,56 , 59-60.

[157] И. Катарџиев , Соседите и. . . 168-169.

[158] Д. Зографски, Формирањето на. . . , сп. Историја, вонреден број, Скопје, 1980,109.

[159] М. Апостолски, Одлуките на АВНОЈ-реализација на целите на вековната борба на македонскиот народ , сп. Историја , XX/1 , Скопје , 1984 , 76.; Н. Вељановски , АСНОМ - државотворни . . . , 62-63.

[160] Н. Вељановски , АВНОЈ и Македонија , Зб.ГШ на НОВ и ПОМ. . . , 237.

прашање[161] во однос на Вардарскиот дел на Македонија, туку имплицитно го проширувал "југословенското решение" и врз Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија. Како најексплицитен израз на интенција на АВНОЈ односно на раководството на НОДЈ и КПЈ , македонското национално прашање сфатено интегрално да го решава во рамките на Југославија, било промовирањето на Димитар Влахов од Егејскиот дел и Владимир Поптомов од Пиринскиот дел на Македонија за членови на АВНОЈ.[162]

Со сето тоа , раководството на КПЈ кон крајот на 1943 г. дефинитивно застанало на позициите македонското национално прашање да се решава во полза на НОДЈ, без разлика дали решението ќе биде делумно, само во Вардарскиот дел на Македонија или целосно, ќе ги опфати и Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија со нивно обединување и припојување кон идната југословенска федеративна држава.[163]

## Б/ МНОД и македонското национално прашање

Македонското национално прашање интегрално сфатено како ослободување , самоопределување и обединување на македонскиот народ, заземало централно место во развојот на МНОД и вооружената борба во Вардарскиот дел на Македонија за време на Втората светска војна.

Априлските настани од 1941 г. на Балканот донеле нова геополитичка поделба со која најголемиот дел од етничката територија на Македонија бил во власт на Кралството Бугарија. Тоа не значело и промена во организирањето на МНОД , туку МНОД го задржало предвоеното дејствување во рамките на левоориентираните комунистички политички структури , односно новата геополоитичка поставеност не донела создавање на

[161] С. Милосавлевски, Македонската национална свест - Манифестот на ГШМ 1943 - "Приговорот"кон Манифестот , Зборник: Кузман Јосифовски - Питу , време-живот-дело, (1915-1944) , (понатаму: Зб. Кузман Јосифовски-Питу. . . ) , Скопје-Прилеп , 1995 , 140.
[162] Л. Панајотов и други, цит. дело, 92.; Ц. Драгойчева, цит. статија, сп. Септември , XXX/1, София , 1979 , 21-22.; И. Катарџиев, Обединувањето на Македонија како. . . , Зб. АСНОМ-педесет. . . , 63.; Н. Велјановски, АВНОЈ и. . . Зб. ГШ на НОВ и ПОМ . . . , 240-241.
[163] Ц. Драгойчева, цит. статија, сп. Септември , XXX/1 , София , 1979 , 20-21.

единствен општомакедонски раководен центар, не донела ниту единствена општомакедонска националноослободителна платформа и консеквентно, немало ниту организирање и реализација на општомакедонска вооружена антифашистичка војна. Периодот на организационо приклучување на партиската организација од Вардарскиот дел на Македонија кон БРП од аспект на надминување на поделеното дејствување на силите на МНОД не донел ништо ново.[164] Пред силите на МНОД како константна императивна задача стоело надминувањето на таквите состојби и поврзувањето на вооружената борба на Македонците од сите делови на Македонија како неопходна етапа на патот за интегрално решавање на македонското национално прашање.

Новата геополитичка состојба и нешто подоцна приклучувањето на партиската организација од Вардарскиот дел на Македонија кон БРП, предизвикале не само организациона туку и програмско-политичка конфузија во редовите на МНОД. Ова било особено карактеристично во 1941 и 1942 г. Една од главните причини за програмско-политичката конфузија во МНОД, бил судирот на интересите на КПЈ и БРП во Вардарскиот дел на Македонија односно нивните претензии за партиска јурисдикција врз МНОД од Вардарскиот дел на Македонија и нивните различни ставови во однос на македонското национално прашање.

Програмско-политичката конфузија се манифестирала со заземање на доминантно место на класно-пролетерскиот момент во борбата за сметка на националниот момент. Ваквиот тренд во 1941 и 1942 г. бил присутен во сите декларативни документи на раководството на МНОД од Вардарскиот дел на Македонија.[165]

Раководството на МНОД во првите две години од антифашистичката борба било непрестајно исправено пред задачата да го инкорпорира прашањето за обединување на Македонија во декларативните и акционите

---

[164] И. Катарџиев, Соседите и. . . 163.

[165] Исто.; Цветко Узуновски, Белешки за националната и социјално - ослободителната борба на македонскиот народ, Историја, XIII / 1, Скопје, 1977, 61-63.

активности, во услови на директна спротиставеност на тоа на сите балкански и светски фактори.[166]

Спротиставеноста на раководството на КПЈ и НОДЈ било најзначајно, бидејќи МНОД од Вардарскиот дел на Македонија дејствувало во нивни рамки и тие претставувале најрелевантен фактор за развојот на МНОД и вооружената борба во Вардарскиот дел на Македонија . Раководството на КПЈ и НОДЈ поаѓајќи од своите приоритетни цели, до 1943 г. негативно реагирало на секоја експлицитна и имплицитна манифестација на македонското национално прашање и особено на обединувањето на Македонија во декларативно-програмските и акционите чекори на МНОД. Во таква ситуација, раководството на МНОД , неможејќи да го игнорира прашањето за обединување ниту како идеолошко-агитациона компонента ниту како основна акциона компонента на мобилизацијата на македонскиот народ , непрестајно го инкорпорирала во антифашистичката војна.[167]

Меѓутоа, тоа инкорпорирање заради условите, секогаш било во непрецизни и недоволно дефинирани форми. Најпрво, често биле употребувани формулации како "слободна Македонија", "независна

---

[166] И. Катарџиев , Шансите на македонскиот народ во текот на Втората светска војна да ги реализира своите историски идеали , Зборник: Благој Јанков-Мучето , живот и дело (1910-1944),(понатаму: Зб. Благоја Јанков-Мучето. . . ), Скопје , 1997 , 66.; Ц. Узуновски , Белешки за националната. . . , сп. Историја , XIII/2 , Скопје , 1977 , 19-48.

[167] Според Цветко Узуновски , основната националноослободителна платформа на МНОД била прифатена на состанокот на Привремениот ПК на КПЈ за Македонија од 28 јуни 1942 г. и јавно прокламирана во "Илинденскиот проглас" на Привремениот ПК од 2 август 1942 г. Ц. Узуновски , Белешки за националната. . . . сп. Историја , XIII/1 , Скопје , 1977 , 65.; Ваквото гледиште во македонската историографија не е еднодушно прифатено. Така Славка Фиданова се сложува со констатацијата дека во "Илинденскиот проглас" е присутно обединувањето на македонскиот народ. Славка Фиданова , Националниот момент-фактор во покренувањето на масите во Македонија во текот на Ослободителната борба (1941-1944) , сп. Историја , VIII/2, Скопје , 1972 , 24.; И Миле Михајлов смета дека на состанокот од 28 јуни 1942 г. "билоразгледувано прашањето за поставување на одредена платформа на ослободителното движење". М. Михајлов , Прашањто на обединувањето. . . , 108.; Иван Катарџиев , не ја прифаќа констатацијата на Ц.Узуновски , и смета дека во прогласот "ништо не е речено" за националноослободителната платформа. И. Катарџиев, Обединувањето на Македонија како. . . , Зб. АСНОМ-педесет. . . , 58.; Слично и Евгени Димитров укажува дека "анализата" на Прогласот и другите партиски документи од тој период не упатуваат на тоа дека била утврдена и целосно и јасно формулирана националнополитичка платформа на народноослободителното движење. Е.Димитров , АСНОМ и интегритетот на македонскиот народ , Зб. АСНОМ во создавањето . . . ,182.

Македонија" и "автономна Македонија" што биле премногу широки во поглед што се можи да се подразбира во нивни рамки.[168]

Второ, многу често прашањето за обединувањето било инкорпорирано во борбата преку ставањето на вооружената борба во контекст на борбата на сите балкански народи. Давањето на "балканска димензија"[169] на борбата произлегувала од сфаќањето дека прашањето за обединување на Македонија е општобалканско прашање и дека можи да се реши само во тој контекст. Балканската димензија на борбата преовладувала во документите на МНОД во однос на југословенското решение се до есента 1943 г.[170]

Трето, раководството на МНОД на декларативно ниво најчесто го инкорпорирало македонското национално прашање и прашањето за обединување, преку опширни елаборации на Илинденското востание од 1903 г., преку именување на партизанските единици со имињата на лица од македонската национално-револуционерна борба во минатото и преку непрестајно повикување и акцентирање на илинденските традиции.[171]

Колкава била релевантноста на македонското национално прашање и прашањето за обединување за развојот на МНОД и антифашистичката борба, можи да се илустрира со согледувањата на инструкторите на ЦК на КПЈ во Македонија за тие прашања. Нивните импресии се валидни од гледна точка на тоа дека не биле со македонско етничко потекло или од македонска средина и во најдобар случај за националните стремежи на македонскиот народ можеле

[168] С. Милосавлевски , Југословенските социјалисти - комунисти и. . . , 136.; Е. Димитров, АСНОМ и интегритетот. . . , Зб. АСНОМ во создавањето . . . , 180.

[169] Е. Димитров , Придонесот на Главниот Штаб на. . . , Зб.ГШ на НОВ и ПОМ. . . , 206.

[170] Исто , 202-212.; С. Милосавлевски , Југословенските социјалисти - комунисти и. . . , 137.; И. Катарџиев , Соседите и. . . 166 , 174-175.

[171] Илинденското востание и илинденските традиции , во услови на распокината национална територија и распокинато националноослободително движење , претставувале симболи за посебноста на македонскиот народ и ја претставувале единствената обединувачка идеја на Македонците од сите делови на распокината татковина. За застапеноста во текот на антифашистичката борба на Илинден и илинденските традиции е повеќе пати пишувано. Поопширно види: М.Апостолски , Галена Куцуловска , Одгласот на револуционерните традиции во НОБ, Скопје , 1968, 32.; В.Ивановски , Крушевската република низ документацијата на НОВ и народната револуција во Македонија 1941-1945 , сп.Историја , XV/2, Скопје , 1979 , 117-130.; Вера Весковиќ-Вангели , Илинденската традиција-фактор во формирањето на личноста на Кузман Јосифовски-Питу , Зб. Кузман Јосифовски-Питу. . . , 147-160.

да имаат само "симпатии" но не и разбирање.[172] Така, Добривое Радосављевиќ, инструктор на ЦК на КПЈ , набрзо по своето доаѓање во Македонија, во својот извештај до ЦК на КПЈ од 2 ноември 1942 г. како најважен елемент за развојот на антифашистичката војна го акцентирал ставот и односот кон македонското национално прашање. Тој пишувал дека "целиот наш став е на македонска платформа . . . , а нашата платформа треба да ја потпишеме со ПК КПЈ. Овој потпис просто оневозможува широка мобилизација на македонските маси . . . "[173] и дека " доследен став по македонското прашање . . . би овозможил широко остварување на македонскиот народно-ослободителен фронт под раководство на нашата партија. Тука нашата партија лесно би се фатила за прекрасните борбени традиции од 1903 г. и илинденците . . . Нашата партија мора наполно да се потпре на платформата на национално-ослободителната борба од 1903 г. во денешни услови." Освен сето ова , на крајот Д. Радосављевиќ , децидно укажал дека "важна работа е се посилното тежнение на македонскиот народ да се обединат сите расцепкани делови на Македонија" и уште еднаш потенцирал дека македонското национално прашање е "неверојатно актуелно".[174] Сличен однос изградил и Светозар Вукмановиќ-Темпо, кој под влијание на објективната голема релевантност на македонското национално прашање на македонската политичка сцена, во своето писмо од 8 август 1943 г. направил широка анализа од историски, политички и акционен аспект на македонското национално прашање, за на крајот тоа прашање децидно да го акцентира како "многу акутно".[175]

---

[172] Кирил Миљовски , Некои особености на Револуцијата од 1941 до 1944 во Македонија , сп. Историја , VII/2 , Скопје , 1971 , 6.

[173] Прашањето за името на партиската организација во Вардарскиот дел на Македонија, заради отворениот негативен однос на македонскиот народ кон предвоена Југославија и југословенството , константно било присутно во рамките на МНОД. За да се избегни употребата на името Југославија и пред војната и во првите две години од војната , често биле употребувани различни имиња на партиската организација во Вардарскиот дел на Македонија. И. Катарџиев , Соседите и. . . 158-167. На забелешките на Д.Радосавњевиќ околу прашањето за името на партиската организација во Вардарскиот дел на Македонија . ЦК на КПЈ преку писмото на Ј.Броз-Тито од 16 јануари 1943 г. одговорил негативно за евентуална промена на името , со образложение дека тоа би било "опортунистичко отстапување пред непријателите" кое не би променило ништо во работата на партиската организација и не би променило ништо во нејзиниот углед кај македонскиот народ. Тито , Собрани дела , т. 13 , 228.

[174] Извори . . . , т. 1, кн. 1, док. 56 , 373-374.

[175] Исто, т. 1, кн. 2, док. 38, 183-194.

Во 1943 г. во контекст на промените на глобалната политичка сцена и променетиот однос на КПЈ и НОДЈ кон Македонија и македонското национално прашање, во рамките на МНОД се поотворено и позачестено започнало да се третира македонското национално прашање и обединувањето на Македонија. Всушност започнала кларификацијата на ставовите и односот на раководството на МНОД за иднината на Македонија и македонскиот народ. Сите чекори што биле преземани во рамките на МНОД, освен своите основни и конкретни функции биле и во функција на решавањето на македонското национално прашање.[176]

Формирањето на КПМ и на нејзиниот ЦК , претставувало значаен чекор на КПЈ во правец на поттикнување на вооружената борба во Македонија. Ваквиот чекор не само што транспарентно ги покажувал позитивните позиции на КПЈ кон македонското национално прашање, туку тоа било и чекор во правец на создавање услови за прифаќање на "југословенското решение" на македонското национално прашање како прифатлива солуција за МНОД и македонскиот народ.

Во првиот јавно публикуван документ на ЦК на КПМ, т.н. Јунски проглас[177], биле содржани и ставовите на раководството на МНОД по македонското национално прашање. Прогласот бил подготвен од Кузман Јосифовски-Питу[178] и Добривое Радосављевиќ.[179] Во него биле имплицирани прашањата, за изградување на општомакедонска националноослободителна платформа, за посебната македонската национална свест , за извојување на "потполна национална слобода и рамноправност" , за создавање на единство на македонскиот народ врз илинденските традиции со конституирање на "единствен македонски националноослободителен фронт" и создавање на македонска народноослободителна војска.[180]

---

[176] И. Катарџиев , Обединувањето на Македонија како. . . . Зб. АСНОМ-педесет. . . , 59.
[177] Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 31, 146 - 155.
[178] М. Михајлов , Кузман Јосифовски-Питу и ослободителните движења на балканските народи 1942-1944 , Зб. Кузман Јосифовски-Питу. . . . 297.
[179] Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 39, 207.
[180] Е. Димитров, АСНОМ и интегритетот. . . . Зб. АСНОМ во создавањето . . . . 182-183.

Меѓутоа, Јунскиот проглас ја содржел "балканската димензија" на борбата, а "југословенското решение" на македонското национално прашање и Југославија воопшто не биле споменати.[181] Тоа било причина , Светозар Вукмановиќ-Темпо на документот прво да му припиши "политичка грешка",[182] а потоа и "автономистички тенденции"[183] и обид партиската организација во Македонија да се оддели од составот на КПЈ, а борбата на македонскиот народ да се изолира од "борбата што ја водат другите народи на Југославија".[184] Оценките на Светозар Вукмановиќ-Темпо биле преостри и немале никаква реална подлога[185] , а набрзо ќе следат низа на чекори во рамките на МНОД во правец на попрецизно дефинирање на прашањата отворени во Јунскиот проглас во кои ќе учествува и самиот Светозар Вукмановиќ-Темпо.

Конципирањето на национално-политичката платформа во 1943 г. веднаш после Јунскиот проглас продолжило на т.н. Преспански состанок на ЦК на КПМ одржан на 2 август 1943 г. во близина на с. Отешево.[186] На состанокот присуствувале трите члена на ЦК на КПМ , Кузман Јосифовски-Питу, Цветко Узуновски-Абас и Страхил Гигов и инструкторот Добривое Радосављевиќ. Со задоцнување пристигнал и Светозар Вукмановиќ-Темпо.[187]

По долга и опсежна дискусија на Преспанскиот состанок, било решено

---

[181] Е. Димитров, Придонесот на Главниот Штаб на. . . , Зб. ГШ на НОВ и ПОМ. . . , 206-209.

[182] Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 38, 193.

[183] Исто, док. 45, 237.

[184] Исто, док. 39, 207.

[185] Анализата на хронологијата на давањето на оценките упатува на заклучокот дека преострите оценки во голема мерка биле дадени под влијание на ставовите од Тито изнесени во неговото писмо од 16 јануари 1943 г. до ПК на КПЈ за Македонија. Писмото во Македонија стигнало во август 1943 г. а тогаш Темпо ги давал своите оценки. Освен тоа , со таквите оценки бил опфатен и Д.Радосављевиќ како коавтор на Јунскиот проглас што сведочи за апсурдноста на таквите оценки.

[186] Од работата на состанокот не се сочувани никакви документи. В. Ивановски, Ослободителната војна во Западна Македонија 1941 - 1944 , Скопје , 1973 , 146. За тоа што се разговарало и што е решено , индиректно говорат подоцнежни документи и сведочењата на учесниците на тој состанок. Преспанскиот состанок повеќе пати бил предмет на попатна или опстојна елаборација. В. Ивановски , Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ , Скопје 1983 , 39.; Страхил Гигов , Преспанското советување на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија , Зб.Слободните територии. . . ,51-60.; и итн.

[187] Според Страхил Гигов во Отешево , Темпо пристигнал на 3 август , а на 4 август 1943 г. била одржана средба на која тој бил информиран за состанокот и решенијата донесени на него. С. Гигов, Сеќавања , Скопје , 1975 , 293-294.

"бидејќи народноослободителното движење најсилно се разви во Македонија на територијата на Југославија и бидејќи ова движење е центар на собирањето на целиот македонски народ" да се истапи со "паролата за ослободување и обединување на македонскиот народ во братска заедница на сите југословенски народи".[188] Таквото решение значело дека во македонската националноослободителна платформа освен вооружената борба за ослободување и посебноста и државотворноста на македонската нација, се инкорпорира и "југословенското решение" на македонското национално прашање. Обединувањето на Македонија и македонскиот народ се прифаќа како политичко-ослободителна платформа, а евентуалната реализација се проектира во рамките на Југославија со доделување на улогата на "пиемонт" на Вардарскиот дел на Македонија.

Ваквото поставување на македонското национално прашање во националнополитичката и ослободителна платформа на МНОД , всушност ја правело таа платформа повеќе компатибилна со интересите на НОДЈ и КПЈ и донекаде ги анулирала причините за константните недоразбирања помеѓу раководствата на МНОД и НОДЈ.

До крајот на 1943 г. се појавиле уште два, исклучително значајни документи за македонското национално прашање односно за попрецизно и транспарентно дефинирање на националноослободителната платформа на МНОД.

На слободната територија во Западна Македонија , во првата декада на октомври 1943 год., бил подготвен и издаден Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ[189] што претставувал значаен документ за понатамошниот развој на вооружената борба и за појасно дефинирање на националноослободителна платформа на македонскиот народ во текот на Втората светска војна . Како пропратен документ на Манифестот, било издадено Циркуларното писмо бр. 1 од ЦК на КПМ[190] , кое служело за објаснување на изнесените ставови. Како

[188] Извори . . . , т. I , кн. 2, док. 38, 193.; док. 39, 207.
[189] АСНОМ - документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, Скопје, 1984, том I, кн.1, док. 11, 29 - 35.
[190] Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 75, 355 - 360.

директна реакција на Манифестот и исто така значаен документ се појавил т.н. Приговор од група членови на АНОК.[191] Во Приговорот биле поставени голем број забелешки во контекст на проблемите и целите истакнати во Манифестот.[192] Манифестот бил дистрибуиран во Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија, бил печатен и на албански јазик, а за неговото значење зборува и тоа што некои ставови биле "препишани во Одлуките на Второто заседание на АВНОЈ.[193] Околу текстот била водена опстојна дискусија во која со свои забелешки учествувале членовите на ЦК на КПМ и ГШ на НОВ и ПОМ.[194]

Во сите дискусии и политички судири во рамките на МНОД во текот на војната, воопшто, во ниеден момент не биле доведени во прашање постоењето и посебноста на македонската нација, а од 1943 г. не само што се немало дилеми дека прашањето за обединувањето е реално присутно и дека треба да се работи на тоа, туку централно прашање било како и со кого да се постигни обединувањето.[195]

## В/ Развојот на вооружената борба во Вардарскиот дел на Македонија

Вооружената антифашистичка борба пред силите на МНОД во текот на Втората светска војна се наметнувала како императив на патот кон

---

[191] Документи за борбата . . . , т. II, док. 207, 415 - 425.
[192] За и околу Манифестот и Приговорите пишувано е исклучително многу, при што е вршена елаборација и анализа од најразлични аспекти. Поопширно види : М. Апостолски, Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ, Скопје, 1966, 31 ; В. Брезоски, Манифестот на Главниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди во Македонија, сп. Историја, X / 1, Скопје, 1974, 25 - 50.; и други. Од аспект на македонското национално прашање : С. Милосавлевски, Македонската национална свест. . . , Зб. Кузман Јосифовски-Питу. . . , 131 - 146. ; Н. Вељановски , АСНОМ - државотворни . . . , 39 - 48. ; Е. Димитров , Придонесот на Главниот Штаб на. . . , Зб. ГШ на НОВ и ПОМ. . . , 208-216.
[193] В. Ивановски, Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија и Кузман Јосифовски - Питу, Зб. Кузман Јосифовски-Питу. . . , 128 - 129.; Р. Кирјазовски, Одгласот на одлуките на АВНОЈ и АСНОМ во Егејска Македонија во текот на НОВ , сп. Историја, XX/1, Скопје , 1984 , 251, 254.
[194] М. Апостолски, Од Кожуф до Богомила и Козјак, Скопје, 1959, 18.
[195] И. Катарџиев, Соседите и. . . 174.; И. Катарџиев , Обединувањето на Македонија како. . . . Зб. АСНОМ-педесет. . . , 63.

отварувањето на примарната цел, национално ослободување на македонскиот народ односно правилно и целосно решавање на македонското национално прашање. Вооружената борба сама по себе не значела дека целта е достигната, туку значела создавање на реални претпоставки во евентуални поволни околности на крајот на војната, македонското национално прашање да биде сериозно и принципиелно третирано.

Организирањето на масовна и ефикасна вооружена борба воопшто не била едноставна задача која силите на МНОД од Вардарскиот дел на Македонија требало да ја реализираат. Степенот на развој на вооружената антифашистичка националноослободителна борба освен од организираноста и способноста на силите на МНОД и општата воено-политичка и социјална слика која била создадена во Вардарскиот дел на Македонија после окупацијата и поделбата во април 1941 г., во голема мерка зависел и од интересите на големите сили од антифашистичката коалиција и од ставовите на КП на балканските држави за методите на отпор и за македонското национално прашање.[196]

Окупацијата од германските војски на Вардарскиот дел на Македонија за извесно, кратко време создал период на своевидно безвластие односно меѓувластие, познат како "период на интеррегнум". Периодот на интеррегнумот завршува со воспоставувањето на бугарската окупаторска власт на 26 април 1941 г.[197] , и со дефинитивното воспоставување на италијанско-албанската власт во Западна Македонија на 17 мај 1941 г.[198]

Воспоставувањето на бугарската окупаторска власт било проследено со административно територијална поделба на Вардарскиот дел на Македонија

[196] Даринка Петреска, Главниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија и соседните ослободителни движења, Зб. ГШ на НОВ и ПОМ. . . , 123.
[197] Ѓорѓи Малковски, Профашистичките и колаборационистичките организации и групи во Македонија 1941-1944 , Скопје , 1995, 16.
[198] Глигор Тодоровски, Западна Македонија за време на окупацијата 1941-1944 , Скопје , 1998, 10.

на две административни области, Скопска и Битолска, со воспоставување на целосно нова судска , полициска, воена и црковна власт.[199]

Бугарските окупаторски власти за цело време на окупацијата, повеќе или помалку во зависност од своите потреби, ги користеле сите македонски десноориентирани пробугарски групи и организации.[200] Освен нив, за што подобра контрола на населението, бугарските власти дозволиле формирање на локални организации на профашистичките организации од Бугарија. Биле формирани месни организации на "Отец Паисиј", "Браник", "Сојуз на бугарските легионери" и други.[201] Од 1942 г. , а особено од 1943 г. , за борба против МНОД под патронат на бугарската власт , започнале да се формираат и да дејствуваат контрачети, составени од привржаниците и припадниците на фашистичките и колаборационистичките организации во Вардарскиот дел на Македонија.[202] Сите овие организации и групи, имале изразито негативен однос кон постоењето на македонската нација и цврсто верувале дека Македонија е природен , составен дел на Бугарија.[203]

Силната пропаганда од бугарската држава која била со долга традиција во Македонија и од фашистичките и колаборационистичките организации, придонеле кај дел од македонскиот народ окупацијата да биди дочекана како "ослободување". Секако за појавата на ваквата илузија , голема улога имало постоењето на силно чувство на омраза кон предвоениот големосрпски режим во Југославија.[204] Сосема брзо и меѓу луѓето кои имале илузии за карактерот на бугарската власт започнало да се манифестира незадоволство од она што се случувало. Како што одминувало времето, се

[199] В. Стојчев, Бугарскиот окупационен систем. . . , 71-73.; М. Апостолски, Александар Христов, Р. Терзиоски, Положбата на окупирана Македонија во Втората светска војна (1941-1944), ГИНИ , VII/1 , Скопје , 1963 , 14-15.

[200] В. Стојчев,Бугарскиот окупационен систем. . . , 70.; Ѓ. Малковски , Профашистичките и колаборационистичките. . . , 14-34.

[201] Ѓ. Малковски , Профашистичките и колаборационистичките. . . 35-90.; Р. Терзиоски, Денационализаторската дејност на бугарските културно-просветни институции во Македонија, Скопје , 1974 , 143-177

[202] Ѓ. Малковски, Профашистичките и колаборационистичките. . . 67-78.; В. Стојчев, Бугарскиот окупационен систем. . . , 121-126.

[203] Ѓ. Малковски, Профашистичките и колаборационистичките. . . , 132-148.

[204] М. Тодоровски, Партизанските одреди и Народноослободителната војска на Македонија во Ослободителната војна и Револуцијата 1941-1944 , Скопје , 1972 , 37-38.

повеќе "празно" звучела бугарската пропаганда за "ослободувањето", за "обединувањето" и за остварувањето на вековните бугарски национални идеали.[205]

Бугарската држава многу брзо после окупацијата била приморана да ги зајакни сите мерки и активности за денационализација и асимилација на македонскиот народ. Конкретните мерки биле спроведувани најмногу преку институциите на образованието, преку црквата и преку многубројните "културни институции".[206] Освен тоа, бугарската власт непрестајно го зголемувала количеството на репресивни мерки спроведувани од војската и полицијата. Секојдневие биле интернациите, присилната мобилизација, казнените експедиции и праќањето во концентрациони логори. Од цивилните и воени судски органи, биле изрекувани голем број на судски пресуди на долгогодишен затвор или смртна казна.[207] Освен сето тоа , од самиот почеток на окупацијата било спроведувано ограбување на економските и културните богатства.[208]

Акциите на бугарскиот окупатор против партизанските единици станале позачестени од крајот на 1942 г. , а особено биле зајакнати во 1943 г. во контекст на меѓународните случувања.[209]

Територијата на Западна Македонија, после италијанската окупација со декрет на Кралскиот намесник во Албанија, Франческо Џакомини, била припоена кон т.н. Голема Албанија. Во административен поглед, територијата на Западна Македонија ја сочинувала Дебарската префектура. За цело време на окупацијата бил вршен интензивен процес на албанизација во сите сегменти на живеењето. Дејствувањето на албанските вооружени банди на оваа територија станало редовна и вообичаена појава. Македонското население

---

[205] В. Стојчев, Бугарскиот окупационен систем. . . , 179.
[206] Исто, 180-220.; Р. Терзиоски, Денационализаторската дејност. . . , 60-140.
[207] В. Ивановски , Прогони и процеси на бугарскиот окупаторво Македонија во 1941 година, сп. Историја , V/1 , Скопје , 1969 , 135-139.; Г. Куцуловска , Судските процеси во Македонија под бугарска окупација (1941-1944) , Зб.Основањето и . . . , кн. 2 , 1031-1042.
[208] М. Апостолски и други , Положбата на окупирана Македонија. . . , ГИНИ , VII/1 , Скопје, 1963 , 29-43.
[209] Велимир Брезоски , Ослободителната војна во Македонија во 1943 ( на територијата на СР Македонија ), Скопје, 1971, 77-87 , 99.

било изложено на особено силен притисок, заради кој било приморано да се иселува од своите вековни огништа.[210]

Во текот на целата војна, сите окупатори настојувале да ја поттикнуваат верската и националната нетрпеливост, а дејствувањето на големобугарската, големосрпската и големоалбанската пропаганда било константно интензивно присутно. И во една таква атмосфера, не дошло до некое позначајно разбивање на единството на македонскиот народ кој активно или пасивно, во својот најголем дел го поддржувал МНОД.[211]

Организирањето на вооружена борба во вакви неповолни услови во Вардарскиот дел на Македонија, било уште повеќе комплицирано со оглед на тоа што развојот на вооружената борба многу често бил под влијание на неповолни политички процеси внатре во левоориентираното движење во Македонија и Балканот. Заради тоа, развојот на вооружената борба во Вардарскиот дел на Македонија имал различен, помал или поголем интензитет, меѓутоа и покрај осцилациите степенот на развој имал нагорна линија.

Окупацијата и новата геополитичка поделба, освен програмско - политичката конфузија , предизвикале и организациона конфузија во редовите на МНОД односно во комунистичка организација на Вардарскиот дел на Македонија. Тоа не само што било природна и логична последица на почетното неснаоѓање во услови на војна, туку уште повеќе било последица на претензиите на БКП и КПЈ за партиска јурисдикција врз Вардарскиот дел на Македонија и сударот на нивните интереси на самиот терен.

Организационата конфузија се манифестирала на две нивоа на партиската работа. Прво, со одделување на партиската организација од Вардарскиот дел на Македонија од составот на КПЈ, нејзино неколкумесечно функционирање под формална надлежност на БРП и на крајот повторно враќање во рамките на КПЈ, проследено со смена на партиското раководство

[210] Г. Тодоровски, Западна Македонија за време. . . , 10-37 , 167-197.; В. Ивановски, Ослободителната војна . . . , 33-39.
[211] В. Весковиќ-Вангели . Зошто во Македонија не дојде до граѓанска војна , Прилози на МАНУ , XXIV/2 , Скопје , 1993 , 63-82.

предводено од Методија Шаторов-Шарло. За организационите проблеми да продолжат и во натамошниот период, придонела КИ со чие решение не само што била вратена партиската организација од Вардарскиот дел на Македонија во составот на КПЈ, туку се дозволувало и препорачувало во натамошниот период, истовремено мешање во партиската работа во Вардарскиот дел на Македонија и на КПЈ и на БРП.[212]

Второ, организационата конфузија во голема мерка правела пречки во внатрепартиската работа во правец на организирање на вооружена борба. Раководството и дел од локалните партиски организации во почетниот период ги прифатиле ставовите на БРП во однос на водењето на вооружена борба, а дел од локалните партиски организации го прифаќала ставот на КПЈ за организирање масовна вооружена борба.[213]

Враќањето на партиската организација во составот на КПЈ со решението на КИ, иако значело отстранување на дел од елементите кои ја предизвикувале програмско-политичката и организационата конфузија, сепак како рецидиви во наредниот период повремено се појавувале резерви кон вооружената борба.[214]

Определеното надминување на конфузијата во редовите на МНОД, од септември 1941 г. резултирало со забрзани подготовки за вооружена борба. Набрзо дошло до формирање на три ПО во Скопско, Прилепско и

---

[212] Истовременото мешање на КПЈ и БРП во партиската работа во Вардарскиот дел на Македонија , освен преку писма и директиви испраќани од двете раководства , директно било имплементирано преку присутните претставници на двата ЦК. Како делегат на ЦК на БРП најпрво присуствувал Петар Богданов , а од есента 1941 г. до крајот на војната Бојан Блгарјанов. Во 1941 г. за еден краток период , како делегат на ЦК на КПЈ присутен бил Драган Павловиќ , есента 1942 г. пристигнал како инструктор на ЦК на КПЈ , Д.Радосављевиќ , а во февруари 1943 г. како делегат со вонредни овластувања на ВШ на НОВ и ПОЈ и ЦК на КПЈ пристигнал и во натамошниот период бил присутен Светозар Вукмановиќ-Темпо. За настаните во периодот од април до септември 1941 г. извршена е обемна елаборација од сите аспекти и во македонската и во бугарската историографија. Види: Ц. Драгойчева, цит. статија, сп. Септември, XXX/1 , София, 1979, 38-58.; С. Милосавлевски, Југословенските социјалисти - комунисти и. . . , 102-158.; Боро Митровски, Помошта на ЦК КПЈ за средување на положбата на партиската организација на Македонија во почетокот на НОВ , Зб. Основањето и . . . , кн. 2 , 833-860.

[213] М. Тодоровски, Партизанските одреди и. . . . 44-49.; В. Ивановски, За почетокот на востанието во Македонија во 1941, Зб. Ослободителната војна и . . . , 121-126.; Т. Ристовски, Облици на отпор против окупаторот до почетокот на вооруженото востание (април-октомври 1941) , Зб. Основањето и . . . , кн. 2 , 699-718.

[214] М. Тодоровски, Партизанските одреди и. . . . 62-64.;

Кумановско. Акцијата на Прилепскиот ПО од 11 октомври 1941 г. го означила почетокот на вооруженото востание на македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија.[215]

Разбивањето на Скопскиот и Кумановскиот ПО и расформирањето на Прилепскиот ПО, затворањето на голем дел од членовите на ПК на КПЈ за Македонија и формирањето на нов ПК во кој влијание воспоставил делегатот на ЦК на БРП, Бојан Блгаранов, повторно ја искомпликувало ситуацијата кон крајот на 1941 г. бидејќи повторно се разгореле внатрепартиските полемики околу постоењето или непостоењето на услови за вооружена борба. Ситуацијата не се расчистила ниту после партиското советување во Скопје на 7 јануари 1942 г. , на кое дел од раководните кадри кои ја застапувале линијата за вооружен отпор биле отстранети од раководните места.[216]

Во наредниот период, повеќето МК на КПЈ за Македонија не ги прифатиле ставовите за непостоење на услови за вооружена борба и непрестајно вршеле притисок врз ПК за формирање на партизански единици и продолжување со активната вооружена борба. Под тој притисок, во февруари 1942 г. бил активиран од порано формираниот Покраински воен штаб кој во април 1942 г . како свој посебен орган директно одговорен за развојот на вооружената борба го формирал Оперативниот штаб, пролетта 1942 г. биле формирани ПО "Пелистер", Скопскиот, Велешкиот, Прилепскиот и Крушевскиот ПО , а кон средината на 1942 г. бил расформиран дотогашниот ПК и формиран нов Привремен ПК на КПЈ за Македонија.[217]

Привремениот ПК презел низа на активности за разгорување на вооружената борба. Покраинскиот воен штаб прераснал во ГШ на НОПОМ, а била интензивирана воената и политичката активност на ПО во летото и есента 1942 г. со паралелно константно зголемување на нивната бројна

[215] В. Ивановски, За почетокот . . . , Зб. Ослободителната војна и . . . ,125-126.

[216] Вера Ацева, Писмо до Светозар Вукмановиќ - Темпо, Скопје, 1991 , 140-190.; М. Михајлов, За бројот на учесниците на Јануарското советување на ПК КПЈ за Македонија од 1942 година, ГИНИ, XVI / 2, Скопје, 1972, 165-170.; В. Стојчев, Оружената борба во. . . , Зб. ГШ на НОВ и ПОМ . . . , 45-46.

[217] М. Тодоровски , Партизанските одреди и. . . , 69.; В. Брезоски , Ослободителната војна во. . . , 13.; Ц. Узуновски , Белешки за националната. . . . сп. Историја , XIII/1 , Скопје , 1977 , 19-86.;

состојба.[218] Раководството на МНОД инсистирало ПО да не се расформираат во текот на зимата, а биле преземени мерки за подготвување на услови за зајакнување на вооружената борба во Западна Македонија.[219] Летото 1942 г. била обновена прекинатата врска со ЦК на КПЈ и преку неа кон крајот на август 1942 г. пристигнал инструкторот на ЦК на КПЈ, Добривое Радосављевиќ.[220] Привремениот ПК презел и активности за проширување на политичката основа на МНОД преку привлекување на сите антифашистички ориентирани Македонци во своите редови.[221]

Нагорниот развој на МНОД и вооружената борба во 1942 г. предизвикале контрареакција на бугарскиот окупатор. Неговите активности биле засилени и биле убиени или уапсени некои членови на раководството на МНОД, а некои ПО биле уништени.[222] Сето тоа предизвикало застој во развојот на вооружената борба, меѓутоа гледано во целина таа го задржала својот континуитет и биле создадени основните предуслови за успешен развој во наредната 1943 г.[223]

Компатибилно со промените на светската геостратегиска ситуација и воено-политичките тенденции на Балканскиот Полуостров, за развојот на МНОД и вооружената борба на македонскиот народ како клучна година се јавува 1943 г.

---

[218] М. Апостолски, Воената организација во периодот на НОБ и Револуцијата во Македонија, Зб. Ослободителната војна и . . . , 81-82.; В. Стојчев, Оружената борба во. . . , Зб. ГШ на НОВ и ПОМ . . . , 48-49.

[219] В. Брезоски, Организационата и политичката состојба на КПЈ во Македонија во време на основањето на КПМ, Зб. Основањето и . . . , кн. 1 , 536-540.;

[220] Исто, 536.

[221] Извори . . . , т. I , кн. 1, док. 61, 402.; С. Фиданова, Некои аспекти на прашањето за проширување на политичката основа на АСНОМ , Зб. АСНОМ - педесет. . . , 113-115.

[222] В. Брезоски, Организационата и политичката состојба. . . , Зб.Основањето и . . . , кн.1, 539-540.

[223] Околу степенот и успешноста на вооружената борба во втората половина на 1942 г. давани биле најразлични оценки , најчесто крајно спротиставени. Така Цветко Узуновски тој период го смета за "пресвртница" и "решавачки" за развојот на "народноослободителното востание". Ц. Узуновски, Белешки за националната. . . . сп. Историја, XIII/1, Скопје, 1977, 74.; Слично и Велимир Брезоски , смета дека мерките преземени во втората половина на 1942 г "беа од големо значење и одиграа голема улога во создавањето на услови за развиток на вооружената борба во пролетта на 1943". В. Брезоски. Ослободителната војна во. . . , 50.; Светозар Вукмановиќ-Темпо за истиот период смета дека имало стагнација и "неуспех на вооруженото востание". S. Vukmanović -Tempo, Memoari - Kampanja ili polemika, knj. 3, 89.

Раководството на НОДЈ во чии рамки дејствувале силите на МНОД од Вардарскиот дел на Македонија, кон крајот на 1942 г. го зголемило своето интересирање и ангажирање во однос на развојот на вооружената борба, и со решението за испраќање на Светозар Вукмановиќ-Темпо како свој делегат со вонредни овластувања извршило непосредно влијание за подигнување на степенот на развој на борбата.[224]

Почетокот на 1943 г. МНОД во Вардарскиот дел на Македонија го дочекало во комплицирана ситуација, создадена со силниот притисок од страна на бугарските воено-полициски органи. Сепак, не дошло до целосен прекин на дејствувањето на ПО, а особено успешно било дејстувањето на членовите на ПК и ГШ на НОПОМ, Кузман Јосифовски-Питу и Страхил Гигов на теренот под италијанско-албанска окупација каде биле создадени сите предуслови за успешна вооружена борба.[225]

Кон крајот на февруари 1943 г. во Скопје пристигнал делегатот на ВШ на НОВ и ПОЈ и ЦК на КПЈ , Светозар Вукмановиќ-Темпо.[226] Веднаш биле одржани консултативни состаноци меѓу него и членовите на ГШ на НОПОМ, на ПК, со Д. Радосављевиќ и Бојан Блгаранов.[227] На 28 февруари 1943 г. Светозар Вукмановиќ-Темпо упатил две директивни писма, првото до сите

---

[224] Институцијата "делегат со вонредни овластувања" не била преседан во случајот на Светозар Вукмановиќ-Темпо и Македонија. Уште на седницата на Политбирото на ЦК на КПЈ од 4 јули 1941 г. биле одредени повеќе "ополномоштени делегати на ЦК на кои ЦК пренесува вонредни овластувања по партиска и воена линија со право на сменување на членови на раководствата . . . и со право да казнуваат". V. Dedijer, Novi prilozi za biografiju. . . , knj. 1 , 276.; Меѓутоа , во случајот на Темпо искажани се различни мислења што значат неговите "вонредни овластувања". Имено самиот Темпо , во своите мемоари ги толкува како дозвола за преземање на "сите мерки за кои мисли дека се потребни". S.Vukmanović-Tempo, Revolucija. . . , knj. 2, 227.; S. Vukmanović-Tempo, Odlazak u Makedoniji, Zb. Veze u NOB-u , Beograd , 1981, knj. 3, 45. Вера Ацева таквото толкување го оценува како "самоволие"и смета дека "широките овластувања" значеле само префрлање на дел од правата и должностите на ЦК на КПЈ "во однос на раководната улога над партиската организација во Македонија". В. Ацева, цит. дело, 309.

[225] В. Брезоски , Ослободителната војна во. . . . 102-104.; Петар Пепељуговски . Кузман Јосифовски-Питу и неговата активност на воен план , Зб. Кузман Јосифовски-Питу. . . , 240-241.

[226] Задачата за работа во Македонија од Ј.Броз-Тито на Темпо му била дадена уште во ноември 1942 г. , меѓутоа заради долгиот пат низ окупирани територии без сигурни и редовни врски , тој во Скопје пристигнал на 26 февруари 1943 г. S.Vukmanović-Tempo , Revolucija. . . , knj. 2, 279.; В. Брезоски, Ослободителната војна во. . . , 63-64.

[227] В. Брезоски, Ослободителната војна во. . . 64.; М. Михајлов, Воснозадниnските органи во Народноослободителната војна на Македонија ( 1941 - 1945 ), Скопје, 1992, 76-77.

организации и членови на КПЈ во Македонија[228], и второто до ПО во Вардарскиот дел.[229] Во нив правел анализа на дотогашниот развој на вооружената борба и ги зацртал наредните правци на дејствување.[230] Овие две писма , како и наредните директивни писма до средината на март 1943 г.[231], ја следеле линијата за бескомпромисна вооружена борба и извршиле позитивно влијание во правец на активирање на МНОД во борбата против окупаторите.[232] Со овие директиви била извршена реорганизација на воената структура на МНОД , раководењето со борбата се префрлало на самиот терен, ГШ на НОПОМ бил реорганизиран и преименуван во ГШ на НОВ и ПОМ и била извршена воено-територијална поделба на Вардарскиот дел на Македонија на 5 ОЗ со свои штабови и задача секоја да формира свој ПО.[233]

Едно од најзначајните решенија на ЦК на КПЈ за развојот на вооружената борба на македонскиот народ, било решението што Светозар Вукмановиќ-Темпо набрзо по своето доаѓање го оживотворил, за формирање на ЦК на КПМ. Конституирањето на национална КП помеѓу другото претставувало и фундамент за понатамошната успешна воено-политичка мобилизација на македонскиот народ. Брзото формирање на ЦК на КПМ зборува за претходната квалитетна воено-политичка активност на МНОД, а

[228] Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 26, 107-117.

[229] ИА КПЈ , т. VII, док. 71, 211-214.

[230] Опширна анализа на писмата види кај : В. Брезоски, Ослободителната војна во. . . , 64 - 72. ; М. Михајлов, Военозадинските органи. . . , 76 - 83.; В. Ивановски , Ослободителната војна . . .,124 - 126. Вера Ацева смета дека писмата биле напишани набрзина и по консултација само со Д. Радосављевиќ и Б. Блгаранов, па грешките во анализата на состојбите во партиската организација во Македонија биле направени под нивно влијание. В. Ацева, цит. дело, 285 - 310. Темпо и самиот признава дека постоело такво влијание. S. Vukmanović -Tempo, Revolucija, knj. 2 , 436 - 437, 439 - 440.

[231] Зборник докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа(Понатаму: Зборник докумената. . . ). Београд, 1952, т. VII, кн. 1, док. 68, 217-222.; док. 69, 222-226.; док. 70, 226-228.

[232] Оценката за , во целина гледано, позитивното влијание на мерките преземени од Темпо во овој почетен период е општо прифатена. Вера Ацева иако има голема критика за работата на Темпо, пишува : "Јас бев радосна затоа што верував дека ќе помогнеш да се забрзаат работите, впрочем како и што помогна. " В. Ацева, цит. дело, 307.

[233] П. Пепељуговски, Стратегискиот концепт на Главниот Штаб на НОВ на Македонија во 1943 г. за водење на востанието, Зб. ГШ на НОВ и ПОМ. . . , 58-59.; Ц. Узуновски, Преместувањето на политичкото и воеиото раководство на Македонија од Скопје во Лопушник и неговото значење за разгорување на востанието. Зб. Слободните територии. . . , 37-50.; М. Михајлов, Концепциите на ГШ во формирањето на воено-територијалните органи во Народноослободителната војна на Македонија . Зб. ГШ на НОВ и ПОМ. . . , 104.

таквата констатација уште повеќе се поткрепува со успешниот развој на вооружената борба до крајот на 1943 г.

Во периодот април-јули 1943 г. биле формирани Обласни комитети на КПМ , била извршена реорганизација на постојните ПО и формирани нови пет ПО.[234] Сите ПО презеле широка активност што придонело вооружената борба да добие поголеми размери и да биди опфатен голем дел од територијата на Вардарскиот дел на Македонија.[235]

На Преспанскиот состанок од 2 август 1943 г. биле донесени значајни заклучоци кои влијаеле за успешниот понатамошен развој на вооружената борба. Имајќи ги во предвид случувањата на меѓународната воено-политичка сцена каде се очекувала капитулацијата на Италија, било решено партизанските единици од Западна Македонија да се концентрираат на теренот Кичево-Гостивар-Дебар и да се формираат покрупни воени формации. Решението за формирање на покрупни формации било особено значајно, бидејќи значело почеток на создавање на регуларна народноослободителна македонска војска. Членовите на ЦК на КПМ и ГШ на НОВ и ПОМ добиле задолженија и заминале да работат на различни места за развојот на борбата. Бил донесен заклучок да се засилат активностите за проширување на политичката основа на МНОД , активностите за изградба на органи на власта и активностите за одржување на АСНОМ.[236] Со таквите воено-политички решенија, транспарентно се афирмирале државотворноста на македонската нација и вооружената борба како основни постулати во македонската националноослободителна платформа.

После Преспанскиот состанок започнал уште позабрзан развој на вооружената борба во Вардарскиот дел на Македонија. На 18 август 1943 г. во месноста Славеј бил формиран баталјонот "Мирче Ацев". Тоа било првата

[234] П. Пепељуговски, Стратегискиот концепт. . . . Зб. ГШ на НОВ и ПОМ . . . . 61.: М. Тодоровски, Партизанските одреди и. . . . 70-74.
[235] В. Брезоски, Ослободителната војна во. . . . 131-155.
[236] Исто, 171-198. За главен носител на овие активности бил одреден К.Јосифовски-Питу кој набрзо после Преспанаскиот состанок пристигнал во Скопје и до неговата смрт во почетокот на 1944 г. дејствувал многу успешно во реализација на поставените задачи. В. Брезоски, За некои дејности во врска со образувањето на Антифашистичкото собрание на Македонија, Прилози на МАНУ , VIII/2 , Скопје ,1977 , 8.

покрупна воена единица и тој настан го означил почетокот на формирањето на регуларна македонска војска.[237]

Капитулацијата на Италија на 8 септември 1943 г. како и во останатите реони на Балканот што биле под нејзина окупација, и во Вардарскиот дел на Македонија поволно се рефлектирала врз развојот на борбата. Единиците на НОВ и ПОМ извршиле делумно разоружување на италијанските војски во Западна Македонија[238] и формирале голема слободна територија во која одреден период влегувале и градовите Кичево и Дебар. Слободната територија се покажала како незаменлива корисна база за мобилизација на борци и формирање на нови единици.[239] Партизанските сили во секојдневните борби за одбрана и проширување на слободната територија константно се зголемувале и до средината на октомври биле формирани 12 баталјони, неколку самостојни ПО и Првата македонско-косовска ударна бригада.[240] На слободната територија се организирале воснозаднински органи кои развиле забележителна активност.[241]

На слободната територија која како таква функционирала до декември 1943 г., биле преземени низа на значајни политички чекори. Константно започнале да пристигнуваат повидни антифашистички ориентирани личности од општествениот и културниот живот, со што на интензитет добил процесот за проширување на политичката основа на МНОД.[242] Во овај контекст, посебен успех претставувало формирањето на посебни партизански чети од стари борци во Илинденското востание кои биле вклучени во обезбедување на

[237] М. Апостолски, Батаљонот "Мирче Ацев" почеток на создавање војска на македонскиот народ , Зборник: Прилеп и Прилепско во НОВ 1943 година (Понатаму: Прилеп и Прилепско . . .), книга прва, Скопје, 1981, 41-55.

[238] Делумното разоружување се должело пред се на неповолниот распоред на единиците на НОВ и ПОМ во моментот на капитулацијата на Италија. М. Михајлов, Воснозаднинските органи. . . , 100.

[239] За огромната релевантност на слободната територија во Западна Македонија , Кузман Јосифовски-Питу во писмото до ЦК на КПМ , пишува : ". . . со обзир на важноста која ја има ослоб(одената) територија , и која постанува одлучујќиот фактор во НОБ на нашиот народ . . . ". Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 80, 377.

[240] М. Тодоровски, Партизанските одреди и. . . . 79.; М. Апостолски, Осврт на настаните во 1943 година , Зб. Слободните територии. . . , 33.

[241] М. Михајлов, Воснозаднинските органи. . . . 101-142.

[242] С. Фиданова, Некои аспекти на . . . , Зб. АСНОМ - педесет. . . 109-124.; В. Брезоски, За некои дејности во врска со. . . , Прилози на МАНУ . VIII/2 . Скопје ,1977, 12.

слободната територија и во борбите за нејзината одбрана во почетокот на октомври 1943 г.[243]

Забрзано се формирале и органи на народната власт , формиран бил Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ , биле преземени активности од целото МНОД за определување на делегати на АСНОМ и нивно прифаќање на слободната територија, бил формиран АНОК во Скопје кој требало да претставува централно тело на органите на народна власт на окупираните територии.[244]

На слободната територија во првата половина на октомври бил подготвен и издаден еден од најзначајните документи на антифашистичката војна, Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ. На слободната територија започнале со работа првите училишта во кои се зборувало на македонски јазик[245] и биле преземени активности за обнова на самостојноста на Македонската православна црква.[246] Пристигнале и првите британски воени мисии при ГШ на НОВ и ПОМ кој ја имал задачата да ги организира врските и контактите во правец на добивање на воена помош од западните сојузници.

Живата воено-политичка активност на МНОД на слободната територија во Западна Македонија траела до почетокот на декември 1943 г. На 5 декември 1943 г. на состанокот на ГШ на НОВ и ПОМ под влијание на отпочнатата голема германска офанзива и под влијание на постоечката стратегиско-тактичка интенција за префрлување на друг терен , било донесено решение за префрлување на главнината на единиците на НОВ и ПОМ на територијата на III ОЗ и Мегленско во Егејскиот дел на Македонија.[247] До 18 декември 1943 г. главнината на силите на НОВ и ПОМ пристигнале на

[243] В. Ивановски, За партизанските чети на илинденци во Народноослободителната борба во Македонија, сп. Историја, VI /1 , Скопје , 1970 , 209-212.
[244] В. Брезоски, За некои дејности во врска со. . . , Прилози на МАНУ , VIII/2 , Скопје , 1977, 10-17.; Е. Димитров, Придонесот на Главниот Штаб на. . . , Зб. ГШ на НОВ и ПОМ. . . , 216-218.
[245] Боро Китановски, Првите македонски училишта во НОБ , Зб. Слободните територии. . . 357-362.
[246] Миодраг Периќ, Активностите за возобновувување на Македонската православна црква во текот на Народноослободителната борба , ГИНИ , XXXVII/1-2 , Скопје , 82-85.
[247] М.Апостолски , Од Кожуф до . . . , Скопје, 1959, 42.

слободната територија во Мегленско, каде се поврзале со партизанските единици на III ОЗ.[248]

На теренот на Мегленско, раководството на МНОД го задржало трендот на ефикасни воени и политички чекори. На 20 декември 1943 г. во с. Фуштани , од баталјоните "Страшо Пинџур", II баталјон на III ОЗ и баталјонот "Христо Ботев" била формирана Втората македонска ударна бригада.[249] До крајот на годината единиците на НОВ и ПОМ од реонот на Мегленско извршиле неколку успешни акции со кои им биле нанесени сериозни удари на германските и бугарските окупатори , а особено бил загрозен бугарскиот систем на погранични караули.[250]

На слободната територија во Мегленско, на 22 декември 1943 г. во с. Фуштани се одржал I Конгрес на НОМСМ со присуство на 280 делегати.[251] На 21 декември 1943 г. ЦК на КПМ одржал советување познато како Фуштанско советување, на кое била направена анализа на дотогашната работа и биле утврдени насоките за натамошен развој на вооружената борба.[252] Фуштанското советување претставува заокружување на една успешна етапа на развојот на антифашистичката војна на македонскиот народ со која била завршена исклучително успешната 1943 г.

[248] В. Брезоски, Ослободителната војна во. . . , 347.
[249] Исто, 351.;
[250] Исто, 357-361. П. Пепељуговски, Прилози за воената историја на македонскиот народ, Скопје, 1988, 434.
[251] Томе Груевски, Марко Илковски, Конгресите на младината на Македонија , Скопје , 1983, 15-28.; В. Ивановски, Првиот конгрес на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија , сп. Историја, VII/2 , Скопје, 1971, 2-7.
[252] В. Брезоски, Ослободителната војна во. . . , 352-355.

# ГЛАВА ВТОРА: Балканските движења на отпор 1941-1943 година

## 1. Движењето на отпор во Грција

Априлскиот слом на грчката држава истовремено значел окупација и поделба на нејзината територија.[253] Поделбата на територијата на Грција пред се била во функција на стратегиските потези на раководството на фашистичка Германија во правец на воспоставување контрола во Средоземното море. Имено, Германија како своја окупациона зона го задржала стратегиски најзначајниот централен дел на Грција, додека Италија и Бугарија ги добиле крајните западни и источни реони од територијата на Грција. Германската окупациона зона била управувана од Командата за југоисток со седиште во Солун на чело со фелдмаршалот Вилхелм Лист, а истовремено во неа била формирана квислиншка влада на чело со генералот Чолакоглу која била директно потчинета на цивилниот германски полномошник за Грција со седиште во Атина.[254]

Војната со Италија, априлската војна и издржувањето на 250 000 окупаторски војници, набрзо целосно ги исцрпило економските ресурси на Грција и таа била зафатена со "прехрамбена криза" и глад.[255]

Ваквите услови претставувале основа за развој на грчкото движење на отпор и биле надополнети со антифашистичкото и антиокупаторско расположение не само кај широките народни маси туку и кај сите политички сили на Грција.[256]

Сепак, главната каректеристика за грчкото движење на отпорот е тоа што морало да дејствува и да се развива во исклучително значајна стратегиска зона за Германија , Италија и Велика Британија. Тоа го продуцирало клучниот

---

[253] Т. Симовски, Априлската војна и окупацијата . . . , сп. Историја X/1, Скопје, 1974, 240-269.;

[254] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 36-38, 43-45.; Л. Пановска, Теророт. . . , 30-34.

[255] Во 1942 г. , особено зимата 1941/1942 г. населението во Грција тешко обезбедувало физичка егзистенција , а стапката на смртност достигнала огромни размери. D. Lukać , Treći Rajh i. . . , knj. 3, 123-127.; Dragan Kljakić, Izgubljena pobeda generala Markosa: građanski rat u Grčkoj 1946-1949 i KPJ , Beograd, 1987, 40.

[256] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 128.

и константен проблем на грчкото движење на отпорот кој се состоел во тоа како да се сочува сопствената самостојност во однос на надворешните фактори, пред се на британскиот фактор.[257]

Ваквиот проблем надополнет со острата идеолошка поделеност на политичките сили во земјата, во пракса се рефлектирал во појава и развој на повеќе идеолошки и политички антагонизирани движења на отпорот во Грција.

Граѓанските политички сили иако биле антиокупаторски орентирани, во првиот период на војната не се ориентирале кон вооружен отпор , туку ја прифатиле "политиката на исчекување".[258] Од другата страна, КПГ била единствена сила во Грција која од самиот почеток се ориентирала кон вооружен отпор против окупаторите, но поради лошата организациона состојба настаната со апсењето на најголемиот дел од активното членство во периодот на диктатурата на генерал Метаксас [259], не била во состојба да организира масовна вооружена борба за каква што имало реални услови да се развие.[260]

Првите форми на отпор во Грција на почетокот на окупацијата се појавиле во најголема мерка спонтано, меѓутоа и КПГ правела напори во правец на поттикнување и насочување на тој отпор.[261] Од јуни 1941 г. биле засилени активностите на КПГ за формирање на антифашистички фронт врз широка политичка основа, за на 27 септември 1941 г. официјално да биди

[257] B. Petranović, Revolucije i. . . , 76.

[258] Л. Пановска, Теророт. . . , 38-39.; B. Petranović, Revolucije i. . . , 120.

[259] Владеењето на генералот Јоанис Метаксас во историографијата се нарекува Метаксасова диктатура. На 4 август 1936 г. дотогашниот премиер Метаксас прогласил вонредна состојба, ги укинал сите политички партии , го укинал уставот и парламентот и неговата влада започнала да владее самоволно. Во периодот до окупацијата на Грција под најсилен удар на режимот била КПГ и најголем дел од нејзиното членство бил уапсен и интерниран низ затворите на грчките острови. Сите тие од грчките власти им биле предадени на окупаторите и во почетокот на окупацијата се уште се наоѓале во затвор.

[260] Р. Киријазовски, Народноослободителниот фронт и другите. . . , 21.; Н. Пејов, Прилози за односот. . . , 22-23.

[261] Како најтипичен пример за ваквата состојба се јавува т.н. Драмско востание. На 28 и 29 септември 1941 г. околу 3 000 луѓе од Драма и околината се побуниле , зазеле неколку села од околината на Драма и ја анулирале бугарската фашистичка власт во нив. Бугарските власти со брза и енергична интервенција на силни воени и полициски сили го задушиле востанието , а притоа имало околу 2 500 загинати и егзекутирани лица и голем број кои побегнале во германската окупациона зона. Х. Андоновски, Македонците под Грција во. . . , , 51-60.

конституиран Националноослободителниот фронт на Грција-ЕАМ.[262] Во него освен КПГ која била доминантна политичка сила, партиципирале и Социјалистичката партија , Сојузот на народна демократија и Земјоделската партија. Како основни програмски цели на ЕАМ биле нотирани, ослободувањето на земјата и потоа спроведување на слободни и фер демократски избори.[263]

Вака поставените цели и константната интенција да се оди кон постигнување на т.н. "национално единство" на сите политички сили во Грција, не отварале револуционерни перспективи и всушност претставувале обид да се води помирлива политика кон британскиот фактор со цел да се добие неговата благонаклоност.[264] Сето тоа се рефлектирало врз развојот на вооружената борба која не добила масовни размери. Имено, КПГ иако се ориентирала кон формирање на вооружени единици , сепак како основна форма на отпорот ги имала саботажите, демонстрациите и штрајковите во градските населби.[265] Ставот за вооружен отпор бил дека тој не треба да има масовен карактер и не треба да се изведуваат офанзивни акции. Ваквата стратегија за водење на борбата била правдана со интенцијата да не се провоцираат окупаторите на широки репресивни мерки против цивилното население.[266]

ЕАМ од своето формирање како своја вооружена сила ја изградувал Грчката националноослободителна војска-ЕЛАС. Во јануари 1942 г. официјално бил конституиран ЦК на ЕЛАС со претставници на ЕАМ и од офицери на бившата грчка армија кои се приклучиле на движењето.[267] Основната борбена формација бил партизанскиот одред а со омасовувањето започнале да се создаваат и покрупни воени формации.[268] ЕЛАС во целост имала грчки национален белег , бидејќи единиците и борците се именувале со

[262] P. Kalvokorezi, G. Vint, Totalni rat, 238.; Р. Кирјазовски, Демократски и антифашистички . . . . 25-27.
[263] Р. Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите. . . , 23-24.
[264] Исто.; П. Раковски, КП на Грција и . . . , 43-44.
[265] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 267.; B. Petranović, Revolucije i. . . , 120.
[266] П. Раковски, КП на Грција и . . . , 45.
[267] ГШ на ЕЛАС бил формиран дури во мај 1943 г. и го сочинувале Стефанос Сарафис , Арис Велухиотис и Андреас Цимас.
[268] B. Petranović, Revolucije i. . . , 156.

името "андарттес", го носеле грчкото национално знаме, а на капите стоеле буквите "ЕЛАС".[269]

Како реакција на формирањето на ЕАМ , се активирале и граѓанските политички сили. Набрзо по формирањето на ЕАМ дел од нив го формирале Национално демократскиот грчки сојуз-ЕДЕС на чело со Наполеон Зервас и Стилијанос Гонтас.[270] ЕДЕС ја имал поддршката од Велика Британија , која преку него настојувала да ги заштити своите интереси во Грција. Територијата на која дејствувал ЕДЕС на воен план била ограничена на Западна Грција и иако ЕДЕС бил замислен како конкурентска воено-политичка организација на ЕАМ, ниту по организираноста, ниту по територијалната распространетост, ниту по воената бројност и моќ, во ниту еден момент не се претворил во сериозен ривал на левоориентираното движење на отпорот.[271]

Социјалната и економската криза во Грција продолжила со исклучително силен интензитет и во 1942 г. Паралелно со неа, непрестана јакнењето и омасовувањето на левоориентираното движење на отпорот. ЕЛАС кон крајот на 1942 г. веќе броел над 6 000 борци. Акциите на единиците на ЕЛАС станувале се почести, а биле организирани низа на демонстрации и штрајкови. Окупаторите како одговор на таквата состојба ги зајакнале репресивните мерки и во поголема мерка започнале да ги користат грчките квислиншки националистички сили.[272]

Од средината на 1942 г. започнале да дејствуваат и вооружените формации на ЕДЕС, но биле малубројни и не претставувале никаква закана за окупаторскиот систем. И покрај тоа, британската политика чие влијание започнало во 1942 г. повеќе да се чувствува во грчкото движење на отпорот, мала интенција да го поддржува ЕДЕС, а тоа осбено дошло до израз после доаѓањето на првата британска воена мисија во Грција.[273]

Трендот на омасовување на ЕЛАС од 1942 г. продолжил и во 1943 г. Во првата половина на 1943 г. ЕЛАС броел околу 12 000 борци во својот

---

[269] Н. Пејов, Ставови и практика на . . . , Зб.Ослободителната војна и. . . , 162.
[270] Л. Пановска, Теророт. . . , 47-48.
[271] B. Petranović, Revolucije i. . . , 156.
[272] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 262.
[273] Л. Пановска, Теророт. . . , 67-69.

регуларен состав, а на крајот на 1943 г. регуларните воени ефективи на ЕЛАС имале околу 40 000 луѓе кои биле распоредени во бригади и дивизии.[274] Биле создадени и широки слободни територии, на кој ЕАМ презел одредени државни функции од областите на образованието, културата и судството.[275]

Подемот на ЕАМ и ЕЛАС било причина за позасилена активност на окупаторите и квислинзите. Исто така тоа било причина Велика Британија да започни уште позасилено да го поддржува ЕДЕС со цел на тој начин да ги заштити своите долгорочни политички интереси во Грција. Клучниот елемент на британската политика во 1943 г. бил упорното и силно настојување да се обединат антиокупаторските сили и да се стават под нејзина врховна команда.[276]

Британското настојување вродило со плод во јули 1943 г. кога бил формиран заеднички штаб на ЕЛАС, ЕДЕС и ЕККА, и тој бил официјално признат од британската Команда за среден исток. Меѓутоа, ваквиот договор бил краткотраен. Капитулацијата на Италија и неуспешните преговори во Каиро меѓу претставници на движењата и грчките емигрантски кругови, биле причина односите меѓу ЕАМ од една страна и ЕДЕС и ЕККА од друга страна да се заострат. Сето тоа есента 1943 г. довело до отворен вооружен судир меѓу нив кој со британско инсистирање и посредување завршил со компромис.[277] За време на судирот , ЕДЕС целосно се компромитирал бидејќи во настојувањета да го порази ЕЛАС започнал да соработува со грчките квислиншки сили и окупаторите. На тој начин, од отворениот судир на антагонизираните грчки движења есента и зимата 1943 г. најголема полза извлекле германските окупатори кои релативно брзо и лесно воспоставиле контрола врз територијата која дотогаш била под италијанска окупација.[278]

---

[274] Документационо одделение на ИНИ, Стефанос Сарафис . ЕЛАС . Атина , 1946 , Сл.IV 204/I, 156.

[275] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 457. Р. Кириjазовски, Народноослободителната војна во Грција и македонското национално прашање (1941 - 1945) , ГИНИ XXVII/3 . Скопје , 1983 , 224.

[276] D. Lukać , Treći Rajh i. . . , knj. 3, 461-463.

[277] Л. Пановска, Теророт. . . , 102, 104.; P. Kalvokorezi , G. Vint, Totalni rat, 239.

[278] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 585-586.

## 2. Народноослободително движење на Југославија

Воениот пораз од април 1941 г. за Југославија значел целосна дезинтеграција како држава. Согласно т.н. " Насоки " од 12 април 1941 г. на германското воено-политичко раководство, југословенската територија била поделена помеѓу фашистичките сојузници. Биле извршени формални и фактички анексии на делови од територијата од страна на Германија, Италија, Бугарија и Унгарија, биле воспоставени квислиншки државни творби, а на некои делови биле формирани окупациони подрачја.[279]

Окупацијата и поделбата на земјата предизвикале голема економско-социјална и политичка криза во земјата. Во најголем дел населението се нашло во исклучително тешка положба. Очајната состојба била надополнета со распламтената меѓунационална омраза, обилно поддржувана од окупаторите. Теророт и репресалиите преземани од окупаторите и продуцирани од меѓунационалните судири, како логична консеквенција довеле до појава на бројно бегалско население. Сето тоа придонело да се зајакнат и онака присутните антигермански и антииталијански традиции, и да се создадат погодни услови за појава и развој на силно движење на отпор. Условите биле толку погодни, што во првите моменти вооружениот отпор се појавил стихијно и неорганизирано.[280]

Основниот проблем во развојот на движењето на отпор во Југославија бил појавата на две целосно разделени и идеолошки антагонизирани воено-политички организации.

Од една страна се наоѓало четничкото движење предводено од полковникот на предвоената Југословенска армија , Дража Михајловиќ. Тоа било десноориентирано, големосрпско националистичко движење на отпор, и во почетниот период ја имало поддршката на Велика Британија и САД. Од другата старана се наоѓало левоориентираното прокомунистичко партизанско движење на чело со Јосип Броз-Тито.

[279] B. Petranović, Revolucije i. . . ,53.; Б. Јелавич. Историја . . . , кн. 2, 304-309.
[280] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3,86.

Непомирливата антагонизираност помеѓу двете воено-политички организации во текот на 1941 г. влијаела развојот на вооружената борба во централните делови на Југославија да не го достигни реално можниот интензитет. Постепено врз основа на фундаменталниот антифашистички императив, вооружена борба против фашизмот, дошло до целосна кларификација за тоа кој се бори против окупаторите. Четничкото движење со својата политика на исчекување, своите вооружени формации не ги ангажирало во борба против окупаторите туку ги чувало за преземање на власта во земјата после евентуалното англо-американско истоварување на Балканот. Исчекувањето се претворило во целосна неактивност , во соработка со окупаторите и домашните квислинзи од српска провениенција, а сето тоа довело , најпрво до губење на поддршката кај народот , а потоа и кај западните сојузници. Наспроти тоа , партизанското движење со непрестана жестока вооружена антифашистичка борба се наметнало како единствен реален воено-политички фактор на просторот на целата бивша југословенска територија.[281]

Формирањето на партизанското движење односно на НОДЈ започнало уште во времето на "Априлската војна". На 10 април 1941 г. ЦК на КПЈ на состанокот во Загреб зазел бескомпромисен став за организирање на вооружена борба против окупаторите и домашните соработници. Формиран бил Воен комитет на чело со секретарот на ЦК на КПЈ, Јосип Броз -Тито, кој требало да раководи со подготовките за отпочнување на општонародно востание. Вооружената борба била прифатена како основен метод за дејствување. Во глобала , основна цел била истерување на окупаторите и создавање на нова демократска и федеративна југословенска заедница. Како неопходни компоненти кон остварување на целите низ вооружена борба биле прифатени : создавањето на моќна воена организација, втемелување на движењето врз широки политички основи, меѓународна афирмација на антифашистичката борба и обезбедување на власт и контрола на цела територија уште во текот на војната. Постепено, вака зацртаната концепција

[281] P. Kalvokorezi, G. Vint, Totalni rat, 242.

на антифашистичка борба била успешно реализирана, а НОДЈ го дочекало крајот на војната со целосен воено-политички триумф.[282]

Воената организација на НОДЈ се темелела врз партизанските единици и партизанскиот начин на војување. Останатите форми на вооружена и невооружена борба иако биле успешно и ефикасно применувани, сепак биле само помошни и споредни форми во антифашистичката борба.

Партизанските единици се пополнувале со доброволна мобилизација, а со успешниот развој на борбата постепено се создавала дисциплинирана регуларна армија. Основните воени единици биле партизанските одреди. Тие во оперативен поглед биле врзани за одредена територија и немале симболи на КПЈ. Од крајот на 1941 г. започнале да се формираат пролетерски бригади како екстериторијални единици и под непосредно раководство и со симболи на КПЈ. Од крајот на 1942 г. започнало формирањето на дивизии и корпуси со територијална и оперативна функција и со тоа биле поставени темелите на регуларна армија која го носи името НОВ и ПОЈ. На ослободените територии, НОДЈ воените функции ги остварувало преку партизанските стражи, командите на места и командите на подрачја. Политичката компонента во воените единици била остварувана преку борците комунисти и институцијата "политички комесар" . Во целиот сложен систем на воената организација, воено-политичкото единство било остварувано преку Врховниот штаб и институцијата" делегат на ВШ со вонредни овластувања" [283]

Политичката основа на НОДЈ во прв ред ја сочинувала КПЈ. Независно од интенцијата НОДЈ да претставува широк антифашистички фронт, КПЈ имала доминантни позиции во воената, административната и политичката сфера на антифашистичката борба. Иако раководството на КПЈ заради низа на импликации од меѓународно-правен и политички аспект

[282] Исто.; М. Апостолски, За некои основни стратегиски концепции на Народноослободителната војна и Револуцијата во Југославија, ГИНИ, XX/2, Скопје, 1976, 11-19.; Mladenko Colić, Pregled operacija na jugoslovenskom ratištu 1941 - 1945, Beograd, 1988, 11-12.

[283] B. Petranović, Revolucije i . . ., 153-154.; Vlado Strugar, Rat i revolucija naroda Jugoslavije 1941-1945, Beograd, 1962, 118-120.

настојувало премногу да не се експонира идеолошката компонента, сепак комунистичкиот белег на НОДЈ и на вооружената борба бил зачуван.[284]

Нападот на фашистичка Германија врз Советскиот сојуз претставувал сигнал за забрзување на подготовките за отпочнување на вооружена борба во Југославија. На 4 јули 1941 г. Политбирото на ЦК на КПЈ донело решение за отпочнување на сенародно востание, а потоа сукцесивно во поедини делови на Југославија започнала вооружена антифашистичка вооружена борба. Партизанските одреди брзо се зголемувале и омасовувале и до крајот на 1941 г. броеле околу 80 000 борци. Окупаторите на територијата на Југославија биле принудени да држат големи воени ефективи, бидејќи квислиншките режими не биле во состојба самостојно да го обезбедат на нив доделениот простор. Всушност во 1941 г. не била погодена во голема мерка воената способност на Германија со партизанското движење во Југославија, туку пред се биле погодени транспортните комуникации и економската експлоатација на суровините неопходни за воената индустрија.[285]

Економската , политичката и социјалната криза на терирориjата на Југославија уште повеќе се продлабочила во 1942 г. НОДЈ доживувало голем подем. НОВ и ПОЈ до крајот на годината ги зголемиле своите ефективи на 150 000 борци, а била создадена голема слободна компактна територија во централните делови на Југославија . Обидите на окупаторите и квислинзите преку офанзивни воени операции да го уништат НОДЈ не вродиле со успех.[286]

На политички план, подемот на НОДЈ се рефлектирало во ширење на мрежата на Народноослободителните одбори како основни клетки на новата власт и во конституирањето на АВНОЈ во Бихач на 26/27 ноември 1942 г. како највисоко политичко и претставничко тело на антифашистичката борба.[287]

Клучната година за развојот и дефинитивниот воено-политички триумф НОДЈ била 1943 г. Приближувањето на големите фронтови кон

[284] B. Petranović, Revolucije i . . . , 165-166.; P. Kalvokorezi, G. Vint, Totalni rat, 242.
[285] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 119-120.; V. Strugar, cit. delo, 76.
[286] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 201 , 246.
[287] V. Strugar, cit. delo, 136-139.

Балканот, го зголемило воено-стратегиското значење на просторот на Југославија . Реална станала можноста за англо-американско истоварување на Балканот. Според Германската врховна команда најкритична точка за евентуалната инвазија претставувала територијата на Независната држава Хрватска.[288] Затоа, уште од крајот на 1942 г. и особено во почетокот на 1943г., окупаторите и квислинзите презеле низа на воено-фортификациски и политички мерки што подобро да се обезбеди територијата на Југославија. Клучно место во тоа заземало уништувањето на НОДЈ.[289]

Во првите шест месеци од 1943 г., главнината на југословенските партизански единици се нашле пред непрестан и исклучително силен воен притисок од окупаторите и нивните соработници. Сепак , НОВ и ПОЈ и покрај претрпените големи загуби, успеала да се одржи и од есента 1943 г. , после капитулацијата на Италија, целосно да се консолидира. Партизанските сили до крајот на годината се зголемиле на околу 400 000 луѓе и повторно била создадена голема компактна слободна територија.[290]

Воените успеси од втората половина на 1943 г. биле пропратени и со крупни политички успеси . Кон крајот на годината било одржано Второто заседание на АВНОЈ, на кое тоа прераснало во врховно законодавно, извршно и претставничко тело на новопрокламираната југословенска федеративна заедница. Како круна на целиот процес, трите големи сили од антифашистичката коалиција на својата Техеранска конференција му изразиле поддршка на НОДЈ, со што бил направен најзначајниот чекор во правец на меѓународна афирмација.[291]

---

[288] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 409.
[289] V. Strugar, cit. delo, 141-145.; P. Kalvokorezi, G. Vint, Totalni rat, 243.; D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 409.
[290] V. Strugar, cit. delo, 20
[291] P. Kalvokorezi, G. Vint, Totalni rat, 243-244.; V. Strugar, cit. delo, 209-211.; B. Petranović, Revolucije i . . . , 182-183.; D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 562.

## 3. Движењето на отпор во Бугарија

Влегувањето на Бугарија во Тројниот пакт набрзо, после априлската војна , и донело големи територијални проширувања во Македонија, Тракија и Јужна Србија. Бугарската армија не учествувала во воените операции како резултат на тоа што Германија немала потреба од директна воена помош и чие ангажирање би претставувало своевидна провокација кон Турција заради нејзините обврски од Балканскиот пакт. Сепак, Бугарската армија ја вршела функцијата на заштита на германската позадина. Во текот на целата војна, бугарските војски ќе се наоѓаат во улога, да не бидат непосредно ангажирани во операциите на големите фронтови но истовремено да бидат во функција на воено-стратегиските потреби на Германија за обезбедување на нејзиното јужно крило.[292]

Разбивањето на Грција и Југославија и овозможило на Бугарија да добие најголем дел од териториите на кои имала аспирации односно Југоисточна Србија, скоро целиот Вардарски дел на Македонија, источните краеви од Егејскиот дел на Македонија и Тракија. До крајот на април 1941 г. бугарските војски ги окупирале овие територии, меѓутоа Германците задржале големи дискрециони воено-политички ингеренции на нив. Претензиите врз исти територии во Македонија придонело во натамошниот перод константно да бидат лоши односите со Италија и на моменти да се случуваат крајно конфликтни ситуации пропратени со вооружени инциденти во пограничните реони.[293]

---

[292] Од една страна,анализата на стратегискиот распоред на бугарските дивизии упатува на заклучокот дека практично и не постоеле слободни ефективи за упатување на Источниот фронт, а од друга страна мобилизациskиот капацитет на Бугарија бил докрај искористен , што се гледа од тоа што секој воен обврзник поминал во војска по 18 месеци а бројноста на дивиизиите била околу 35 000 луѓе што било помалку од бројот на луѓе во дивизиите во армиите на другите држави во тоа време. М. Апостолски, Погледи врз југословенско - бугарските односи во Втората светска војна, Скопје, 1980, 63-67.; D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 32, 155.; Б. Митровски, Венцислав Глишиќ, Т. Ристовски, Бугарската војска во Југославија 1941-1945, Београд, 1971, 70-75.; Д. Йончев, цит. дело, 20-49.

[293] В. Стојчев, Бугарскиот окупационен систем. . . , 54-55.; Vojmir Kljaković, Taljansko-bugarski spor oko Makedonije 1941 godine, Зб. Ослободителната. . . , 243-254.

Заради низа надворешни и внатрешни фактори во Бугарија не постоеле благопријатни услови за развој на движење на отпор.

Пред се Бугарија не се нашла во позиција на окупирана земја. Административниот и воено-полицискиот државен апарат биле не само зачувани туку и зајакнати. Биле задржани и основите на парламентаризмот, но истовремено биле донесени дополнителни закони против антифашистичките сили.[294]

Неповолната политичка клима била надополнета со жестоката големобугарска националистичка кампања во земјата. Задоволувањето на голем дел од големобугарските територијални аспирации со директно учество на фашистичка Германија, придонесувало да зајакне политичката основа и позициите на домашните десничарски, фашистички и прогермански политички сили. Политичката сцена на Бугарија скоро во целост била "покриена" со жестоката пропаганда дека се остварил "националниот идеал за обединување на сите бугарски земји.[295] Политиката на официјална Софија се претставувала како општоприфатена политика на целиот бугарски народ.[296]

Сликата со неповолни услови за организирање на антифашистичка борба била надополнета со релативно добрата и стабилна економска ситуација во Бугарија во однос на останатите балкански земји, што било особено изразено во почетниот период на војната , а било резултат пред се на тоа што Бугарија не била вклучена директно во воените операции. Со тек на време, преголемата економска зависност од Германија која настојувала постепено да го зголеми искористувањето на за неа потребните суровини, почнала да ја влошува економската ситуација во Бугарија.[297]

---

[294] М. Апостолски, Погледи врз. . . , 145.; D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 40.; Г. Мадолев, цит. дело, 41.

[295] Л. Мојсов, БРП (к) и . . . , 70-76.; Н. Велјановски, Македонското прашање во бугарскиот парламент 1941-1944, Скопје, 1996, 25.;

[296] Како илустрација може да послужи Весникот "Нашинец" кој излегувал во Софија и бил близок до високите бугарски воени кругови. Во текстот на редакцијата објавен во бројот 100, од 12 декември 1942 г. се вели:"Додека нашите балкански соседи не го признаат бугарското за бугарско и додека во Лондон не престанат да говорат за Југославија заедно со Цариброд, Струмица и Охрид , дотогаш ние ќе одиме по од нас избраниот пат , кој е пат не на одделни лица туку на целиот бугарски народ". Завод,музеј и галерија-Битола в."Нашинец" г. II , бр.100, 12 декември 1942 г., Историско депо, нема Инв. бр.

[297] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 159,164, 367-369.

Првите знаци на слабеење на фашистичкиот режим во Бугарија биле забележани во втората половина на 1942 г. Тоа било во корелација со првите неуспеси на фашистичка Германија на големите светски фронтови. Во Бугарија започнува да се влошува економската ситуација. Односите со Италија во врска со заедничката граница не само што се влошувале , туку на неколку пати, летото и есента 1942 г. дошло до сериозни гранични вооружени инциденти. Влошувањето на внатрешната и надворешната положба на Бугарија продолжило и во 1943 г. Приближувањето на големите светски фронтови кон Балканот и кризата на фашистичките земји, резултирале со зголемено воено ангажирање на Бугарија во функција на обезбедување и заштита на балканскиот простор за потребите на фашистичка Германија .[298] Смртта на кралот Борис на 28 август 1943 г., кој бил најважниот експонент на фашистичките и прогермански кругови, само ја зголемува кризата на фашизмот во Бугарија . Меѓутоа, и покрај сето тоа, и покрај осетното нараснување на антифашистичкото расположение во земјата , дотогашната владејачка гарнитура ја задржала власта со помош на Германија, и без поголеми измени ја продолжила дотогашната политика.[299]

БРП[300], која била единствен носител на антифашистичкиот отпор, најпрво на денот на нападот од фашистичка Германија врз Советскиот сојуз упатила " Повик " до бугарскиот народ во кој била осудена агресијата, со кој се барало да се бојкотираат германските завојувачи и да се спречи евентуалната употреба на бугарските војски директно да се вклучат во војната на источниот фронт.[301] На 24 јуни 1941 г. ПБ на ЦК на БРП донел решение да се организира вооружена борба со цел да се собори монархофашистичката

---

[298] Исто, 359-361, 499-500, 503-506.; Г. Мадолев, цит. дело, 71-72.

[299] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 511-515.; Г. Мадолев, цит. дело, 104-105.

[300] Комунистичката партија на Бугарија во својата историја го менувала неколку пати своето име. Во текот на Втората светска војна официјалното име на партијата било Бугарска работничка партија. БРП помеѓу двете војни била една од политички најмоќните КП на Балканот.Пред самиот почеток на Втората светска војна под ударите на фашистичкиот режим загубила голем дел од својата моќ.Според некои проценки,во 1941 г. имала околу 10 000 членови и уште околу 20 000 членови во младинската организација-РМС.За време на војната раководството на БРП било поделено на два дела, дел во Москва на чело со Георги Димитров и дел во земјата предводено од Трајчо Костов. Б. Јелавич, сп. Историја . . . , кн. 2, 301.; B. Petranović, Revolucije i . . . , 178.

[301] Н. Горненски, цит. статија, Сб. Социалистическата. . . , 150.; Г. Мадолев, цит. дело, 40-41.

власт и да се воспостави народнодемократска власт.[302] Сепак, тргнувајќи од проценките дека не постојат поволни услови за подигање на општонародно востание, БРП не се ориентирала кон организација на масовна вооружена борба.

Решението за вооружена борба било пропратено со преземање на чекори од воено-организационен карактер. Била формирана Централна воена комисија при ЦК на БРП и Воени комисии при Окружните и Обласните комитети на партијата. Се пристапило кон формирање на партизански чети и борбени групи низ населените места. Тие требало да вршат саботажи и диверзии.[303] На политички план требало да се дејствува и во организирање на протести и штрајкови, и во организирање на антифашистичка пропаганда. Исто така, како една од најважните задачи кои биле поставени пред комунистите била политичката работа за "револуционализирање на војничките маси" [304] со што во зготен момент бугарската армија би се претворила од сила на фашизмот во сила на револуцијата. На крајот ефектите од оваа работа на која и се придавало исклучително големо внимание во БРП, биле минимални.[305]

Појавата и почетниот развој на бугарското движење на отпор предизвикало жестока реакција од страна на фашистичкиот режим, кој во 1941 г. осудил на разни казни околу 700 членови на БРП и РМС.[306] Сепак , во 1942 г. движењето на отпорот доживувало нов подем, и биле формирани 18 нови партизански чети, а биле формирани и првите два ПО, Средногорскиот "Христо Ботев" и Родопскиот "Антон Иванов". Биле формирани и голем број нови борбени групи кои вршеле саботажи и диверзии.[307]

---

[302] Н. Горненски, цит. статија, Сб. Социалистическата. . . . 150-151.; B. Petranović, Revolucije i . . . , 178.
[303] Борис Стойнов, Бойните групи, София. 1969. 15-21.; Н. Горненски, цит. статија . Сб. Социалистическата. . . . 150.; B. Petranović, Revolucije i . . . , 162.
[304] Н. Горненски, цит. статија, Сб. Социалистическата. . . , 154.
[305] М. Апостолски, Погледи врз. . . , 147.; Г. Мадолев, цит. дело, 40.
[306] Б. Јелавич, сп. Историја . . . , кн. 2, 301.; Н. Горненски, цит. статија, Сб. Социалистическата. . . , 159.
[307] Б. Стойнов, цит. дело, 23-63.; Н. Горненски, цит. статија, Сб. Социалистическата. . . . 159.; D. Lukač, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 353.

Во 1942 г како политичка основа на движењето на отпорот , БРП го формирала Татковинскиот фронт - ОФ, а на 17 јули 1942 г. во Москва започнала да работи радиостаницата "Христо Ботев". До крајот на 1942 г. биле формирани околу 140 илегални комитети на ОФ. Режимот уште повеќе ги засилил репресивните мерки, а острицата била насочена кон партизанските единици. Бројката на уапсени лица во 1942 г. секојдневно се зголемувала, а биле изречени и голем број на смртни пресуди.[308]

Во 1943 г. раководството на движењето на отпорот ставило поголем акцент врз активностите за развој на вооружената борба, односно врз формирањето и дејствувањето на партизанските единици и останатите сегменти од воената организација. Во март 1943 г. било донесено решение за формирање на Народноослободителна востаничка армија - НОВА. За нејзин командант бил назначен Христо Михајлов, а територијата на Бугарија била поделена на 12 востанички оперативни зони - ВОЗ.[309] Пролетта и летото биле формирани 20 нови ПО и 12 нови партизански чети. Била зголемена и активноста на борбените групи во градовите.[310]

Во 1943 г. била забележана и поголема политичка активност. Пролетта 1943 г. дошло до проширување на политичката основа на ОФ со вклучување во неговата Централна комисија на претставници од Бугарскиот земјоделски народен сојуз, од групата "Пладне", од групата "Звено" и од Социјалистичката партија на Бугарија. Набрзо потоа , во август 1943 , бил формиран Национален комитет на ОФ, и се засилиле активностите за изградување на организационата структура преку ширење на мрежата на илегалните комитети на ОФ.[311]

Есента и зимата 1943 г. антифашистичката борба добила уште поголеми размери, што било во согласност со општата светска криза на фашизмот. Активностите на партизанските единици и борбените групи

[308] Н. Горненски, цит. статија, Сб. Социалистическата. . . , 158-159.; Б. Јелавич, сп. Историја . . . , кн.2 , 301.; D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 352-353.
[309] Н. Горненски, цит. статија, Сб. Социалистическата. . . , 162.; B. Petranović, Revolucije i . . ., 162.; D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 508-510.
[310] Н. Горненски, цит. статија, Сб. Социалистическата. . . ,163.; Б. Стойнов, цит. дело, 65-90.
[311] Н. Горненски, цит. статија, Сб. Социалистическата. . . ,165.

добиле пошироки размери. Сето тоа го најавувало блискиот крах и на фашистичкиот режим во Бугарија.

# 4. Движењето на отпор во Албанија

Италијанската окупација на Албанија од март 1939 г. во првите моменти не предизвикала поголеми потреси и појава на движење на отпор во земјата.[312] Зачетоци на организирани форми на отпор датираат со конституирањето на КПА во есента 1941 г. На основачката конференција од 8 ноември 1941 г. во Тирана, штотуку формираниот ЦК на КПА усвоил "Проглас" со кој се повикувало населението на вооружена борба против италијанските окупатори и нивните домашни соработници.[313]

Условите за развој на вооружен отпор во Албанија воопшто не биле поволни бидејќи биле создадени илузии кај населението дека со помош на Италија и Германија се остварени вековните албански национални идеали.

Од почетокот на 1942 г. се појавиле првите партизански чети во Албанија, а на 24 јули 1942 г. започнало вооруженото востание предводено од левоориентираните политички сили на Албанија. Ориентацијата на КПА , да се создаде движење на отпор врз широка политичка основа, слично како во Југославија, во пракса резултирало со формирање на Движењето за национално ослободување - ЛНЦ.[314] Основачката конференција била одржана во Пеза на 26 септември 1942 г. и на неа бил конституиран Главен народноослободителен одбор како централно тело на новата власт. Била

[312] Италјанските војски на 7 април 1939 г. се истовариле на бреговите на Албанија и без да наидат на посериозен отпор брзо напредувале кон Тирана. Албанскиот крал Ахмет Зогу побегнал најпрво во Грција , а подоцна во Лондон. На 12 април 1939 г. албанското собрание изгласало "обединување" со Италија , а подоцна била прогласена "персонална унија" со што италијанскиот крал станал суверен и на албанска територија на која управувал преку именуван "кралски наместник". Внатрешната поддршка на италијанскаата окупација била обезбедена преку големите земјосопственици и фашистичката партија формирана после окупацијата. Легална опозиција во Албанија не постоела , а немало и јавни манифестации на незадоволство. Единствените форми на незадоволство до 1941 г. биле вештачки инсталирани од тајните служби на Југославија , Грција и Велика Британија , кои преку албанските емигрантски кругови настојувале да поттикнат опор во земјата. B. Petranović, Revolucije i. . . , 40.

[313] В. Дедијер, Југословенско-албански односи (1939-1948), Београд, 1949, 18. Формирањето на КПА и нејзиното понатамошно дејствување биле под непосредно влијание на КПЈ. Таквото доминантно влијание на КПЈ врз КПА , своја соодветна рефлексија имало и врз развојот на движењето на отпорот на Албанија кое во сите сегменти го следело југословенското искуство на организирање на отпорот. Б. Јелавич, сп. Историја . . . , кн. 2, 319.

[314] Б. Јелавич, Историја . . . , кн. 2, 319.

дефинирана политичката платформа на ЛНЦ , а кон него си приклучиле дел од десноориентираните политички сили.[315] До крајот на 1942 биле формирани дваесет партизански чети. Тие дејствувале против окупаторите и биле врзани за територијата на која биле формирани.[316]

Есента 1942 г. се конституирало и десноориентираното движење на отпорот Бали Комбтар - Национален фронт предводено од Али Клистра и Митхад Фрашери.[317] Формалните политички основи на Бали Комбтар биле националистички и републикански. Од самиот почеток ја избегнувало вооружената борба, а подоцна отворено започнало да соработува со окупаторите и домашните квислинзи.[318]

Подемот на левоориентираното албанско движење на отпорот особено бил голем од пролетта 1943 г. КПА на својата Прва земска конференција од март 1943 г. донела решение партизанските единици да не бидат како дотогаш врзани за една територија, да се формираат ОЗ со свои штабови и да се формира Народноослободителна војска со свој ГШ. Набрзо ваквите насоки започнале да се остваруваат и во летото 1943 г. бил формиран ГШ со командант Мојсеј Спиро и политички комесар Енвер Хоџа, а во август 1943 г. кај с. Витхуќ, кај Корча, била формирана Првата народноослободителна бригада на чело со Мехмет Шеху.[319]

Капитулацијата на Италија, предизвикала промени во геополитичката слика на Албанија. Како нови окупатори се појавиле германските сили, но Албанија формално била прогласена за независна и неутрална држава. Под патронат на Германија биле организирани национални институции , војска и полиција, а јурисдикцијата на новата албанска влада на Реџеп Митровица се протегала освен на дотогашните неалбански територии и на територијата на цело Косово, со што се настојувало уште повеќе да се зацврсти уверувањето дека е остварена идејата за голема Албанија.[320]

[315] B. Petranović, Revolucije i. . . , 185.
[316] Исто, 155.
[317] Б. Јелавич, Историја . . . , кн. 2, 319.
[318] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 601.
[319] В. Дедијер, Југословенско-албански односи . . . , 65-67. ;B. Petranović, Revolucije i. . . ,119.
[320] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj.3, 604.

Капитулацијата на Италија имала големо влијание и врз развојот на левоориентираното движење на отпорот во Албанија. Партизанското движење разоружало две италијански дивизии и воспоставило контрола врз пространа територија.[321] Есента 1943 г. биле формирани три нови бригади, а германските сили и силите на нивните домашни соработници имале проблеми во обезбедувањето на комуникациите низ Албанија.[322]

Во 1943 г. паралелно со успешниот развој на вооружената борба, раководството на КПА и ЛНЦ водело константен процес за проширување на политичката основа на движењето односно правело напори да се постигни спогодба за обединување на силите со Бали Комбтар. После долги разговори на заедничката конференција во с. Мука во август 1943 г., бил формиран "Комитет за национален спас" како единствено раководно тело на движењето на отпорот во Албанија. Меѓутоа, капитулацијата на Италија придонела односите помеѓу ЛНЦ и Бали Комбтар да се влошат, а набрзо раководството на КПА и ЛНЦ и под влијание на претставниците на КПЈ во Албанија, ја откажале спогодбата од Мука. До крајот на 1943 г. односите помеѓу ЛНЦ и Бали Комбтар константно се влошувале, а Бали Комбтар се повеќе и поотворено се врзувал со германските и квислиншките сили во борбата против партизанското движење.[323]

---

[321] Б. Јелавич, Историја . . . , кн. 2, 320.
[322] В. Дедијер, Југословенско-албански односи . . . , 68-69.
[323] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 602.

# ГЛАВА ТРЕТА: Врските и соработката на националноослободителните движења на македонскиот народ од сите делови на Македонија во 1943 година

## 1. ВРСКИ И КОНТАКТИ ВО 1941 И 1942 ГОДИНА

Врски и контакти помеѓу ослободителните движења на Балканот, и во тие рамки на разединетите сили на МНОД , постоеле од почетокот на војната. Често тие биле воспоставувани инцидентно, во случај на конкретни потреби односно во отсуство на иницијатива од повисоките раководства или осмислена воено - политичка платформа за соработка.

Воспоставувањето на соработка помеѓу ослободителните движења на Југославија и Грција, од почетокот се должела на природната интенција на силите на МНОД од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија за меѓусебно поврзување и заеднички дејства, односно почетните контакти биле по "македонска линија".[324]

Пролетта 1941 г. МК на КПЈ за Гевгелија донел решение за воспоставување на организациони контакти и соработка во пограничниот реон со партиските организации на КПГ и преку Ристо Манчев , Ангел Попристов, Јанко Урдинов и Алеко Ќаев воспоставил врски со ослободителното движење на Егејскиот дел во пограничните села.[325] Повеќето од овие врски, партиската организација од Гевгелиско ги одржувала константно и функционирале и во 1943 г.[326]

[324] Димитар Тупурковски - Титан, Соработката на Македонците од Лерин и Леринско со другарите од Битола и Битолско во НОВ 1941 / 1942 година , Зборник: Битолските народноослободителни партизански одреди ( понатаму: Зб. Битолските НОПО), Битола 1982, 209.
[325] Алеко Ќаев, Воспоставување на организирани контакти со грчката КП , Зборник: Гевгелија и Гевгелиско во НОВ од 1941 до април 1943 година ( понатаму Зб. Гевгелија . . . , 1941 до април 1943 ), Гевгелија, 1979, 255-256.
[326] Исто, 258.

Вториот реонски комитет на КПЈ за Битола преку Петре Новачевски и Митре Кубуровски, есента 1941 г. набавувал воен материјал во Леринско.[327] Функционирањето на соработката помеѓу партиските организации од Битолско и Леринско во есента 1941 г. овозможила партиското раководство од Вардарскиот дел на Македонија уште тогаш да прави планови за засолнување на илегалци во Егејскиот дел на Македонија.[328]

Во јуни 1942 г. на состанокот на Окружниот комитет на КПЈ - Битола, во присуство на членот на ПК на КПЈ за Македонија, Мирче Ацев, бил донесен заклучок "да се воспостави врска со КПГ , да се избери погоден терен за содејство со грчките партизани и во случај на криза партизанските одреди од Битолско да можат да се префрлат во Егејскиот дел на Македонија".[329] Веднаш потоа членот на Окружниот комитет Лазо Хаџи Поповски преку Јорго Чопано од Лерин воспоставил врска со претставник на КПГ од Солун. На одржаната средба бил договорен редовен канал за комуникација и биле договорени формите на соработка.[330] Во овај период, КПГ настојувала да ги спречи или ограничи партизанските единици од Вардарскиот дел да преминуваат во Егејскиот дел на Македонија.[331]

После промените во партиската организација на Вардарскиот дел на Македонија и формирањето на Привремениот ПК на КПЈ за Македонија во 1942 г. , во "Материјалот" за годишнината од Илинденското востание од јули 1942 г. , од раководството на МНОД била декларирана желбата за поврзување на силите на МНОД од сите делови на Македонија[332] , што имплицирало дека

---

[327] Ристо Поплазаров, Врски и соработка меѓу антифашистичките движења на Југославија и Грција и посебно Битолско - леринската област ( 1941 - 1942), Зборник: Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942(Понатаму: Зб. Битола и Битолско. . . 1941 и 1942 ), Битола, 1978, кн. 2, 51.

[328] В. Ацева , цит. дело, 172. Според Вера Ацева , зимата 1941 г. дури имало и размислувања кај некои раководни личности во ПК на КПЈ за Македонија дека раководството од Вардарскиот дел на Македонија треба да се префрли во Солун и оттаму да ја раководи борбата.

[329] Lazo Hađi Popovski, Prvi partizanski odredi Bitolja i okoline i veza sa KP Grčke. Zb. Veze u NOB - u, knj. 2, 467.

[330] Л. Хаџи Поповски , Придонесот на битолската организација во заедничкото дејствување и партизанското војување на КПЈ и КПГ против фашистичките окупатори 1941 - 1943 година, Зб. Слободните територии. . . 465.; Р. Поплазаров, цит. статија, Зб. Битола и Битолско. . . 1941 и 1942 , кн. 2, 519.

[331] Документационо одделение на ИНИ, Страхил Бегинов, Автобиографија и изјави, Сл. IV 807, 100.

[332] Извори . . . , т. I, кн. 1, док. 40, 243.

врските и соработката меѓу нив во наредниот период треба да се зголемуваат и продлабочуваат.

Согласно на таквата интенција есента 1942 г. соработката помеѓу ослободителните движења на Југославија и Грција била уште повеќе продлабочена. За тоа сведочи барањето на Добривое Радосавелевиќ до Недељко Краичиќ, член на партиското поверенство на КПЈ за Јужна Србија, за испраќање на повеќе материјали за Грција[333], и неговата информација до ЦК на КПЈ во писмото од 2 ноември 1942 г. според која "Грчките другари усмено ни порачаа дека најмногу ги интересира ставот на КПЈ по Македонија. Не знам зошто и како, но веројатно и нив тоа прашање им задава грижи".[334] Македонското национално прашање уште во тој период претставувало клучен елемент за одвивањето на соработката со КПГ и ЕАМ и било причина заради која грчката страна имала "недоволно разбирање" за меѓусебната соработка.[335]

Воспоставената соработка се покажала повеќестрано корисна. Континуирано одржуваните врски особено биле корисни после големата "септемвриска провала" во Битолската партиска организација , кога тринаесет комунисти од Битола биле засолнети на подрачјето на Лерин , а нешто подоцна бил префрлен и истакнатиот партиски активист Никола Тодоровски - Коле Канински.[336] Во ноември 1942 г. политичкиот комесар на ПО "Јане Сандански", Ванчо Прке - Сермен, во Лерин одржал состанок со тамошните Македонци - комунисти, на кој било договорено приклучување на илегалци од Леринско кон ПО "Јане Сандански".[337]

---

[333] Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 55, 368.

[334] Исто, док. 56, 374.

[335] Страхил Бегинов во своите сеќавања "недоволното разбирање" го објаснува на следниот начин: "Колку што можев да заклучам од работењето преку врските со ЦК на КП на Грција, и воопшто од меѓусебните дијалози со некои кои беа задолжени за одржување врски со нив, можам да кажам дека егејскиот дел на Грција е населен со македонско население и затоа имаа некој опортунистички став према нив и нивното прашање. Според тоа, нашите (ПО од Битолско и Преспанско-б.м.) повеќе беа упатени да преминат на албанска територија . . . ". Документационо одделение на ИНИ, Страхил Бегинов . . . , Сл. IV 807 , 114-115.;

[336] Васил Кораицовски, Илегалните курирски врски меѓу Битола и Лерин во 1942-1943 година, Зборник: Битола и Битолско во НОВ 1943 и 1944 година, ( понатаму Зб. Битола и Битолско . . . 1943 и 1944 ), Битола, 1982, кн. 1, 169-171.

[337] Душко Хр. Константинов, Милош Хр. Константинов, Коста Ан. Цингаровски - Кочо, Вриеж, Битола, 1963, 129 - 130.

Кон крајот на ноември 1942 г. , Штабот на ПО "Јане Сандански" решил одредот да премине на територијата на Егејскиот дел , со цел во тамошните села да создаде база за презимување. Во наредниот период биле посетени низа на македонски села во тоа подрачје, а во село Каленик бил воспоставен неофицијален контакт помеѓу Окружниот комитет на КПЈ за Битола со Окружниот комитет на КПГ за Лерин. Состанокот бил одржан во куќата на македонскиот комунист Наум Шупурков - Леон, а претставниците на КПГ настојувале да ја ограничат активноста на ПО "Јане Сандански" на територијата на Леринско, под изговор, да не се предизвикуваат репресалии од окупаторите.[338] Во тоа време, Киро Крстевски - Платник до Штабот на одредот ја пренел наредбата за префрлање на подрачјето на Мариово, соединување со Прилепскиот ПО и создавање на слободна територија како база за партизаните.[339] За преминување на граничната линија Леринската партиска организација обезбедила двајца курири, со чија помош одредот успеал да премине во Мариово, но до планираното соединување со Прилепскиот ПО не дошло поради неговото разбивање кај манастирот Прилепец на 20 декември 1942 г.[340]

Кон крајот на 1942 г. со решение на МК на КПЈ за Битола и Штабот на ПО "Јане Сандански", една група од одредот на чело со Коле Канински ги започнала и завршила подготовките за префрлување на леринскиот терен каде требало да презими.[341]

Специфичен вид на соработка и врски помеѓу ослободителните движења на Југославија и Бугарија, била воспоставена преку инструкторите на двете партии кои во определени периоди на 1941 и 1942 г. биле истовремено присутни во Вардарскиот дел на Македонија. Меѓутоа од тие контакти не произлегла иницијатива, а уште помалку директиви, за соработка помеѓу МНОД од Вардарскиот и Пиринскиот дел на Македонија.

---

[338] Исто, 123 - 124.

[339] Бено Русо, Димче Милески, Пецо Божиновски, Формирањето и дејствувањето на партизанскиот одред "Јане Сандански", Зб. Битолските НОПО, 300.

[340] Исто , 301-304.

[341] Исто

Сепак, врски и контакти помеѓу силите на МНОД од тие два дела, самоиницијативно биле воспоставени уште на почетокот на војната на Балканот.

Веднаш по воениот пораз на Југославија, партиското раководство од Пиринскиот дел наредило да се воспостават контакти со партиските организации на Струмица и Делчево и да се организира собирање на оружје и друг воен материјал од фронтот. За исполнување на овие задачи, една група партиски активисти на чело со Кирил Гремнов заминала за с. Звегор, Делчевско, а друга во која биле Арсо Поптодоров, Владо Чимев и Симеон Лисичков заминала за Струмица. По исполнувањето на задачата Арсо Поптодоров останал да дејствува во Струмица и подоцна се вклучил и во единиците на НОВ и ПОМ.[342]

Воспоставената соработка, партиската организација од Струмица и Струмичко настојувала да ја искористи во своите организациони активности при формирањето на партиски актив во струмичката касарна. Во активот биле вклучени бугарските војници Димитар Чорбаџиски и Георги Чапрашиков со добиено мислење од БРП , пренесено преку Ванчо Зелеников кој ја одржувал врската со партиската организација од Пиринскиот дел на Македонија.[343]

Воспоставените врски помеѓу двете ослободителни движења, особено настојувал да ги одржи и продлабочи секретарот на обласното раководство од Пиринскиот дел, Никола Парапунов.[344] Така преку тие врски непрестајно се разменувале партиски или други материјали , меѓутоа без поддршка и дури со "основни индикации" за "попречување" на таа соработка, настојувањата на Никола Парапунов и на двете МНОД за воспоставување на поинтензивни врски многу тешко се реализирале и останале само на регионално ниво.[345]

Акции за собирање на оружје, раководството од Пиринскиот дел, организирало и на уништената грчка одбрамбена линија "Метаксас". Тие биле

[342] В. Јотевски , Националната афирмација. . . , 46-47.
[343] Кирил Зенделски, Панче Кусакатски, Дејноста на активот на КПЈ во бугарската касарна во Струмица од октомври 1941 до октомври 1943 година, Зборник: Струмица и Струмичко во Народноослободителната војна од 1941 до септември 1943 година , Струмица , 1980 , 347.
[344] В. Јотевски , Националната афирмација. . . , 46-47.
[345] Исто , 49.

изведувани од група на партиски активисти предводени од Никола Калапчиев[346], а во нивна функција била воспоставена врска со партиските организации од Егејскиот дел преку партиската организација во Петрич.[347] Овие врски продолжиле да функционираат и во наредниот период.

Од крајот на 1941 г. започнала да функционира и редовна врска помеѓу МНОД од Вардарскиот дел и албанското ослободително движење. Таа врска била воспоставена на иницијатива на Кузман Јосифовски - Питу кој отишол во Албанија и ја воспоставил врската со КПА која одела преку Тетово и Дебар до Тирана и со мал застој функционирала до март 1943 г.[348] Во целиот тој период активноста на ПК на КПЈ за Македонија, реализирана пред се преку Кузман Јосифовски - Питу, била насочена кон преминување на комунисти и партизани од Албанија на територијата на Западна Македонија, со цел да се привлече албанското население кон вооружената борба на македонскиот народ.[349]

Во 1942 г. ПК на на КПЈ за Македонија и Окружниот комитет на КПЈ за Западна Македонија прават поголеми напори за соработка и координација со КПА. Партиското раководство од Вардарскиот дел во февруари 1942 г. во Западна Македонија го испратило членот на ПК, Трајко Бошковски-Тарцан, помеѓу другото и со задача да воспостави врски со КПА. Трајко Бошковски и Кузман Јосифовки - Питу за таа цел пролетта 1942 г. отишле во Албанија и се сретнале со раководството на КПА.[350] Нешто подоцна кон крајот на август 1942 г. Крсте Црвенковски заминал за Албанија и се сретнал со секретарот на КПА, Енвер Хоџа и командантот на ГШ на албанската ослободителна војска, Војо Куши.[351] Воспоставените врски се одржувале преку Нико Нестор и

---

[346] Д. Митрев , цит. дело , 229.
[347] В. Јотевски , Националната афирмација. . . , 47.
[348] Ljutvi Rusi, Prva veza između KP Albanije i PK Makedonije, Zb. Veze u NOB - u , knj. 1, 455 - 456.; Документационо одделение на ИНИ. Стенографски белешки од состанокот на учесниците во Народноослободителната борба во Тетово одржан на 5 и 6 декември 1955 година во Тетово, Р-6-1, 70.
[349] Љ. Руси, Одрази на политиката на НОД на Албанија во Дебарско, Зб. Слободните територии . . . , 232.
[350] Документационо одделение на ИНИ. Реконструкција на Окружниот комитет-Тетово, Скопје, 2 октомври 1974, Р-35-1 , 27-28.; Стенографски белешки од состанокот со учесниците во формирањето на партиската организација во Дебар и околијата на ден 9 , 10 и 11 март 1956 година во Скопје, Р - 9 -1, 88.
[351] Документационо одделение на ИНИ, Реконструкција на окружниот комитет-Тетово, Р-35-1, 29.

партиската организација во Струга кои имале константна врска со нивниот сограѓанец, стружанецот Васил Шанто, кој бил во врвот на КПА.[352]

Партиската организација на КПМ од Дебар во летото 1942 г. имала воспоставено врски со партиската организација на КПА во градот Пишкопеја и врски со ПО на Хаџи Леш. Партиската организација од Дебар преземала разни активности за поддршка и помош на ПО на Хаџи Леш, а од КПА биле добивани разни партиски пропагандни материјали.[353]

Особено добро се одвивала и соработката на МНОД и албанското движење на отпор во Битолско-Преспанскиот реон. Постоеле континуирани врски и со партизанските единици во овој сектор и со партиските организации на КПА.[354]

Реонскиот комитет на КПЈ од територијата на Преспа под италијанска окупација , во септември 1942 г. воспоставил директни врски со МК на Корча, после што била воспоставена координација на активностите на двете партиски организации.[355]

Есента 1942 г. дел од ПО "Даме Груев" под притисок на бугарските војски привремено се повлекол на албанска територија. Во овој период контактите со МК на Корча биле одржувани од Јосиф Јосифовски-Свештарот, а делови или целиот ПО "Даме Груев" повеќе пати се префрлувале на албанска територија.[356]

---

[352] Исто, 28 , 61.

[353] Документационо одделение на ИНИ, Стенографски белешки од состанокот со учесниците во формирањето на партиската организација во Дебар и околијата. . . , Р - 9 -1 , 67-68.

[354] Документационо одделение на ИНИ , Страхил Бегинов . . . , Сл. IV 807 , 114-115.

[355] Исто , 105. ; В. Ивановски , Ѓорги Танковски-Лилин , Киће Јанкуловски , Хронологија на настаните во Преспа (1912-1944), Битола , 1995 , 191.

[356] В. Ивановски, Ослободителната војна . . . . 113-114.

# 2. ИНИЦИЈАТИВА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА БАЛКАНСКИ ШТАБ

Решението на раководството на КПЈ и НОДЈ да го испрати Светозар Вукмановиќ-Темпо во Македонија со задача да работи на разгорување на вооружената борба и на воспоставување на соработка со соседните левоориентирани движења на отпорот, имало директни консеквенции и врз развојот на врските и соработката помеѓу разединетите сили на МНОД.

Вториот дел од задачата, воспоставување координација и соработка со другите антифашистички левоориентирани движења на отпор на Балканот, Светозар Вукмановиќ - Темпо на пат за Македонија[357] ја концепирал односно формулирал како иницијатива за создавање на Штаб на народноослободителните војски на балканските земји или БШ.[358] Таквата концепција, БШ перспективно го поставувал како "воено - политичко јадро на идна балканска федерација или конфедерација".[359] Со тоа императивно се

---

[357] S.Vukmanović-Tempo, Revolucija. . . , knj. 3, 11. С. Вукмановиќ - Темпо, Борба за Балканот, Скопје, 1982, 113, 127.

[358] Иницијативата за формирање на БШ е повеќепати попатно споменувана во функција на обработка на различни теми , а малку е самостојно елаборирана. М. Михајлов , Идејата на Светозар Вукмановиќ-Темпо за создавање на Балкански штаб во 1943 година , ГИНИ , XLIII/2, Скопје , 1999 , 49-60.; И. Катарџиев , Соседите и. . . 176-183.; Ристо Кирјазовски поопширно пишувал за текот на преговорите и потпишаните документи во врска со иницијативата и за влијанијата од и врз неа од аспект на МНОД од Егејскиот дел односно грчкото движење на отпор. Р. Кирјазовски, Штабот на народноослободителните војски на балканските земји , сп. Историја , XXVI - XXVII / 1 - 4 , Скопје, 1992 , 59 - 70. ; Р. Кирјазовски, Документи од разговорите за соработка меѓу народноослободителните движења на Југославија , Грција и Албанија во 1943 година , Музејски гласник . бр. 3 , Скопје , 1973 , 23 - 38. ; Бранко Петрановиќ поопширно ги анализирал, меѓународниот контекст на иницијативата и нејзините импликации врз движењето на отпор во Југославија. B. Petranović , Balkanska federacija. . . , 52 - 71. ; Б. Петрановиќ, Меѓународниот контекст на. . . , Зб. Борбата на македонскиот народ. . . , 107 - 116. Опширни искажувања за иницијативата за формирање на БШ , постојат кај Темпо во неговите мемоарски дела. С. Вукмановиќ - Темпо, Борба. . . , 526 стр.; S. Vukmanović-Tempo, Revolucija. . . , knj. 2 i 3.

[359] B. Petranović, Balkanska federacija. . . , 68.; Светозар Вукмановиќ-Темпо во своите мемоарски дела после војната , негира дека иницијативата за создавање на БШ имала интенција за создавање на балканска федерација или конфедерација. С. Вукмановиќ - Темпо, Борба. . . , 133.; Меѓутоа , дека "балканската конфедерација" била цел на иницијативата за создавање на БШ е наведено во документот од 25 јуни 1943 г. Егејска Македонија во антифашистичката војна 1941 - 1943 година. Документи за учеството на македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија во антифашистичката и граѓанската војна во Грција 1941 - 1949 година ( понатаму: Егејска Македонија . . . ). Скопје, 1985, т. VII, кн. 1 , док. 102, 238.; Освен тоа, дека идејата за формирање на БШ прејудицирала решенија во врска со повоениот државно -

наметнувала потребата и паралелно се отварале можности за поврзување на борбата на македонскиот народ и силите на МНОД од целата територија на Македонија. Во натамошниот период од 1943 г., врските и соработката на разединетите сили на МНОД во целост ќе бидат или во функција или во координација со иницијативата за формирање на БШ.

По доаѓањето во Македонија, Светозар Вукмановиќ - Темпо покрај преземените мерки за разгорување на вооружената борбата, истовремено презел активности за реализација на иницијативата за формирање на БШ.

Идејата за соработка и координација на активностите на левоориентираните антифашистички движења на Балканот, уште во првите разговори, му ја изнел на делегатот на БРП во Македонија, Бојан Блгаранов, кој требало да го консултира за тоа своето партиско раководство.[360]

Преку партиската организација на Битола и преку Битолскиот ПО "Јане Сандански" кој дејствувал на територијата на Егејскиот дел, Светозар Вукмановиќ - Темпо договорил средба со раководството на КПГ, но таа поради доцнење на грчкиот претставник и негово пристигнување наместо во Лерин во Нестрам, Костурско, не се одржала.[361]

Во втората половина на март 1943 г. , при престојот во с. Лабинот во близина на Елбасан, Светозар Вукмановиќ - Темпо усно, целата замисла им ја изнел и на раководителите на ЦК на КПА, од кои била целосно прифатена и одобрена.[362]

---

правен статус на Балканот било сфатено уште во тогашните актуелни моменти. Во писмото на раководството на БРП од септември 1943 г. во врска со иницијативата за создавање на БШ, таа децидно била ставена во контекст на конституирањето на повосна балканска федерација. БКП, Коминтернът и македонският въпрос 1917-1946 , т. втори , 1078.

[360] S. Vukmanović-Tempo, Revolucija. . . , knj. 3,12.; С. Вукмановиќ - Темпо, Борба. . . , 129. Ставот на БРП кон соработката на балканските КП и левоориентирани движења на отпорот, во принцип бил позитивен. Тоа можи да се види , на пример , од писмото на Трајчо Костов член на ЦК на БРП до Тодор Павлов од мај 1941 г. Меѓутоа , треба да се нагласи дека истовремено во писмото се отфрла идејата за некаква "државна форма" на соработка од типот на "балканска федерација" со образложение дека таа не е актуелна и дека во целост зависи развојот на настаните во светски и балкански рамки. ИА КПЈ , т. VII, док. 5, 23-24.

[361] АМ, Фонд: Егејска Македонија во НОБ, кут. 18, инв.бр. 9.; Документационо одделение на ИНИ, Страхил Бегинов. . . , Сл. IV 807, 116-117, 121.; Р. Киријазовски, Врските и соработката меѓу антифашистичките движења во Битолско и Леринско - Костурско 1943 - 1944 година, Зб. Битола и Битолско . . . 1943 и 1944 , кн.1, 146.

[362] S. Vukmanović-Tempo, Revolucija. . . , knj. 2, 455, ; knj. 3, 12.; С. Вукмановиќ - Темпо, Борба. . . , 117, 129.; Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 38, 197.

При вториот престој на Светозар Вукмановиќ - Темпо во Албанија [363], бил направен обид за воспоставување на контакт и организирање на средба со овластен претставник на КПГ.[364] Независно од тие обиди, во Албанија пристигнал, како претставник на КПГ, Тилемахос Верверис - Григорис, со задача да се поврзи со КПЈ и преку неа да воспостави контакт со КИ. Григорис заради тоа, на состанокот во с. Нестрам со Светозар Вукмановиќ -Темпо и претставниците на КПА на 26 мај 1943 г., изјавил дека не е овластен да прифати ниту една одлука.[365]

Недоразбирања и тешкотиите во комуникацијата помеѓу КПА и КПГ придонеле одржувањето на состанок на претставници на трите КП, релативно долго да се одолговлекува.[366] Во таква ситуација, Темпо и Григорис направиле обид преку албанска територија да се пробијат до Црна Гора и оттаму да се поврзат со ВШ на НОВЈ, меѓутоа поради големата германска офанзива против НОДЈ во тоа не успеале и се вратиле во с. Куцаке, каде се наоѓало албанското раководство.[367] Тука на инсистирање на Светозар Вукмановиќ - Темпо се одржал состанок, од кој во писмена форма произлегле "Заклучоци", датирани 20 јуни 1943 г.[368] Документите биле потпишани од Светозар Вукмановиќ - Темпо и секретарот на КПА, Енвер Хоџа, додека, ако ги прифаќаат, подоцна требало да ги потпишат овластени претставници на КПГ и БРП.[369]

Веднаш после овој состанок, на покана од политичкиот претставник на ЕАМ во ГШ на ЕЛАС, Андреас Цимас, Светозар Вукмановиќ -Темпо и Кочи Sose како претставник на КПА, отпатувале во македонското село Слимница,

---

[363] S. Vukmanović-Tempo, Revolucija. . . , knj. 3, 7.
[364] Егејска Македонија . . . , т. VII, кн. 1, док. 94, 228 - 229. ; док. 95, 229 - 230. ; док. 111, 260 - 262.
[365] Исто, док. 108, 255 - 257.; док. 111, 260.; АМ, Фонд: Егејска Македонија во НОБ , кут. 18, инв.бр. 1.; Р. Кирјазовски , Штабот . . . , сп. Историја , XXVI - XXVII / 1 - 4 , Скопје, 1992, 61 - 62.
[366] АМ, Фонд: Егејска Македонија во НОБ, кут. 18, инв.бр. 8.
[367] S. Vukmanović-Tempo, Revolucija. . . , knj. 3, 8.
[368] Егејска Македонија . . . , т. VII, кн. 1, док. 102, 237 - 240.
[369] С. Вукмановиќ - Темпо, Борба. . . , 118. ; S.Vukmanović-Tempo , Revolucija. . . , knj. 3, 12. Претставникот на КПГ , Тилемахос Верверис - Григорис според некои изворни податоци го потпишал документот, но подоцна неговото партиско раководство тоа не го официјализирало односно го поништило . Извори . . . , т. I , кн. 2, док. 47 , 266.

каде на 25 јуни 1943 г.[370] бил одржан состанок со членовите на ГШ на ЕЛАС, Андреас Цимас, Арис Велухјотис и Стефанос Сарафис.[371] По долга и опсежна дискусија било потпишано "Решение"[372] за формирање на БШ на народноослободителните војски на Балканот.[373] Наредниот ден, на Сетесалската конференција на ЕЛАС, пред присутните борци и членовите на британската воена мисија во Грција , на Темпо и Sose им било овозможено да зборуваат, а говорот на Темпо наишол на исклучително добар прием кај присутните борци.[374] По краткото задржување на тој терен, надевајќи се дека ќе пристигне претставник на БРП[375], претставниците на трите партии се разделиле со договор да се преземат потребните активности за реализација на "Решението", набрзо да се организира нова средба[376], а до 10 август 1943 г. кога требало според "Решението" да се формира БШ, потписниците на истото требало да функцинираат како "привремен Балкански штаб".[377]

И покрај решението до 10 август 1943 г. да се завршат сите подготовки за БШ, тоа не се постигнало. БРП дури во август-септември 1943 г. се изјаснала дека ја прифаќа иницијативата за формирање на БШ[378] и тоа на инсистирање на Светозар Вукмановиќ - Темпо[379], а раководството на грчкото движење на отпорот под притисок на преземените обврски кон британските сојузници[380] и упорното спроведување на политиката за

---

[370] Р. Киријазовски , Штабот. . . ., сп. Историја, XXVI - XXVII / 1 - 4 , Скопје, 1992, 65. Според Темпо состанокот се одржал во с. Кастања, Тесалија, S. Vukmanović-Tempo , Revolucija. . . , knj. 3, 14. Андреас Цимас во едно свое писмо - извештај состанокот го датира на 26 јуни 1943 г. Егејска Македонија . . . , т. VII, кн. 1, док. 108, 256.

[371] S. Vukmanović-Tempo, Revolucija. . . , knj. 3, 15. Според Киријазовски на состанокот од грчка страна присуствувал само Андреас Цимас. Р. Киријазовски , Штабот . . . , сп. Историја, XXVI - XXVII / 1 - 4 , Скопје, 1992, 65.

[372] Егејска Македонија . . . , т. VII, кн. 1, док. 106, 251 - 253.

[373] Р. Киријазовски , Штабот . . . , сп. Историја , XXVI - XXVII / 1 - 4, Скопје, 1992, 65 - 66.

[374] Егејска Македонија . . . , т. VII, кн. 1., док. 130, 301 - 307.; Р.Кирijазовски, Документи од . . . , Музејски гласник, бр. 2, Скопје 1973, 32 - 38.; Документационо одделение на ИНИ, Георгиос Кикицас, Од дејноста на ЕЛАС во Македонија 1940-1945, прв дел, Сл IV 523/I , 223-224

[375] Егејска Македонија . . . . т. VII, кн. 1, док. 108, 256.

[376] S. Vukmanović-Tempo, Revolucija. . . , knj. 3, 2.

[377] Егејска Македонија . . . , т. VII, кн. 1, док. 126, 295.; Р. Киријазовски, Штабот . . . . сп. Историја, XXVI - XXVII / 1 - 4, 1992, 66.

[378] Егејска Македонија . . . , т. VII, кн. 1, док. 158, 349. ; Извори, т. I, кн. 2, док. 38, 204. ; С. Вукмановиќ - Темпо, Борба. . . . , 133.

[379] Извори, т. I, кн.2, док. 35, 166. ; док. 42, 216 .

[380] Раководството на ЕАМ на 5 јули 1943 г. потпишало спогодба за ставање на ЕЛАС под команда на британскиот Штаб за среден исток, и наскоро ГШ и другите воени штабови на

"национално единство", започнало да тактизира и да не ги исполнува договорите за формирање на БШ.[381]

Последната средба во врска со БШ помеѓу претставниците на трите ослободителни движења , се одржала ноќта меѓу 17 и 18 август 1943 г. во с. Кастања , Тесалија.[382] На состанокот присуствувале Темпо, Кочи Sose и како преставници на КПГ, секретарот на ЦК на КПГ Ѓорѓис Сјантос, секретарот на Обласниот комитет на КПГ за Тесалија Костас Гифтодимос и секретарот на Епирското биро на КПГ и одговорен за соработка со балканските комунистички партии Панделис Карагицис.[383] На состанокот не била постигната согласност за формирање на БШ, бидејќи според претставниците на КПГ, тоа било преурането и давало повод за обвинување од страна на западните сојузници и од страна на реакционерните и граѓанските политички субјекти дека создаваат некаква балканска комунистичка интернационала.[384] Сепак, според нив, доколку би дошло до промена на ситуацијата на меѓународен и балкански план идејата за формирање на БШ би можела да се реализира , а како подготовка треба да се воспостави "цврста меѓусебна врска, преку радио станиците меѓу сите штабови на балканските земји и воена координација", да се врши "популаризирање на борбата што ја водат балканските народи" и да се воспостави "цврста врска помеѓу балканските партии и заемна размена на пропаганден материјал", а по потреба да се одржуваат "заеднички состаноци на сите делегати на балканските партии".[385] Истовремено, претставниците на КПГ, прифатиле целосна соработка на воен и политички план во пограничните подрачја.[386]

---

ЕЛАС биле екипирани со британски офицери за врска. Егејска Македонија . . . , т. VII, кн. 1, док. 119, 283 - 285. ; П. Раковски , КП на Грција и . . . , , 46.

[381] Командантот на ГШ на ЕЛАС и учесник во преговорите , Стефенос Сарафис во своето мемоарско дело ги наведува обврските кон британските сојузници како решавачки за резервираниот однос на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС кон иницијативата за формирање на БШ. Документационо одделение на ИНИ , Стефанос Сарафис , ЕЛАС , Атина , 1946 , I дел , Сл. IV 204/I , 151.

[382] Р. Киријазовски , Штабот . . . , сп. Историја , XXVI - XXVII / 1 - 4 , Скопје, 1992 , 68.

[383] Исто, 68 - 69.

[384] Извори, т. I, кн. 2, док. 47, 265.

[385] Исто.

[386] Исто, 264.

БРП од своја страна, долго време се држела резервирано во однос на активностите околу реализација на иницијативата за формирање на БШ.

Според информацијата на Светозар Вукмановиќ-Темпо до ЦК на КПЈ од почетокот на август 1943 г., БРП "решила да учествува во Балканскиот Штаб"[387], а во септември 1943 г. раководството на БРП реагирало на иницијативата, со писмо до својот претставник во Македонија, Бојан Блгаранов. Во писмото се барало објаснувања за суштинските намери на иницијативата за формирање на БШ и се изразувале резерви кон формирање на едно општобалканско воено-политичко тело со "раководни оперативни функции". Бил изнесен ставот дека претставниците во БШ "не можат да имаат неограничени полномоштва и да решаваат воено-политички прашања", туку да работат само на одржување на контакти, врски и размена на информации меѓу движењата на отпорот на Балканот.[388] Всушност со писмото, раководството на БРП ја отфрлило идејата за БШ како врховно воено-политичко тело на движењата на отпорот на Балканот , но прифатило да се формира БШ кој би имал ингеренции "во областите од Балканот , кои ги опфаќаат Албанија и Македонија, завладеани некогаш од Србија, Грција и Бугарија а сега од Бугарија, Германија и Италија" односно БШ кој би имал ингеренции во пограничните области.[389]

Децидното неоткажување од идејата за формирање на БШ од страна на КПГ, прифаќањето и нешто подоцнежното именување на делегат за БШ од страна на БРП[390] , безрезервната подршка од албанското движење на отпорот, биле доволни Темпо да инсистира за реализација на иницијативата и во наредниот период . На 26 септември 1943 г. тој испратил писмо до ЦК на КПГ[391] во кое барал дефинитивно изјаснување во врска со иницијативата. Со

[387] Исто, док. 38, 204.
[388] БКП, Коминтернът и македонският въпрос 1917-1946 , София , 1999 , т. втори, 1083-1085.
[389] Исто.
[390] Според известувањето на Темпо во телеграмата до ВШ на НОВ и ПОЈ од 29 октомври 1943 г. , за делегат на бугарското движење на отпорот во БШ бил именуван Бојан Блгаранов кој бил и претставник на ЦК на БРП при партиската организација во Вардарскиот дел на Македонија. Т. Симовски , Доаѓањето на бугарската мисија при врховниот штаб на НОВ и ПОЈ во септември 1943 година и меѓународните импликации , ГИНИ XXVII/3 , Скопје , 1983 , 55.
[391] Извори . . . ,т. I, кн. 1, док. 56, 299 - 300.

писмото од 8 август 1943 г.[392] го известил и ЦК на КПЈ за својата активност во врска со преговорите за формирање на БШ, за состојбата со соседните ослободителни движења и за остварената и планирана соработка со нив .

Сосема неочекувано, епитафот на иницијативата бил напишан од местото од каде што таа и потекнала односно од Јосип Броз - Тито и раководството на југославенското движење на отпорот.[393] Откажувањето на иницијативата се случило во услови на прифаќање на истата од сите инволвирани страни. Имено, согласноста и поддршката на КПА во ниеден момент не била доведена во прашање, во август-септември 1943 г. БРП веќе се согласила да учествува, а до крајот на 1943 г. тоа го сторила и КПГ.[394] Меѓутоа, Јосип Броз - Тито со радиограмата од 21 септември 1943 г.[395], потоа со писмото од 9 октомври 1943 г.[396] и на крајот со писмото од 6 декември 1943 г.[397] му наредил на Темпо да ги прекине сите активности околу реализацијата на иницијативата за формирањена БШ .

Најпрво со радиограмата од 21 септември 1943 г. лапидарно се наредувало да не се "создава Балкански штаб, зашто тоа сега е политички неправилно"[398], а во писмата од 9 октомври и 6 декември веќе опширно и остро се критикувала целата идеја. Во писмото од 9 октомври 1943 г. стои дека "Секое создавање во сегашнава ситуација на некој заеднички штаб би било погрешно, па дури и штетно"[399] , а во второто писмо дека "Формирањето на каков било балкански штаб од основите е погрешно. Нема никакава причина која во денешнава ситуација - меѓународна - а исто така и овдека на Балканот, би говорела за тоа".[400]

---

[392] Исто, кн. 2, док. 38, 183 - 205.
[393] Ристо Кирјазовски смета дека иницијативата за формирање на БШ пропаднала со ставовите на КПГ од август 1943 г. Р. Кирјазовски, Штабот. . . , сп. Историја, XXVI - XXVII / 1 - 4 , Скопје, 1992, 70.
[394] С. Вукмановиќ - Темпо, Борба. . . , 199, 222.
[395] Тито, Собрани дела, т. 16, 249.
[396] Исто, т. 17, 39 - 42.
[397] Исто, т. 18, 19 - 22.
[398] Исто, т. 16, 249.
[399] Исто, т. 17, 39.
[400] Исто, т. 18, 19.

Од писмата, може да се заклучи дека раководството на НОДЈ на чело со Тито, во целата ситуација околу БШ поаѓале од потребите на НОДЈ како целина и ги имале во предвид пред се меѓународните импликации од иницијативата за формирање на БШ. Изнесено било дури сомневање дека е можно целата идеја индиректно да е подметната од Велика Британија и САД во контекст на дискредитација на НОДЈ.[401] Се нагласувало дека "строго" треба да се води сметка дека Југославија е се уште меѓународно призната држава и дека тие рамки не смеат да се "пречекорат" со разни "пароли" и "фрази" кои би дале основа за обвинувања од типот на "балкански болшевизам, болшевизација на Балканот и слично на тоа".[402] Според Тито, БШ е "една бесмислица - зошто таков не постои ниту може да постои ( со 4 команданти и 4 комесари )" и "всушност би требало да ги потисне нашата Народноослободителна борба , Врховниот штаб . . ." а за сметка на "некое општобалканско движење кое уште ни приближно не се искристализирало во процесот на борбата".[403] Бил заземен став дека "во рамките на националните граници мораат да постојат раководни воени центри, кои можат да соработуваат врз сојузничка основа, било преку воени претставници или политички претставници , заради координација на операциите и пренесување на искуствата од таа борба".[404]

Согласно ваквите ставови, Тито врши "редукција на задачите" на Темпо[405] при што насоките за дејствување се кон соработка, размена на искуства и давање помош на останатите левоориентирани движења на отпорот. Во тој контекст се потенцира раководната улога на југословенското движење на отпор на Балканот и согласно со тоа, КПЈ и НОДЈ требало да

[401] Исто, т. 17, 39, 49.
[402] Исто, т. 18, 20.
[403] Исто, 19.
[404] Исто, 20.; т. 17, 39 - 40. Дека во понатамошниот период на соработката и понатаму и се придавало големо внимание во рамките на НОДЈ , индиректно сведочи и тоа што во рефератот на Тито на Второто заседание на АВНОЈ , во контекст на антифашистичката борба во Македонија , било нагласено дека "Партизанското движење во Македонија е тесно поврзано со партизанското движење во Албанија и Грција , а истовремено се јавува како сериозна поддршка во развивањето на партизанското движење во саамата Бугарија. Н. Велјановски , АСНОМ - државотворни . . . , 62.
[405] B. Petranović, Balkanska federacija. . . , 67.

бидат "центар за балканските земји како во војнички така и во политички поглед".[406] Како поткрепа на ова се вели дека тоа е и "мислење на Москва".[407]

Негативните ставови на Тито и донесеното решение за откажување на активностите околу иницијативата за формирање на БШ, биле направени врз база на "прилично нејасни"[408] информации, а од писмата се гледа дека воопшто не биле согледани можните импликации од иницијативата врз македонското национално прашање. Фактички, раководството на НОДЈ и Ј.Броз-Тито за развојот на борбата во Македонија и за активностите за формирање на БШ, подетални информации добиваат непосредно пред почетокот на Второто заседание на АВНОЈ, кога Иван Милутиновиќ од II Корпус на НОВ и ПОЈ во Црна Гора ги донел писмата на Светозар Вукмановиќ-Темпо до ВШ на НОВ и ПОЈ и ЦК на КПЈ.[409]

Тешкотиите и хронолошкото развлекување на процесот за формирање на БШ и самиот неуспех во тоа, ја покажуваат различната состојба во која се наоѓале балканските антифашистички левоориентирани движења на отпорот. Највисокиот степен на развиток на НОДЈ го објаснува иницирањето на поблиска воено - политичка соработка, изразена преку иницијативата за БШ, и тоа всушност претставувало обид да се излезе од сопствените рамки кои станувале претесни. Меѓутоа, во променет меѓународен воено - политички контекст кон крајот на 1943 г. раководството на НОДЈ со потезите што ги повлекло, односно со откажувањето на иницијативата , само уште еднаш ја потврдило "меѓународната зависност на малите движења од големите сили".[410] Ова се потврдува и со тоа што откажувањето дошло со доаѓањето на британската воена мисија на чело со бригадниот генерал - Фицрој Меклејн при ВШ на НОВ и ПОЈ во септември 1943 г. и со доаѓањето од Москва на бугарската мисија при ВШ на НОВ и ПОЈ на 19 септември 1943 г.[411] Со овие настани од есента 1943 г., НОДЈ веќе целосно било вклучено во "игрите"

---

[406] Тито, Собрани дела, т. 17, 40.
[407] Исто.
[408] Исто, 39.
[409] Т. Симовски, Доаѓањето на . . . , ГИНИ XXVII/3, Скопје, 1983, 50.
[410] B. Petranović, Balkanska federacija. . . ,70.
[411] Т. Симовски, Доаѓањето на . . . , ГИНИ XXVII/3, Скопје, 1983, 44.

околу поделбата на сферите на интерес меѓу големите сили од антифашистичката коалиција и како реперкусија на тоа дошло до заменување на дотогашниот "револуционерен радикализам" со "реал политика".[412]

Хронолошкото поклопување на доаѓањето на двете мисии при ВШ на НОВ и ПОЈ со наредбите до Светозар Вукмановиќ-Темпо за прекинување на активностите за формирање на БШ, тешко може да се смести во сферата на случајното. Најпрво , британските политички и разузнавачки кругови имале сигурни информации за активностите околу иницијативата[413] , и сосема е веројатно дека после пристигнувањето, Фицрој Меклејн интервенирал кај Ј.Броз-Тито во правец да се стопираат таквите активности. Исто така, сосема е веројатно дека бугарската мисија која пристигнала од Москва имала добиено инструкции да интервенира кај раководството на НОДЈ за да се спречат активностите на Светозар Вукмановиќ-Темпо за формирање на БШ. Ваквата констатација иако индиректно, сепак има потврда при анализата на документите на НОДЈ од есента 1943 г. во врска со БШ. Имено , во своите писма Тито непрестајно инсистира на тоа дека идејата за БШ е "подметната" од западните сојузници, а дека за таквата "опасност" детални информации можат да даваат членовите на БРП кои пристигнале од Москва и кои од Босна преку Санџак, Косово и Македонија се упатиле за Бугарија.[414] Така , не само што во писмото на Тито до Светозар Вукмановиќ-Темпо од 9 октомври 1943 г. на двапати се укажува дека Темпо во врска со импликациите од иницијативата за БШ и соработката на левоориентираните движења на отпорот на Балканот ќе може "опширно"[415] и "детално"[416] да разговара со претставниците на БРП кои се упатиле за Бугарија , туку тие претставници на БРП , за "опасностите" од формирањето на БШ требало да им "објаснат" и на раководителите на

---

[412] Исто, 69.

[413] Британските воени мисии во Македонија-Документи 1942 - 1945, Скопје , 2000 , док. 22, 122-123.

[414] Благој Иванов , Павел Црвуланов и Иван Прванов Пејчев биле тројцата членови на БРП кои со помош на НОДЈ на 10 октомври 1943 г. од ВШ на НОВ и ПОЈ во Босна се упатиле за Бугарија. Во ВШ како претставник на БРП останал единствено Штерју Атанасов. Т. Симовски, Доаѓањето на . . . , ГИНИ XXVII/3 , Скопје , 1983 , 43 , 47.

[415] Тито, Собрани дела, т. 17, 39.

[416] Исто, 40.

Штабот на II Корпус на НОВ и ПОЈ.[417] Освен тоа, премногу индикативно е поклопувањето на голем дел од критиките на Јосип Броз -Тито со ставовите за БШ што БРП ги изнела во своето писмо од септември 1943 г.[418]

Безрезервното прифаќање на иницијативата од страна на КПА и албанското движење на отпор се должело на константниот пораст на вооружената борба, интересот за вклучување во општата антифашистичка борба и на албанците надвор од границите на матичната земја, доволната доза на револуционерен романтизам и секако големото влијание на КПЈ кај албанските раководители.[419]

Ембрионалната фаза во која се наоѓала вооружената борба во Бугарија и недефинираните и погрешни ставови што ги имала заземено БРП по редица прашања, придонеле и за незаинтересираниот однос на БРП и кон иницијативата за формирање на БШ. Згора на тоа, на иницијативата се гледало крајно недоверливо, како на обид за потчинување на балканските КП од страна на, во тие моменти, највлијателната и најмоќната КПЈ.[420] КПГ и ЕАМ се наоѓале во најделикатна ситуација. Тие биле присилени да еквилибрираат помеѓу, од една страна сопственото "левичарство" и потребата за понатамошно зголемување на степенот на развој на вооружената борба и од друга страна, погрешната политика кон македонскиот народ, политиката на "национално единство и востановеното големо влијание на британските сојузници". Поради тие причини, КПГ не ја искористила иницијативата за формирање на БШ за ослободување од притисокот што и го вршел британскиот фактор, туку во функција на сопствената стратегија и тактика, заземала различни, честопати спротивставени ставови.[421]

Иницијативата за соработка и координација помеѓу балканските антифашистички левоориентирани движења, формулирана како иницијатива

---

[417] Исто, 49.
[418] Ц. Драгойчева, цит. статија, сп. Септември, XXX/1, София, 1979, 63-64.
[419] В. Дедијер, Југословенско - албански . . . , 10 - 234.
[420] С. Вукмановиќ - Темпо, Борба. . . , 113 - 122.
[421] Н. Пејов, Облиците на соработка меѓу НОБ на Југославија и на Грција - значаен фактор за развојот на отпорот во Егејска Македонија во текот на народноослободителните борби на Балканот, Зб. Основањето и . . . , кн. 2, 925.

за создавање на БШ, и покрај сложените и лимитирачки фактори, пред се различниот степен на развојот на борбата и различниот однос кон македонското национално прашање, од своја страна, извршила експлицитни влијанија врз степенот на развој на вооружената борба на територијата на Македонија и вршела имплицитни влијанија врз македонското национално прашање.

## 3. Врските и соработката на ослободителните движења на македонскиот народ во 1943 година

Иницијативата за формирање на БШ, односно координацијата и соработката на балканските антифашистички движења на отпор, не само што вршела влијание врз развојот на вооружената борба на територијата на Македонија, туку вршела влијание и во правец на квантитативно и квалитативно развивање на врските и соработката на поделеното МНОД односно во правец на поврзување на вооружената борба на македонскиот народ. Всушност, тоа поврзување било императивно вклучено во процесот на реализацијата на иницијативата за формирање на БШ.

Договорите од 20 и 25 јуни 1943 г. и низата на воено - политички активности за реализација на иницијативата за формирање на БШ, иако со различен интензитет во поедини подрачја на Македонија, извршиле влијание врз развојот на вооружената борба на македонскиот народ. Со нив, МНОД од Вардарскиот дел на Македонија обезбедил поголем маневарски простор и предуслови за постепено инкорпорирање на албанското население од Западна Македонија во вооружената борба, а поголеми можности за инкорпорирање во вооружената антифашистичка борба добило и македонското население од делот под Албанија. МНОД од Егејскиот дел обезбедило нешто поблагопријатни услови за дејствување и вклучување во рамките на ЕЛАС, со што донекаде се отварале перспективи, преку масовна вооружена борба да се избори национална слобода. Поради односот на БРП кон иницијативата и кон македонското национално прашање, влијанијата од неа најмалку се почувствувале во Пиринскиот дел на Македонија.

Проблемот за координација и соработка, во граничните подрачја на дејствување на МНОД од Вардарскиот дел на Македонија, со соседните МНОД кои дејствувале како составни делови на левоориентираните движења на отпор, еднострано, во функција на вооружената борба на Вардарскиот дел, Светозар Вукмановиќ - Темпо се обидел да го реши уште со наредбата до ГШ

на НОПОМ од март 1943 г. за формирање на ОЗ.[422] На штабовите на ОЗ по нивното конституирање, поединачно, им се наредувало да воспостават врски и соработка со движењата на отпорот во соседните територии на Вардарскиот дел на Македонија.[423] Со тоа Темпо фактички прејудицирал одредени потези во врска со иницијативата за БШ.

Според договорите за создавање на БШ, заедничка воена соработка требало да се воспостави во пограничните подрачја Гевгелија - Зена - Горна Џумаја, Битола - Лерин, Преспа - Корча, Кичево - Елбасан, Северна Албанија - Косово, Костур - Јанина - Корча.[424] Операциите на тие подрачја требало да се изведуваат "под раководство на заеднички оперативен штаб".[425] Истовремено, одредите политички требало да дејствуваат во правец на популаризирање на борбата против окупаторите што ја водат балканските народи, а меѓу македонскиот народ во Егејскиот дел и албанскиот народ во Западна Македонија и на Косово и Метохија, политичката работа требала да биде во правец на нивно помасовно вклучување во вооружената борба на грчкиот односно македонскиот народ.[426] Набрзо по вака утврдената соработка во документите од 20 и 25 јуни 1943 г. следеле и соодветни инструкции за операционализација на истите.[427]

Воено-политичката соработка на територијата на Западна Македонија, помеѓу МНОД и албанското движење на отпор, во текот на 1943 г. се повеќе се наметнувала како неопходна потреба. Тоа значело дека дотогашните врски и контакти требало да се издигнат на повисоко ниво односно да започнат да се изведуваат заеднички воени акции. Интенцијата за поблиска соработка пролетта - летото 1943 г., била присутна и кај МНОД [428] и кај албанското движење на отпорот.[429]

---

[422] Zbornik dokumenata. . . , t. VII, kn. 1, dok. 68, 217 - 222.
[423] Исто, 221.
[424] Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 36, 169.; док. 38, 198. ; Егејска Македонија . . . , т. VII, кн. 1, док. 102, 239.; док. 122, 289.
[425] Егејска Македонија . . . , т. VII, кн. 1, док. 106, 252.
[426] Исто.
[427] Исто, док. 122, 288.; Извори, т. I, кн. 2, док. 36, 169.
[428] Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 30, 141.; док. 32, 158.; Zbornik dokumenata. . . , t. VII , kn.1 , dok. 58, 188. ; dok. 84, 263.
[429] Zbornik dokumenata. . . , t. VII, kn. 1, dok. 76, 244.

Воспоставените врски и соработка од 1942 г. со албанското ослободително движење добро функционирале и во 1943 г. Со цел тие врски да се продлабочат, во Албанија неколку пати престојувал членот на ЦК на КПМ, Страхил Гигов, а воспоставените врски со Корча, Елбасан и Тирана биле од голема полза во соработката помеѓу двете ослободителни движења.[430]

Во правец на развивање на соработката, значајно било дејствувањето на ПО "Даме Груев" кој уште од почетокот на февруари 1943 г. честопати преминувал на албанска територија, која му служела како база за консолидација и одмор, а имал и заеднички дејства со албанските партизани.[431]

Иницијативата за формирање на БШ уште повеќе ги засилил ваквите интенции. Во јули 1943 г. штабот на ПО "Гоце Делчев" одржал состанок со претставник на Окружниот комитет на Корча и била воспоставена координација на акциите.[432] Повикувајќи се на договорите во врска со БШ, Кузман Јосифовски - Питу од името на ГШ на НОВ и ПОМ, на 11 август 1943 г. испратил писмо до штабот на Баталјонот на Хаџи Леш со барање тој да премини на територијата на Западна Македонија.[433] Со извесно задоцнување оваа единица тоа и го сторила и учествувала во повеќе акции за одбрана и проширување на слободната територија, а особено бил значаен нејзиниот ангажман во борбите за Дебар од 29 октомври до 3 ноември 1943 г.[434] Штабот на II ОЗ на 3 септември 1943 г. испратил писмо до албанскиот партизански баталјон "Мокра", со барање, согласно договорите околу иницијативата за БШ, да се организираат заеднички акции.[435] Кон крајот на септември 1943 г. на територија на Македонија во делот под Албанија, односно во околината на Подградец, пристигнал Пенко Здравковски, член на

---

[430] Документационо одделение на ИНИ, Реконструкција на Окружниот комитет - Тетово, Р - 35 - 1, 61.
[431] Zbornik dokumenata. . . , t. VII, kn. 1, док. 57, 186.; док. 58, 188.; док. 60, 191.; В. Ивановски, Ослободителната војна . . . , 138.
[432] Zbornik dokumenata. . . , t. VII, kn. 1, dok. 90, 312.
[433] Исто, док. 99, 354 - 355.
[434] В. Ивановски, Ослободителната војна . . . , 176 - 184.
[435] Zbornik dokumenata. . . , t. VII, kn. 1, dok. 113, 396.

Вториот обласген комитет на КПМ, и воспоставил цврсти врски помеѓу МНОД и албанското ослободително движење.[436]

Успешната соработка и заедничките акции на единиците на двете ослободителни движења, придонеле постепено да се промени политичката клима сред албанското население во Западна Македонија кое почнало во поголеми размери да се вклучува во вооружената борба предводена од силите на МНОД од Вардарскиот дел на Македонија.[437]

Соработката помеѓу движењата на отпорот на Југославија и Грција, во текот на 1943 г., била интензивна и истовремено политички чувствителна. Тоа се должело на инкорпорираноста во неа на МНОД од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија, што во услови на различни ставови кон македонското национално прашање, предизвикувало дисхармонично однесување, најпрво на ниво на односи помеѓу југословенското и грчкото движење на отпор, а потоа на ниво на односи помеѓу македонските и вон македонските партиципиенти во таа соработка.

Врски и контакти помеѓу партизанските единици од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија, како континуитет од претходната година, имало уште од почетокот на 1943 г. на подрачјето Битолско - Леринско. Окружниот комитет на КПЈ за Битола го согледал воено - стратегиското значење на територијата на Егејскиот дел и во писмата до ПО "Јане Сандански" , кој од почетокот на годината се наоѓал на тој терен, ја нагласувал потребата од поврзување со грчките партизани и изведување на заеднички акции.[438] Така Страхил Бегинов , секретар на Окружниот комитет, во писмото од 23 јануари 1943 г. до раководството на ПО "Јане Сандански" пишувал : "Гледајте на секој начин а поготову сега кога веке сте се поврзале со Г.П. ( ПО "Ѓорче Петров"- б.н. ) да се поврзете и со Г. ( грчките - б.н. ) партизани, јер тије ке ви бидат преко потребни не само за сега ами и за будуќе, за да би така могле взаимно да дејствувате и ја засилите активноста на акцији правење, јер това го

[436] Документационо одделение на ИНИ, Фонд: Втор обласен комитет , кут. 16, инв.бр. 475.

[437] S. Fidanova, Albanska narodnost u Makedoniji u vreme Narodnooslobodilačkog rata i narodne revolucije Zb. Makedonija od ustanka do . . ., 244 - 247.

[438] Zbornik dokumenata. . . , t. VII, kn. 1, dok. 55, 183.; dok. 56, 184.; dok. 57, 186. ; Извори . . . . т. I, кн. 5, док. 6, 320.; док. 19, 350.

дозволава новостворената ситуација на фронтовите, со преземањето иницијативата на сојузниците"[439] Согласно со вакките инструкции, раководството на ПО "Јане Сандански" уште во јануари 1943 г. организирал состанок со претставниците на КПГ за Леринско и Костурско, со цел да се зголеми меѓусебната соработка и да се направи координација во изведување на заеднички акции.[440] Меѓутоа, соработката во овај период била отежната заради резервите кон тоа што ги имала КПГ, а кои резерви произлегувале од нејзиниот погрешен однос кон македонското национално прашање.[441]

Значењето на соработката било согледано и од ПК на КПЈ за Македонија и ГШ на НОПОМ. Кузман Јосифовски - Питу во писмото испратено од името на ГШ до ПО "Јане Сандански" , на 10 февруари 1943 г. воспоставувањето на соработка го карактеризира како "необично важно".[442] Преку овој одред, раководството на МНОД од Вардарскиот дел во почетокот на 1943 г. се обидело да воспостави врска и канал за префрлување на грчки претставник во Вардарскиот дел, за водење на разговори за поблиска меѓусебна соработка.[443] Меѓутоа , иако партиската организација во Битола и Битолско и раководството на ПО "Јане Сандански", преку Никола Тодоровски-Коле Канински и Ванчо Прке - Сермен, воспоставиле контакт и ја завршиле целата организација за прифаќање на претставник на КПГ, сепак, заради индиферентниот однос и спорото реагирање на КПГ, средба помеѓу претставници на ПК на КПЈ за Македонија и КПГ не била одржана.[444]

Активноста на ПО "Јане Сандански", меѓу другото , придонела на 28 февруари во с. Лаген да се формира леринскиот ПО "Вичо", составен од Македонци и Грци.[445] На 5 април 1943 г. на леринско-костурскиот терен од теренот на Мала Преспа се префрлил реоргазираниот ПО"Даме Груев", после што двата ПО од Вардарскиот дел се соединиле и дејствувале под заедничко

[439] Извори. . . , т. I , кн. 5, док. 6, 320 - 322.
[440] Д. Константинов и други , Вриеж , 133-135.
[441] Извори. . . , т. I, кн. 5, док. 4, 315.
[442] Zbornik dokumenata. . . , t. VII, kn. 1, dok. 58, 187 - 188.
[443] Извори, т. I, кн. 5, док. 11, 340.; док. 17, 346 ; док. 19, 350.; док. 21, 353.
[444] Документационо одделение на ИНИ , Страхил Бегинов. . . , Сл. IV 807 , 116 , 121.
[445] Х. Андоновски , Македонците под Грција во. . . , 83 - 85.

име "Даме Груев".[446] ПО "Даме Груев" и ПО "Вичо" до 20 мај 1943 г. заеднички дејствувале на Леринско - Костурскиот терен, каде одржале низа на митинзи низ македонските села , му нанеле тешки воено - политички удари на контрачетничкото движење, а биле изведени и диверзантско саботажни акции на комуникациите.[447] При разоружувањето на контрачетничките единици, македонските партизани не наидувале на некој посериозен отпор.[448] Двата одреда извесен период дејствувале под команда на заеднички оперативен штаб.[449] Освен тоа, како израз на добрата соработка во ПО "Вичо" биле вклучени битолските партизани Анести и Гавро Пановски, Трајче Грујовски и Никола Стефановски.[450] Со ПО "Вичо" останал и членот на Облсниот комитет на КПМ за Битола, Лазо Хаџи Поповски "кој покрај другото требаше да уреди редовни партиски и воени врски за соработка со КПГ и грчките партизани . . ."[451]

Успешната соработка меѓу МНОД од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија, продолжила и со формирањето на ПО "Гоце Делчев" во с. Прекопана, Костурско, на 20 мај 1943 г.[452] Од тој датум па до 12 јуни 1943 г. ПО "Гоце Делчев" и ПО "Вичо" дејствувале заедно, во правец на привлекување на македонското население на страната на антифашистичките сили, при што биле одржани повеќе митинзи и акции за разоружување на контрачетите.[453]

И организацијата на КПМ од Гевгелија и Гевгелиско, уште од

---

[446] Ѓ. Танковски - Лилин, Јован Кочанковски, Битолско - преспански народноослободителен партизански одред "Даме Груев" (1942-1944), Битола, 1998, 170.; Р. Кирјазовски, Врските и соработката. . . , Зб. Битола и Битолско . . . 1943 и 1944 , кн. 1 , 147.

[447] Ѓ. Танковски-Лилин, Ј. Кочанковски, цит. дело, 175-186.; Zbornik dokumenata. . . , t. VII , kn. 1, dok. 87, 303 - 306.

[448] Документационо одделение на ИНИ, Фонд. Киро Крстевски Платник , кут. 1, инв.бр. 38, Дневник на др. Платник од 1941 , 34

[449] Zbornik dokumenata. . . , t. VII, kn. 1, dok. 105, 369 - 370.

[450] L. Hađi Popovski, Prvi partizanski odredi Bitolja i. . . , Veze u NOB-u , knj. 2, 468.

[451] Документационо одделение на ИНИ, Благој Талески , Сеќавања за формирањето на II Обласен комитет на КПМ-Битола-Куси белешки , Сл. IV 882/34,3-4.

[452] Дневник на битолскиот партизански одред "Гоце Делчев", Зб. Битолските НОПО, 582 - 610.; Ѓорѓи Димовски, Формирањето и дејствувањето на партизанскиот одред "Гоце Делчев", Зб. Битола и Битолско . . . 1943 и 1944, кн. 2, 109 - 125.

[453] Исто.; Ѓ. Танковски-Лилин, Ј. Кочанковски, цит. дело, 196.; В. Ивановски и други, Хронологија . . . , 216-218.

пролетта 1943 г. преку Алеко Ќаев и неговата сестра, правела напори да воспостави поблиска соработка со КПГ и ЕАМ, со цел да обезбеди поголем маневарски простор за ПО "Сава Михајлов".[454]

Иницијативата за формирање на БШ и потпишаните документи во врска со неа од 20 и 25 јуни 1943 г. создавале поповолни услови за натамошна поуспешна соработка помеѓу движењата на отпор на Југославија и Грција, односно МНОД од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија. Во овој правец значајни биле и наредбата на ГШ на ЕЛАС за соработка со ослободителните движења на Балканот од 9 јули 1943 г.[455], и писмото на Темпо од 25 јули 1943 г. до ЦК на КПМ[456] и неговите усни инструкции во врска со соработката , дадени на Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ.[457]

Воспоставеното повисоко ниво на соработка, во рамките на МНОД на Вардарскиот дел, на површина го исфрлила организационото прашање за можноста или неможноста на ЦК на КПМ директно да комуницира со ЦК на соседните КП.[458] Двете писма што на 1 јули 1943 г. ги упатил Кузман Јосифовски - Питу, до ЦК на КПГ и до Обласниот комитет на КПГ за Лерин, потоа писмото на ЦК на КПМ до Македонското биро на КПГ од 16 јули 1943 г.[459] како и понатамошната директна комуникација укажуваат на позитивното решавање на организационата дилема.

Во целата оваа комуникација ЦК на КПМ, во функција на операционализација на договорите и инструкциите во врска со БШ, настојувал да се направат чекори кон понатамошно продлабочување на соработката и организирање на средба на претставници на двете партии.[460] Како резултат на таквите напори, кон крајот на август и почетокот на септември 1943 г., се одржал состанок во Солун, помеѓу претставникот на КПМ, Цветко Узуновски

---

[454] Документационо одделение на ИНИ, Стенографски белешки од состанокот на учесниците во Народната револуција за бившата Гевгелиска околија одржан на 24 , 25 и 26 мај 1957 година во Гевгелија , Р - 18 - 1 , 220.
[455] Егејска Македонија . . . , т. VII, кн. 1, док. 122, 288 - 289.
[456] Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 36, 169 - 171.
[457] Исто, док. 42, 222.
[458] Исто, док. 30, 144.
[459] Исто, док. 33, 161 - 162.
[460] Исто.

- Абас и претставникот на КПГ, Леонидас Стрингос - Алекос, на кој по долги дискусии се постигнала согласност со која, требало да се одржува стална и редовна врска, преку која врска би се вршела воена и материјална размена на помош, а било договорено воспоставување на врска помеѓу КПГ и БРП со помош на КПМ.[461]

Кон крајот на јуни и почетокот на јули 1943 г., ПО"Гоце Делчев" и ПО "Даме Груев" повторно преминале на леринскиот терен и извеле акции за разоружување на контрачетниците во селата Герман и Раково.[462] Овие и другите акции биле изведувани во соработка со ПО "Вичо" и "Бигла" кои биле во состав на ЕЛАС, но поголемиот дел од борците биле Македонци.[463] Во наредниот период, иако претежно дејствувале на подрачјето Битолско - Преспанско, сепак често пати престојувале и на територијата на Леринско, која служела како база за прибирање на прехрамбени продукти за партизаните и база за одмор и подготовки на нови акции.[464] Во август 1943 г. дел од ПО "Гоце Делчев" служел како пратечка чета на делегатот С. Вукмановиќ - Темпо при неговиот престој и движење низ Грција[465], а истиот месец група од 18 борци добиле задача да преземат сојузничка мисија за Вардарскиот дел на Македонија која се наоѓала во ГШ на ЕЛАС.[466]

По капитулацијата на Италија, територијата на Леринско претставувала слободна територија, која непрестајно служела како база за одмор и снабдување на единиците на НОВ и ПОМ од II ОЗ.[467] Овие единици на оваа територија не смееле да вршат никакви офанзивни акции, бидејќи тоа

---

[461] Според Цветко Узуновски средбата се одржала во Солун. Извори. . . , т. I, кн. 2, док. 60, 316.; док. 61, 321.; Документационо одделение на ИНИ, Сеќавања на Цветко Узуновски, Сл. IV 613 , 50. Ристо Киријазовски смета дека средбата се одржала "во едно село надвор од Енџе - Вардар". Р. Киријазовски, Врските и соработката. . . . Зб. Битола и Битолско . . . 1943 и 1944, кн. 1 , 147. Павле Раковски наведува само ". . . некаде надвор од Солун ". П. Раковски , КП на Грција и . . . ,71. Кај Тодор Симовски стои " . . . замина за Солун каде . . . ". Т.Симовски, Некои моменти од. . . . Зб. Ослободителната војна и . . . , 223.

[462] Zbornik dokumenata. . . , t. VII, kn. 1, dok. 87, 305 - 306.; dok. 90, 310.

[463] В. Ивановски и други, Хронологија . . . . 234-235 , 242.

[464] Ѓ. Танковски-Лилин, Ј. Кочанковски . цит. дело, 202-203.; Zbornik dokumenata. . . , t. VII, kn. 1, dok. 87, 305 - 306. dok. 90, 310.

[465] Ѓ. Димовски, цит. статија, Зб. Битола и Битолско . . . 1943 и 1944, кн. 2. 112.

[466] Извори. . . , т. I, кн. 2, док. 61, 319 .

[467] Исто, кн. 4 , док. 21, 91.;В. Ивановски и други , Хронологија . . . . 245.

било во спротивност со ставот на раководството на грчкото движење на отпорот во однос на стратегијата и тактиката во вооружената борба. На единиците на НОВ и ПОМ сето тоа им создавало големи пречки во нивното дејствување.[468] Во овој период, на овај терен како претставник на ГШ на НОВ и ПОМ претстојувал Иван Танев Дојчинов, со задача да работи на формирањето на заеднички македонско - грчки - албански штаб согласно иницијативата за формирање на БШ.[469]

По потпишувањето на документите за соработка од крајот на јуни 1943 г., врски , контакти и заедничко дејствување помеѓу МНОД од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија односно помеѓу единиците на НОВ и ПОМ и ЕЛАС, била воспоставена и на теренот на Гевгелиско - Мариовско - Мегленско. Најпрво, Тиквешкиот ПО "Добри Даскалов" и Гевгелискиот ПО "Сава Михајлов" под силниот притисок на бугарската војска и полиција и контрачетниците, кон крајот на јуни 1943 г., се префрлиле на територијата на Егејскиот дел на Македонија, каде биле прифатени и згрижени од населението од тамошните села, со посредство на организациите на КПГ и ЕАМ.[470] Одредите од Вардарскиот дел на Македонија веднаш добиле предупредување од страна на раководителите на ЕАМ и ЕЛАС на овај терен, дека "на грчка територија не би смееле да доаѓаат во судир со непријателите . . . ".[471] По извршената консолидација , во логорите на ЕЛАС на планините Кајмакчелан и Пајак, на 31 јули 1943 г. ПО од Вардарскиот дел на Македонија ја преминале повторно граничната линија со намера да се вратат во Гевгелиско, меѓутоа по непланираниот судар со локалната контрачета на 2 август 1943 г., повторно се вратиле на територијата на Егејскиот дел.[472] Имено, заради претрпените загуби

[468] Извори . . . .т. I, кн. 2, док. 61, 319.
[469] АМ, Фонд: Главен штаб на Македонија, кут. 35, инв.бр. 428.; Фонд: Втора оперативна зона, кут. 17, инв.бр. 798.; Извори. . . , т. I, кн. 4, док. 21, 99.; Зборник докумената. . . , т. VII , кн. 2, док. 28, 58.
[470] Документационо одделение на ИНИ , Танасис Мицопулос , Историја на XXX бригада на ЕЛАС (спомени и настани), прв дел, Сл. IV 416/I , 175-177.
[471] Документационо одделение на ИНИ. Сеќавања на Ристо Бајалски за неговата револуционерна активност пред војната и за време на Втората светска војна и по тоа , Скопје, 1981, Сл. IV 1056, 322.
[472] В. Картов, Гевгелија и гевгелискиот крај од Балканските војни до ослободувањето ( 1912 / 13 - 1944 ), Скопје, 1969, 164 - 177. ; В. Картов, Формирањето на Гевгелискиот партизански одред "Сава Михајлов" и неговите воено политички акции од мај до септември 1943 г. , сп.

во судирот со контрачетниците од Гевгелиско, кај борците од ПО "Сава Михајлов" и "Добри Даскалов" настапила извесна деморализација и заради тоа раководството на тие одреди и Штабот на III ОЗ сметале "дека ова расположение бара систематска политичка работа со борците, а за тоа условите тука се мошне тешки" и заради постоење на подобри услови решиле повторно да заминат на територијата на Егејскиот дел на Македонија.[473]

Согласно договорот од 17 - 18 август 1943 г. помеѓу претставниците на трите партии, секторот Мариовско - Megленско требало да претставува подрачје на активности во правец на продлабочување на соработката помеѓу движењата на отпорот на Југославија и Грција, со што било акцентирано, ионака големото оперативно - тактичко значење на овај терен.[474] После Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ , на ова подрачје , во функција на операционализација на соработката со грчкото движење на отпорот , бил испратен и дејствувал, членот на ЦК на КПМ и политички комесар на ГШ на НОВ и ПОМ, Цветко Узуновски - Абас.[475] Согласно задачите поставени на Преспанскиот состанок, договорите околу формирањето на БШ и наредбите од Темпо во писмото од 25 август 1943 г.[476], Ц. Узуновски заедно со командантот на единиците на ЕЛАС во тоа подрачје Петрос Мосхос, требало да пристапат "кон остварување на заеднички грчко - македонски оперативен штаб".[477] Во наредниот период, покрај веќе наведената средба во Солун со претставници на КПГ , Цветко Узуновски континуирано одржувал врски со раководители на грчкото движење на отпор во правец на унапредување на соработката.[478]

Кон крајот на август 1943 г., со наредба на ГШ на НОВ и ПОМ , на

Историја , VI / 1 , Скопје , 1970, 71 . ; Мито Теменугов - Железни, Борбениот пат на Гевгелискиот партизански одред "Сава Михајлов" , Гевгелија, 1968, 93 - 98.; А. Ќаев, Соработката со народноослободителното движење на Грција, Зб. Гевгелија и Гевгелиско во НОВ ( април1943 -мај 1945), Гевгелија , 1982, 343 - 345.

[473] Документациono одделение на ИНИ , Сеќавања на Ристо Бајалски . . . , Сл. IV 1056 , 329.

[474] П. Пепељуговски , Прилози за воената историја . . . , 255 - 267.

[475] Извори. . . , т. I, кн. 2, док. 41, 215 .

[476] Исто, док. 45, 236 - 244.

[477] Исто, 241.

[478] Исто, кн. 4, док. 19, 93.; кн. 3, док. 1, 11.; Документационо одделение на ИНИ . Фонд: Странски партии-КПГ, к. 39, инв. бр. 293.

подрачјето на планината Кајмакчелан, биле концентрирани ПО "Сава Михајлов" и "Добри Даскалов", а од Битолско, дел од ПО "Гоце Делчев".[479] Од овие одреди, кои се наоѓале на територијата на Егејскиот дел, на 24 септември 1943 г. бил формиран Првиот баталјон на III ОЗ "Страшо Пинџур".[480] На свечаноста при формирањето на Баталјонот биле присутни и грчки партизани и население од Егејскиот дел.[481] На овој терен на 30 октомври 1943 г. бил создаден и Вториот баталјон на III ОЗ.[482]

Со акциите на партизанските сили на ова подрачје, есента 1943 г., скоро целосно бил уништен бугарскиот пограничен систем на караули и била создадена компактна слободната територија , која ги опфаќала Мариовско во Вардарскиот дел и Мегленско во Егејскиот дел на Македонија.[483] На овај терен до крајот на 1943 г. продолжиле напорите за формирање на заеднички Оперативен штаб за единиците на НОВ и ПОМ и ЕЛАС, а биле водени преговори и со британските воени мисии во Грција за испраќање на воена помош за македонските партизани.[484] Територијата на Мариовско - Мегленско се покажала корисна и сигурна база за единиците на НОВ и ПОМ, а големото воено - стратегиско значење на овој сектор била една од причините, во декември 1943 г. главнината на силите на НОВ и ПОМ да премине токму на овој сектор.[485] При преминот на главнината на НОВ и ПОМ низ населените места македонското население во Егејскиот дел со одушевување ги дочекувало силите на МНОД од Вардарскиот дел на Македонија. Особено величенствен пречек на единиците на НОВ и ПОМ им бил приреден во

---

[479] План за префрлање на теренот на III ОЗ на дел од Битолскиот ПО " Гоце Делчев" имало уште во јуни - јули , согласно директивата на Темпо за формирање на ОЗ од март 1943 г. Zbornik dokumenata. . . , t. VII, kn. 1, dok. 87, 303 - 304.

[480] Исто, док. 20, 39 - 40.; док. 89, 245.; Извори . . . , т. I, кн. 1, док. 61, 321.

[481] Извори . . . , т. И, кн. 2, док. 60, 315.; Г. Мицопулос, Југословенски, грчки и бугарски партизани во борбата против заедничкиот непријател, ГИНИ, XIII / 1 - 2, Скопје, 1969, 90 - 91.

[482] Zbornik dokumenata. . . , t. VII , kn. 2, dok. 89, 245 - 246. ; М. Теменугов - Железни, цит. дело, 120.

[483] Т. Ристевски, Значењето на . . . , Зб. Слободните . . . , 261 - 262. ; П. Пепељуговски, Прилози за воената историја. . . , 435 - 438.

[484] АМ , Фонд: Главен штаб на Македонија , к. 35 , инв.бр. 601.

[485] Исто.

гратчето Соботско.[486] Во овој контекст , сигурно свое влијание имала и релативно добрата соработка со ЕАМ и КПГ , иако на моменти се јавувале и недоразбирања. Така, во почетокот на декември 1943 г. борци на НОВ и ПОМ од И И И ОЗ извршиле"напад врз железничкиот мост кај Острво" , и тоа било прва акција на силите на НОВ и ПОМ на територијата на Егејскиот дел на Македонија во овој сектор. Веднаш биле ставени забелешки за изведената акција од страна на раководството на ЕАМ на овој сектор, бидејќи тоа се косело со нивното барање единиците од Вардарскиот дел на Македонија да не вршат акции на територијата под контрола на ЕАМ и КПГ.[487]

Ставовите на БРП кон вооружената борба , македонското национално прашање и кон иницијативата за поврзување и координација на активностите на левоориентираните ослободителни движења на балканските земји, претставувале лимитирачки фактор за обидите за поврзување на борбата на македонскиот народ и поврзување на силите на разделените МНОД. Сепак, во 1943 г. и од партиското раководство на Пиринскиот дел на Македонија, и од КПМ односно раководството на МНОД од Вардарскиот дел, биле правени обиди за зацврстување и проширување, на од порано воспоставените врски, на регионално ниво.

Рakовoводството на МНОД, како израз на сопствената отвореност за соработка со соседните движења на отпорот, дозволило на 18 декември 1943 г. на планината Кајмакчелан да се формира посебен баталјон "Христо Ботев" од пребегнатите бугарски војници од граничната караула во с. Којнско.[488]

Со решенијата од Преспанскиот состанок, ЦК на КПМ го задолжил ИВ Обласен комитет да воспостави врска со партиската организација и раководството на МНОД во Пиринскиот дел на Македонија.[489] За таа цел, IV Обласен комитет на КПМ го задолжил Методија Митевски да ги зацврсти и прошири, од порано воспоставените врски со Пиринскиот дел кои оделе преку

[486] Документационо одделение на ИНИ, Фонд: Киро Крстевски Платник , кут.1, инв.бр. 38, Дневник на др. Платник од 1941, 41.
[487] Документационо одделение на ИНИ, Сеќавања на Ристо Бајалски . . . , Сл. IV 1056 , 333-334.;
[488] Исто, 337-348.; М. Апостолски, Од Кожуф до. . . , 48.; Пантелей Щерев, Общи борби на българския народ срещу хитлерофашистката окупация , София , 1966 , 91-92.;
[489] Ц. Узуновски , Белешки за националната. . . , сп. Историја , XIII/1 , Скопје , 1977 , 68 - 69.

семејството Меѓдуречки, со Горноџумајскиот областен комитет односно со неговите членови Никола Парапунов, Арсо Пандурски и Стојне Лисински.[490] Преку тие врски се подобрила размената на печатен партиски материјал, а се планирало и заедничко дејствување на партизанските сили од двата дела на Македонија.[491] Во овој контекст, како дополнителен лимитирачки фактор се појавувало немањето на партизански одреди на подрачјето од Источна Македонија.

Заинтересираноста за воспоставување на поблиска соработка особено била голема кај раководството на МНОД од Пиринскиот дел на Македонија, што се гледа од тоа што една од последните задачи на кои работел Никола Парапунов, била токму испраќањето на дел од борците на Горноџумајскиот ПО "Никола Калапчиев" да се обединат и заеднички да дејствуваат со партизаните од Вардарскиот дел на Македонија.[492]

Партиското раководство од Пиринскиот дел на Македонија, во текот на 1943 г., настојувало да ги продлабочи врските и соработката со МНОД од соседните околии на Егејскиот дел на Македонија. Преку партиската организација од Петрич и Петричкиот ПО "Андон Попов", била воспоставена редовна врска со штабот на ЕЛАС на планината Али - Ботуш. За одржувањето на оваа врска се грижел партискиот раководител од Петрич, Мирчо Разбојников. Една чета од одредот, презема низа на заеднички акции, со единиците на ЕЛАС кои дејствувале во пограничниот реон.[493]

---

[490] Документационо одделение на ИНИ, Биографија на Марика П. Георгиева (Меѓдуречка), Сл. IV 117 , 4.; М. Тодоровски, Прилог кон ослободителното движење во Пиринскиот дел на Македонија во 1943 година, Зб. Слободните територии . . . , 173.; В. Јотевски, Националната афирмација. . . , 49.
[491] В. Јотевски, Националната афирмација. . . , 49.
[492] Исто.
[493] Д. Митрев, цит. дело, 240 - 241 .

# 4/ Соработката на ослободителните движења на Југославија ( Македонија ) , Грција, Бугарија и Албанија и македонското национално прашање

Иницијативата за координација и поблиска соработка на левоориентираните антифашистички движења на отпорот на Балканот, перспективно поставена како потенцијално воено - политичко јадро за идна балканска федерација или конфедерација и со инволвираноста во неа на силите на МНОД и императивното поврзување на борбата на македонскиот народ од сите делови на Македонија, имала соодветни импликации врз македонското национално прашање односно врз перспективите за неговото интегрално решавање. Во таа тесна врска меѓу трите компоненти, постоел процес на меѓусебна зависност во кој македонското национално прашање вршело силно влијание врз иницијативата за формирање на БШ и врз процесот на поврзување на вооружената борба на македонскиот народ.

Релевантноста на македонското национално прашање за било какви воено - политички чекори на Балканот се покажало уште во почетните преговори меѓу Светозар Вукмановиќ-Темпо, Тилемахос Верверис - Григорис и албанските раководители. Во документот од 20 јуни 1943 г. откако било констатирано дека за соработката помеѓу НОВЈ и ЕЛАС "како проблем се јави воено политичкото прашање на Македонија" стои : "Македонија досега беше поделена. Таа претставувала монета за поткусурување во империјалистичките војни. Потребно е главните штабови на заинтересираните балкански земји да потпишат заедничка изјава, со која ќе му се признае правото на македонскиот народ на самоопределување".[494]

Во "Заклучоците" од 20 јуни 1943 г. децидно било набележано и прашањето за соработката односно поврзувањето на вооружената борба на македонскиот народ од сите делови на Македонија, што сведочи за неговата

---

[494] Егејска Македонија . . . , т. VII, кн. 1, док. 102, 239.

кохерентност со македонското национално прашање и иницијативата за формирање на БШ. Во "Заклучоците" бил заземен став дека "пред сите балкански земји се постави како проблем соединувањето на сите македонски елементи во борбата за ослободување на Македонија и нивиниот придонес заедно со народноослободителните сили на Југославија, Грција и Албанија во светата борба против окупаторот и фашизмот" односно делегатите на Југославија и Албанија "сметаат дека е потребно и корисно да му се даде можност на македонскиот народ да стапи во народноослободителна борба".[495] Делегатот на КПГ по ова прашање го издвоил ставот дека со прифаќање на претходните ставови би се постигнала поголема мобилизација на Македонците од Егејскиот дел, кој според него се само 10 % од населението во цела Грција односно 60 % од населението во подрачјето на Лерин, Воден и Костур, но би било предизвикано незадоволство кај грчкото население кон КПГ. Згора на тоа како потврда на чувствителноста на проблемот со поврзување на вооружената борба и на македонското национално прашање бил запишан и ставот на претставникот на КПГ "дека проблемот е деликатен и дека треба и ќе биде разгледан од ЦК на КП на Грција".[496]

И во преговорите од 25 јуни 1943 г. проблематични биле ставовите околу македонското национално прашање и поврзувањето на борбата на македонскиот народ. Во "Заклучоците" од овој состанок откако било констатирано дека партизанските единици од Вардарскиот дел на Македонија кои преминуваат на територијата од Егејскиот дел, треба да работат во правец на вклучување на тамошното македонско население во заедничка борба со Грците преку ЕЛАС, се велело дека "заедничката борба со Грците ќе им обезбеди рамноправност и ќе ги ослободи од секакво национално угнетување".[497] Ваквиот став бил донесен на инсистирање на претставниците на КПГ[498] , меѓутоа бидејќи бил далеку од принципиелното поставување на

---

[495] Исто.
[496] Исто.
[497] Исто, док. 106, 253.
[498] Р. Кирјазовски , Штабот . . . , сп. Историја, XXVI - XXVII / 1 - 4, Скопје, 1992, 66.; Дел од раководителите на КПГ ги толкувале заклучоците од состанокот за формирање на БШ , како

македонското национално прашање и аспирациите на МНОД и НОДЈ, во понатамошниот текст на документот се велело дека "на ова прашање претставниците на Југославија и Албанија ставија забелешка и изразија мислење дека уште во текот на војната треба да му се признае правото на самоопределување на целиот македонски народ".[499] Употребената компромисна формулација дека "сите претставници биле согласни Балканскиот штаб да издаде начелна декларација дека сите проблеми меѓу балканските народи ќе се решат врз основа на братска соработка и принципот за самоопределување на народите"[500], всушност немала практични импликации, туку само ги потенцирала разликите и го оставала македонското национално прашање за решавање во наредниот период. Вака дефинираните ставови на КПГ, биле потврдени и на средбата од 18 - 19 август 1943 г.[501]

Обидите на раководството на КПГ, од една страна што е можно повеќе да го игнорираат македонското национално прашање, а од друга страна да биде воспоставена воено - политичка соработка во пограничните подрачја, во понатамошниот период се покажала како неможна. Ваквата констатација најексплицитно може да се извлечи од заклучоците донесени на средбата помеѓу Цветко Узуновски и Леонидас Стрингос и од нивното непочитување од страна на КПГ. Имено, на таа средба се покажало дека импликациите од македонското национално прашање имаат првостепено, дури и круцијално значење за соработката на балканскиот простор.[502]

Најголемиот дел од договорот помеѓу Цветко Узуновски и Леонидас Стрингос се однесувал на проблеми сврзани со македонското национално прашање. Се предвидувало МНОД од Вардарскиот дел да испрати "еден другар во Солунската околија и еден во Леринската за работење со македонците"[503], а била постигната согласност ЕАМ и КПГ да "издаваат лист

---

можен обид за создавање на "Независна македонска партија" и "Македонска национална армија". АМ , Фонд: Егејска Македонија во НОБ , кут. 18, инв. бр. 7.

[499] Егејска Македонија . . . , т. VII, кн. 1, док. 106, 253.

[500] Исто.

[501] Извори. . . , т. I, кн. 2, док. 45, 239 - 240.; док. 47, 264 - 265.; кн. 4, док. 15, 72 - 73.; Р. Киријазовски , Штабот . . . , сп. Историја, XXVI - XXVII / 1 - 4, Скопје , 1992, 66.

[502] Документационо одделение на ИНИ, Сеќавања на Цветко Узуновски, Сл. IV. 613, 50.

[503] Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 61, 321.

на македонски јазик , а за това да му није ( МНОД од Вардарскиот дел-б.м.) испратиме две писаќи машини"[504], да бидат формирани "посебни македонски чети и одреди под команда на Главниот штаб на Грција"[505] и истите да носат "македонско знаме и петокрака ѕвезда".[506] На тој начин експлицитно била потврдена релевантноста на македонското национално прашање за развојот на вооружената борба на балканскиот гео-политички простор и била потврдена кохерентноста на МНОД од сите делови на Македонија. Подоцнежното неисполнување на вака преземените обврски, од страна на КПГ односно ЕАМ, се должело на неисправната и непринципиелна политика на КПГ кон македонското национално прашање, и сето тоа претставувало само елемент плус во низата воено-политички грешки кои придонеле за крајниот пораз на грчкото движење на отпорот. Згора на тоа, погрешните ставови на КПГ кон македонското национално прашање предизвикувале проблеми и во одвивањето на конкретната соработка на теренот на Егејскиот дел на Македонија. Раководството на НОВ и ПОМ, според Цветко Узуновски, непрестајно се занимавало "со проблемот околу стањето во Егејска Македонија оти од една страна правеа притисак партизаните Егејци сарадњата со нас да биди што повиша , чак што више и да се приклучат кај нас, а од друга страна притисак беше голем од ЦК на Грција просто не сакаа да останеме на тој терен, притисак да што побрго да го напуштиме ние тој терен...".[507]

Иницијативата за формирање на БШ предизвикала определени импликации врз третманот на македонското национално прашање во втората половина на 1943 г., и тоа особено во Вардарскиот и Егејскиот дел, а послабо во Пиринскиот дел и делот на Македонија под Албанија.

---

[504] Исто, док. 60, 316.
[505] Исто, док. 61, 321.
[506] Исто, док. 60, 316 . Во писмото на Цветко Узуновски до Добривое Радосављевиќ со ист датум , 26 септември 1943 г., како и претходното до К. Јусифовски - Питу, стои "знамето на "Гоце Делчев", исто како и на нашите партизани, а на капите да носат петокраки звезди и македонското знаме". Исто, док. 61, 321. Според подоцнежното искажување на Цветко Узуновски била постигната согласност и за формирање на посебни македонски политички организации во рамките на ЕАМ. Ц. Узуновски , Белешки за националната. . . . сп. Историја, XIII/2 , Скопје, 1977, 45. Иако набрзо биле направени одредени чекори од страна на КПГ во тој правец , сепак прашањето дали на состанокот помеѓу Ц. Узуновски и Л. Стрингос се разговарало и се постигнало согласност и на ова поле останува отворено .
[507] Документационо одделение на ИНИ , Сеќавање на Цветко Узуновски , Сл. IV 613 , 55.

Во Вардарскиот дел на Македонија иницијативата за формирање на БШ со импликациите врз македонското национално прашање вршела забрзување на процесот за изградување на јасна и прецизна национално политичка платформа со јасно дефинирање на целите на вооружената борба на македонскиот народ и МНОД. Иницијативата за формирање на БШ во 1943 г. всушност претставува најзначаен смислен практичен и акционен чекор кон поврзување на борбата на македонскиот народ од сите делови на Македонија и со тоа кон обединувањето на Македонија.[508]

И според дискусиите што се водени и според донесените решенија, Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ претставува значаен момент во правец на понатамошно дефинирање на национално - политичка платформа. На него прашањето за самоопределување и обединување на македонскиот народ транспарентно било востановено како иманентна цел на вооружената борба.

Отворањето на дискусијата по македонското национално прашање на Преспанскиот состанок, била непосредно инспирирана од два, во тоа време актуелни моменти, Јунскиот проглас и иницијативата за формирање на БШ. Делегатот Светозар Вукмановиќ-Темпо во своето усно информирање за текот на преговорите за формирање на БШ[509] , сигурно можи да се претпостави, ги отворил, прашањето за соработката меѓу разединетите сили на МНОД односно за поврзувањето на вооружената борба на македонскиот народ и македонското национално прашање, како прашања кои претставувале главен "камен на сопнување" во преговорите со КПГ.

Согласно со ставот дека треба да се работи на "ослободување и обединување на македонскиот народ во братска заедница на сите југословенски народи", прифатен на Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ,[510] на истиот тој состанок во правец на подобрување на врските и соработката помеѓу разединетите сили на МНОД понатаму било решено ". . . политичкиот комесар на Главниот штаб на Македонија и член на ЦК на КПМ . . . да

[508] М. Лалков, цит. дело, 81.; И. Катарџиев, Обединувањето на Македонија како. . . , Зб. АСНОМ-педесет. . . , 63.
[509] Извори. . . , т. I, кн. 2, док. 42, 222.; док. 51, 280.
[510] Исто, док. 38, 193.

преговара со Бирото на КП на Грција за Македонија, а IV обласен комитет на КП на Македонија . . . да се поврзи со партиското раководство на Пиринска Македонија".[511] Со тоа се создавало основа за преземање на практични чекори во правец на поврзување на борбата на македонскиот народ од сите делови на Македонија. Освен тоа, ваквото решение, било во функција и на операционализацијата на решенијата за формирање на БШ.

Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ од октомври 1943 г.[512] и Приговорот на членовите на АНОК од декември 1943 г. претставуваат природен и логичен израз на константно присутната потреба во процесот на вооружената борба, од дефинирање "на еден јасен програм на народно освободителното движение во согласие со вековните исторически тежненија на нашиот народ".[513] Внимателната анализа на двата документи, покажува дека импликациите од иницијативата за формирање на БШ биле присутни при нивното составување.

На силите на МНОД кои застанале зад Манифестот, кон крајот на 1943 г. веќе им било сосема јасно дека национална афирмација може да се добие по пат на вооружена борба против фашизмот и осојузување со големите сили од антифашистичката коалиција кои јавно го прокламирале правото на самоопределување на народите. Во Циркуларното писмо бр. 1 на ЦК на КПМ до целото партиско членство, сосема јасно стоело дека "от участието во оваја голема борба, што се води во световен размер, зависи судбината и живејачката на оделните народи . . . само по тој пат - патот на сенародна борба против Хитлеровиот фашизам , македонскиот народ ке дојди до својата полна национална слобода и равноправнос".[514] Исто така, нив им било сосема јасно дека јавните прокламации имаат само декларативен и пропаганден карактер и дека извојуваното право на самоопределување треба да се поткрепи со

---

[511] Ц. Узуновски , Белешки за националната. . . , сп. Историја, XIII/1 , Скопје , 1977 , Скопје, 1977, 68 - 69 .

[512] Како пропратен документ на Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ , од страна на ЦК на КПМ било издадено "Циркуларно писмо бр. 1" во кое се објаснувале ставовите кои биле застапени во Манифестот. Извори . . . , т. II, кн. 2, док.75 , 355-360.

[513] Документи за борбата . . ., т. II, док. 207, 423.

[514] Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 75, 355-356.

сопствена реална воена и политичка моќ.[515] Поаѓајќи од таквите реалистички претпоставки, во Манифестот , неговите потписници го прокламирале "југословенското решение" на македонското национално прашање. Тоа значело инкорпорирање на ставот усвоен на Преспанскиот состанок "за ослободување и обединување на македонскиот народ во братска заедница на сите југословенски народи"[516] во Манифестот, формулирано како борба за "сојуз на јужнословенските народи"[517] и за "соединението на Македонија".[518] Со "југословенското решение" , како прво, се обезбедувала потребната воено - политичка моќ[519] за зачувување со борбата освоените придобивки на национален план[520] и како второ се овозможувало поставување на прашањето за обединувањето во ситуација на "една мошне сложена политичка дихотомија"[521] изразена низ "од една страна остриот стремеж на македонскиот народ кон своето обединување, во што се идентификуваше и стремежот и желбата и на раководството на НОД, а од друга страна, зависноста на обединувањето од другите меѓународни фактори . . . "[522]

Авторите на Приговорот својата критика ја насочиле пред се кон "југословенското решение" како претесно за решавање на македонското национално прашање и кон дезинтегративниот третман на вооружената борба на македонскиот народ.

Според авторите на Приговорот ". . . Македонскиот вопрос надхврлуе, при правилното му разрешение, рамките на Југославија и можи истински да се разреши во една балканска комбинација".[523] Поставување на македонското национално прашање во една "балканска димензија"[524], според нив би го

---

[515] Исто, 359.
[516] Исто, док. 38, 193.
[517] АСНОМ - документи . . . , т. I, кн. 1, док. 11, 32.
[518] Исто.
[519] Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 75, 359.
[520] Ваквата констатација произлегува од неоспорниот факт, и во 1943 година доволно транспарентен, а уште повеќе прифатен во историографијата , дека југославенското движење на отпорот е најсилен воено - политички фактор на Балканот .
[521] С. Милосавлевски, Македонската национална свест. . . , Зб. Кузман Јосифовски-Питу. . . , 136.
[522] Исто.
[523] Документи за борбата . . ., т. II, док. 207, 420.
[524] Е. Димитров, Придонесот на Главниот Штаб на. . . , Зб. ГШ на НОВ и ПОМ. . . . 206.

поставило МНОД во поволна ситуација бидејќи ". . . никако не би пречело на заедничката ни борба денеска со сите други слободољубиви народи, ништо не би пречело да имаме по сите вопроси со југ(ословенското) нар(одно) осв(ободително) движение сатрудничество, а особено по воените вопроси . . . , како и да сатрудничиме и со сите други слободољубиви народи и движенија, на прво место со нашите комшији . . . , оти нашиот вопрос засега осетливоста на сите народи".[525] Како главен недостаток на "југословенското решение" биле истакнати импликациите дека со него македонското прашање ќе се реши парцијално "во една чужда на него, ( на македонскиот народ - б.м. ) искуствена комбинација - Југославија, со која не го сврзуе никакво политичко наследство а е симбол на неговото најцрно робство, . . . "[526] Од таму , иако во Манифестот се зборува за "соединение" тоа е непринципиелно бидејќи се имплицира борба "за слободата на една част од Македонија ."[527]

Потписниците на Манифестот биле сосема свесни дека "југословенското решение" го стеснувало просторот за интегрално решавање на македонското национално прашање, односно дека "југословенското решение" ги сведувало на минимум реалните шанси за реализација на обединувањето. Меѓутоа, за нив пореално решение не постоело. Затоа, во Одговорот на Приговорот, истакнале дека обединувањето "ќе можеме да го постигнеме и реализираме . . . по скоро во една Титова Југославија, од колкуто во некоја друга политичка комбинација".[528]

Сигурно при заземањето на ваквиот став , членовите на ГШ на НОВ и ПОМ, ја имале во предвид иницијативата за формирање на БШ, која била поставена како потенцијално "воено - политичко јадро за идна балканска федерација или конфедерација "[529] со доминантна улога на КПЈ во неа и на Балканот и тоа верификувано дури со "мислење од Москва"[530] како еден од најрелевантните фактори во антифашистичката коалиција. Таквата

[525] Документи за борбата . . ., т. II, 420 - 421.
[526] Исто, 419.
[527] Исто, 421 - 422.
[528] АСНОМ - документи . . . , т. I, кн. 1, док . 17, 52.
[529] B. Petranović, Balkanska federacija. . . , 70.
[530] Исто, 67.

поставеност на иницијативата отворила перспективи за евентуално реализирање на обединувањето, преку "создавање на еден братски, федеративен сојуз на балканските народи, на базата на полна национална равноправност и признавање на правата за самоопределение на народите".[531] "Балканската комбинација" понудена во Приговорот, сфатена како "обединета Македонија во рамките на Балканска федерација" всушност веќе била инкорпорирана во погорниот став од Манифестот, а сфатена како "самостојна и обединета Македонија на Балканот", за потписниците од Манифестот била целосно нереална, бидејќи преку активностите за реализација на иницијативата за формирање на БШ , веќе биле запознаени и со отпорите од големите западни сили кон некаква "обединета Македонија", со ставовите на НОДЈ за решавање на македонското национално прашање и со отпорите на соседните комунистички и левоориентирани движења кон признавањето на македонската национална посебност и правата што би произлегувале од тоа.

Импликациите од иницијативата за формирање на БШ се уште повеќе видливи во врска со прашањето за интегритетот на МНОД и поврзувањето на вооружената борба на македонскиот народ. Целосното игнорирање на ова прашање во Манифестот и обемната критика заради тоа во Приговорот, само ја потврдуваат и ја прават веродостојна констатацијата дека потписниците на Манифестот ги имале информациите и сознанијата од иницијативата и тие ги инкорпорирале во Манифестот, што била и една од причините тој да "остани во реалноста", а авторите на Приговорот ги немале односно ги имале минимално и посредно , па затоа Приговорот "излегол од реалноста".

Прашањата за поврзувањето на вооружената борба на македонскиот народ и за интегритетот на силите на МНОД од целата територија на Македонија, за авторите на Приговорот биле исклучително релевантни прашања од кои зависел начинот на решавање на македонското национално прашање. Затоа како критика на Манифестот кој ги игнорирал овие прашања стоеле прашањата : " . . . зашто не се обрнахте до нашите братја " од

[531] АСНОМ - документи . . . , т. I, кн. 1, док. 11 , 33.

Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија "да ги подканите за заедничка борба" за обединивање на поделената татковина, "Зашто не казахте во манифестотот, какви се врзките со тија наши братја ? И какво се е направено да се оствари тоја сојуз - борбенија сојуз на македонскиот народ , зашто не казахте , зашто нема никој от тија краишта не само во Штабот, но и во целата наша Народноослободителна војска ? . . . зашто не одговорихте на народа оти судбата на Македонија не може предварително да се начертае во рамките на биша Југославија, - без да се прашат останалите две трети на нашиот народ да ли се за това нешто или не ?"[532]

Во врска со овие проблеми, членовите на ГШ на НОВ и ПОМ, имале информации и сознанија добиени преку активностите за реализација на иницијативата за формирање на БШ, и токму заради тоа биле свесни дека не можат да ги инкорпорираат во Манифестот. Пред се, со иницијативата за формирање на БШ, што значело поблиска соработка и координација на активностите на левоориентираните антифашистички движења на отпор на Балканот, биле направени чекори во правец на поврзувањето на вооружената борба и МНОД. Понатаму, на потписниците на Манифестот преку иницијативата за формирање на БШ, им било познато дека и самото спомнување на некои проблеми во врска со македонското национално прашање во дадениот историски момент, можат да предизвикаат несакани и остри импликации на меѓународен план со доведување во опасност на сите стекнати дотогашни придобивки од вооружената борба.

Во овој контекст се надоврзува и инсистирањето во Приговорот, врз соработката со грчкото и бугарското движење на отпорот и принципиелно поставување пред нив на македонското национално прашање. Најпрво, кон посредно добиените информации и сознанија, најверојатно од Кузман Јосифовски - Питу, за ставовите кон македонското национално прашање на раководствата на ослободителните движења на Грција и Бугарија, авторите на Приговорот изразувале одредени сомневања.[533] Понатаму, ако тие раководства

[532] Документи за борбата . . . , т. II, док. 207, 422.
[533] Исто, 423.

"се најистина зели такво становиште"[534], авторите на Приговорот си доделиле една политички нереална , арбитрарна позиција, според која "ние, не можеме да оправдаме еден таков опуртинистички став на народноослободителните движенија на комшијските народи".[535] Уште повеќе нереално и политички наивно било нивното барање ГШ на НОВ и ПОМ преку Манифестот "да излезе открито пред својот народ и раководствата на комшијските народноослободителни движенија во заштита на една праведна кауза. Нешто повекје, да сака от тија раководства правилно да осведомат својите народи за да имаме гаранција оти нашиот вопрос правилно се разбира от сите слободољубиви народи . . . "[536] Ваквите ставови и барања биле последица на недоволната информираност за иницијативата за формирање на БШ и покажувале постоење на политички ирационализам во Приговорот. Имено , отвореното и принципиелно поставување на македонското национално прашање во втората половина на 1943 г., кога како сознание од иницијативата за формирање на БШ бил познат негативниот однос на сите релевантни политички фактори кон македонското национално прашање, би значело конфронтација на МНОД и со големите сили од антифашистичката коалиција, и со бугарското и грчкото движење на отпорот и во крајна линија со југословенското движење на отпорот. Со сето тоа би се довело во прашање се што било постигнато дотогаш, "за во една следна мошне неопределена, несигурна и недефинирана перспектива" да се "добие повеќе".[537]

"Југословенското решение" на македонското национално прашање и игнорирањето на вооружената борба на Македонците од Пиринскиот и Егејскиот дел и проблемот за поврзување на таа борба со онаа на Македонците од Вардарскиот дел, површно гледано, го правеле Манифестот документ кој се декларира за зачувување на фактичката состојба на разединето дејствување на силите на МНОД во рамките на ослободителните

[534] Исто.
[535] Исто.
[536] Исто.
[537] С. Милосавлевски, Македонската национална свест. . . , Зб. Кузман Јосифовски-Питу. . . , 145 - 146.

движења на Балканот и разединет развиток на вооружената борба во поедините делови на Македонија, а во крајна линија и за петрификација на поделбата на Македонија.

Вака биле видени перспективите од Манифестот и од членовите на АНОК, меѓутоа таквиот заклучок претставувал типичен паралогизам кој се должел на повеќе фактори, меѓу кои значајно место заземал недоволната запознаеност со иницијативата за формирање на БШ што во Приговорот се реперкуирало во однос на три прашања :

Прво, критика на "југословенското решение" како недоволно за обединувањето без да се понуди ништо повеќе од илузорна и декларативна "балканска комбинација". Спротивно на тоа, поставеноста на иницијативата за формирање на БШ како воено - политичко јадро за идна балканска федерација или конфедерација, отворала перспективи кои иако минимални сепак барем реални , преку "југословенското решение" да се постигне обединувањето.

Второ, критика во врска со игнорирањето на потребата од поврзување на вооружената борба на македонскиот народ од сите делови на Македонија. Оваа критика била целосно непотребна кога би се имале во предвид не само перспективите што ги отворала иницијативата за формирање на БШ за поврзување на борбата, туку и веќе направените чекори на тој план во летото и есента 1943 г.

И трето, застапувањето за поблиска соработка со ослободителните движења на Бугарија и Грција како релевантни фактори за правилното решавање на македонското национално прашање, но со нивни априори претпоставен позитивен однос кон тоа прашање. Во врска со ова, најпрво инцијативата се обидувала да го реализира токму тоа - поблиска соработка на ослободителните движења на Балканот. Потоа, преку активностите за нејзина реализација се дошло до низа информации и сознанија кои овозможиле да се добие реална слика за односот на меѓународните и особено балканските фактори кон македонското национално прашање и тој однос во текот на 1943 г. имал исклучиво негативна конотација.

Паралогизмот извлечен од Манифестот и засилен со голема доза на политичка емоционалност и национален идеализам присутни кај авторите на Приговорот, довеле до застапување на своевидна национална автархија во него и поставување на "нереални барања и тези"[538] за решавање на македонското национално прашање. Токму така и биле карактеризирани барањата од Приговорот од страна на поддржувачите на Манифестот, на состанокот помеѓу двете групи одржан во Скопје. Состанокот бил организиран од Кузман Јосифовки - Питу и подржувачите на Манифестот настојувале да им објаснат на дел од потписниците на Приговорот, присутни на тој состанок, дека "нивните барања во дадениот момент се нереални и дека е невозможно ние да ги поставиме, ниту да бараме Македонците од Егејска и Пиринска Македонија да пријдат кон нас, но тоа треба тие самите да го постават и да се борат за ослободување и соединение".[539] Освен тоа било истакнувано дека "не смееме да заборавиме дека во Атланскиот пакт, декларацијата и други документи и изјави на сојузниците, се декларира дека по војната не се признаваат никакви Хитлерови или други територијални промени и ќе треба да се воспостави положението од пред војната . . . ".[540] Реалноста на ваквите објаснувања за брзо време, ја воочиле и авторите на Приговорот, па скоро сите се вклучиле во единиците на НОВ и ПОМ и учествувале во реализација на програмата од Манифестот. Во крајна линија нереалноста на барањата од Приговорот била потврдена и со недобивањето подршка од страна на македонскиот народ, и покрај инсистирањето на идејата за обединување која претставувала највисок стремеж на тој народ.

Иницијативата за формирање на БШ , со целата нејзина поставеност и со активностите за нејзина реализација, предизвикала видливи импликации врз третманот на македонското национално прашање и во Егејскиот дел на Македонија. Секако, освен иницијативата за формирање на БШ кон поголема активност во однос на македонското национално прашање придонесувале и

[538] Исто, 140.
[539] Документационо одделение на ИНИ, Сеќавања на Бане А. Андреев-Ронката за периодот од пучот во Покраинскиот комитет во 1942 година до 31 декември 1944 година - заминување во Белград , Сл. IV 888 / IV , 28.
[540] Исто.

други фактори, почнувајќи од развојот на грчкото движење на отпорот , преку создадената воено - политичка ситуација во Грција во втората половина на 1943 г. до однесувањето на исклучително значајниот британски фактор на политичкиот простор на Грција.

Македонското национално прашање уште пред иницијативата за формирање на БШ, претставувало клучен елемент за вклучувањето на македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија во рамките на ЕЛАС. Партизанските единици од Вардарскиот дел на Македонија, уште од почетокот на 1943 г. при престојот во Егејскиот дел на Македонија, информирале дека КПГ има погрешен став и однос кон Македонците и дека тоа го спречува масовното вклучување на македонското население во редовите на ЕЛАС.[541]

Есента 1943 г. КПГ и ЕАМ презеле низа чекори во правец на придобивање на Македонците кон ЕАМ и нивно поголемо вклучување во ЕЛАС. Во септември 1943 г. во Костурско, во состав на ЕЛАС , бил формиран ПО "Лазо Трповски" составен исклучиво од Македонци,[542] а есента било дозволено формирање на посебни македонски политички организации во рамките на ЕАМ.[543] Активностите на СНОФ за Леринско и Костурско и МАО за Воденско, кои се движеле во правец на национална афирмација, со издавање на весници на македонски јазик[544] и изведување на настава на македонски јазик, во голема мерка придонеле за брзото и масовно вклучување на македонскиот народ во рамките на ЕАМ и ЕЛАС.[545] За политичката определба на Македонците кон ЕАМ и за поповолниот третман на македонското национално прашање значајна улога имала и активноста на теренот од Егејскиот дел на единиците на НОВ и ПОМ. Со сето тоа есента 1943 г. скоро целосно била разбиена бугарската пропаганда и контрачетничкото движење на ова подрачје.

[541] Извори. . . , т. I, кн. 5 , док. 4, 315.
[542] Х. Андоновски , Македонците под Грција во. . . , 85 - 89.
[543] Исто, 115 - 120. ; Р. Кирјазовски, Народноослободителниот фронт и другите. . . , 56 - 58.
[544] АМ , Фонд: Егејска Македонија во НОБ , кут. 3, инв. бр. 86.
[545] Според некои податоци, само во 6 месеци по формирањето на СНОФ за Костурско, во неговите редови стапиле 2591 член, 373 како борци на редовниот состав на ЕЛАС и 1184 како борци и членови на резервниот состав на ЕЛАС. Х. Андоновски, Македонците под Грција во. . . , 24 - 26.

Влијанието на иницијативата за формирање на БШ врз чекорите преземени од страна на грчкото движење на отпорот во врска со македонското национално прашање е транспарентно,[546] не само поради хронолошката блискост и последователност, туку уште повеќе заради поклопувањето на чекорите преземени од страна на ЕАМ со барањата застапувани од МНОД односно од југословенското движење на отпорот во текот на преговорите и активностите за реализација на иницијативата за БШ.

Како директна потврда на влијанието од иницијативата за формирање на БШ врз практичните чекори преземени од страна на раквodството на грчкото движење на отпорот, може да послужи писмото на Светозар Вукмановиќ-Темпо до ЦК на КПА од 1 септември 1943 г. во кое известувал за преговорите за формирање на БШ и констатирал ". . . ставот на грчката партија се приближува на нашиот став по долги дискусии, во кои тие не ги признаваа Македонците како народ. Исто така ги прифатија нашите сугестии за тоа, во грчка Македонија да се создадат посебни македонски чети и да почнат со агитационо-пропагандна работа на македонски јазик."[547] Голем дел од преземените чекори на раководството на грчкото движење на отпорот кореспондирале со заклучоците од постигнатата согласност помеѓу Цветко Узуновски и Леонидас Стрингос во Солун. Самиот Цветко Узуновски во своето писмо до инструкторот Добривое Радосављевиќ од 26 септември 1943 г. токму тоа и децидно го констатира : "Сите овије работи тј. некој точки се спроведуваат во дело".[548]

Иницијативата за формирање на БШ односно од неа предизвиканите, почетни национални слободи и присуство на единици на НОВ и ПОМ, придонеле да "се осети големо одушевление не само кај партизаните, ами и кај

---

[546] Ставот дека до формирање на одделни македонски политички организации и одделни македонски воени единици односно до поповолен третман на македонското национално прашање од страна на ЕАМ и КПГ дошло помеѓу другото и под влијание на МНОД и југословенското движење на отпорот, а внесено преку иницијативата за формирање на БШ , е застапен кај поголем број автори : Х. Андоновски , Македонците под Грција во. . . , 115. ; Н. Пејов, Облиците на соработка меѓу . . . , Зб. Основањето и . . . , кн. 2, 925. ; и други.

[547] Извори. . . , т. 1, кн. 2, док. 47, 265.

[548] Извори. . . , т. 1, кн. 2, док. 61, 322.

целиот македонски народ во Грција"[549] и како што пишува Светозар Вукмановиќ во извештајот од 8 август 1943 г. до ЦК на КПЈ дека "македонскио народ во Грција отворено се изјаснува за обединување".[550] Соработката меѓу НОДЈ и грчкото движење на отпор односно меѓу МНОД од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија била толку добра што била проширена и на културен план. Имено, кон крајот на 1943 г. било организирано гостување на театарски работници од партизанските единици од Вардарскиот дел во Егејскиот дел. Приредбите што тие ги изведувале на македонски јазик, во голема мерка придонесувале за подигање на македонската национална свест.[551] Под влијание на атмосферата создадена со иницијативата за формирање на БШ, Македонците од Егејскиот дел започнале се поотворено да изразуваат стремеж за создавање на единство на МНОД и поврзување на вооружената борба со Македонците од Вардарскиот дел на Македонија.[552]

Преземени чекори од страна на ЕАМ и КПГ во правец на давање национални права на македонското население биле неспоиви со негативниот став на КПГ кон македонското национално прашање, па затоа набрзо започнале да се предизвикуваат опструкции во практичната реализација на декларираните права на Македонците. Веќе во октомври 1943 г. била расформирана МАО во Воденско, а на разни начини се настојувало да се редуцира стапувањето на македонски борци во одделните македонски воени единици.[553] Единиците на НОВ и ПОМ кои преминувале на територијата од Егејскиот дел на Македонија морале рестриктивно да дејствуваат, и воено, со ставот на КПГ и ЕАМ за непреземање на офанзивни акции[554] и политички, со ставот на КПГ и ЕАМ кон македонското национално прашање односно со постигнатата согласност на последната средба на претставниците на трите ослободителни движења во с. Кастања на 17 / 18 август 1943 г. според која

[549] Исто, док. 60, 316.
[550] Исто, док. 38, 192.
[551] Маја Хрибар Ожеговиќ, Театарот во Македонија за време на Народноослободителната војна, ГИНИ, XII/3, Скопје, 1968, 17.
[552] Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 61, 322.
[553] В. Ајановски-Оче, цит. дело, 99.; Т. Симовски, Некои моменти од . . . , Зб. Ослободителната . . . , 224 - 225.
[554] Извори . . . , т. I, кн. 2, док. 61, 319.

"македонските чети од територијата на Југославија да развиваат жива политичка работа меѓу македонските малцинства во Грција со цел за остварување на заеднички фронт на македонскиот и грчкиот народ во борбата против окупаторот . . . Само по тој пат , во заедничка борба со грчкиот народ, македонските малцинства ќе обезбедат исти права и ослободување од секоја национална подјарменост".[555]

Опструкциите и рестрикциите во процесот на изразување на македонската национална свест, постепено, негативно почнала да се одразува на развојот на грчкото движење на отпорот. Сличен ефект имало и редукцијата на воената соработка со југословенското движење на отпорот, иако и во наредниот период биле зачувани релативно добрите односи, а воспоставената соработка навидум бележела подем. Имено, дури во наредната 1944 г., принципиелните разлики за македонското национално прашање биле заострени и манифестирани до тој степен што на моменти доаѓало до прекини во соработката на двете ослободителни движења и целосно заладување на односите помеѓу КПЈ и КПМ од една страна и КПГ од друга страна.

Иницијативата за формирање на БШ во одредена мерка придонела и за поврзување на вооружената борба на македонскиот народ во делот под Албанија со НОД на Вардарскиот дел, и имала импликации кон македонското национално прашање во овој дел на Македонија. Имено, при престојот на единиците на НОВ и ПОМ во подрачјето на Мала Преспа, освен што им била укажана воена помош на тамошните Македонци, големо внимание и се посветувало на политичката работа. Така во сите македонски села во јануари и февруари 1943 г. каде што престојувал ПО "Даме Груев" формирани биле НОО, а во некои од нив биле примени и членови на КПМ и вклучени во редовите на НОВ и ПОМ.[556] Во октомври 1943 г., во областа на Мала Преспа за работа со тамошното македонско население бил испратен членот на Реонскиот партиски комитет за Преспа, Јонче Трповски.[557]

[555] Исто, док. 47, 264.
[556] В. Ивановски и други, Хронологија . . . . 205-206.
[557] Исто, кн. 4, док. 22, 104.

Индиферентниот однос на бугарското движење на отпорот и негативниот став на БПР кон македонската национална самобитност, биле причина влијанието на иницијативата најслабо да се осети во Пиринскиот дел.[558]

Воспоставените врски, соработката и размената на партиски материјали, уште пред да се промовира иницијативата за формирање на БШ, секако дека имале влијание врз македонското национално прашање односно врз подигнување на националната свест.[559] Идејата на партиското раководство од Пиринскиот дел во есента 1943 г. , преку испраќање на ПО "Никола Калапчиев" да се поврзи со единиците на НОВ и ПОМ[560] , дава индикации дека импликации од иницијативата имало и во Пиринскиот дел на Македонија.

Освен тоа, соработката помеѓу левоориентираните народноослободителни движења на Балканот во текот на 1943 г. била еден од елементите кои влијаеле да се појават определени промени во третманот на македонското национално прашање од страна на БРП. Во писмото од Штерју Атанасов до Бојан Блгаранов од 6 декември 1943 г. сосема отворено бил критикуван дотогашниот однос на БРП и самиот Блгаранов кон македонското национално прашање и кон вооружената борба на македонскиот народ.[561]

Во целост гледано, соработката помеѓу балканските левоориентирани ослободителни движења во текот на 1943 г., имала позитивно влијание врз третманот на македонското национално прашање , бидејќи преку развивањето на врски и соработка меѓу разединетите МНОД не само што водела кон поврзување на вооружената борба на македонскиот народ од сите делови во единствена антифашистичка војна, туку придонела македонското национално прашање да се отвори на еден поширок балкански план. Негативните ставови на КПГ и БРП кон македонско национално прашање , кои само поочигледно "испливале" на површина со поинтензивните контакти во 1943 г., воопшто не

---

[558] Констатацијата е релативна, бидејќи не постои пообемна документација за МНОД во Пиринскиот дел на Македонија.
[559] В. Јотевски, Националната афирмација. . . , 49.
[560] Исто.
[561] ИА КПЈ , т. VII, док. 97, 288.

ја доведува во прашање констатацијата за позитивното влијание од соработката врз македонското национално прашање.

# ГЛАВА ЧЕТВРТА: Политиката на големите сили кон Балканот до 1943 година

## 1. Балканот во политиката на големите сили

Балканскиот Полуостров претставувал значаен воено стратегиски реон во текот на Втората светска војна и за силите на Оската и за силите од антифашистичката коалиција. До април 1941 г., завојуваните страни , Велика Британија од една страна и Германија и Италија од друга страна настојувале да воспостават своја доминација на Балканот по пат на дипломатски притисоци.[562]

Пренесувањето на воениот пожар на Балканот започнало со италијанската агресија врз Грција од 28 октомври 1940 г.[563] Неспособноста на италијанските војски да ја скршат грчката одбрана, влијаело не само на намалување на престижот на Италија, туку го детерминирало временски форсираното воено ангажирање на Третиот Рајх на Балканот. Исто така, италијанската агресија го детерминирала и директното британско воено ангажирање на Балканот.[564]

За компилцирање на ситуацијата на Балканот за силите на Оската уште повеќе придонело откажувањето од Југославија на договорот

[562] Од отпочнувањето на Втората светска војна на 1 септември 1939 г. па се до зимата 1940 г. сите големи сили , иако од различни причини , биле заинтересирани за зачувување на мирот на Балканот. Особено за тоа била заинтересирана фашистичка Германија , која евентуалниот предвремен воен пожар на Балканот можел во голема мерка да и ги поремети воено-стратегиските планови на другите правци во Европа , пред се воената кампања на запад за уништување на Франција. D.Lukać , Treći Rajh i. . . , knj.2 , 298 , 364.

[563] Л. Пановска , Теророт . . . , 17.

[564] Велика Британија следејќи ги сопствените геостратегиски интереси , веднаш по италијанскиот напад , на Грција и понудила секаков вид помош и истоварување на британски воени сили на територијата на Грција. Грчкиот диктатор Јоанис Метаксас ја одбил понудата за истоварување на британски војски , меѓутоа по неговата смрт во јануари 1941 г. , Грција дозволила британските војски да се истоварат на нејзина територија. Подоцна Германија како една од главните причини за агресијата врз Грција ќе го наведува присуството на британските војски на нејзина територија. E. Barker, Britanska politika prema Jugoistocnoj Evropi u Drugom svetskom ratu, Zagreb, 1976,107.

за пристапување кон Тројниот пакт[565]. Германското раководство решило воениот план "Марита" за напад врз Грција да го прошири и врз Југославија. Велика Британија се обидела во таква ситуација да формира "балкански фронт" со учество на Југославија, Грција и Турција, но заради нерешителноста на Турција и Југославија во тоа немала успех.[566]

На 6 април 1941 г. трупите на Третиот Рајх ја започнале агресијата врз Грција и Југославија. Во релативно кратката воена кампања одбраните на двете држави биле скршени од моќната германска воена машинерија.[567] На 17 април 1941 г. била потпишана капитулацијата на Југославија , а на 23 април 1941 г. капитулацијата на Грција.[568] Априлската војна против Југославија и Грција фактички ја потврдила воената и економска моќ на Третиот Рајх.

Со Априлската војна била создадена целосно нова геополитичка ситуација на Балканот. Германија дефинитивно воспоставила целосна доминација на балканскиот простор и обезбедила "пацификација" неопходна за натамошните стратегиски чекори на исток односно направила длабинско обезбедување на своето јужно крило во планираната војна против Советскиот сојуз.[569] Имено, Унгарија, Романија и Бугарија биле членки на Тројниот пакт и биле по дипломатски пат вклучени во фашистичкото "ново уредување" како сателитски земји со директно германско воено присуство во нив, а териториите на Југославија и Грција преку директни окупации или формирање

---

[565] Тројниот пакт е име за коалицијата на фашистичките сили на глобално ниво. Започнала да се создава со договорот на Геманија и Италија од 26 октомври 1936 г. со што била создадена т.н. Оската Рим-Берлин , а подоцна кон овој сојуз се приклучиле Јапонија, Унгарија , Романија и Бугарија. V. Dedijer, Interesne . . . , 178 - 180. Југословенската влада на 20 март 1941 г. донела решение за пристапување кон Тројниот пакт , на 25 март 1941 г. во Виена свечено го потпишала договорот , но на 26 и 27 март 1941 г. владата со масовни антифашистички демонстрации и воен удар била соборена , а договорот за пристапување кон Тројниот пакт бил откажан. D. Lukač, Treći Rajh i. . . , knj. 2, 477 - 478, 504 - 505.

[566] D. Lukač, Treći Rajh i. . . , knj. 2, 512.

[567] Ниту британската Нилска армија од околу 50 000 луѓе на чело со генералот Хенри Вилсон која од февруари 1941 г. била стационирана во Грција и учествувала во одбраната на Грција, не им дала посериозен отпор на германските сили. E. Barker, Britanska politika. . . , 107.

[568] Капитулацијата на Грција ја потпишале група на прогермански ориентирани генерали , а борбите на дел од грчките и британските војски траеле до 29 април 1941 г. кога германските војски дефинитивно го освоиле континенталниот дел од Грција. D. Lukač, Treći Rajh i. . . , knj. 2, 524.; Р. Кирјазовски, Германската агресија . . . , сп. Историја, XXII / 2, Скопје, 1986, 149 - 155.

[569] D. Lukač, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 24.

на марионетски квислиншки држави биле ставени во функција на реализација на германските стратешки планови.[570] Тоа значело дека се создадени услови Третиот Рајх, главнината на своите воени сили да ги префрли на Источниот фронт, максимално да ги искористи материјалните и човечки ресурси од балканскиот простор и да формира легионерски воени единици кои освен на самиот Балкан ќе ги користи и на Источниот фронт.[571]

Квислиншките и сателитските режими на Балканот формирани со директно ангажирање на Германија или длабоко политички и економски зависни од неа, развивале националистичка, антикомунистичка и антисемитска идеологија и настојувале со сите средства да создадат етнички чисти држави. По примерот на Германија и со директни инструкции од неа, сите тие развивале еден тоталитарен систем со широка примена на репресивните мерки против цивилното население и движењата на отпорот. Тие требало да претставуваат инструмент на Третиот Рајх за одржување на доминацијата на Балканот.[572] Наспроти нив, владите и владетелите на Југославија и Грција и кралот на Албанија кои побегнале во Лондон, со помош на антифашистичката коалиција го претставувале меѓународниот континуитет на предвоеното државно уредување на Балканот.[573]

До втората половина на 1942 г, од аспект на Германија, ситуацијата на Балканот била стабилна. Германија можела релативно непречено да ги

[570] Во овој контекст , се издвојува само Турција како единствена балканска земја која останала надвор од целосната германска доминација. Заради избалансираните позиции на Германија и Велика Британија , и двете големи сили не биле во ситуација да прават посилен притисок врз Турција со цел формално да пристапи кон еден од спротиставените блокови. Во ситуација кога и прогерманските и пробританските политички сили во Турција имале консензус во интенцијата Турција да не се вклучува во војната , да се зачува постоечкиот режим и да се спречи секакво комунистичко влијание од Советскиот сојуз , да се врши силен дипломатски притисок било многу ризично , бидејќи можело да се постигни целосно спротивен ефект. Германија по дипломатски пат успеала да обезбеди договор со Турција кој бил потпишан на 18 јуни 1941 г. , со кој Турција гарантирала дека нема да дозволи преку нејзината територија премин на војски кои би биле употребени против фашистичките сили. Со тоа во голема мерка бил неутрализиран единствениот копнен пат на британските сили за напад на европско копно. Како дополнително обезбедување на овај правец , германската воена команда ги имала своите трупи во окупираниот Егејскиот дел на Македонија и бугарската армија на Балканот. Исто, 46-50.; E. Barker, Britanska politika. . . , 130-131.

[571] M. Colić, cit. delo, 18 - 19.

[572] B. Petranović, Revolucije i. . . , 57.

[573] Исто, 58

искористува ресурсите на овај простор за своите воено-економски потреби. Меѓутоа, уште од почетокот на 1942 г. како резултат на неуспешната молскавична офанзива на Источниот фронт, влегувањето на САД во војната и јакнењето на движењата на отпорот, започнале да се јавуваат првите проблеми во обезбедувањето на балканскиот простор. Воените, политичките и економските решенија на Балканот постепено започнале да ги покажуваат своите слабости и грешки.[574] Сепак овие слабости не биле од круцијално значење до втората половина на 1942 г., бидејќи Балканот бил далеку од големите светски фронтови и немал големо стратегиско значење. Од ова е исклучок само Грција, која како најблиска територија кон британските сили во Северна Африка непрестајно била стратегиски значајна за Третиот Рајх и Италија.[575]

Промените на меѓународната воено-политичка ситуација од крајот на 1942 и почетокот на 1943 г., имале соодветни реперкусии на Балканскиот Полуостров.[576] Од пролетта 1943 г. со истиснувањето на германските и италијанските војски од Северна Африка, Балканот дефинитивно станал релевантна стратегиска територија и за силите на Оската и за силите на антифашистичката коалиција. Основната причина за тоа била реалната можност англо-американските сили да се истоварат на поширокото подрачје на Југоисточна Европа и Италија. Третиот Рајх во таква ситуација бил изложен на дополнително воено ангажирање со цел да го спречи евентуалното сојузничко истоварување. Капитулацијата на Италија во септември 1943 г. само уште повеќе ја апострофирала неповолната положба на Германија на Балканот.[577]

Балканскиот Полуостров како релевантен стратегиски регион во Европа, константно бил во фокусот на интересирањето на големите сили од антифашистичката коалиција. Ова особено се однесува на владејачките политички кругови на Велика Британија и Советскиот сојуз кои имале

[574] Исто, 90.; D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 123.
[575] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 123.
[576] Исто, 267 - 268.
[577] Исто.

претензии за сопствена повоена доминација во овој регион. Затоа прашањето на Балканот во Втората светска војна мора да се разгледува, не само во склоп на општата воено-политичка ситуација, туку истовремено и во контекст на посебните интереси на големите сили. Затоа Балканот постојано бил присутен во нивните меѓусебни разговори или како простор на кој евентуално би можело да се отвори втор фронт или за солуциите за неговото повоено уредување односно во рамките на политиката на поделба на сферите на интерес.[578]

За Балканот, како можна територија за отворање на втор фронт, најпрво се спомнува во писмото на Сталин до Черчил од 3 септември 1941 г.[579] Британците во тој период ја одбиле таквата можност без многу размислување, а како причини биле наведени оддалеченоста на британските воени бази од Балканот и концентрацијата на силни непријателски сили на тој простор.[580]

Во 1942 г. разговорите за отворање на втор фронт продолжиле, меѓутоа Балканот се помалку бил спомнуван како територија погодна за реализација на таквите планови. Од тој период, и Советскиот сојуз и САД сметале дека таквата идеја е сосема нереална, но Велика Британија тргнувајќи од сопствените долгорочни политички и економски интереси ја држела отворена можноста втор фронт да се отвори на Балканот.[581] Освен тоа, за таквите британски ставови влијание имале и емигрантските кругови од Балканот во Лондон, кои во тој период инсистирале отворањето на втор фронт да биде на Балканот, со надеж дека на тој начин ќе можи да се вратат на домашната политичка сцена.[582]

Со британско инсистирање, идејата за Балканот како можна територија за отварање на втор фронт била особено актуелизирана во текот на 1943 г.[583] Како поткрепа за своето инсистирање, британските воени и политички кругови го акцентирале моментот дека на Балканот постојат јаки

---

[578] V. Dedijer, Interesne . . . , 209.
[579] S. Nešović, Velika trojca. . . , 81.
[580] Исто, 85.; E. Barker, Britanska politika. . . , 117 - 118.
[581] V. Dedijer, Interesne . . . , 277 , 281.; S. Nešović, Velika trojca. . . , 130.
[582] V. Dedijer, Interesne . . . , 294-295.
[583] E.Barker , Britanska politika. . . , 118 - 119, 355 - 360.

антифашистички движења на отпор во Југославија и Грција кои би биле од непроценлива добивка за сојузничките сили во евентуалната инвазија.[584] Меѓутоа, инсистирањето на Велика Британија всушност се должело на политичкиот стремеж Британците "први да стигнат на Балканот и да го спречат воспоставувањето на советското влијание".[585]

Можноста Балканот да биде територијата на која ќе се истоварат англо-американските сили, германските воени стратези ја согледувале уште на крајот на 1942 г. Затоа уште зимата 1942 - 1943 г. германските, италијанските и останатите квислиншки и сателитски режими на Балканот, презеле опсежни мерки за обезбедување на главните комуникации на тој простор. Во таа насока, најзначајни биле интензивните офанзивни воени операции во правец на уништување на балканските движења на отпор.[586] Како исклучително важна стратегиска територија на која е можно сојузничко истоварување[587]

Дефинитивното решение за просторот на кој ќе се отвори втор фронт, трите големи сили од антифашистичката коалиција го донеле на Техеранската конференција. Било решено вториот фронт да се отвори на бреговите на западна Франција, а Балканот да биде територија на која ќе се изведуваат само помали акции како помошни акции за поддршка на главниот удар во Франција.[588]

Балканскиот Полуостров од почетокот на формирањето на антифашистичката коалиција бил територија на судир на интересите на Велика Британија и Советскиот сојуз. Британиските политички кругови, тргнувајќи од својата предвоена доминација го сметале најголемиот дел од Балканот за своја исклучива сфера на влијание, а Советскиот сојуз го имал истото мислење за Бугарија, додека за останатите реони немал намера лесно да ги препушти под британско влијание, иако тоа во првиот период на војната

---

[584] Исто, 120 - 121.; S. Nešović, Velika trojca. . . , 332, 345 - 346.

[585] S. Nešović, Velika trojca. . . , 361.

[586] V. Dedijer, Interesne . . . , 300.

[587] Постојат на низа документи кои упатуваат на тоа дека германската Врховна команда до септември 1943 г. упорно и цврсто верувала дека сојузничкото истоварување ќе се случи некаде на Балканот. Jovan Marijanović, Borbe na Neretvi i Sutjesci u svetlosti savezničkih planova za iskrcavanje na Balkanu, Zb. Neretva - Sutjeska 1943 , Beograd , 1969 , 217-218.

[588] E. Barker, Britanska politika. . . , 124 - 127.; S. Nešović, Velika trojca. . . , 355 - 357.

отворено не го експонирал заради тешката ситуација во која се наоѓал на Источниот фронт.[589]

Во секој случај, британската политика била во најповолна положба на Балканот од останатите големи сили. Тоа се должело на тоа што признаените влади на покорените балкански држави во рамките на антифашистичката коалиција се наоѓале во Лондон под директен патронат на Велика Британија и тоа што Британија била најблиску до Балканот во однос на САД и Советскиот сојуз односно преку своите бази на Малта и Северна Африка можела да испраќа помош на движењата на отпорот и да испраќа свои воени мисии на Балканот.[590]

Заради неповолните импликации врз единството во антифашистичката коалиција, Велика Британија никогаш јавно не ги поставувала своите аспирации во однос на Балканот. Напротив, британските владејачки кругови во сите свои јавни и официјални настапи истакнувале дека Велика Британија "нема никакви посебни интереси" на Балканот[591], што било во согласност со јавно декларираните заложби за неделење на светот на сфери на интерес. Сепак, судирот на интересите со Советскиот сојуз непрестајно бил латентно присутен, меѓутоа до крајот на 1943 г. не се експонирал заради основниот императив да се сочува заедничката воена стретегија.[592]

Британската политика кон Балканот се одвивала во два правци. Првиот, бил ставови, однос и практични чекори кон емигрантските влади и со нив поврзаното прашање за повоеното уредување на Балканот кое се манифестирало во концепциите за формирање на Балканска федерација или конфедерација уште во текот на војната. Вториот, бил ставови, однос и практични чекори кон воено-политичката ситуација на Балканот односно кон прашањето за отворање на втор фронт на овај простор и кон прашањата

[589] V. Dedijer, Interesne . . . , 253 , 262.
[590] B. Petranović, Revolucije i. . . , 62.
[591] S. Nešović, Velika trojca. . . , 338.
[592] E. Barker, Britanska politika. . . , 294 - 295.

сврзани со балканските движења на отпор и кон прашањето за развојот на вооружената борба на Балканот.[593]

Генерално гледано, британската политика кон Балканот се состоела во преземање на чекори за обновување на предвоените монархии и предвоеното геополитичко уредување на Балканот, со истовремено прифаќање на вооружената борба против окупаторите од страна на движењата на отпорот од сите идеолошки основи.[594]

За политиката на Советскиот сојуз кон Балканот во Втората светска војна главна карактеристика е што таа била ставена во функција на неговите државни интереси. Бидејќи до средината на 1943 г. примарен државен интерес на Советскиот сојуз бил преживувањето пред налетот на силите на Оската, а за тоа било потребно одржувањето на сојузништвото со западните земји, советската политика со сите сили настојувала балканските прашања да не предизвикуваат недоразбирања и пречки во односите во антифашистичката коалиција. Како логична последица на ваквата генерална политика , било признавањето на балканските емигрантски влади и одржувањето на официјални дипломатски односи со нив. Исто така сосема логичен бил притисокот врз левоориентираните прокомунистички движења на отпор да создаваат "единствени антифашистички сојузи со широка политичка основа"[595] и на тој начин да го ограничи нивниот револуционерен карактер.

Како главни инструменти на советската политика на Балканот освен официјалната дипломатија која ја водела политиката во рамките на антифашистичката коалиција, за наметнување на ставовите на официјална

---

[593] Исто, 139.

[594] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 440. Прифаќањето на вооружената борба и од прокумунистичките движења на отпор од страна на британската политика , се должело на интенцијата тие да се стават под контрола преку здружувањето со десноориентираните движења во поодделни балкански земји. Политиката на здружувањето на идеолошки конфронтираните балкански движења на отпор всушност била договорена со Советскиот сојуз кој од своја страна вршел притисок врз левоориентираните движења да се стремат кон создавање на антифашистички фронтови со широка политичка основа.

[595] B. Petranović, Revolucije i. . . , 66.

Москва врз движењата на отпорот во балканските земји служеле Сесловенскиот комитет[596] и КИ.[597]

[596] Постојан Сесловенски комитет бил формиран на 5 октомври 1941 г. во Москва. Како свој официјален орган го издавал в. "Славјане". Сесловенскиот комитет бил во кохерентна врска со "идејата за панславизмот". Никола Поповић , Југославија и сесловенски комитет (1941-1945), Зб. Југословенско-советските односи во Втората светска војна , Скопје , 1991 , 165. Британската политика во таа идеја гледала пат за наметнување на "сесловенство на Балканот" преку кое ќе се оствари бугарско-југословенско обединување кои би било во функција на наметнување на советското влијание на Балканот и со кое би се загрозиле нејзините примарни интереси во Грција. E. Barker, Britanska politika. . . , 155.

[597] КИ функционирала до мај 1943 г. кога официјално била распуштена. G. Boffa, cit. delo, 171.

## 2. Концепции за балканска федерација

Прашањето за формирање на федерации или конфедерации на Балканот во текот на Втората светска војна, всушност е прашање за политиката на големите сили од антифашистичката коалиција кон Балканскиот Полуостров.

Најпрво концепции за федерации или конфедерации започнале да се развиваат кај дипломатските политички кругови на Велика Британија. Уште од втората половина на 1941 г. тие кругови со цел да го зачуваат на некој начин своето предвоено доминантно влијание и уште во текот на војната да стекнат што е можно поцврсти позиции на Балканот, започнале да ја изградуваат концепцијата за формирање на балканска федерација или конфедерација и да преземаат практични чекори за нејзина реализација.[598]

Како практична основа за создавањето на балканска федерација, требало да послужи Југословенско-грчката конфедерација. Со инсистирање на британските владејачки кругови, уште во 1941 г. југословенските и грчките емигрантски кругови започнале интензивни контакти за формирање на некаква конфедеративна заедница. На 15 јануари 1942 г. во Лондон претставници на двете емигрантски влади го потпишале "Договорот за Балканска унија" со кој фактички била воспоставена конфедерација меѓу двете држави.[599] Потпишувањето на договорот било пропратено со претенциозни проценки дека тоа е почеток на создавање на ново демократско светско уредување и почеток на остварување на принципот "Балканот на балканските народи".[600] Британската дипломатија настојувала во преговорите

[598] V. Dedijer, Interesne . . . , 247.; Концепцијата за создавање на балканска федерација била во тесна врска со британските планови за создавање на една федерација во Средна Европа за чија основа требало да послужи Полско-чехословачката унија. Крајната замисла била да се формира огромна федерација или конфедерација од десет члена во Средна и Југоисточна Европа. М. Лалков , цит. дело , 73.; B. Petranović, Balkanska federacija . . . , 34-38.

[599] Jugoslovenske vlade u izbeglištvu 1941 - 1943 - Dokumenti, Zagreb, 1981, 37-38.; B. Petranović, Revolucije i. . . , 62-63.

[600] B. Petranović, Balkanska federacija. . . , 37-38.

да земат учество и албанскиот крал Ахмет Зогу и бугарските емигрантски политички кругови, но заради противењето на југословенските и грчките претставници во тоа се немало успех.[601]

И во натамошниот период британската дипломатија правела потези за реализација на концепцијата за формирање балканска федерација или кофедерација. Под британски притисок, во првичниот нацрт на Британско-советскиот договор од април 1942 г., се предвидувало "поттикнување на конфедерација во средна, источна и југоисточна Европа".[602] Британската дипломатија учествувала во разговорите од 1942 г. за формирање на некаква "Подунавска федерација" на чело со Ото Хабзбуршки, а во февруари 1943 г. упатила предлог до Турција да земе учество во создавањето на "конфедерација во југоисточна Европа".[603] На крајот, британската дипломатија се обидела прашањето за балканска федерација да го отвори на Техеранската конференција, меѓутоа во новонастанатите услови тоа било децидно отфрлено од Советскиот сојуз.[604]

Во целата ситуација во 1943 г. како логичен заклучок се наметнува дека британското инсистирање за отворање на втор фронт во Европа на територијата на Балканот било во конексија со концепцијата за балканска федерација, односно дека двете се надополнувале и го претставувале британскиот стремеж и метод за воспоставување на повоена доминација на Балканот и спречување на советското влијание на тој простор.[605]

Политиката на САД кон британските концепции за создавање на федерации или конфедерации била резервирана. Раководството на САД , под влијание на конзервативните политички кругови во земјата, донекаде поголемо внимание и посветиле на идејата за создавање на " Австро унгарска подунавска католичка федерација" на чело со Ото Хабзбуршки, меѓутоа, тоа

[601] М. Лалков, цит. дело, 72.; Milan Skakun, Jugoslovensko-bugarski odnosi, Beograd, 1979, 49.
[602] E. Barker, Britanska politika. . . , 135.
[603] Исто, 137.
[604] V. Dedijer, Interesne . . . , 365.
[605] E. Barker, Britanska politika. . . ,135-137.

било актуелно само до Техеранската конференција кога и за таквата идеја Советскиот сојуз негативно се изјаснил.[606]

Советскиот сојуз во периодот 1941 - 1943 г. бил против создавањето на било какви федерации или конфедерации во Европа под патронат на западните големи сили.[607] За владејачките кругови на Советскиот сојуз таквите идеи биле сметани за обид за изградување на "санитарен коридор" кон Советскиот сојуз, сличен на онај што бил граден меѓу двете светски војни преку Малата антанта[608] и обид за враќање на предвоената воено-политичка ситуација со доминација на Велика Британија.[609]

И покрај генерално негативниот став кон балканска федерација или конфедерација, советската политика во 1941 и 1942 г. под влијание на тешката ситуација во која се наоѓал Советскиот сојуз на Источниот фронт, не настапувал отворено против таквите идеи. Во овај контекст сосема е разбирливо тоа што советската дипломатија не го пропратила ниту со формален протест склучувањето на Договорот за Балканска унија меѓу емигрантските влади на Југославија и Грција.[610] Од почетокот на 1943 г. откако бил намален германскиот притисок на Источниот фронт, Советскиот сојуз започнал се поотворено да го искажува своето негативно мислење за балканска федерација или кофедерација под патронат на Велика Британија, а и самата советска политика започнала во една крајно замаскирана форма да прави планови за формирање на федерација во Централна и југоисточна Европа под свое влијание.[611] На Техеранската конференција, Советскиот сојуз дефинитивно ги отфрлил сите идеи за формирање на некакви федерации или конфедерации во Европа и децидно се спротиставил дури и на отворањето на таквите прашања од страна на Велика Британија и САД.[612]

---

[606] М. Лалков, цит. дело, 73.; V. Dedijer, Interesne . . . , 357.

[607] V. Dedijer, Interesne . . . , 367.

[608] Малата антанта бил сојуз на Југославија , Романија и Чехословачка кој со низа на билатерални и трилатерални договори започнал да се изградува после Првата светска војна и бил во целост во функција на обезбедување на француската доминација во Европа воспоставена со Версајското уредување.

[609] B. Petranović, Balkanska federacija. . . , 38 , 46.; E. Barker, Britanska politika. . . , 135-136.

[610] B. Petranović, Balkanska federacija. . . , 37.

[611] М. Лалков, цит. дело, 73.

[612] V. Dedijer, Interesne . . . , 357.

Всушност, самиот развој на настаните во периодот 1941 - 1943 г. ги направил нереални идеите за федерација или конфедерација на Балканот под патронат на Велика Британија. Тоа се должело на промената на рамнотежата на силите во антифашистичката коалиција со која Советскиот сојуз во најмала рака стекнал рамноправен статус, и се должело на развојот на настаните на самиот Балкан, каде силите кои требало да бидат политичко покритие за балканската федерација или конфедерација биле целосно воено-политички маргинализирани.

## 3. Британските воени мисии на Балканот

Во склопот на политиката на Велика Британија кон Балканскиот Полуостров се наоѓало и прашањето за ставовите и односот кон вооружената борба што ја воделе балканските движења на отпор.[613] Контактите со движењата и целата оперативна работа за испраќање помош, била спроведувана од Управата за специјални операции-СОЕ[614] и од неа испраќаните британски воени мисии.

Британската политика кон балканските движења на отпор во најголема мерка се сведувала на можноста или неможноста за испраќање на помош за развој на тие движења.[615] Освен тоа, британската политика имала

---

[613] Британците на движењата на отпорот за време на Втората светска војна им давале различно стратегиско значење. Замислата на британските воени планери била да развијат движења на отпор во окупираните земји кои би имале за цел да подготват "големи национални востанија кои би биле планирани и временски темпирани за да се поклопат со доаѓањето на сојузничките ослободителни сили". E. Barker, Britanska politika . . . , 354. Замислата била британската политика да испрати сигнал за отпочнување на востанието , а силите на отпорот да бидат под британска врховна команда. Фактички , британскиот концепт значел дека движењата на отпор треба да имаат политика на "исчекување" на англо-американско истоварување на нивна територија и дури тогаш да почнат со масовна вооружена борба. Дотогаш тие требало да се подготвуваат и да преземаат само мали саботажни и диверзантски акции. E. Barker, Britanska politika. . . , 149. Ваквиот концепт за развој на вооружената борба односно за развој на движењата на отпорот бил некомпатибилен со концептот на Советскиот сојуз кој во својата основа ја имал масовната вооружена борба започната од самиот почеток на окупацијата и изградба на масовни движења на отпор. Ваквата советска концепција била логична последица на тешката ситуација во кој тој се наоѓал на Источниот фронт и секоја ефективна помош на одвлекување на германски трупи во други региони значело олеснување за неговите војски. B. Petranović, Revolucije i. . . , 63.

[614] Special Operation Executive - SOE , формирана во јули 1940 г. како Секција "D" на британската разузнувачка служба "MI-6". На Балканот дејствувала уште пред пренесувањето на воениот пожар во овој регион , а дејствувала и во другите региони кои биле под фашистичка окупација. Januš Pjekalkjević, Špijuni , agenti , vojnici, Beograd , 1972, 45.; E. Barker, Britanska politika. . . , 150-153.

[615] Интенцијата за воспоставување на контрола врз балканските движења на отпор од страна на британската политика , била во корелативна врска со прашањето за помагање на тие движења. Заради оддалеченоста од Балканот , Велика Британија со своите воено-технички можности не можела да доставува некоја позначајна материјално-техничка помош до движењата на отпор.Оттаму клучниот проблем на британската политика бил , ако не може да ги помага доволно балканските движења на отпор тогаш на кој начин да ги контролира. E. Barker, Britanska politika. . . , 149. Освен тоа , претенциозноста на британската политика за контрола врз движењата на отпорот набрзо се покажала и како резултат на дејствувањето на останатите големи сили на овај простор , пред се во овој контекст е дејствувањето на Советскиот сојуз , а и како резултат на омасовувањето на движењата на отпор со што тие

дисперзивен пристап кон различните движења на отпор врз основа на земјата во која дејствуваат и врз идеолошка основа. На крајот, британската политика кон движењата на отпор на Балканот била во голема мерка детерминирана и од нејзините воени и политички приоритети во пооделни фази на војната.

Британската политика настојувала пред сé да ги помага десноориентираните и монархистичките движења на отпор во балканските земји, бидејќи тоа значело враќање на предвоеното уредување на Балканот и со тоа враќање на предвоената економско-политичка доминација на Велика Британија на тој простор. Понатаму, британската политика имала политички обврски кон Југославија и Грција заради нивното спротиставување на фашистичката агресија и биле формално-правно окупирани земји , додека такви обврски немала кон Бугарија и Албанија и тие не биле окупирани земји. Предвоените влади на Југославија и Грција се наоѓале во Лондон и британскиот однос кон движењата на отпорот бил во корелативна врска со односите на Велика Британија со тие влади.[616] Од тие причини британската политика кон балканските движења на отпор пред се била фокусирана кон развојот на движењата на отпорот во Југославија и Грција.

Што се однесува до воените и политичките приоритети на Велика Британија во пооделни фази на војната, треба да се нагласи дека тие на моменти доаѓале во меѓусебен судир. Во почетната фаза, до првата половина на 1943 г. , кога главните воени дејставија биле далеку од Балканот, Велика Британија како приоритет ги имала своите долгорочни политички интереси во овај регион. Од крајот на 1942 и почетокот на 1943 г. централно место почнале да заземаат британските воени приоритети.[617] Тогаш британската политика се нашла во проблематична ситуација на судир на нејзините политички долгорочни приоритети и воените краткорочни приоритети. Имено, од една

---

стекнувале релевантна сила за спротивставување на обидите некој да им наметне контрола. B. Petranović, Revolucije i. . . , 63.

[616] E. Barker, Britanska politika. . . , 153. Во овој контекст е значајно што емигрантските влади на Југославија и Грција , го претставувале меѓународниот континуитет на тие држави , ја уживале британската гостопримливост и финансиска и политичка поддршка и со сето тоа биле под британска зависност и контрола.

[617] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 442.

страна воените приоритети налагале балканските движења на отпорот и тоа пред се левоориентираните кои имале ефективна воена сила, поинтензивно да се помагаат и вооружуваат. Тоа значело реална можност тие доволно да зајакнат и да воспостават воено-политичка доминација на Балканот во повоениот период со крајна консеквенца преку нив доминантно влијание да воспостави Советскиот сојуз. Од другата страна, таквата перспектива била во спротивност со политичките приоритети, кои налагале помагање и зајакнување пред се на десноориентираните и монархистички движења на отпор за преку нив да се воспостави сопствена повоена доминација. Од овај навидум непомирлив конфликт на краткорочните и долгорочните потреби и цели, британската политика нашла излез во прифаќањето како своја глобална интенција "притисокот врз непријателот да се одржува, но да не дојде до огромно јакнење на левичарската герила, со истовремено настојување десничарските сили да се зајакнуваат со сите расположливи средства".[618] Ваквата политика не давала исти резултати во поодделните балкански земји, а во некои од нив и не била практично изводлива. Онаму пак каде се спроведувала на моменти предизвикувала големи тешкотии за британската политика, со реална опасност целосно да се изгуби британското влијание.[619]

## А/ Британските мисии во Грција

Британските владејачки политички кругови, набрзо после окупацијата на Грција барале начин како повторно да се дејствува во неа. Оперативната работа за извршување на задачата му била доверена на СОЕ, меѓутоа неговото ангажирање било во почетниот период многу редуцирано заради губењето на врските и агентите воспоставени пред војната да се пренеси на Балканот. Второто ограничување на британската политика во однос на нејзиното

[618] E. Barker, Britanska politika. . . , 164.
[619] Исто, 166.

дејствување во Грција била поддршката на грчкиот крал Георги II. Проблемот бил во тоа што кралот не уживал никаква политичка поддршка кај населението и политичките сили во Грција во текот на војната, а британската политика настојувала тој да се врати во земјата и да ја обнови монархијата.[620]

Во почетокот на 1942 г. СОЕ направил неуспешен обид да испрати британски офицери за врска во Грција, меѓутоа успеал преку свои грчки агенти да воспостави контакт со движењата на отпор ЕДЕС и ЕККА.[621] Нешто подоцна контакти биле воспоставени и со левоориентираното движење на отпор - ЕАМ.[622] Сите тие биле антимонархистички и меѓусебно антагонизирани, а во тој период само ЕАМ имал свои вооружени формации, но СОЕ не можел премногу да го помага заради генералната британска политика на поддршка на кралот и десноориентираните движења.[623]

Воените приоритети на Велика Британија кои од крајот на 1942 г. почнале да заземаат централно место, му овозможиле на СОЕ да добие поголем маневарски простор за дејствување во Грција. Имено, воените британски команданти од Северна Африка барале СОЕ итно да се ангажира врз саботажи и диверзии врз германските транспортни комуникации низ Грција преку кои се пренесувала воена опрема и за фронтот во Северна Африка.[624]

Во таква ситуација, на 1 октомври 1942 г. во Грција пристигнала првата британска воена мисија предводена од потполковникот Еди Мајерс и мајорот Кристофор Вудхаус.[625] Оваа мисија, набрзо по пристигнувањето, во соработка на вооружениот дел на ЕАМ, ЕЛАС и вооружени припадници на ЕДЕС, успешно организирала диверзија на пругата Солун-Атина со што германскиот транспорт бил прекинат за подолго време.[626]

---

[620] Исто, 155, 407 - 409.
[621] Велика Британија и Македонија. Документи, том III , Македонското автономно движење во северозападна Грција: неговата поставеност и сегашна историја 1941 - 1945 (понатаму:Велика Британија и Македонија -Документи ), Скопје, 1998, 6.
[622] E. Barker, Britanska politika. . . , 156.
[623] Исто.
[624] D.Lukać , Treći Rajh i. . . , knj.3 , 266.
[625] Л. Пановска, Теророт. . . , 76.; E. Barker, Britanska politika. . . , 157.
[626] D. Lukać, Treći Rajh i. . . ,knj. 3, 266-267.;Велика Британија и Македонија-Документи , т.III, 9.

Во првата половина на 1943 г. во врска со планираното сојузничко истоварување на Сицилија, британските воени стратези ја проектирале операцијата со шифрирано име "Анималс" за залажување на фашистичките сили за вистинските намери на сојузниците.[627] Во склопот на оваа акција, но и во согласност со долгорочната британска политика за ставање под контрола на грчките движења на отпорот, во првата половина на 1943 г. во Грција пристигнале 53 британски воени мисии.[628] Во операцијата биле вклучени сите движења на отпорот во Грција, а централно место имала ЕЛАС кој имал најмоќна вооружена сила. Операцијата била изведена во јуни и јули 1943 г. , и според сите оценки била во целост успешна.[629]

Британската политика кон движењата на отпорот во Грција во 1943 г., во контекст на судир на нејзините воени и политички потреби и цели , била нестабилна односно често променлива. Во првите два месеци на 1943 г., како континуитет на политиката од крајот на претходната година , британската политика имала крајно резервиран однос кон ЕАМ и во најголем дел воената и политичката поддршка му била давана на ЕДЕС. Од март 1943 г., заради операцијата "Анималс" се настојувало да се води една избалансирана политика кон ЕАМ и ЕДЕС, која во суштина се состоела во вршење притисок врз двете движења за обединување на силите и потоа ставање под британска врховна команда. Договорот, потпишан во јули 1943 г. од сите грчки движења на отпор, ги обединувал сите сили под единствена британска команда.[630]

Ваквиот успех на британската политика бил многу краткотраен. Во август 1943 г. претставници на грчките движења заедно со шефот на британските воени мисии во Грција, мајорот Еди Мајерс, отпатувале за Каиро на преговори со претставници на грчката емигрантска влада за формирање на влада на "национално единство". Владата и грчкиот крал, со британска поддршка , ги одбиле сите предлози и преговорите не дале никаков

[627] E. Barker, Britanska politika. . . , 163.
[628] Исто, 164.; Л. Пановска, Теророт. . . , 91.
[629] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 462.; E. Barker, Britanska politika. . . , 163.
[630] Р. Киријазовски, Македонското национално прашање и Граѓанската војна во Грција , Скопје, 1998, 14.; Велика Британија и Македонија -Документи , т. III, 10.

позитивен резултат.[631] Тоа било причина односите помеѓу ЕАМ од една страна и ЕДЕС и ЕККА од друга страна да почнат да се заоструваат , за есента 1943 г. да се случи отворен вооружен судир меѓу нив.[632]

Во отворениот конфликт на идеолошки антагонизираните грчки движења, британската политика застанала целосно на страната на ЕДЕС и ЕККА. Во октомври 1943 г., британската политика преку својот претставник во ГШ на ЕДЕС, новозеландскиот капетан Доналд Скот, се вклучила во преговорите кои претставниците на ЕДЕС ги воделе со претставници на германските окупатори и на квинслиншката влада на премиерот Јоанис Ралис, за соработка во насока на уништување на силите на ЕАМ.[633]

Меѓутоа таквата британска еднонасочна политика во Грција, во есенските месеци на 1943 г. се нашла пред опасноста да изгуби секакво влијание на самиот терен, бидејќи постоеле реални изгледи нејзините грчки репрезенти ЕДЕС и ЕККА да доживеат целосен воен пораз , а во таков случај британските мисии во Грција би морале да се повлечат од Грција. Затоа за да се зачува британското влијание во Грција , кон крајот на 1943 г. британските ставови кон грчките политички проблеми донекаде омекнале и од британска страна започнале да се упатуваат апели за прекинување на вооружениот конфликт и започнале да се прават напори за помирување на антагонизираните страни.[634]

## Б/ Британските мисии во Југославија

Југославија за време на Втората светска војна била територијата на која најмногу дошле до израз различните концепции на Велика Британија и Советскиот сојуз за организацијата и начинот на борбата на движењата на отпорот. Десноориентираните српски политички сили го формирале т.н. четничко движење на чело со полковникот во бившата југословенска војска

[631] E. Barker, Britanska politika. . . , 391-398.
[632] D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 467.
[633] Исто, 584-585.; D. Kljakić, cit. delo, 47-48.
[634] E. Barker, Britanska politika. . . , 429 - 432.; D. Lukać, Treći Rajh i. . . , knj. 3, 581-586.

Дража Михајловиќ, а левоориентираните сили, предводени од КПЈ го формирале Народноослободителното движење на Југославија.[635] Четничкото движење во целост го прифатило и спроведувало британскиот концепт на "политика на исчекување", додека НОДЈ советскиот концепт за организирање на масовно партизанско движење и бескомпромисна вооружена борба.

Британската политика и СОЕ и во Југославија во почетниот период го имале проблемот на немање сигурни извори преку кои би се информирале за ситуацијата и немањето на агенти преку кои би дејствувале. Дека во Југославија постои движење на отпор и дека се водат борби со окупаторите проследени со масовни репресалии врз цивилното население, британската политика во форма на индикации ги имала уште во раната фаза на окупацијата на Балканот. Од јули 1941 г. редуцирани информации за состојбите во Југославија во Велика Британија почнале да пристигаат и од круговите на кралската југословенска емигрантска влада, од Москва и од новинарски извори.[636]

Кон крајот на август 1941 г. СОЕ успеал да воспостави радиоврска со Штабот на четничкото движење, а на 1 октомври 1941 г. кај Дража Михајловиќ пристигнала првата британска воена мисија предводена од капетанот Бил Хадсон.[637]

Кон крајот на 1941 г. започнале да пристигнуваат до британските воено-политички кругови и првите информации за судири помеѓу четничкото и партизанското движење. Исто така постоеле низа на индикации дека четничкото движење нема никакви активности на отпор против окупаторите. Сепак, заради своите долгорочни политички интереси и идеолошки предубедувања, британските политички кругови во овај период решиле

---

[635] Народноослободителното движење на Југославија - НОДЈ во литературата се именува и како "партизанско движење".

[636] Dušan Plenča, Međunarodni odnosi Jugoslavije u toku Drugog svetskog rata, Beograd, 1962, 79. Советскиот сојуз преку радиоврската што ја имал со КПЈ , бил константно информиран за настаните во Југославија и за развојот на борбата. Меѓутоа , советската дипломатија заради тактички причини , особено до 1943 г. таквите информации многу рестриктивно ги користела и пласирала.

[637] Исто, 81.;E. Barker, Britanska politika. . . , 158, 324. Во натамошниот период , во 1942 и 1943 г. кај четничкото движење пристигнале и голем број други британски мисии.

исклучиво да го поддржуваат четничкото движење и исклучиво со него да одржуваат контакти.[638]

Ставот за безрезервна поддршка на четничкото движење во Југославија, британската политика го задржала до август 1942 г. од кога започнал долготраен и макотрпен процес за негова промена и тоа не во смисла да се напушти поддршката на четничкото движење туку само да се воспостави контакт и со партизанското движење. Британските воено-политички и разузнавачки кругови за прв пат таквата можност ја прифатиле дури во април 1943 г., а идејата била да се помагаат и двете движења, да се натераат на заедничка соработка и на крајот и двете да се стават под британска контрола.[639]

Процесот на промена на ставовите на британската политика кон југословенските движења на отпор бил во контекст со промените на геостратегиската ситуација во светот односно со добивањето на централно место во нејзината политика на воените потреби и цели. Тоа било особено изразено во првата половина на 1943 г. во подготовките за истоварување на Сицилија.[640] Имено на британските воено-политички кругови им било сосеама јасно дека четничкото движење не само што не е војнички активно во антифашистичката борба туку и дека соработува со окупаторите и дека НОДЈ односно неговиот вооружен дел НОВ и ПОЈ е единствената релевантна активна вооружена сила на целиот простор на Југославија од која тие можат да очекуваат ефективна воена помош.[641]

Во согласност со промените на односот кон движењата во Југославија, Велика Британија најпрво во април 1943 г. упатила неколку диверзантски и набљудувачки групи кај партизанските единици во Хрватска[642], а ноќта помеѓу

---

[638] E. Barker, Britanska politika. . . , 159, 292, 295.
[639] Исто, 162, 295-300, 319.
[640] V. Dedijer, Međunarodni aspekt oslobodilačke borbe naroda Jugoslavije u prvoj polovini 1943 godine, Zb. Neretva - Sutjeska 1943 , Beograd , 1969 , 97.
[641] B. Petranović, Revolucije i. . . , 442.; D. Plenča, cit. delo, 186. Според проценките на СОЕ во 1943 г. , се сметало дека партизанските сили бројат околу 180 000 борци со контрола на огромен простор на територијата на цела Југославија , а четничките сили се проценувале на 20 000 борци концетрирани само во Србија и Црна Гора. E. Barker, Britanska politika. . . , 165.
[642] Т. Симовски, Доаѓањето на . . . , ГИНИ XXVII/3 , Скопје , 1983 , 36-37.

27 и 28 мај 1943 г. пристигнала првата британска мисија при ВШ на НОВ и ПОЈ на чело со мајорот Бил Дикин и капетанот Бил Стјуарт.[643] Од тогаш , иако најпрво во симболични количини , започнало испраќањето на британска воена помош на партизанското движење.[644] Есента 1943 г. нивото на британската воена мисија при ВШ на НОВ и ПОЈ се зголемило со пристигнувањето на бригадниот генерал Фицрој Маклин, кој станал шеф на сите сојузнички англо-американски мисии на територијата на Југославија.[645]

До крајот на 1943 г. британската политика се повеќе се ориентирала кон поддршка на партизанското движење и постепено напуштање на поддршката на четничкото движење кое и понатаму не покажувало никакви активности во антифашистичката борба.[646]

## В/ Британските мисии во Албанија и Бугарија

Продорот на СОЕ во Албанија бил многу спор како резултат и на неговата неподготвеност, но и на политичките калкулации на британската дипломатија во врска со повоеното обнововување на независноста и интегритетот на Албанија.

За СОЕ и воопшто за британската политика, голем проблем претставувало немањето на информации за ситуацијата во Албанија и за развојот на движењето на отпорот. Обидите на СОЕ за продор во Албанија датираат од почетокот на 1942 г. кога полковникот Вилфрид Стрилинг, агент на СОЕ во Цариград, започнал активности за воспоставување на контакти и врски преку кои СОЕ би ги финансирал своите активности во Албанија. Откако тој обид не дал некои поконкретни резултати, есента 1942 г. СОЕ се

[643] S. Nešović, Svet o nama 1941 - 1945 , t. II, knj. 3, Beograd, 1983, 192.; D. Plenča,cit. delo, 186-187.
[644] D. Plenča,cit. delo, 192.
[645] Т. Симовски, Доаѓањето на . . . , ГИНИ XXVII/3 , Скопје , 1983 , 43.
[646] E. Barker, Britanska politika. . . , 340-343.

обидел да направи продор преку Мухарем Бајрактари, кој бил предвоен агент на југословенската тајна служба, а за кого во тие моменти се сметало дека има контакти со четничкото движење во Југославија. И овај обид не дал резултати.[647]

На крајот , СОЕ успеал да воспостави контакт со албанските движења на отпор преку ЕАМ. Во април 1943 г. во Северна Грција била спуштена мисија на чело со Нил Меклин и таа набрзо успешно стигнала во Главниот одбор на Народноослободителниот фронт на Албанија односно кај раководството на левоориентираното албанско движење на отпор. Подоцна, во летото 1943 г. во Албанија пристигнале и други британски воени мисии и во Велика Британија започнале да пристигаат веродостојни информации за ситуацијата во Албанија и за развојот на вооружената борба. [648]

Британската политика преку британските воени мисии во Албанија, дејствувала во правец на постигнување на спогодба меѓу идеолошки антагонизираните албански движења на отпорот. Ваквите обиди, во целост пропаднале со капитулацијата на Италија кога односите помеѓу движењата до крај се заостриле. Британската политика на помирување ниту во наредниот период до крајот на 1943 г., не дала резултати, иако шефот на британските мисии во Албанија, бригадниот генерал Дејвис-"Тротски", правел напори во тој правец.[649]

Проблемите на британската политика и СОЕ во однос на Бугарија биле најголеми. Тие немале ниту правовремени информации, ниту контакти за остварување на некаква реална активност. Единствената активност што барем наизглед можела да има некаков резултат, била направена преку Никола Момчилов кој бил бугарски емигрант во Лондон и кој кон крајот на 1942 г. со писма се обратил до високи бугарски воени офицери и до воениот министер со апел да работат на одделување на Бугарија од сојузништвото со Германија.[650]

[647] E. Barker, Britanska politika. . . , 172.
[648] Исто, 173-174.
[649] Исто, 175.
[650] Исто, 205.

Обиди на СОЕ за воспоставување на контакт со бугарското движење на отпорот, за кое имале само индиректни информации дека постои, биле направени и преку четничкото движење на Дража Михајловиќ во Југославија, но и тие не дале никаков резултат. На крајот, во 1943 г. , СОЕ се орентирал кон воспоставување на контакт со бугарското движење на отпорот преку НОДЈ односно преку МНОД. Есента 1943 г. кај британската воена мисија при ГШ на НОВ и ПОМ пристигнала британска воена мисија за Бугарија на чело со мајорот Мостин- Дејвис. Таа со помош на македонските партизани кон крајот на 1943 г. успешно воспоставила контакт со ГШ на бугарските партизански единици кој се наоѓал во близина на поранешната југословенско-бугарска граница.[651]

[651] Исто, 185 - 186.

## 4. Велика Британија и Македонија

Во текот на Втората светска војна Македонија и македонското национално прашање воопшто не претставувале посакувана тема за дискусија и работа на британската политика. Најпрво тоа се должело на предрасудите на британската политика кои потекнувале од предвоените настани кога македонското прашање се врзувало за тероризмот на автономистичката ВМРО.[652] Потоа, незаинтересираноста на британската политика за Македонија во првите две години на војната се должело донекаде и на глобалната геостратегиска ситуација во која Балканот и Македонија биле далеку од големите светски фронтови. Британската политика и пред војната и за време на нејзиното траење ја гледале Македонија секогаш во еден балкански контекст односно во контекст на политиката на останатите големи сили за доминација на Балканот. Во Втората светска војна тој контекст бил политиката на Советскиот сојуз за воспоставување на своја доминација на Балканот. Имено, "сесловенската идеја" поддржувана од Советскиот сојуз била во британските кругови сфаќана како политика во правец на зближување на Бугарија и Југославија после војната преку што би се наметнало советското влијание, а пак сето тоа би ги загрозило виталните британски интереси во Грција. Според британската политика, до зближување на Бугарија и Југославија единствено можело да дојде доколку Македонија престане да биди објект на конфликт меѓу нив. Во крајна линија британската политика кон Македонија и македонското национално прашање била детерминирана од нејзиниот однос и политика кон Грција,[653] односно британската политика особено се "плашела" од "јужнословенско обединување и македонска

[652] Тодор Чепреганов, Велика Британија и македонското национално прашање 1944-1948, Скопје, 1997, 14-17.

[653] Р. Киријазовски, Односот на големите сили од антихитлеровската коалиција спрема Грција во текот на Втората светска војна и проблемот на обединување на Македонија , Зб. АСНОМ - педесет. . . , 268.; Т. Чепреганов, Британските воени мисии во Македонија и нивните оценки за воено-политичката состојба во 1943-1945 година низ нивните извештаи, Зб. ГШ на НОВ и ПОМ. . . ,193.

независност", а во британското Министерство за надворешни работи при самото споменување на името Македонија "прострујувале морници".[654]

Големите промени во геостратегиската ситуација во војната од крајот на 1942 г. и почетокот на 1943 г., помеѓу другото влијаеле и за промена на британскиот однос кон Македонија. Пред се британската заинтересираност била од воено-тактичка природа, односно британскиот Штаб за среден исток бил заинтересиран за диверзантско-саботажни дејства врз транспортните комуникации на германските војски низ Македонија.[655]

Пролетта 1943 г., воено-разузнавачките кругови на Велика Британија, тргнувајќи од својата политика на поддршка и одржување на контакти со четничкото движење на Дража Михајловиќ , испратиле кај него две свои мисии за територијата на Македонија. Меѓутоа, и двете мисии пропаднале. Едната била веднаш по авионското спуштање заробена од бугарската полиција, а другата не покажала никаква активност заради маргиналноста на четничкото движење на воено-политичката сцена во Македонија.[656]

Од средината на 1943 г. Велика Британија започнала да пројавува воено-политички интерес за МНОД. Самиот премиер на Велика Британија, Винстон Черчил, летото 1943 г. издал наредба "да се направи комплетен извештај за Македонија, а СОЕ да испрати свои луѓе за да се запознаат со ситуацијата во Македонија ."[657] Со тоа Македонија и македонското национално прашање дефинитивно зазеле свое место во надворешната политика на Велика Британија во текот на Втората светска војна.

Есента 1943 г. британската воена мисија при ВШ на НОВ и ПОЈ, започнала да инсистира да се испрати воена мисија од понизок ранг при ГШ на НОВ и ПОМ.[658] Раководството на НОДЈ ги одбивало таквите барања[659], меѓутоа и покрај тоа, во средината на септември 1943 г. две британски мисии

---

[654] Е. Баркер, Македонија инејзиното место меѓу балканските политички сили, Скопје, 1992, 151.
[655] Т. Чепреганов, Велика Британија и. . . , 37-38.
[656] Д. Зографски, Британските воени мисии во Вардарска Македонија за време на НОБ , Зб. Тиквешијата во НОВ, кн. 3, Кавадарци-Неготино, 1984, 127-128.
[657] Т. Чепреганов, Велика Британија и. . . , 36.
[658] Исто, 39.
[659] Тито, Собрани дела , т. 17, Скопје, 1983, 41.

биле испратени на територијата на Македонија. Првата, предводена од мајорот Мостин - Дејвис била наменета за воспоставување на контакт со бугарското движење на отпорот преку македонските партизани, а втората која стигнала при ГШ на НОВ и ПОМ преку албанска територија била предводена од мајорот Џорџ Квајн.[660]

Пристигнувањето на британските воени мисии при ГШ на НОВ и ПОМ претставувал крупен политички успех на МНОД. Со тоа се добивала меѓународна афирмација на борбата на македонскиот народ и осојузување на МНОД со големата антифашистичка коалиција. Освен тоа, со доаѓањето на мисиите, за македонските партизани постепено започнала да пристигнува и воено-материјална помош од Велика Британија.

Велика Британија од своја страна преку своите мисии започнала да добива изворни и веродостојни информации за воено-политичката ситуација во Македонија. Најзначајни за МНОД биле сознанијата на британските мисии за националните и политичките определби на македонскиот народ. Така, врз основа на согледувањата на британските претставници во Македонија уште во 1943 г., во "Елаборатот на политичкиот известувачки центар на Средниот Исток" испратен до министерот за надворешни работи на Велика Британија, Антони Идн , на 3 јануари 1944 г., како клучен елемент на антифашистичката борба во Македонија било нотирано "националното сознание".[661]

[660] Д. Зографски, Британските воени мисии во. . . , Зб. Тиквешијата во НОВ, кн. 3, Кавадарци-Неготино, 1984, 99.
[661] Т. Чепреганов, Велика Британија и. . . , 40.

# ЗАКЛУЧОК

Поделбата на територијата на Македонија со Балканските и Првата светска војна и "менталниот ѕид" подигнат помеѓу Македонците од поедините делови во периодот помеѓу двете светски војни, своите негативни реперкусии силно ги рефлектирале и во текот на Националноослободителната војна и Револуцијата на македонскиот народ од 1941 до 1944 г.

Негативните реперкусии за МНОД во прв ред биле изразени во форма на дезинтегративно дејствување на неговите сили односно во немањето на минимален степен на општомакедонска акција. Целосното решавање на македонското национално прашање не можело да се замисли без претходно создавање на општомакедонска националноослободителна платформа, општомакедонска националноослободителна организација и војска и без прераснување на вооружената борба на македонскиот народ во општомакедонска антифашистичка војна. Оттаму, во текот на Националноослободителната војна , обезбедувањето на интегритет на силите на МНОД и на од нив водената борба, претставувало императивна претпоставка на патот за целосно национално ослободување и обединување.

Воспоставувањето на врски, контакти и соработка меѓу разединетите сили на МНОД претставувало прв чекор во правец на поврзување на вооружената борба на македонскиот народ и нејзино прераснување во единствена општомакедонска антифашистичка војна. Бидејќи сето тоа претставувало сегмент од решавањето на македонското национално прашање, нужно биле замешани голем број на македонски и вонмакедонски фактори односно активностите за воспоставување на врски и соработка и за поврзување на вооружената борба биле под влијание на тие фактори.

Основните три фактори кои влијаеле врз соработката на силите на МНОД и поврзувањето на борбата, биле, интересите и политиката на големите сили, стратегијата и тактиката на левоориентираните балкански движења на отпор и нивниот однос кон македонското национално прашање и на крајот, степенот на развој на вооружената борба на македонскиот народ во поедините делови на Македонија.

Интересите на големите сили, особено на големите сили од антифашистичката коалиција, и општата глобална воено-политичка слика што тие ја создавале, претставувале општа рамка и основна детерминанта за однесувањето на сите останати воено-политички фактори во текот на Втората светска војна. Ова се однесува и на сите левоориентирани движења на отпор на Балканот и на МНОД. Големите сили од антифашистичката коалиција, во текот на војната освен примарната цел - уништување на фашизмот, настојувале преку своите потези да ги заштитат и обезбедат своите повоени интереси. Балканот и Македонија не биле никаков исклучок од таквата практика. Раководството на МНОД непрестајно морало да ги има во предвид интересите на големите сили и да прави внимателни чекори во однос на македонското национално прашање, со цел да не предизвика директно загрозување на интересите на големите сили на Балканот. Сепак, основниот проблем се состоел во објективно присутната колизија помеѓу интересите на големите сили и стремежот на македонскиот народ за ослободување и обединување.

Вториот релевантен фактор за македонското национално прашање, а со тоа и за соработката на силите на МНОД и поврзувањето на вооружената борба на македонскиот народ, биле балканските левоориентирани движења на отпорот. Нивната стратегија и тактика за формите и методите на спротиставување на фашистичките сили, директно ги детерминирале стратегијата и тактиката на силите на МНОД односно директно влијаеле врз степенот на вооружената борба на македонскиот народ во поедините делови на Македонија. Исто така, балканските левоориентирани сили со ставовите и односот кон македонското национално прашање влијаеле врз обемот на активно вклучените сили на МНОД во антифашистичката војна и врз висината на степенот на вооружената борба на македонскиот народ. Разликите помеѓу нив по однос на овие прашања во текот на војната претставувале голема пречка за развојот на вооружената борба на македонскиот народ и за принципиелно решавање на македонското национално прашање. Бидејќи разединетите сили на МНОД дејствувале во рамките на овие балкански левоориентирани движења на отпор, меѓусебната нивна соработка

претставувала апсолутно неопходен услов и рамка за реализирање на соработката на силите на МНОД.

Различниот степен на вооружена борба, кој бил резултат и на организираноста и способноста на силите на МНОД во поедините делови на Македонија, влијаел врз квалитетот на активностите во правец на изготвување на општомакедонска националноослободителна платформа и во правец на изградување на општомакедонски институции. Тоа консеквентно имало соодветно влијание и врз соработката на силите на МНОД и поврзувањето на вооружената борба на македонскиот народ.

Во целост гледано, трите основни фактори создавале неблагопријатни и лимитирачки услови за дејствување на силите на МНОД во правец на воспоставување на меѓусебна соработка, за поврзување на борбата и за праведно решавање на македонското национално прашање. Неповолните услови, пред силите на МНОД, особено пред силите на МНОД од Вардарскиот дел на Македонија кое било етаблирано како "пиемонт" на обединувањето, наметнувале влечење на прецизни и рационални потези од декларативен и прагматски карактер со цел да не бидат доведени во прашање, темелната определба за осојузување со силите од големата антифашистичка коалиција и постигнатите придобивки на воен, политички и национален план. Донесувањето на национално ослободителна платформа во која би биле набележани таквите потези и би биле дефинирани целите на вооружената борба, воопшто не било едноставно. Помеѓу другото, како голема пречка се јавувал индиферентниот однос кон македонското национално прашање и ефемерното ангажирање до 1943 г. на раководството на КПЈ и југословенското ослободително движење.[662]

Под притисок на меѓународните настани од крајот на 1942 г., поголемото ангажирање на раководството на југословенското ослободително движење во Македонија станало неопходно и неизбежно. Во Македонија, во својство на делегат со широки овластувања и по партиска и по воена линија,

[662] М. Апостолски, НОВ и Револуцијата на Југославија . . . , Прилози - МАНУ, XVII / 1, Скопје, 1968, 16. ; B. Petranović, Balkanska federacija. . . , 57.

бил испратен Светозар Вукмановиќ - Темпо со задача да го подигни степенот на вооружената борба и да воспостави соработка и координација на соседните левоориентирани антифашистички ослободителни движења. Тоа подразбирало имплицирање на македонското национално прашање, заради што Темпо истовремено со неговото ставање во функција на вооружената борба на Југославија, морал да се погрижи во која било варијанта тоа да не излези од рамките на новата југословенска федеративна држава чии контури биле поставени и се наѕирале. Во функција на југословенското ослободително движење била концепирана и иницијативата за формирање на БШ како форма за соработка и координација со другите движења на отпор од Балканот. Таквата општа рамка за дејствување, со многубројни внатрешни и меѓународни импликации, ја правело задачата на Темпо комплицирана и политички чувствителна.[663]

Интенцијата македонското национално прашање да се стави во рамките на Југославија, а вооружената борба на македонскиот народ во функција на југословенското ослободително движење, довела до определено взаемно приближување на целите на југословенското ослободително движење во Македонија и МНОД. Имено интенциите и целите на југословенското ослободително движење во Македонија биле детерминирани со политиката на зачувување на сопствените меѓународни позиции. Заради многубројните негативни меѓународни импликации, тоа тешко можело да излези од рамките на предвоените граници на Југославија кои меѓународно-правно егзистирале. Тие рамки, априори биле во колизија со националното ослободување и обединување на целиот македонски народ, што како најдлабок стремеж на македонскиот народ императивно претставувало крајна цел на МНОД.

Светозар Вукмановиќ - Темпо по доаѓањето во Македонија се нашол под силен притисок на тој стремеж за национално ослободување и

[663] Токму заради тоа, оценките за дејствувањето на Темпо се давани од аспект на различни интереси, што довело до нивна целосна диспаратност и спротивставеност и се движат од исклучително или претежно позитивни, преку дихотомни односно и позитивни и негативни, до претежно или исклучително негативни.

обединување на целиот македонски народ. Иако не ги разбирал "историските корени и интезитетот на желбата за обединување" [664], Светозар Вукмановиќ-Темпо вешто успеал да ги смести тие стремежи и да го "амортизира" притисокот од МНОД, во и со ставот "ослободување и обединување на македонскиот народ во братска заедница со сите југословенски народи" [665] утврден и прифатен на Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ. Навистина ваквиот став вршел конвергенција на целите на југословенското ослободително движење и целите на МНОД, меѓутоа пред се имал агитационо-пропанганден карактер, со минимални реални шанси за реализирање во постојаната констелација на интересите и односите на балканските ослободителни движења и големите сили од антифашистичката коалиција.

Единствена реална и акциона опција за евентуално практично оживотворување на таквиот став во 1943 г. била иницијативата за формирање на БШ, која била поставена како потенцијално воено и политичко јадро за идна балканска федерација или конфедерација. Целата соработка на разединетите сили на МНОД, од пролетта 1943 г. се одвивала во корелација или во рамките на иницијативата за создавање на БШ. Освен тоа, иницијативата за формирање на БШ со реалните и практично појавените интенции и елементи на организационо и воено поврзување на силите на МНОД од Вардарскиот и Егејскиот дел, објективно се движела кон поврзување на вооружената борба, како неопходна фаза во процесот на обединувањето на целиот македонски народ.

Перспективите и непосредно отворените можности за работа на планот на поврзување на борбата овозможени со реализацијата на иницијативата за формирање на БШ, биле причина раководството на НОД од Вардарскиот дел целосно да ја прифати иницијативата и активно да се вклучи во нејзината операционализација. Особено значајна била активноста на членот на ЦК на КПМ и политички комесар на ГШ на НОВ и ПОМ, Цветко

[664] К. Миљовски, Некои особености . . . , сп. Историја, VII / 2, Скопје, 1972, 6
[665] Извори, т. I, кн. 2, док. 38, 193.

Узуновски. Најзначајна секако била воено-политичката активност на единиците на НОВ и ПОМ на територијата на Егејскиот дел на Македонија, со која освен што била разбиена бугарската пропаганда и од неа формираното контрачетничко движење, била и создавана благопријатна атмосфера за македонска национална афирмација.

Иницијативата за формирање на БШ извршила влијание и врз третманот на македонското национално прашање и изградувањето на националноослободителна платформа во Вардарскиот дел на Македонија. Влијанија од иницијативата за формирање на БШ содржат и ставовите дефинирани на Преспанскиот состанок и ставовите застапени во двата најзначајни документи од програмско - политички карактер во 1943 г., Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ и Приговорот од група членови на АНОК.

Иницијативата за формирање на БШ , како форма која практично овозможувала поврзување на вооружената борба и поврзување на МНОД, имала свои импликации врз третманот на македонското национално прашање и врз степенот на развиток на вооружената борба во Егејскиот и Пиринскиот дел и делот на Македонија под Албанија. Влијанијата од иницијативата за формирање на БШ во Пиринскиот дел и делот под Албанија, од низа на причини или биле слаби или тешко можат да се регистрираат поради недостаток на податоци. Во Егејскиот дел влијанијата и врз развитокот на вооружената борба и врз третманот на македонското прашање биле далеки поинтезивни и поекспилицитни.

Застапуваната погрешна и непринципиелна политика кон македонското национално прашање, била една од главните причини раководството на КПГ и ЕАМ долго време да тактизира и да одолговлечува во преговорите за формирање на БШ. Есента 1943 г. опасноста од избувнување на граѓанска војна во Грција толку се зголемила, со што и без тоа присутната потреба од масовно вклучување на Македонците во редовите на ЕАМ и ЕЛАС станала уште повеќе акцентирана. Заради тоа раководството на грчкото левоориентирано движење на отпор направило определени отстапки во поглед на националните права на македонскиот народ во Егејскиот дел и со големо задоцнување ја прифатило иницијативата за формирање на БШ.

Поклопувањето на направените отстапки од раководството на грчкото ослободително движење со барањата на МНОД и делегатот Светозар Вукмановиќ - Темпо во рамките на преговорите во врска со формирањето на БШ, го прави веродостојно тврдењето дека иницијативата за формирање на БШ имала значајно влијание за новиот поповолен третман на македонското национално прашање во Егејскиот дел. Освен тоа, интензивното ангажирање на единиците на НОВ и ПОМ во Егејскиот дел, а врз основа на договорите во врска со иницијативата за формирање на БШ, бездруго имале значајно влијание и за националната афирмација и за подигнување на степенот на вооружената антифашистичка борба на македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија.

Брзото свртување и враќање на старата политика кон македонското национално прашање на раководството на грчкото ослободително движење, изразена најпрво со опструкции и рестрикции на националните права на Македонците, била природна последица на непринципиелните и погрешни ставови кон македонското национално прашање, немањето на револуционерни перспективи и преголемата зависност од британскиот фактор.

Иницијативата за поблиска соработка и координација на левоориентираните антифашистички ослободителни движења, концепирана од Светозар Вукмановиќ - Темпо како иницијатива за формирање на БШ, со своите многубројни импликации врз интересите на релевантните балкански и меѓународни фактори, во текот на 1943 г., имала минимални шанси за успех. Обидите на Темпо иницијативата за БШ уште од самиот почеток да ја смести во координати прифатливи за сите балкански левоориентирани движења завршиле без успех, пред се заради нивната неможност да се издигнат над сопствените националистички предрасуди.

Неповолната атмосфера за реализација на иницијативата за формирање на БШ ја надополнувал британскиот фактор чии интереси на Балканот биле во целосна колизија со едно потенцијално воено - политичко јадро на идна балканска федерација или конфедерација со комунистички атрибути. Од таму не случајно откажувањето на иницијативата за формирање на БШ од раководството на НОДЈ и нејзиното дефинитиво пропаѓање се

случиле набрзо по пристигнувањето на британската воена мисија при ВШ на НОВ и ПОЈ. Слична негативна улога одиграл и советскиот фактор, кој движењата на отпорот ги ставал во функција на својата глобална политика, а откажувањето на иницијативата се поклопува и со доаѓањето на бугарската мисија од Москва при ВШ на НОВ и ПОЈ. Чекорот на откажување од иницијативата за формирање на БШ, во целост кореспондирал со промената на дотогашната политика на раководтвото на НОДЈ од "револционерен радикализам" во т.н. "реал политика" и ја покажувал "зависноста на малите движења од големите сили".[666]

Притоа , примарно место им било дадено на интересите на НОДЈ, а биле "заборавени" сите позитивни импликации врз поврзувањето на вооружената борба и силите на МНОД , врз степенот на развој на вооружената борба на македонскиот народ и во крајна линија врз македонското национално прашање.

[666] B. Petranović, Balkanska federacija. . . , 69 - 70.

# КРАТЕНКИ

АВНОЈ - Антифашистичко собрание на народното ослободување на Југославија

АМ - Архив на Македонија

АНОК - Акционен народноослободителен комитет

АСНОМ - Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија

бр. - број

БРП - Бугарска работничка партија

БШ - Балкански штаб

в. - весник

ВМРО - Внатрешна македонска револуционерна организација

ВОЗ - Востаничка оперативна зона

ВШ - Врховен штаб

ГИНИ - Гласник на Инситутот за национална историја

ГШ - Главен штаб

ГШМ - Главен штаб на Македонија

док. - документ

ЕАМ - Националноослободителен фронт

ЕДЕС - Национален демократски грчки сојуз

ЕККА - Грчко национално и социјално ослободување

ЕЛАС - Грчка народноосободителна војска

Зб. - Зборник

инв. - инвентарен

ИНИ - Институт за национална историја

к. - кутија

КИ - Комунистичка интернационала

кн. - книга

КП - Комунистичка партија

КПА - Комунистичка партија на Албанија

КПГ - Комунистичка партија на Грција

КПЈ - Комунистичка партија на Југославија
КПМ - Комунистичка партија на Македонија
ЛНЦ - Движење за национално ослободување
МАО - Македонска антифашистичка организација
МК - Местен комитет
МНОД - Македонско националноослободително движење
МРД - Македонско револуционерно движење
НОВА - Народноослободителна востаничка армија
НОВ и ПОЈ - Народноослободителна војска и партизански одреди на Југославија
НОВ и ПОМ - Народноослободителна војска и партизански одреди на Македонија
НОВЈ - Народноослободителна војска на Југославија
НОДЈ - Народноослободително движење на Југославија
НОМСМ - Народноослободителен младински сојуз на Македонија
НОПОМ - Народноослободителни партизански одреди на Македонија
ОЗ - Оперативна зона
ОФ - Отечствен фронт
ПБ - Политичко биро
ПК - Покраински комитет
ПО - Партизански одред
РМС - Работнички младински сојуз
САД - Соединети Американски Држави
СНОВ - Словеномакедонска народноослободителна војска
СНОФ - Славјано македонски народноослободителен фронт
СОЕ - Управа за специјални операции
т. - том
ЦАБК - Централен акционен бугарски комитет
ЦК - Централен комитет

# КОРИСТЕНИ И КОНСУЛТИРАНИ ИЗВОРИ

## НЕОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

АМ , фонд: Главен штаб на Македонија

АМ , фонд: Прва оперативна зона-Кичево

АМ , фонд: Втора оперативна зона-Битола

АМ , фонд: Трета оперативна зона-Кавадарци

АМ , фонд: Битолски партизански одред "Гоце Делчев"

АМ , фонд: Партизански одред "Дамјан Груев"

АМ , фонд: Партизански одред "Јане сандански"

АМ , фонд: Покраински комитет на КПМ-Скопје

АМ , фонд: Централен комитет на КПМ-Скопје

АМ , фонд: Обласен комитет на КПМ - Први-Тетово

АМ , фонд: Обласен комитет на КПМ - Втори-Битола

АМ , фонд: Обласен комитет на КПМ - Трети-Кавадарци

АМ , фонд: Обласен комитет на КПМ - Четврти-Штип

Документационо одделение на ИНИ, Фонд: Втор обласен комитет.

Документационо одделение на ИНИ, Фонд: Странски партии-КПГ.

Документационо одделение на ИНИ, Фонд: Киро Крстевски Платник.

Документационо одделение на ИНИ, Р-35-1, Реконструкција на Окружниот комитет-Тетово, Скопје, 2 октомври 1974.

Документационо одделение на ИНИ, Р-6-1, Стенографски белешки од состанокот на учесниците во Народноослободителната борба во Тетово одржан на 5 и 6 декември 1955 година во Тетово.

Документационо одделение на ИНИ, Р-9-1, Стенографски белешки од состанокотсо учесниците во формирањето на партиската организација во Дебар и околијата на ден 9 , 10 и 11 март 1956 година во Скопје.

Документационо одделение НА ИНИ, Р-18- 1, Стенографски белешки од состанокот на учесниците во Народната револуција за бившата Гевгелиска околија одржан на 24 , 25 и 26 мај 1957 година во Гевгелија.

Документационо одделение на ИНИ, Сл. IV 523/I.Георгиос Кикицас, Од дејноста на ЕЛАС во Македонија 1940-1945, прв дел.

Документационо одделение на ИНИ, Сл. IV 1056, Сеќавања на Ристо Бајалски за неговата револуционерна активност пред војната и за време на Втората светска војна и по тоа, Скопје, 1981.

Документационо одделение на ИНИ, Сл. IV 882, Благој Талески, Сеќавања за формирањето на II Обласген комитет на КПМ-Битола-Куси белешки.

Документационо одделение на ИНИ, Сл. IV 888 /IV, Сеќавања на Бане А. Андреев-Ронката за периодот од пучот во Покраинскиот комитет во 1942 година до 31 декември 1944 година - заминување во Белград.

Документационо одделение на ИНИ, Сл. IV 807 Страхил Бегинов, Автобиографија и изјави.

Документационо одделение на ИНИ, Сл. IV 416/I, Танасис Мицопулос, Историја на XXX бригада на ЕЛАС (спомени и настани).

Документационо одделение на ИНИ, Сл. IV 613, Сеќавања на Цветко Узуновски.

Документационо одделение на ИНИ, Сл. IV 204/I, Стефанос Сарафис, ЕЛАС, Атина, 1946, I дел.

Документационо одделение на ИНИ, Сл. IV 117, Мара Меѓуречка, Партизанското движење во Пиринска Македонија, Автобиографија и изјави.

## ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ


АСНОМ - документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, Скопје, 1984, том I, кн.1, Скопје, 1984.

БКП , Коминтернът и македонският въпрос 1917-1946 , том втори , София , 1999.

Британските воени мисии во Македонија-Документи 1942 - 1945 , Скопје , 2000.

Велика Британија и Македонија , Документи , том III , Македонското автономно движење во северозападна Грција:неговата поставеност и сегашна историја 1941 - 1945 , Скопје ,1998.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава , том втори, Скопје, 1981.

Егејска Македонија во антифашистичката војна 1941 - 1943 година. Документи за учеството на македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија во антифашистичката и граѓанската војна во Грција 1941 - 1949 година , том VII, кн. 1 , Скопје, 1985.

Зборник докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, том VII, кн.1 - 2 , Београд, 1952.

Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941 - 1945, том I кн. 1, Скопје , 1968.

Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941 - 1945, том I кн. 2, Скопје , 1968.

Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941 - 1945, том I кн. 3, Скопје , 1970.

Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941 - 1945, том I кн.4, Скопје , 1975.

Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941 - 1945, том I кн. 5, Скопје , 1975.

Историјски архив Комунистичке партије Југославије, том VII, Београд, 1951.

Jugoslovenske vlade u izbeglištvu 1941 - 1943 - Dokumenti , Zagreb , 1981.

Тито , Јосип Броз, Собрани дела , том 6 , Скопје , 1980.

Тито , Јосип Броз, Собрани дела , том 7 , Скопје , 1980.

Тито , Јосип Броз, Собрани дела , том 13 , Скопје , 1982.

Тито , Јосип Броз, Собрани дела , том 17 , Скопје , 1983.

Тито , Јосип Броз, Собрани дела , том 18, Скопје , 1984.

Третиот Рајх и Македонија 1941-1945 (документи) , Скопје , 1996.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

### ЗБОРНИЦИ ОД НАУЧНИ СОБИРИ

АСНОМ остварување на идеите за создавање на македонската држава, Скопје , 1977, 667.

АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ , Скопје , 1987 , 476.

АСНОМ - педесет години македонска држава 1944 - 1994, Скопје , 1995

Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942 , Битола, 1978, кн.1 , 639.

Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942 , Битола, 1978, кн. 2, 781.

Битола и Битолско во НОВ 1943 и 1944 , Битола, 1982, кн. 2, 721.

Битола и Битолско во НОВ 1943 и 1944 , Битола, 1982, кн. 2, 921.

Битолските народноослободителни партизански одреди , Битола , 1982 , 663.

Благој Јанков-Мучето , живот и дело (1910-1944), Скопје , 1997 , 345.

Гевгелија и Гевгелиско во НОВ од 1941 до април 1943 , Гевгелија , 1979.

Гевгелија и Гевгелиско во НОВ ( април1943 - мај 1945) , Гевгелија , 1982.

Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија (1941 - 1945) , Скопје,1997,43.

Југословенско-советските односи во Втората светска војна (1941 - 1945) , Скопје , 1991, 331.

Кузман Јосифовски - Питу , време-живот-дело, (1915-1944) , Скопје-Прилеп , 1995 , 538.

Makedonija od ustanka do slobode 1941-1945 , Beograd , 1987 , 1019.

Neretva - Sutjeska 1943 , Beograd , 1969 , 784.

Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје , 1973, 857.
Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија Скопје, 1980, книга 1 и книга 2, 1240.
Прилеп и Прилепско во НОВ 1943 година, книга прва, Скопје, 1981,
Социалистическата революция в България , София , 1965 , 555.
Слободните територии во Македонија во 1943 година , Скопје , 1973, 680.
Струмица и Струмичко во Народноослободителната војна од 1941 до септември 1943 година , Струмица , 1980 , 732.
Тиквешијата во НОВ , кн.3 , Кавадарци-Неготино , 1984 , 559.

## МОНОГРАФСКИ ТРУДОВИ И СТАТИИ

Ајановски Вангел - Оче, Егејски бури , Скопје , 1975 , 448 .
Ангелов Веселин, Хроника на едно национално предателство , Благоевград , 1999 , 302.
Андоновски Христо , Македонците под Грција во борбата против фашизмот (1940 -1944 ) , Скопје , 1968 , 227.
Андоновски Христо, Борбата на Македонците под Грција во 1943 година за национална афирмација, Зборник : Слободните територи Македонија во 1943 , Скопје , 1973 , 155 - 165 .
Андоновски Христо, Организацијата СНОФ во Леринско , Костурско и македонскиот реонски комитет на КПГ во Воденско , ГИНИ , X/2-3 , Скопје , 1966 , 5-45.
Андоновски Христо, Форми на окупацијаво Егејска Македонија во текот на Втората светска војна , Зборник: Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје , 1973, 261-271.
Апостолски Михајло, Александар Христов, Терзиоски Растислав, Положбата на окупирана Македонија во Втората светска војна (1941-1944) , ГИНИ , VII/1 , Скопје , 1963 , 5-45.
Апостолски Михајло, Баталјонот " Мирче Ацев " почеток на создавање војска на македонскиот народ. Зборник, Прилеп и Прилепско во НОВ 1943 година, книга прва, Скопје, 1981, 41 - 55.

Апостолски Михајло, Воената организација во периодот на НОБ и Револуцијата во Македонија , Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија , Скопје , 1973 , 77-96.

Апостолски Михајло, За некои основни стратегиски концепции на Народноослободителната војна и Револуцијата во Југославија , ГИНИ XX/2, Скопје , 1976 , 7-22.

Апостолски Михајло, Куцуловска Галена, Традициите на Илинден и Народноослободителната борба , Скопје , 1968 , 32 .

Апостолски Михајло, Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, Скопје , 1966 , 31 .

Апостолски Михајло, НОВ и Револуцијата на Југославија за правата на македонскиот народ во Југославија, Бугарија и Грција 1941 - 1945 година , Прилози - МАНУ, XVII / 1, Скопје , 1986 , 7 - 34.

Апостолски Михајло, Од Кожуф до Богомила и Козјак, Скопје , 1959 , 265.

Апостолски Михајло, Одлуките на АВНОЈ-реализација на целите на вековната борба на македонскиот народ, сп. Историја , XX/1 , Скопје , 1984 , 59-82.

Апостолски Михајло, Осврт на настаните во 1943 година. Зборник : Слободните територии во Македонија 1943, Скопје , 1959, 265 .

Апостолски Михајло, Погледи врз југословенско - бугарските односи во Втората светска војна, Скопје , 1980 , 430.

Ацева Вера, Писмо до Светозар Вукмановиќ - Темпо, Скопје , 1991 , 400.

Barker Elisabeth, Britanska politika prema Jugoistocnoj Evropi u Drugom svetskom ratu, Zagreb , 1976 , 508.

Баркер Елизабет, Македонија и нејзиното место меѓу балканските политички сили , Скопје , 1992 , 180.

Barker Elisabeth, Churchill i Eden u ratu , Globus , Zagreb , 1980 , 324.

Благоев Спиридон, Некои аспекти на мешањето на Соединетите Американски Држави и Велика Британија во внатрешните работи на Грција, ГИНИ XXIX/3 , Скопје , 1985 , 33-71.

Boffa Giuseppe, Povjest Sovjetskog saveza, knj. 2, Opatija , 1985 , 565.

Брезоски Велимир, За некои дејности во врска со образувањето на Антифашистичкото собрание на Македонија, Прилози на МАНУ , VIII/2 , Скопје , 1977 , 5-18.

Брезоски Велимир, Манифест на Главниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди во Македонија, сп. Историја, X / 1, Скопје , 1974 , 25 - 42.

Брезоски Велимир, Организационата и политичката состојба на КПЈ во Македонија во време на основањето на КПМ, Зборник : Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија, книга прва, Скопје , 1980 , 529 - 554.

Брезоски Велимир, Ослободителната војна во Македонија во 1943 ( на територијата на СР Македонија ), Скопје , 1971 , 415.

Велјановски Новица, АВНОЈ и Македонија, Зборник: Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија (1941 - 1945) , Скопје , 1997 , 227-244.

Велјановски Новица, АСНОМ - државотворни димензии, Скопје , 1994 , 242.

Велјановски Новица, Македонското прашање во бугарскиот парламент 1941-1944, Скопје , 1996 , 232.

Весковиќ-Вангели Вера, Илинденската традиција-фактор во формирањето на личноста на Кузман Јосифовски-Питу , Зборник: Кузман Јосифовски-Питу време-живот-дело, (1915-1944) , Скопје-Прилеп , 1995 , 147-161.

Весковиќ-Вангели Вера, Зошто во Македонија не дојде до граѓанска војна , Прилози на МАНУ , XXIV/2 , Скопје , 1993 , 63-82.

Вукмановиќ Светозар - Темпо, Борба за Балканот, Скопје, 1982, 523.

Vukmanović Svetozar-Tempo, Memoari - Kampanja ili polemika, knj. 3, Zagreb,1985.

Vukmanović Svetozar-Tempo, Memoari - Kampanja ili polemika, knj. 4, Zagreb,1985.

Vukmanović Svetozar -Tempo, Odlazak u Makedoniji , Zbornik : Veze u NOB - u , knj. 3, Beograd, 1981, 43 - 53.

Vukmanović Svetozar -Tempo, Sjećanja iz Narodnooslobodilačke borbe u Makedonjii, Zbornik : Makedonija od ustanka do slobode 1943 - 1945, Beograd ,1987 , 332 - 348.

Vukmanović Svetozar -Tempo, Revolucija koja teče, knj. 2 , Zagreb, 1982.
Vukmanović Svetozar -Tempo, Revolucija koja teče, knj. 3 , Zagreb, 1982.
Гигов Страхил, Преспанското советување на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија ,Зборник: Слободните територии во Македонија 1943, Скопје , 1975 , 51 - 60.
Гигов Страхил, Сеќавања, Скопје , 1975 , 515.
Горненски Никифор , Въоръжената борба на българския народ за освобождение от хитлеристката окупация и монархо фашисткатадиктатура(1941-1944г.), Сборник: Социалистическата революция в България, София , 1965 , 555.
Груевски Томе, Илковски Марко, Конгресите на младината на Македонија, Скопје , 1983 , 247.
Дамјановић Перо, Методолошки проблеми изучавања историје Другог светског рата, Зборник: Југословенско-советските односи во Втората светска војна (1941 - 1945), Скопје , 1991 , 51-72.
Дамјановиќ Перо, Титовиот придонес кон борбата на македонскиот народ за ослободување и национална афирмација , Зборник: Основањето развојот на Комунистичката партија на Македонија , Скопје , 1983 , кн. 1 , 135-167.
Dedijer Vladimir, Interesne sfere, Beograd, 1980, 494.
Дедијер Владимир, Југословенско - албански односи ( 1939 - 1948 ), Београд, 1949, 234.
Dedijer Vladimir, Međunarodni aspekt oslobodilačke borbe naroda Jugoslavije u prvoj polovini 1943 godine, Zbornik: Neretva - Sutjeska 1943 , Beograd, 1969 , 97.
Dedijer Vladimir, Novi prilozi za biografiju Josipa Broza Tita, knj. 1, Rijeka , 1981, 679.
Димитров Евгени, АСНОМ и интегритетот на македонскиот народ, Зборник: АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, Скопје , 1987 , 179 - 198.

Димитров Евгени, Придонесот на Главниот Штаб на НОВ и ПО на Македонија за создавањето и организирањето на македонската држава , Зборник , Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија (1941 - 1945), Скопје, 1997, 201-225.

Димовски Ѓорѓи, Формирањето и дејствувањето на партизанскиот одред "Гоце Делчев", Зборник: Битола и Битолско во НОВ 1943 и 1944, кн. II, Битола , 1982 , 109 - 125.

Цола Драгойчева , На класови и интернационалистически позиции , сп. Септември , XXX/1 , София , 1979 , 5-72.

Ѓорѓевиќ Виќентије, Значењето на формирањето на националните Комунистички партии во Југославија во рамките на КПЈ, Зборник : Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија, книга прва , Скопје , 1980 , 523 - 526.

Зенделски Кирил , Кусакатски Панче , Дејноста на активот на КПЈ во бугарската касарна во Струмица од октомври 1941 до октомври 1943 година , Зборник: Струмица и Струмичко во Народноослободителната војна од 1941 до септември 1943 година , Струмица , 1980 , 345-351.

Зографски Данчо, Британските воени мисии во Вардарска Македонија за време на НОБ , Зборник: Тиквешијата во НОВ , кн.3, Кавадарци-Неготино , 1984 ,123-138.

Зографски Данчо, Виенската спогодба Рибентроп-Ќано 1941 (во светлоста на автентични извори и документи) , ГИНИ , XXIV/3 , Скопје , 1980 , 21-56.

Зографски Данчо, Формирањето на Комунистичката партија на Македонија и македонското национално прашање, сп. Историја, вонреден број , Скопје , 1980 , 73 - 116.

Ивановски Владо, За партизанските чети на илинденци во Народноослободителната борба во Македонија, сп. Историја,VI / 1,Скопје , 1970 , 209 - 212.

Ивановски Владо, За почетокот на востанието во Македонија во 1941, Зборник: Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје, 1973 , 117 - 133.

Ивановски Владо, Крушевската република низ документацијата на НОВ и народната револуција во Македонија 1941-1945, сп. Историја , XV/2 , Скопје , 1979 , 117-130.

Ивановски Владо, Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија и Кузман Јосифовски - Питу , Зборник: Кузман Јосифовски - Питу , време-живот-дело, (1915-1944) , Скопје-Прилеп , 1995 , 125-130.

Ивановски Владо, Ослободителната војна во Западна Македонија 1941 - 1944, Скопје , 1973 , 362.

Ивановски Владо, Првиот конгрес на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија, сп. Историја , VII/2 , Скопје , 1971 , 1-9.

Ивановски Владо, Преспанскиот состанок на ЦК КПМ, Скопје, 1983, 19.

Ивановски Владо, Прогони и процеси на бугарскиот окупатор во Македонија во 1941 година, сп. Историја , V/1 , Скопје , 1969 , 135-139.

Ивановски Владо, Танковски-Лилин Ѓорги, Јанкуловски Кице, Хронологија на настаните во Преспа (1912-1944), Битола , 1995 , 463.

Ивановски Владо, Терзиоски Растислав, Априлската војна и окупацијата на Македонија 1941, сп. Историја, XVII / 1, Скопје , 1981 , 97 - 118.

Ivanovski Orde, Bugarska radnička partija o pravama Makedonaca u Pirinskom delu Makedonije , Zbornik: Makedonija od ustanka do slobode 1941-1945, Београд , 1987 , 184-194.

Јелавич Барбара, Историја на Балканот , дваесетти век , кн. 2 , 567.

Йончев Димитър, България и беломорието (октомври 1940 - 9 септември 1944), София , 1993 , 198.

Јотевски Васил, Националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонја 1944 - 1948 година, Скопје , 1996 , 180.

Kalvokorezi Piter, Vint Gaj, Totalni rat, Beograd , 1987 , 778.

Картов Владо, Гевгелија и гевгелискиот крај од Балканските војни до ослободувањето ( 1912 / 13 - 1944 ) , Скопје, 1969 , 389.

Картов Владо, За некои прашања на односот на КПЈ спрема македонското национално прашање , Зборник: АСНОМ остварување на идеите за создавање на македонската држава, Скопје, 1977, 330.

Картов Владо, Формирањето на Гевгелискиот партизански одред "Сава Михајлов" и неговите воено - политички акции од мај до септември 1943 год., сп. Историја , VI / 1 , Скопје , 1970 , 58 - 72 .

Катарџиев Иван, Местото на комунистичкото движење во Пиринска Македонија во борбата против фашизмот и за афирмација на македонскиот национлен индивидуалитет , Зборник: Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија, Скопје, 1980 , кн. 2 , 749-779.

Катарџиев Иван, Обединувањето на Македонија како програмско - политичка и акциона цел на национално - револуционерното движење на македонскиот народ „ Зборник : АСНОМ Педесет години македонска држава 1944 - 1994 , Скопје, 1995, 53 - 69.

Катарџиев Иван, Соседите и Македонија , Скопје , 1998 , 216.

Катарџиев Иван, Шансите на македонскиот народ во текот на Втората светска војна да ги реализира своите историски идеали, Зборник: Благој Јанков-Мучето , живот и дело (1910-1944) , Скопје , 1997 , 65-71.

Киријазовски Ристо, Врските и соработката меѓу антифашистичките движења во Битолско и Леринско - Костурско 1943 - 1944 година, Зборник: Битола и Битолско во НОВ 1943 и 1944 година, кн. 1 , Битола, 1982, 141 - 155.

Киријазовски Ристо, Германската агресија против Грција и окупацијата на Егејскиот дел на Македонија, сп. Историја, XXII / 2, Скопје, 1986 , 149 - 157.

Киријазовски Ристо, Демократски и антифашистички партии и организации во Егејскиот дел на Македонија (1941 - 1945), Скопје, 1991, 154.

Киријазовски Ристо, Документи од разговорите за соработка меѓу народноослободителните движења на Југославија, Грција и Албанија во 1943 година, Музејски гласник, бр. 3, Скопје, 1973, 23 - 38.

Киријазовски Ристо, Костурско во 1943 година, Зборник: Слободните територии во Македонија во 1943 година , Скопје , 1973 , 269-281.

Киријазовски Ристо, Македонското национално прашање и Граѓансаката војна во Грција , Скопје , 1998 , 375.

Киријазовски Ристо, Народноослободителната војна во Грција и македонското национално прашање (1941 - 1945) , ГИНИ , XXVII/3 , Скопје , 1983 , 223 - 238.

Киријазовски Ристо, Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945 - 1949) , Скопје, 1985 , 440 .

Киријазовски Ристо, Односот на големите сили од антихитлеровската коалиција спрема Грција во текот на Втората светска војна и проблемот на обединувањето на Македонија, Зборник: АСНОМ -педесет години македонска држава 1944 -1994, Скопје, 1995, 257 - 269.

Киријазовски Ристо , Одгласот на одлуките на АВНОЈ и АСНОМ во Егејска Македонија во текот на НОВ , сп. Историја, XX/1 , Скопје , 1984, 249-266.

Киријазовски Ристо, Штабот на народноослободителните војски на балканските земји, сп. Историја, XXVI - XXVII / 1 - 4 , Скопје, 1992, 59 - 70.

Киселиновски Стојан, Националното и државното во македонското револуционерно движење , Зборник: АСНОМ - педесет години македонска држава 1944 - 1994, Скопје , 1995 , 71-78.

Киселиновски Стојан, Прилог кон прашањето за политиката на КПГ спрема македонското национално прашање меѓу двете светски војни , сп. Историја , X/1 . Скопје 1974 , 167-182.

Kitanović Branko, Kurska bitka , Pula , 1985 , 252.

Kitanović Branko, Moskovska bitka , Pula , 1985 , 331.

Kitanović Branko, Staljingradska bitka , Pula , 1985 , 295.

Китановски Боро, Првите македонски училишта во НОБ, Зборник: Слободните територии во Македонија во 1943 година, Скопје , 1973 , 357-362.

Kljakić Dragan, Izgubljena pobeda generala Markosa : građanski rat u Grčkoj 1946-1949 i KPJ , Beograd , 1987 , 368.

Kljaković Vojmir, Taljansko-bugarski spor oko Makedonije 1941 godine, Зборник: Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје, 1973 , 243-254.

Константинов Хр. Душко, Константинов Хр. Милош, Цингаровски Ан. Коста, Вриеж, Битола , 1963 , 233.

Васил Кораицовски, Илегалните курирски врски меѓу Битола и Лерин во 1942-1943 година, Зборник: Битола и Битолско во НОВ 1943 и 1944 година, Битола, 1982, кн. 1, 169-171.

Куцуловска Галена, Судските процеси во Македонија под бугарска окупација (1941-1944), Зборник: Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија, Скопје, 1980, кн. 2 , 1031-1042.

Лалков Милчо, От надежда към разочарвание; Идеята за федерацията в Балканския югоизток (1944-1948) , София , 1994 , 304.

Лукач Душан, Подела Македоније према одлукама Бечке конференције априла 1941 године и њене последице на односе у осовинском блоку, Зборник: Прогресивната мисла за македонското прашање и барањето за самоопределување (1875 - 1945), Делчево, 1988, 21 - 32.

Lukać Dušan, Treći Rajh i zemlje jugoistočne Evrope 1941-1945 , knj. 2, Beograd , 1987 , 603.

Lukać Dušan, Treći Rajh i zemlje jugoistočne Evrope 1941-1945 , knj. 3, Beograd , 1987 , 870.

Мадолев Георги, Въоръжената борба в Пиринския край 1841-1944 , София , 1966 , 253.

Малковски Ѓорѓи, Профашистичките и колаборационистичките организации и групи во Македонија 1941-1944 , Скопје , 1995 , 235.

Мамуровски Ташко, Бугарската пропаганда во Југозападна и Централна Егејска Македонија ( 1941 - 1944 ) , Скопје , 1992 , 178.

Мамуровски Ташко, Паскал Митревски и неговото време (1912-1978), Скопје , 1992 , 275.

Marijanović Jovan, Borbe na Neretvi i Sutjesci u svetlosti savezničkih planova za iskrcavanje na Balkanu , Zbornik: Neretva - Sutjeska 1943 , Beograd , 1969 , 215 - 221.

Милосавлевски Славко, Југословенските социјалисти - комунисти и македонското прашање ( 1918 - 1945 ), Скопје , 1992 , 174.

Милосавлевски Славко, Македонската национална свест - Манифестот на ГШМ 1943 - "Приговорот" кон Манифестот, Зборник: Кузман Јосифовски - Питу : време - живот - дело ( 1915 - 1944 ), Скопје - Прилеп, 1995 , 131 - 146.

Милосавлевски Славко, Социологија на македонската национална свест , Скопје , 1992 , 205.

Миљовски Кирил, Некои особености на Револуцијата од 1941 до 1944 во Македонија, сп. Историја, VII / 2, Скопје, 1971, 1 - 9.

Миноски Михајло, Македонското прашање во меѓународните односи во времето на одржувањето на Првото заседание на АСНОМ ( 1943 - 1944 ), Зборник : АСНОМ Педесет години македонска држава 1944 -1994, Скопје, 1995 , 235 - 255 .

Митрев Димитар, Пиринска Македонија, Скопје, 1986, 424.

Митровски Боро, Глишиќ Венцислав, Ристовски Томо, Бугарската војска во Југославија 1941-1945, Београд , 1971 , 311.

Митревски Боро, Помошта на ЦК КПЈ за средување на положбата на партиската организација на Македонија во почетокот на НОВ. Зборник: Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија , книга 2, Скопје , 1980 , 833 - 860.

Михајлов Миле, Военозаднинските органи во Народноослободителната војна на Македонија ( 1941 - 1945 ), Скопје , 1992 , 419.

Михајлов Миле, За бројот на учесниците на Јануарското советување на ПК КПЈ за Македонија од 1942 година, ГИНИ , XVI / 2 , Скопје, 1972, 165 - 170.

Михајлов Миле , Идејата на Светозар Вукмановиќ-Темпо за создавање на Балкански штаб во 1943 година , ГИНИ , XLIII/2, Скопје , 1999 , 49-60.

Михајлов Миле , Концепциите на ГШ во формирањето на воено-територијалните органи во Народноослободителната војна на Македонија , Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија (1941 - 1945) , Скопје , 1997 , 99-112.

Михајлов Миле, Кузман Јосифовски - Питу и ослободителните движења на балканските народи 1942 - 1944. Зборник: Кузман Јосифовски - Питу, време, живот, дело ( 1915 - 1944 ), Скопје , 1955 , 293 - 299.

Михајлов Миле, Прашањето на обединувањето на Македонија во Втората светска војна , Скопје , 2000 , 258.

Михајлов Миле, Состанокот на ЦК КПМ одржан на 4 и 5 мај 1943 година во Лопушник, Зборник: Слободните територии во Македонија 1943, Скопје , 1975 , 79 - 88.

Мицопулос Танасис, Југословенски, грчки и бугарски партизани во борбата против заедничкиот непријател, ГИНИ, XIII / 1 - 2, Скопје, 1969 , 85 - 103 .

Мојсов Лазар, БРП (К) и македонското национално прашање, Скопје , 1978 , 284.

Nesović Slobodan, Velika trojia oći u oći; nesporazumi o drugom frontu , Beograd, 1977, 431.

Нешовић Слободан, Народноослободилачки покрет Југославије и отечественофронтовска Бугарска о македонској нацији и македонској државности. Зборник: Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје , 1973 , 435 - 454.

Нешовиќ Слободан , Прво заседање АВНОЈ-а и Македонија , Зб. АСНОМ во создавањето на македонската држава, Скопје , 1987 , 85-98.

Nešović Slobodan, Svet o nama 1941 - 1945 , t.II , kn.3 , Beograd , 1983 , 498.

Панајотов Л., Палешутски К., Мичев Д., Македонският въпрос и българо-югославките отношения, София , 1987 , 127.

Пановска Лилјана, Теророт во егејскиот дел на Македонија 1941 - 1944 , Скопје , 1995 , 162.

Pjekalkjević Januš, Špijuni , agenti , vojnici , Beograd , 1972 , 530.

Пејов Наум, Облиците на соработка меѓу НОБ на Југославија и на Грција - значаен фактор за развојот на отпорот во Егејска Македонија во текот на народноослободителните борби на Балканот, Зборник: Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија , книга II, Скопје , 1980 , 917 - 929.

Пејов Наум, Прилози за односот на раководителите на КПГ по македонското национално прашање , Скопје , 1953 , 119.

Пејов Наум, Ставови и практика на раководствата на КП на Грција спрема македонското национално прашање во текот на НОБ, Зборник: Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје , 1973 , 155 - 174 .

Пепељуговски Петар, Кузман Јосифовски-Питу и неговата активност на воен план, Зборник: Кузман Јосифовски - Питу , време-живот-дело (1915-1944) , Скопје-Прилеп , 1995 , 233-246.

Пепељуговски Петар, Прилози за воената историја на македонскиот народ , Скопје , 1988 , 615.

.Пепељуговски Петар, Стратегискиот концепт на Главниот Штаб на НОВ на Македонија во 1943 г. за водење на востанието, Зборник: Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија ( 1941 - 1945 ), Скопје , 1997 , 55-65.

Периќ Миодраг, Активностите за возобновувување на Македонската православна црква во текот на Народноослободителната борба, ГИНИ , XXXVII/1-2 , Скопје , 79-94.

Petranović Branko, Balkanska federacija 1943 - 1948, Beograd , 1991 , 206 .

Петрановиќ Бранко, Меѓународниот контекст на народноослободителната борба на народите на Југославија и самоопределувањето на Македонците, Зборник: Борбата на македонскиот народ за самоопределување во Пиринска и Егејска Македонија, Делчево , 1986 , 107 - 116.

Petranović Branko, Revolucije i pokreti otpora u Evropi 1939 - 1945, Skopje, 1985, 487.

Plenča Dušan, Međunarodni odnosi Jugoslavije u toku Drugog svetskog rata, Beograd , 1962 , 425.

Поплазаров Ристо, Врски и соработка меѓу антифашистичките движења на Југославија и Грција и посебно Битолско - леринската област ( 1941 - 1942 ), Зборник: Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942, книга втора, Битола , 1978 , 511 - 522 .

Поповић Никола, Југославија и сесловенски комитет (1941-1945), Зборник: Југословенско-советските односи во Втората светска војна , Скопје , 1991 , 157 - 178.

Петреска Даринка, Главниот штаб на Народноослободителната војска и партизанскиите одреди на Македонија и соседните ослободителни движења. Зборник: Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија (1941 - 1945), Скопје , 1997 , 123 - 136.

Раковски Павле, КП на Грција и Македонците, Скопје , 1990 , 225.

Раковски Павле, За корените на злото , сп. Историја , XIII/1 , Скопје , 1977 , 87-114.

Ристовски Блаже, Историја на македонската нација , Скопје , 1999 , 716.

Ристовски Томо, Значењето на слободната територија на Меглен во 1943 година, Зборник: Слободните територии во Македонија 1943 , Скопје, 1973 , 255 - 267.

Ристовски Томо, Облици на отпор против окупаторот до почетокот на вооруженото востание (април-октомври 1941) , Зборник: Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија , Скопје, 1980, кн. 2 , 699-718.

Rusi Ljutvi, Prva veza između KP Albanije i PK Makedonije, Zbornik: Veze u NOB-u, knj. 1, Beograd, 1981, 455 - 456.

Руси Љутфи, Одрази на политиката на НОД на Албанија во Дебарско, Зборник: Слободните територии во Македонија 1943, Скопје, 1975 , 225 - 237.

Русо Бено, Милески Димче, Божиновски Пецо, Формирањето и дејствувањето на партизанскиот одред "Јане Сандански", Зборник: Битолските народноослободителни партизански одреди, Битола , 1982 , 291 - 308 .

Симовски Тодор, Априлската војна и окупацијата на Југославија и Грција според прегледот на Ернест Висхаупт , архивски воен советник на XII германска армија, сп. Историја X/1 , Скопје , 1974 , 239 - 276.

Симовски Тодор, Доаѓањето на бугарската мисија при Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ во септември 1943 година и меѓународните импликации , ГИНИ XXVII/3 , Скопје , 1983 , 29-83

Симовски Тодор , Македонското национално прашање низ политиката на КПГ во текот на НОБ , ГИНИ, XIV / 2 - 3, Скопје , 1970 , 25 - 52.

Симовски Тодор, Некои моменти од национално - ослободителната борба на Македонците од Егејска Македонија, Зборник: Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје, 1973 , 217 - 241.

Симовски Тодор, Слободните територии во Воденско во 1943 година, Зборник: Слободните територии во Македонија во 1943 година, 288-290.

Skakun Milan, Jugoslovensko-bugarski odnosi , Beograd , 1979, 49.

Стойнов Борис, Бойните групи, София ,1969 , 209.

Стојчев Ванче, Бугарскиот окупационен систем во Македонија (1941 -1944), Скопје , 1996 , 352.

Стојчев Ванче, Оружената борба во вардарскиот дел на Македонија во првите години на востанието. Зборник: Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија (1941 - 1945), Скопје , 1997, 43.

Strugar Vlado, Rat i revolucija naroda Jugoslavije 1941-1945, Beograd, 1962, 118-120.

Танковски-Лилин Ѓорги, Кочанковски Јован, Битолско-преспански народноослободителен партизански одред "Даме Груев"(1942-1944), Битола , 1998,364.

Теменугов Мито - Железни, Борбениот пат на Гевгелискиот партизански одред "Сава Михајлов", Гевгелија , 1968 , 175.

Терзиоски Растислав, Денационализаторската дејност на бугарските културно-просветни институции во Македонија, Скопје , 1974 , 424.

Тодоровски Глигор, Западна Македонија за време на окупацијата 1941-1944, Скопје , 1998 , 318.

Тодоровски Миле, Партизанските одреди и Народноослободителната војска на Македонија во Ослободителната војна и Револуцијата 1941-1944 , Скопје , 1972 , 321.

Тодоровски Миле, Перспективите на македонскиот народ за извојување на самоопределување , демократија и национална слобода во борбата против фашизмот за време на Втората светска војна, Зборник: Прогресивната мисла за македонското прашање и барањето за самоопределување ( 1875 - 1945 ), Делчево, 1988 , 157 - 167.

Тодоровски Миле, Прилог кон ослободителното движење во Пиринскиот дел на Македонија во 1943, Зборник: Слободните територии во Македонија 1943, Скопје , 1975 , 167 - 180.

Требст Стефан, ВМРО + 100 = БЈРМ ? , в. "Дневник" 5 декември 1998 , 8.

Тупурковски Димитар - Титан, Соработката на Македонците од Лерин и Леринско со другарите од Битола и Битолско во НОВ 1941 - 1942 година, Зборник: Битолските народноослободителни партизански одреди , Битола , 1982 , 205 - 210 .

Ќаев Алеко, Воспоставување на организирани контакти со грчката КП , Зборник: Гевгелија и Гевгелиско во НОВ од 1941 до април 1943, Гевгелија , 1979 , 255-258.

Ќаев Алеко, Соработката со народноослободителното движење на Грција, Зборник: Гевгелија и Гевгелиско во НОВ ( април1943 -мај 1945), Гевгелија , 1982 , 452 - 471.

Узуновски Цветко, Белешки за националната и социјално - ослободителната борба на македонскиот народ, сп. Историја, XIII / 1 , Скопје, 1977, 19 - 86,

Узуновски Цветко, Белешки за националната и социјално - ослободителната борба на македонскиот народ, сп. Историја, XIII / 2, Скопје, 1977, 19 - 58.

Узуновски Цветко, Преместувањето на политичкото и воеността раководство на Македонија од Скопје во Лопушник и неговото значење за разгорување на востанието. Зборник: Слободните територии во Македонија во 1943 година , Скопје , 1973 , 37-50.

Fidanova Slavka, Albanska narodnost u Makedoniji u vreme Narodnooslobodilačkog rata i narodne revolucije , Zbornik: Makedonija od ustanka do slobode 1941 - 1945 , Beograd , 1987, 244- 247.

Фиданова Славка, Националниот момент - фактор за кревање на масите во Македонија во текот на ослободителната борба ( 1941 - 1944 ), сп. Историја, VIII / 2 , Скопје , 1972 , 11 - 34.

Фиданова Славка, Некои аспекти на прашањето за проширување на политичката основа на АСНОМ, Зборник: АСНОМ Педесет години македонска држава 1944 -1994, Скопје , 1995 , 109 - 124.

Hađi Popovski Lazo, Prvi partizanski odredi Bitolja i okoline i veza sa KP Grčke, Zbornik: Veze u NOB - u, knj. 2, Beograd , 1981 , 467 - 468.

Хаџи Поповски Лазо, Придонесот на битолската организација во заедничкото дејствување и партизанско војување на КПЈ и КПГ против фашистичките окупатори 1941 - 1943 година, Зборник: Слободните територии во Македонија1943, Скопје , 1975 , 461-470.

Хрибар Ожеговиќ Маја, Театарот во Македонија за време на Народноослободителната војна , ГИНИ , XII/3 , Скопје , 1968 , 5-34.

Colić Mladenko, Pregled operacija na jugoslovenskom ratištu 1941 - 1945 , Beograd , 1988 , 493.

Чашуле Коле, Македонски дилеми, Скопје , 1992 , 368.

Чепреганов Тодор, Велика Британија и македонското национално прашање 1944-1948, Скопје , 1997 , 221.

Чепреганов Тодор, Британските воени мисии во Македонија и нивните оценки за воено-политичката состојба во 1943-1945 година низ нивните извештаи, Зборник: Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на (1941 - 1945) , Скопје , 1997 , 189 - 200.

Чинго Никола, Политиката на БРП(к) спрема македонското прашање во периодот 1944-1948 , Скопје , 1976 , 285.

Щерев Пантелей, Общи борби на българския и гръцкия народ срещу хитлерофашистката окупация , София , 1966 , 177.

**ВРСКИТЕ И СОРАБОТКАТА НА НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНИТЕ ДВИЖЕЊА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ОД СИТЕ ДЕЛОВИ НА МАКЕДОНИЈА ВО 1943 ГОДИНА**

## СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР 1

ВОВЕД 4

ГЛАВА ПРВА: Македонија во Втората светска војна до 1943 година

1. Светот во Втората светска војна 11
2. Окупација и поделба на Македонија 19
3. Развојот на вооружената борба во Егејскиот дел на Македонија 25
4. Развојот на вооружената борба во Пиринскиот дел на Македонија 32
5. Развојот на вооружената борба во Вардарскиот дел на Македонија 42

А/ НОДЈ и македонското национално прашање 42

Б/ МНОД и македонското национално прашање 48

В/ Развојот на вооружената борба во Вардарскиот дел на Македонија 56

ГЛАВА ВТОРА: Балканските движења на отпор 1941-1943 година

1. Движењето на отпор во Грција 70
2. Народноослободително движење во Југославија 75
3. Движењето на отпор во Бугарија 80
4. Движењето на отпор во Албанија 86

ГЛАВА ТРЕТА: Врските и соработката на националноослободителните движења на македонскиот народ од сите делови на Македонија во 1943 година

1. Врски и контакти во 1941 и 1942 година 89
2. Иницијатива за формирање на Балкански штаб 96
3. Врските и соработката на ослободителните движења на македонскиот народ во 1943 година 108
4. Соработката на ослободителните движења на Југославија ( Македонија ), Грција, Бугарија и Албанија и македонското национално прашање 121

ГЛАВА ЧЕТВРТА: Политиката на големите сили кон Балканот до 1943 година

1. Балканот во политиката на големите сили 140
2. Концепции за балканска федерација 149
3. Британските воени мисии на Балканот 153
   А. Британските мисии во Грција 155
   Б. Британските мисии во Југославија 158
   В. Британските мисии во Албанија и Бугарија 161
4. Велика Британија и Македонија 164

ЗАКЛУЧОК 167

КРАТЕНКИ 175

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА 177

СОДРЖИНА 198